УЧЕБНИК ЗА ВТОРА ГОДИНА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

ИСТОРИЈА II

Д-р Далибор ЈОВАНОВСКИ

lamina

ИСТОРИЈА II учебник за втора година гимназиско образование
Авторски права © 2026, Арс Ламина – публикации

Издава
Арс Ламина – публикации, Скопје 2026

Главен уредник
Бранка Бугариска

Уредник
Леонид Момироски

Автор
Д-р Далибор Јовановски

Јазична редакција
Валентина Бачваровска

Рецензенти
Проф. д-р Марјан Јованов, редовен професор на Институтот за уметност и археологија
на Филозофскиот факултет - Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје
Проф. Д-р Димитар Љоровски, научен советник во Институтот за национална историја. Скопје
Ирена Трајковска Стерјовска, професорка по историја во СУГС Гимназија Јосип Броз Тито, Скопје

Дизајн
Pointer Creative Agency

Графичко и техничко уредување
Арс Ламина – публикации

Печати
Бранко Гапо – графичко производство, Скопје 2026

Тираж
4.500

Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа книга не смее да биде препечатуван или пренесуван во каква било форма или со какви било средства, електронски или механички, вклучувајќи и фотокопирање, документирање или да биде зачуван во систем за повторно пронаоѓање без писмена согласност од издавачот.

Овој учебник е одобрен за употреба во гимназиско образование, со Одлука за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Историја за II (втора) година гимназиско образование број 26-767/1 од 29.6.2026, Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

93/94(075.3)

ЈОВАНОВСКИ, Далибор
Историја 2 : учебник за втора година гимназиско образование / Далибор Јовановски. - Скопје : Арс Ламина - публикации, 2026. - 205, [3] стр. : илустр. ; 28 см

Библиографија: стр. [207-208]

ISBN 978-608-280-325-8

COBISS.MK-ID 69170437

ПРЕДГОВОР

Овој учебник по историја е наменет за учениците од втора година гимназиско образование и претставува логично продолжение на содржините изучувани во првата година. Во него се обработува историскиот развој на Балканот од стариот век до најновото време, преку клучните политички, општествени, економски и културни процеси што го обликувале регионот.

Балканот, како простор на средба на различни цивилизации, култури и интереси, има сложено и динамично историско минато. Во текот на вековите, на оваа територија се преплетувале влијанија од Истокот и Западот, се создавале и исчезнувале држави, а општествата се менувале под влијание на војни, миграции, економски и културни процеси. Поради тоа, историјата на Балканот не може да се разгледува изолирано, туку како дел од поширокиот европски и светски контекст.

При изработката на учебникот е применет комбиниран пристап, во кој хронолошкиот тек е надополнет со тематска обработка на историските појави. Овој пристап им овозможува на учениците да ги следат промените низ времето, но и да ги разберат пошироките процеси што се одвивале паралелно. На тој начин се поттикнува согледување на поврзаноста меѓу настаните, како и разбирање на сличностите и разликите меѓу балканските општества.

Содржината на учебникот е организирана во четири тематски целини: Балканот во стариот век, Балканот во средниот век, Балканот во новиот век и Балканот во најновиот век. Во рамките на овие теми се обработуваат различни аспекти на историскиот развој, со цел да се обезбеди поширока и избалансирана слика за минатото на регионот.

Учебникот е изработен во согласност со наставната програма и предвидените цели и резултати од учењето. Неговата цел не е само стекнување на факти, туку и развивање на критичко размислување, анализа и разбирање на историските процеси. Преку прашања, задачи и работа со историски извори, учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во процесот на учење и да формираат сопствени ставови врз основа на аргументи.

Очекуваме овој учебник да придонесе за продлабочување на историското знаење и развивање интерес за проучување на минатото. Разбирањето на историјата на Балканот им овозможува на учениците подобро да го согледаат светот во кој живеат и да изградат критички однос кон современите општествени појави.

Историјата не е само сведоштво за минатото, туку и средство за разбирање на сегашноста и одговорно градење на иднината.

Од авторот

СОДРЖИНА

Предговор 5

ТЕМА 1: Балканот во стариот век 6

1. Најрани државни заедници и племенски организации на Балканот. 8
2. Полиси, кралства, сојузи и хегемонии 12
3. Римската експанзија и провинциската консолидација на Балканот 18
4. Општествата на балканските народи 24
5. Економските дејности и трговските мрежи. 28
6. Античките религиски системи на балканскиот полуостров 33
7. Материјалната култура на балканот во преткласично време 37
8. Културата на балканот во класичното и хеленистичкото време. 41
9. Римското влијание на балканските простори. 46

ТЕМА 2: Балканот во средниот век 50

1. Византиската власт и нејзиниот променлив опсег на Балканот. 52
2. Средновековни балкански држави (Бугарија, Србија, Хрватска, Дукља). Средновековна Арбанија. 57
3. Крстоносните походи, инвазии, османлиско навлегување и отпор против османлиската власт 64
4. Рурална организација, селски заедници и феудални односи. 70
5. Општествена стратификација на средновековните балкански дворови и кај клирот 76
6. Религиски живот: православие, католицизам, богомилство. Почетоци на исламизацијата 82
7. Византиски уметнички модели и локални адаптации. 88
8. Манастири, скрипториуми и писменост. . . . 94
9. Народни епски традиции, обликување на фолклорот и средновековна книжевна продукција 100

ТЕМА 3: Балканот во новиот век. 106

1. Османлиската империја на Балканот: Администрација и провинциски структури. . 108
2. Подем на националните движења и востанија и основање на балканските држави (Бугарија, Грција, Србија) 112
3. Модерните балкански држави и Балканските војни (1878–1913) 118
4. Демографски промени, миграции и мозаикот од религии и вероисповеди. . . . 124
5. Модернизација на градскиот живот, економски реформи и општествена подвижност на Балканот 129
6. Образование, печат и јавната сфера во XIX век 134
7. Културниот живот на османлискиот Балкан . 139
8. Романтизмот и националните културни програми. 144
9. Раните научни, книжевни и уметнички институции во новите држави 149

ТЕМА 4: Балканот во најновиот век 154

1. Првата светска војна на Балканот 156
2. Меѓувоени политички системи на Балканот. 161
3. Втората светска војна на Балканот 166
4. Студената војна, социјалистичка Југославија и транзициите по 1989 година на Балканот . 171
5. Индустријализација, урбана експанзија и структури на организираниот труд 176
6. Популациски движења, национални малцинства и социјална политика (1918–2010) 181
7. Политики на сеќавање, помирување и постконфликтни трансформации 186
8. Авангардата, модернизмот и меѓувоената културна продукција на Балканот (1918–1941) 190
9. Визуелните уметности, книжевноста и филмот во социјалистичкиот период . . . 195
10. Културниот пејзаж на Балканот по 1990 година. 200

Користена литература 207



ИСТОРИЈА ТЕМА 1

БАЛКАНОТ ВО СТАРИОТ ВЕК

1. Најрани државни заедници и племенски организации на Балканот
2. Полиси, кралства, сојузи и хегемонии
3. Римската експанзија и провинциската консолидација на Балканот
4. Општествата на балканските народи
5. Економските дејности и трговските мрежи
6. Античките религиски системи на балканскиот полуостров
7. Материјалната култура на балканот во преткласично време
8. Културата на балканот во класичното и хеленистичкото време
9. Римското влијание на балканските простори



Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- ✓ да ги лоцира на историска карта и временска лента клучните простори и периоди на Балканот во Стариот век.
- ✓ да ги опишува и споредува основните форми на политичка организација (племенски заедници, полиси, кралства) на Балканот.
- ✓ да ги објасни причините и последиците од римската експанзија и вклучувањето на балканските простори во римскиот провинциски систем.
- ✓ да ги идентификува општествените слоеви и односите во илирски, тракиски, македонски и грчки контекст и да ги поврзе со секојдневниот живот.
- ✓ да го објасни развојот на економските мрежи (производство, трговија, колонизација, урбан живот) и нивната улога во поврзувањето на Балканот со поширокиот свет.
- ✓ да ги опише главните религиски и културни обележја (култови, уметност, писменост, архитектура) и ја препознава нивната трајност во културното наследство.

1. Најрани државни заедници и племенски организации на Балканот

Бронзеното време на Балканот

Бронзеното време е долг период во праисторијата, во кој бронзата била најважен материјал за изработка на алат, оружје и украсни предмети. На Балканскиот Полуостров овој период не почнал и не завршил насекаде во исто време. Обично неговиот почеток се става во III милениум пред нашата ера, а крајот и преминот кон **железното време** – кон крајот на II и почетокот на I милениум пр.н.е. Секако, секоја област имала свои особености.

Балканот во бронзеното време бил мошне разновиден. Имало **рамничарски населби** покрај реки и на плодна почва, **височински населби** на ридови и други доминантни точки, како и **утврдени населби** и помали **тврдини**. Меѓу поважните локалитети се: Вучедол во Хрватска, место со развиена металургија и убаво украсена керамика; Мошорин во Србија, утврдена населба со мошне долг континуитет на живеење; Езеро во Бугарија, со мошне богата материјална култура, а особено е интересна наколната населба Плоча Мичов Град кај Пештани.



▲ Реконструираната наколна населба „Плоча Мичов Град" кај Пештани

Сите овие населби постоеле пред појавата на писмото и пишаните извори. Затоа, археолозите го истражуваат бронзеното време преку материјалните остатоци од живеалиштата, гробиштата и предметите во нив. Важни се и т.н. **сокровишта**, односно збирки

од метални предмети како секири, ножеви, врвови од копја и накит, кои биле оставани или криени како резерви од метал за претопување, богатство што се чувало за време на опасност или, пак, како ритуален дар за боговите.

Меѓу различните области имало големи разлики, но можат да се забележат и неколку заеднички појави. Населбите станувале потрајни и погусти. Се развивале специјализирани занаети, како што се: металургијата, грнчарството и обработката на коска, камен и текстил. Се ширела и **трговската размена** со подалечни краишта. Таквите промени постепено ја продлабочувале општествената нееднаквост. Дел од заедниците почнувале да создаваат и да контролираат вишок од жито, добиток, метал и работна сила. Така во некои области се појавиле посложени облици на политичка организација: **племенски организации, племенски сојузи** и, на некои места, **рани државни заедници.**



▲ Прочуениот керамички сад „Вучедолска гулабица", Вучедол близу Вуковар, Хрватска

Најстарите државни заедници

Најстара сложена државна заедница на јужниот Балкан и во егејскиот свет е палатниот систем. Во III и II милениум пр.н.е. на островот Крит се развила **Критската** или **Минојска цивилизација**. Таа имала развиена економија, сложена општествена организација, силна уметничка продукција и широка трговска мрежа во Егејот и источното Средоземје. Појавата на првите палати се поврзува со собирањето богатства, контролата врз производството и трговијата и создавањето на постојани центри на власт. Првите палатни комплекси биле разурнати, а потоа повторно изградени, по што следувал нов подем на палатната организација од XVII до XV век пр.н.е.



▲ Микенска златна дијадема

Критските **палати** биле големи комплекси што служеле како управни, стопански, верски и уметнички средишта. Во нив имало складишта, работилници, дворови и простории за верски обреди. Археолошките наоди покажуваат дека тие имале добро развиена внатрешна организација и инфраструктура, внатрешни коридори за комуникација и системи за водоснабдување и одводнување. За разлика од подоцнежните центри на копното, минојските палати најчесто немале масивни одбранбени бедеми. Затоа, сè уште не ни е сосема јасно како во еден таков систем се постигнувала контрола и безбедност.



◀ Реконструкција на палатата во Кносос

Дали знаеш дека...

Голем дел од плочките со линеарно Б писмо не биле направени да траат со векови? Тие служеле за запишување податоци од секојдневниот живот – производи, даноци, работници и стока. Плочките биле изработени од влажна глина и најчесто се чувале само кусо време. Но, кога во некои дворци избувнале пожари, глината се испекла, станала цврста и така записите се зачувале до денес. Благодарение на овие случајно зачувани плочки, денес знаеме многу повеќе за управата, стопанството и животот во микенскиот свет.

Под влијание на критскиот свет, на грчкото копно се развила **Микенската цивилизација**, која била главно обележје на доцното бронзено време на јужниот Балкан. Од XV до XIII век пр.н.е. биле изградени палати во Микена, Тиринт, Пилос, Теба и во други центри. Тие најчесто се наоѓале на утврдени возвишенија и биле опкружени со масивни бедеми. Тврдината била важно средство за контрола и видлив симбол на власта. Микенските палати биле управни јадра што владееле со околната територија, населбите, работилниците и складиштата. Во нивна близина се откриени и богати гробници со луксузни гробни прилози.



▲ „Лавовска порта", утврдениот влез во Микена

Едно од главните средства на оваа политичка централизација била административната писменост. Во повеќе палатни центри, особено во Кносос и Пилос, се најдени глинени плочки испишани со т.н. **линеарно Б писмо**. Во средината на XX век било утврдено дека јазикот на овие записи бил еден ран, „микенски" облик на грчкиот јазик. На плочките најчесто се запишувале кратки административни податоци: евиденција за жито, масло, вино, добиток и волна, распределба на суровини за работилници и пописи на работна сила. Овие записи ни даваат многу податоци за економијата и управата, но мошне малку за секојдневниот живот и уметноста. Писменоста била ограничена на тесен круг обучени писари во палатата која била средиште на економскиот надзор.



▲ Глинена плочка со линеарно Б писмо

Племиња и племенски сојузи

Настрана од критско-микенските палатни центри, најголемиот дел од Балканот во бронзеното време бил организиран во племенски заедници. **Племето** било потрајна заедница што се одржувала преку свеста за заедничко потекло, роднинските врски, обичаите и врската со одредена територија. Власта и авторитетот произлегувале од личниот углед, воената способност, посредувањето при спорови и контролата врз трговската размена. Одлуките најчесто се носеле со договор меѓу родовите и нивните водачи.

Поглаварот бил водач со силен авторитет, кој можел да го наследи својот статус или да го стекне со углед и моќ. **Поглаварството** било

облик во кој власта била поцентрализирана одошто во обичната племенска заедница, но сѐ уште немало државна администрација. Обично имало јасно издвоен центар во вид на поголема населба, утврдена височинка, резиденцијален комплекс или светилиште. Во ваквите заедници се продлабочувала општествената нееднаквост и се собирале престижни и скапоцени стоки, а управувањето и натаму се темелело врз лични врски и усни договори. Немало административен апарат, ниту писмен систем каков што постоел во микенските палати.

Кога повеќе племиња се здружувале за заедничка одбрана или напад, за контрола на патишта и премини или за пристап до важни ресурси (пасишта, рудни извори, сол, плодни долини), се создавале **племенски сојузи**. Таквите сојузи најчесто не биле трајни. Тие зависеле од успехот и влијанието на водачите, од поделбата на пленот и стоките, како и од надворешните притисоци, па затоа често се менувале и се распаѓале.

Од племенска организација кон рана држава

Преминот од племенските облици на организација кон раната држава не се случил одеднаш. Тоа бил долг процес во кој се преплетувале економските промени, религијата, војните и надворешните контакти.

Кога некоја заедница создавала **вишок од стоки и богатства**, се појавувале политички центри што го собирале, складирале и распределувале тој вишок. Во палатните системи тоа се гледа преку големите складишта и административните записи. Во племенските поглаварства, пак, тоа се забележува преку собирањето престижни предмети и стоки, појавата на работилници под контрола на највисокиот слој и разликите меѓу населбите. Власта се зацврстувала и со помош на религијата. За тоа сведочат обредните простори, култните предмети и симболите во уметноста. Светилиштата, ритуалите и верските празници му давале дополнителен авторитет на водачот и на заедницата што стоела зад него.

Важни биле и воените судири, зашто воделе кон градење утврдувања и бедеми. Кај микенските центри јасно се гледаат **акрополите и масивните ѕидини**. На други места на Балканот, политичките јадра се оформувале околу **височински населби** кои обезбедувале одбрана, засолниште и контрола врз околината и патните правци.

Голема улога имала и трговската размена со далечни краишта. Преку неа се набавувале суровини што ги немало во непосредната околина, особено бакар, калај и полускапоцени камења. Заедниците што контролирале трговски патишта или имале пристап до рудни богатства полесно воспоставувале трајна надмоќ. Преку контактите не се пренесувала само стока, туку се ширеле и технологии, стилови, обредни практики и симболи, а локалните култури си влијаеле и се менувале, дури и без војни и миграции.

Прашања за дискусија

Во лекцијата се гледа дека до посложени облици на власт не се дошло само со војни. Важни биле и вишокот стоки, трговијата, верските средишта, писменоста и контролата врз луѓето и ресурсите. Ова нѐ тера да се запрашаме што, всушност, најмногу ја прави една заедница – „држава“.

- Дали утврдената населба сама по себе е доволен знак дека постои држава? Образложи.
- Што е поважно за создавање на една рана држава: воената сила, или способноста да се собира, чува и распределува вишокот од стоки?

Провери го научено

1. Што е бронзено време и кои се неговите општи хронолошки рамки на Балканот?
2. По што се разликувале минојските и микенските палати?
3. Што претставувале племенските заедници, а што племенските сојузи?
4. Кои фактори придонесувале за преминот од племенска организација кон рана држава?

2. Полиси, кралства, сојузи и хегемонии

Полисот како политичка и урбана целина

Полисот или град-држава бил мала уредена политичка заедница со своја територија, закони, институции и граѓани. Многу полиси настанале со синојкизам, односно со обединување на повеќе населби во една политичка целина. Потоа се оформувал градски центар, а околната земја останувала основа за исхрана и економски живот.



▲ Акрополата во Атина

Во полисот имало неколку важни делови. **Акрополата** била издигнат, лесно одбранлив дел од градот, каде што се наоѓале храмовите и јавните градби, а во време на опасност служела како прибежиште. Под неа се простирал **градот** со живеалиштата, работилниците и улиците. Околината на градот, наречена **хора**, била земјоделска и сточарска област што го снабдувала полисот со храна и суровини.

Агората била отворен јавен простор на кој се одржувале собири, се тргувало, се воделе судски расправи и се славеле верски свеченості; таа била вистински симбол на полисниот живот. Во развиените полиси, околу агората имало покриени тремови, управни простории и светилишта.

Граѓанство и учество во власта



▲ Атинската агора, денешна состојба

Главна особеност на полисот било **граѓанството**. Не секој жител имал политички права. Во повеќето полиси права имале само слободните возрасни мажи родени во семејство на граѓани. Жените, робовите и доселениците биле исклучени од политичкиот живот, иако имале важна улога во стопанството и во секојдневниот живот. Граѓанинот имал право да учествува во одлучувањето, но и должност да го брани полисот.

Полисите имале различни облици на уредување. Во најстаро време со нив владееле кралеви, а подоцна власта ја презеле аристократските семејства. Со развојот на трговијата и војската, во дел од полисите се јавиле барања за пошироко политичко учество.

Најпознат пример за демократски полис е Атина во V век пр.н.е Таму Народното собрание, **еклесијата**, решавало за војна и мир, носело закони и избирало службеници. Советот, **„буле"** ја подготвувал работата на Собранието и управувал со дел од државните работи. Сепак, и атинската демократија имала граници: граѓани можеле да бидат само оние чии татко и мајка биле Атињани. Атинската демократија била широка за своето време, но не важела за сите жители.

Спарта имала поинакво уредување: таму полноправни граѓани биле само **спартијатите**, кои имале должност да војуваат и да учествуваат во политичкиот живот. Имало и **периојки**, кои живееле во околните населби и се занимавале со занаетчиство и трговија, како и **хејлоти**, кои ја обработувале земјата и предавале дел од приносот. Во Спарта имало двајца **басилеи**, совет на старци наречен **герусија**, **собрание на спартијатите**, како и службеници наречени **ефори**.



▲ Спартански хоплит

Кралствата на Балканот

За разлика од полисите, другите балкански држави најчесто биле **монархии**. Власта била во рацете на кралот, а жителите не биле граѓани, туку поданици. Тие имале обврска да плаќаат разни давачки и да војуваат, а одлуките се носеле во палатата. Во кралствата имало градови, но тие немале самостојна политичка улога каква што имале полисите.

Македонското Кралство се оформило на северните граници на егејскиот свет, каде што племенските и регионалните врски биле посилни од градскиот модел. На крајбрежјето имало грчки колонии, кои одржувале силни трговски врски со внатрешноста. Македонија со векови се соочувала со притисоци од соседите, најчесто од Илирите, но и од македонските племиња кои сè уште не биле дел од кралството.

Најстара престолнина била Ајга, а во IV век пр.н.е кралот Архелај го префрлил политичкиот центар во Пела, која имала подобра географска положба. Ајга и натаму била важно династичко и културно средиште, во кое се погребувале кралевите од династијата Аргеади.



▲ Кралската палата во Ајга

Прашања за дискусија

Полисот често се претставува како заедница на граѓани што учествуваат во власта. Но, гледаме дека во Атина и во Спарта голем дел од жителите немале политички права, а во кралствата луѓето биле поданици. Затоа треба да се запрашаме колку навистина биле „слободни" старите политички заедници.

- Може ли Атина да се нарече демократска држава ако жените, робовите и доселениците биле исклучени од политичкиот живот?
- Што носело поголема политичка моќ за обичниот човек: да биде граѓанин во полис или поданик во кралство?

Истражувај

Направи споредбена табела со три колони: Атина, Спарта и Македонското Кралство. За секоја држава одговори на четири прашања: кој владеел, кој имал политички права, како била организирана војската и врз што се темелела моќта на државата. На крај, напиши во неколку реченици која од овие три политички заедници била најзатворена, а која најотворена, и зошто.

Во времето на Филип II, Македонија станала водечка сила на Балканот. Тој ја зацврстил внатрешната власт, ја проширил државата и ја реорганизирал војската. Главна сила била македонската фаланга, густо збиена пешадија вооружена со долги копја – сариси. Таа била особено ефикасна кога дејствувала заедно со коњаницата. Филип развил и опсадни техники за освојување градови, а моќта ја темелел врз контролата на патиштата, рудниците и нивните приходи.

Во односите со грчките полиси, Филип II ги комбинирал **дипломатијата** и **воената сила**. Тој склучувал договори, создавал сојузи и настојувал да ја прикаже својата политика како законита и прифатлива во рамките на грчката политика. Врв на неговите потфати во Грција била победата кај Хајронеја во 338 пр.н.е Следната година бил создаден Коринтскиот сојуз, со кој Македонија станала водечка сила во заедничката политика на егејскиот свет.

Дали знаеш дека...

Во Атина постоела постапка наречена „остракизам"? Со неа граѓаните можеле да одлучат некој човек, кој станал премногу моќен или се сметал за опасен за државата, да биде протеран од градот на определено време. Неговото име се запишувало на парче скршена керамика, наречено „остракон". Токму од тој збор потекнува и денешниот збор „остракизам". Оваа постапка била воведена за да се спречи еден човек да стекне преголема власт и да ја загрози атинската демократија.

Најсилна држава на источниот Балкан било **Одриското кралство**. Тоа било основано во втората половина на V век пр.н.е и го зафаќало просторот од внатрешна Тракија до брегот на Егејско Море. Владетелите се потпирале врз локалните поглавари, собирањето давачки и контролата на важни патишта и премини. Поради својата положба, Одриското Кралство било важен фактор во односите меѓу грчките полиси и Македонското Кралство. Во IV век пр.н.е, неговата моќ ослабела поради внатрешни поделби, но и поради македонската експанзија.



▲ Лавот од Хајронеја, споменик на Тебанците кои загинале во битката кај Хајронеја

Илирските заедници на западниот Балкан најчесто биле организирани племенски, а нивните водачи ја темелеле моќта врз воената сила, угледот и сојузништвата. Некои посилни владетели успевале да обединат повеќе племиња и да создадат кралства – особено на јадранскиот брег, каде што контролата врз пристаништата и морските патишта им носела големи приходи.

Најпозната илирска држава е кралството на Агрон и Теута, кое го доживеало својот подем во III век пр.н.е Политиката на Агрон и Теута, како и судирите со грчките градови и со Рим, најпосле предизвикале римска интервенција. Последниот илирски крал, Гентиј, учествувал во Римско-македонските војни на македонска страна, а во 168 пр.н.е бил поразен и заробен од Римјаните. Племенските коалиции можеле да прераснат во вистински државен облик, но сепак биле послаби од зрелите, поцврсто организирани држави.

Воени сојузи, хегемонии и дипломатија

Полисите често склучувале сојузи. На почетокот, тие служеле за заедничка одбрана, но со време некои прераснувале во средство за превласт. Кога еден полис почнувал да ги контролира средствата, одлуките и силите на сојузниците, сојузот постепено се претворал во **хегемонија**, односно во надмоќ на една држава над други.

Еден од најсилните сојузи бил **Делско-атичкиот сојуз**, подоцна познат и како Атински поморски сојуз. Тој бил основан во 478 пр.н.е за борба против Персија. Сојузниците давале бродови или пари но, со време, Атина сѐ повеќе го ставала сојузот под своја контрола. Тој полека станувал средство на атинската хегемонија, што го покажува и пренесувањето на сојузничката каса од Делос во Атина во 454 пр.н.е

Наспроти него бил **Пелопонескиот сојуз**, предводен од Спарта, кој се темелел врз меѓусебен договор и силна копнена војска. Така, во V век пр.н.е во Грција се оформиле два големи блока: Атина со својата флота и сојузничка мрежа, и Спарта со своите копнени сили и сојузниците од Пелопонес.



▲ Атинска стела со список на загинати во Пелопонеската војна, околу 411 г. пр. н. е.

Рамнотежата на моќта, општеството и економијата

Долго време во Грција владеела рамнотежа на моќта, и ниту еден полис не можел трајно да им се наметне на другите. Кога некој сојуз ќе се претворел во средство за доминација, таа рамнотежа се нарушувала и растела опасноста од голема војна.

Така избувнала **Пелопонеската војна** меѓу Атина и Спарта, која траела од 431 до 404 год. пр.н.е. Војната, со прекини и примирја, се водела во повеќе фази, а победник била Спарта, која добила и помош од Персијците. Но, и Спарта била истоштена и не успеала да наметне превласт во грчкиот свет. Во IV век пр.н.е следувале нови обиди за хегемонија, меѓу нив и подемот на Теба, но ниедна од овие сили не создала стабилен поредок.

Војните и хегемониите се одразиле врз општеството и економијата. Преку давачките и сојузничките обврски, ресурсите се насочувале кон најсилниот политички центар. Долгите војни предизвикувале човечки загуби, уништување на земјоделството, миграции и осиромашување. Во кралствата, пак, владетелите ја зајакнувале државата преку воена реорганизација и контрола на ресурсите.

Ваквата комбинација од политичка централизација, воена сила и дипломатија во IV век пр.н.е ја сменила рамнотежата на Балканот. Тоа ѝ отворило пат на Македонија да стане водечка сила во регионот; но, допрва претстоела најголемата промена – доаѓањето на Римјаните.

Грчко-персиски војни



Грчко-персиски војни се нарекува големиот судир меѓу Персиското Кралство и дел од грчките полиси во почетокот на V век пр.н.е Првичната причина било ширењето на Персија на брегот на малоазиската област Јонија, каде што имало грчки градови. Кога тие се кренале на востание против персиската власт, добиле ограничена помош од Атина и од Еритреја. Востанието било задушено, но персискиот крал решил да ги казни полисите што се вмешале. Така започнал еден подолг судир што ја одбележал историјата на грчкиот свет.

Првиот голем поход завршил со битката кај Маратон во 490 година пр.н.е Таму Атињаните, со помош од Платајците, ја поразиле персиската војска. Победата имала силно морално значење, бидејќи покажала дека Персијците не се непобедливи. По неколку години, персискиот крал Ксеркс подготвил многу поголем напад. Во 480 година пр.н.е неговата војска и флота тргнале кон Грција. Дел од грчките полиси ги здружиле силите за заедничка одбрана. На копно, кај теснецот Термопили, малата грчка војска под водство на спартанскиот крал Леонида пружила силен отпор, но била совладана.

Клучен пресврт донела поморската битка кај островот Саламина. Грчката флота, предводена главно од Атина, успеала да ја порази поголемата персиска флота. Со тоа било запрено понатамошното напредување на Персија по море и се намалила опасноста за грчките полиси. Во 479 година пр.н.е следувале уште две важни победи: кај Платаја во копнена Грција и кај Микале на малоазискиот брег.

Војните имале далекосежни последици. Атина го зацврстила својот углед и станала водечка поморска сила, а Спарта останала силна копнена држава. Наскоро, под водство на Атина бил создаден Делско-атичкиот сојуз, кој најпрво служел за продолжување на борбата против Персија, а подоцна се претворил во средство на атинска превласт. Победата над Персија силно влијаела врз Грците, кои ја доживувале како одбрана на слободата и на сопствениот начин на живот. Сепак, старата неслога меѓу полисите не исчезнала. Напротив, откако минала заедничката опасност, таа повторно излегла на површина и предизвикала нов голем судир меѓу Грците.

Пелопонеската војна



Пелопонеската војна била долга и исцрпувачка војна меѓу Атина и Спарта со нивните сојузници, која траела од 431 до 404 година пр.н.е Нејзините причини лежеле во нарушената рамнотежа на моќта во грчкиот свет. По Грчко-персиските војни, Атина се издигнала како силна поморска држава и го ставила Делско-атичкиот сојуз под своја контрола. Спарта, која била најпозната копнена сила и го предводела Пелопонескиот сојуз, го следела атинскиот подем со загриженост. Судирот меѓу двете сили на крајот станал неизбежен.

Во првата фаза на војната Спартанците ја пустошеле Атика, а Атина се потпирала врз флотата и врз снабдувањето по море. Населението се повлекло во ѕидините; градот бил пренатрупан и избувнала тешка чума. Од неа умрел и Перикле, еден од најславните атински државници. Ваквите околности силно ја ослабеле Атина.

Војната продолжила со прекини, примирја и нови судири. Особено тежок удар за Атина била Сицилиската експедиција (415–413 година пр.н.е), која завршила со катастрофа: флотата била уништена, а многу војници загинале или биле заробени.

Во последната фаза на војната, Спарта добила финансиска помош од Персија. Со тие средства успеала да изгради посилна флота и да ја нападне Атина на море. Атинската надмоќ на море постепено била скршена. Во 405 година пр.н.е атинската флота била поразена кај Ајгоспотами, а следната година Атина се предала. Војната завршила со спартанска победа.

Последиците биле тешки за целиот грчки свет. Многу полиси биле осиромашени, земјоделството било уништено, а населението се намалило поради борби, болести и несигурност. Војната ја поткопала довербата меѓу полисите и ја ослабела идејата за заеднички грчки интерес. Пелопонеската војна не му донела на грчкиот свет мир и рамнотежа, туку долготрајна слабост. Тоа подоцна му отворило простор на Македонското кралство да стане водечка сила на Балканот.

Провери го научената

1. Што бил полисот и кои биле неговите главни делови?
2. Кои жители имале политички права во повеќето полиси, а кои биле исклучени?
3. Како Филип II ја засилил моќта на Македонското Кралство?
4. Како еден воен сојуз можел да прерасне во хегемонија?

3. Римската експанзија и провинциската консолидација на Балканот

Римското ширење на Балканот

Од III и II век пр.н.е. Рим постепено го пренасочувал вниманието преку Јадранското Море, кон Балканот и источното Средоземје. На почетокот сакал да ја обезбеди пловидбата, трговијата и врските со Италија, бидејќи пиратството и честите судири на источниот Јадран ги загрозувале морските патишта. Затоа првите римски интервенции биле насочени кон илирскиот простор. Во **Првата илирска војна** (229–228 пр.н.е.) Рим настапил против Илирите на кралицата Теута и воспоставил трајно влијание во дел од крајбрежните градови и острови. Во Втората илирска војна (219 пр.н.е.) тоа влијание било зацврстено, а во Третата илирска војна (168 пр.н.е.) била скршена власта на кралот Гентиј. Така Рим стекнал сигурни упоришта на Јадранот и создал услови за навлегување кон внатрешноста на Балканот.



▲ Римскиот амфитеатар во Дирахиј (ден. Драч)

Решавачки за понатамошната експанзија биле војните со Македонија. Во Втората македонска војна (200–197 пр.н.е.), римската војска, предводена од Тит Квинктиј Фламинин, го поразила македонскиот крал Филип V кај Киноскефала во 197 пр.н.е. Овој судир покажал дека македонската фаланга тешко се снаоѓа на нерамен терен и во побрзи маневри. Во Третата македонска војна (171–168 пр.н.е.) кралот Персеј бил поразен кај Пидна, а Македонија ја загубила независноста. Римјаните ја разделиле на четири области

(мериди), за да го спречат обновувањето на силна централна власт. По поразот на востанието на претендентот Андриск, во 146 пр.н.е., Македонија најпосле била оформена како провинција. Во истата година Рим го скршил и отпорот на Ахајскиот сојуз и го разурнал Коринт, со што станало јасно дека ќе владее и на југот. По победата на Октавијан кај Актиј, во 31 пр.н.е. и по воспоставувањето на новата власт, балканскиот простор влегол во постабилна империска рамка. Во 27 пр.н.е. Октавијан Август ја издвоил јужна Грција во посебна провинција Ахаја, со центар во Коринт, а Тракија била најпосле анектирана во 46 н.е., за време на императорот Клавдиј. До средината на I век н.е., јадрото на Балканот веќе било вклучено во римскиот провинциски систем.



▲ Зачуван дел од Виа Егнатија близу Радожда, струшко

Освојувањата и воената организација

Римската власт на Балканот се одржувала пред сѐ преку војската. **Легијата** била основната тешка пешадиска единица на римската армија, но нејзината улога не завршувала на бојното поле. Таа чувала гарнизони, градела патишта, мостови и логори, пренесувала заповеди и ја обезбедувала државната власт во новоосвоените области. Во времето на Царството, легиите биле постојани **единици со трајни бази**, а покрај нив дејствувале и помошни сили, регрутирани од провинциите. На Балканот ова имало особено значење, зашто по освојувањето на Македонија и Грција Рим се свртел кон север и кон дунавската граница. Таму имало чести судири со племенски сојузи и затоа биле потребни постојани логори, патроли и сигурно снабдување. Во такви услови, војската станала и важен економски фактор: гарнизоните трошеле жито, добиток, дрво, метал и занаетчиски производи, па околу нив се развивале пазари и населби. Во раното Царство особено важна била Мезија, а за време на Дакиските војни на Домитијан, таа била поделена на Горна и Долна Мезија. Римската администрација се менувала според воените потреби и според притисокот на границата.

Провинцијата како управна единица

Провинцијата била основниот управен облик преку кој Рим ги вклучувал освоените земји во својата држава. Под надзор на нејзиниот управител се собирале **даноците**, се одржувал редот

Дали знаеш дека...

Римските патници често не користеле карта во денешна смисла на зборот? Наместо тоа, имале „итинерариум" – список на градови, населби, патни станици и растојанија меѓу нив. Таквите списоци им помагале и на обичните патници и на државните службеници полесно да го планираат патувањето низ Римското Царство. Римскиот патен систем симболично започнувал од „Златниот милјоказ" на Римскиот форум, од каде што се пресметувале растојанијата. Римските патишта биле дел од уреден систем за движење, управување и контрола на огромната држава.



▲ Надгробен споменик на римски центурион

Прашања за дискусија

Римската власт донела патишта, градови, посигурни комуникации и пошироки пазари. Но, таа исто така донела воено присуство, даноци, гарнизони и зависност од државната управа. Затоа римското владеење не треба да се гледа ниту само како „напредок", ниту само како „угнетување".

- Дали римската власт на Балканот треба повеќе да се разбира како освојување или како интеграција во една поголема држава? Образложи.
- Кој повеќе добивал од Pax Romana: градовите и локалните елити или целото население? Образложи.

и се применувало **римското право**. Но, Рим не испраќал голем број чиновници во секоја област; наместо тоа се потпирал врз градските совети и врз локалните елити, кои ги спроведувале државните наредби и посредувале меѓу населението и власта. Така Рим владеел со помал трошок, а дел од локалните водачи стекнувале углед, привилегии и пристап до пошироките мрежи во Империјата. Македонија е добар пример за постепен развој: по воениот пораз следувала контрола, потоа основање на провинција, а најпосле и понатамошно прецизирање на управата. На западниот Балкан, Август организирал една широка провинција наречена Илирик, која подоцна била делена и преуредувана според потребите на државата. Со провинциското режим било поврзано и редовното даночење. Населението плаќало давачки во пари и во натура, царини и други обврски, а воениот систем барал и постојано снабдување. Затоа економскиот живот се менувал: производството за пазар станувало поважно, транспортот и складиштата добивале поголема улога, а градовите станувале средишта на управата и трговијата.

Инфраструктура и урбанизација

Римската власт се зацврстувала и преку **густата инфраструктурна мрежа.** Патиштата имале воена цел, бидејќи овозможувале брзо движење на војската, но имале и големо стопанско значење, затоа што го олеснувале превозот на луѓе, стоки и вести. Најпознат пат на јужниот Балкан била **Виа Егнатија,** изградена во II век пр.н.е. Таа тргнувала од јадранските пристаништа Дирахиј и Аполонија, минувала низ Македонија, продолжувала кон Тесалоника, а потоа кон Тракија и понатаму кон источниот дел на империјата. Со неа биле поврзани важни градски точки и патни краци, меѓу кои



▲ Хераклеја Линкестидска, Битола

се издвојуваат Лихнид и Хераклеја Линкестидска, а долинскиот правец по Вардар водел кон Стоби и понатаму кон север. Во срцето на Балканот особено важен бил и патниот правец познат како **Виа Милитарис** или **Виа Диагоналис**, кој ги поврзувал дунавскиот простор, Наис (денешен. Ниш), Сердика (денешна Софија), Филипопол (денешен Пловдив) и Адријанопол (денешен Едрене) со Босфорот. Благодарение на овие патишта, Балканот станал важен комуникациски јазол меѓу реката Дунав, Јадранското Море, Егејското Море и Мала Азија. Со патиштата, се развивале и градовите. Во нив се граделе форуми, базилики, бањи, театри, амфитеатри, храмови, водоводи и јавни чешми. Дел од градовите добивале статус на **колонија** или **муниципиј**, што им носело правни олеснувања и уредена самоуправа. Археолошките остатоци во поширокиот регион сведочат за тој развој преку јавни градби, натписи, монети и патни станици.

Романизација и Pax Romana

Интеграцијата на балканските провинции во римскиот свет се одвивала преку правото, администрацијата, војската, градскиот живот и секојдневните навики. Овој процес не бил еднаков насекаде. Најсилно се забележува во градовите, покрај гарнизоните и долж главните патишта, каде што имало службени лица, трговци, ветерани и занаетчии. Во селските области промените биле побавни и зависеле од економските врски и од близината на градските центри.



▲ Приказ на римски легионери на релјеф

Романизацијата се гледа во ширењето на римските правни и управни облици, во користењето на латинскиот јазик во војската и администрацијата, во римските лични имиња кај дел од населението и во градските институции воведени по римски образец. Сепак, во источните области, грчкиот јазик и културната традиција останале мошне силни. По завршувањето на службата, ветераните често се населувале во провинциите и носеле капитал, воени и економски врски и нов начин на живот. Со време, растел и бројот на

Истражувај

На историска карта означи ги местата и правците што се спомнуваат во лекцијата: Јадранско Море, Македонија, Коринт, Тракија, Дирахиј, Аполонија, Лихнид, Хераклеја Линкестидска, Стоби, Тесалоника, Наис, Сердика, Филипопол и Адријанопол. Под неа направи куса временска линија со следниве настани: Првата илирска војна, битката кај Киноскефала, битката кај Пидна, создавањето на провинцијата Македонија, издвојувањето на Ахаја и анексијата на Тракија. На крај, во неколку реченици објасни зошто за Рим било толку важно да ги контролира и морските патишта и внатрешните копнени врски на Балканот.



▲ Римска воена диплома од бронза, документ за римско граѓанство



▲ Октавијан Август, брош од полускапоцен камен

провинциски жители со **римско граѓанско право**, а во 212 година, со едиктот на императорот Каракала, тоа право било проширено на сите слободни жители на Империјата.

Во таква рамка се обликувал периодот што го нарекуваме **Pax Romana**, односно „римски мир". Тој не значел целосно отсуство на војни, бидејќи судири имало и понатаму, особено по границите. Сепак, во I и II век н.е. во голем дел од Империјата имало поголема сигурност, уредени комуникации и предвидливи услови за трговија. За балканските провинции, тоа донело посигурни патишта, пошироки пазари и развој на занаетите и услугите. Сепак, придобивките не биле поделени рамномерно. Дел од локалните елити напредувале преку градски служби и договори со државата, но селското население често го чувствувало товарот на даноците и зависноста од големите имоти.

Илирските војни

Илирските војни биле низа од судири, кои се воделе меѓу Рим и илирските владетели на источниот брег на Јадранското Море во III и II век пр.н.е. Тие имале големо значење, зашто преку нив Рим првпат цврсто се вмешал во работите на западниот Балкан. Илирите контролирале важни пристаништа, острови и морски патишта; нивните владетели изведувале брзи поморски напади и вршеле притисок врз трговијата и пловидбата. Тоа ги загрозувало интересите на грчките градови на Јадранското Море, а подоцна и врските на Рим со источното Средоземје.

Причина за првата римска интервенција било ширењето на власта на кралицата Теута. По смртта на кралот Агрон, таа управувала во име на малолетниот наследник и ја продолжила активната политика на илирската држава. Илирските напади врз трговски бродови и крајбрежни градови го натерале Рим да испрати пратеници, а потоа и војска. Во Првата илирска војна (229–228 година пр.н.е.), Рим брзо постигнал успех. Голем број грчки градови и острови преминале под римска заштита, со што Рим ги стекнал првите сигурни упоришта на источниот Јадран.

Мирот не траел долго. Во Втората илирска војна (219 година пр.н.е.), римската војска тргнала против Деметриј од Фарос, кој ја обновил илирската активност по море и се обидел да ја зајакне својата положба. И овој судир завршил со римска победа. Деметриј бил поразен и избегал, а римското влијание уште повеќе се зацврстило.

Третата илирска војна се водела во 168 година пр.н.е., кога Рим се судрил со кралот Гентиј. Тој се обидел да ја обнови моќта на илирската држава и стапил во врска со македонскиот крал Персеј, кој во исто време војувал против Рим. Но, римската војска повторно била посилна. Гентиј бил поразен и заробен, а неговото кралство се распаднало.

Последиците од Илирските војни биле трајни. Рим ја обезбедил пловидбата по Јадранското Море, воспоставил влијание во важни крајбрежни центри и создал услови за понатамошно навлегување во внатрешноста на Балканот. Овие војни покажале дека Рим станува важен воено-политички фактор. Така започнал долгиот процес во кој Балканот постепено влегол во римската сфера на влијание.



Провери го научената

1. Зошто Рим најпрво интервенирал во илирскиот простор и на источниот Јадран?
2. Што се случило со Македонија по поразот на Персеј?
3. Каква улога имале римската војска и провинциската организација во управувањето со Балканот?
4. Што значат поимите романизација и Pax Romana, и зошто тие не се чувствувале еднакво во сите области?

Римско-македонските војни



Римско-македонските војни се воделе меѓу Римската Република и Македонското Кралство во III и II век пр.н.е. Тие го одредиле политичкиот развој на Балканот, но и на грчкиот свет, затоа што со нив завршила самостојната моќ на Македонија и започнала римската превласт на истокот. Во времето по Александар Македонски, Македонија сѐ уште била една од најсилните држави во регионот; но Рим, кој веќе се зацврстувал на Јадранското Море, сѐ повеќе се мешал во внатрешните работи на Балканскиот Полуостров.

Првата Римско-македонска војна се водела од 214 до 205 година пр.н.е., во време кога Рим бил зафатен со Втората пунска војна против Ханибал. Македонскиот крал Филип V се обидел да го искористи тоа и да го прошири своето влијание кон запад. Судирот не донел решавачка победа за ниту една страна, но покажал дека римско-македонскиот конфликт ќе продолжи. Вистинскиот пресврт дошол во Втората римско-македонска војна (200–197 година п.н.е.). Тогаш Рим настапил порешително, па во 197 година пр.н.е. римската војска под водство на Тит Квинктиј Фламинин го поразила кралот Филип V кај Киноскефала. Оваа битка покажала дека македонската фаланга е помалку подвижна и потешко се снаоѓа на нерамен терен од римската легија.

По овој пораз Македонија не исчезнала, но била ослабена. Подоцна кралот Персеј се обидел повторно да ја зајакне државата. Тоа ја предизвикало Третата римско-македонска војна (171–168 година пр.н.е.). Решавачката битка се одиграла кај Пидна во 168 година пр.н.е.; во неа римската војска го поразила Персеј. По оваа победа, Рим ја укинал македонската монархија и територијата ја поделил на четири области, за да спречи обновување на силна централна власт.

Последниот обид за обновување на кралството бил востанието на Андриск. И тој обид бил задушен, па во 146 година пр.н.е. Македонија станала римска провинција. Истата година, Рим го разурнал градот Коринт, со што јасно се покажало дека дотогашните сили веќе не можат да му се спротивстават.

Римско-македонските војни имале далекосежни последици. Со нив завршила политичката самостојност на Македонија, а Рим станал главна сила на Балканот и во светот на источното Средоземје.

4. Општествата на балканските народи

Род, племе и аристократија

Во античко време на Балканот постоеле два главни начина на општествено организирање. Првиот бил **родовско-племенскиот** во кој биле најважни роднинските врски, сојузите и личната верност; таков облик бил чест во Илирија, Тракија и во раната Македонија. Вториот бил **градско-полисниот** кој бил карактеристичен за јужниот Балкан. Таму положбата на човекот зависела од тоа дали бил дел од градот и дали имал право да учествува во неговите институции.

Во практиката овие два начина често се мешале. И во полисите имало силни родовски и лични врски. Од друга страна и во кралствата и во племенските заедници постепено се појавувале поцврсти политички средишта и јадра на управата.



▲ Македонски благородници на гозба, фреска од Агиос Атанасиос, Грција

Во родовско-племенското општество, **родот и племето** биле основа на заедницата. Тие давале заштита и чувство на припадност. Авторитетот се темелел врз потеклото, воената способност, личниот углед, имотот и можноста да се делат плен и дарови. Така постепено се создавало раслојување: од заедницата се издвојувал тесен круг угледни луѓе и војсководци кои, со текот на времето, станувале **наследна елита**.

Кај Илирите, племињата биле самоуправни заедници со свои старешини и водачи. Во време на војна или надворешна опасност, можел да се појави посилен **поглавар** што обединувал повеќе племиња. Воените водачи и нивните најблиски добивале трајна предност: тие ги контролирале тврдините, патиштата, рудите, земјата и врските со соседите. На тој начин се создавала поделба меѓу елитата, која предводела и заповедала, и слободното население, кое војувало и давало придонеси.

Кај Тракијците имало многу племиња и голема политичка расцепканост. Сепак, и таму се појавувале поширок сојузи и кралства. Тие обединувале повеќе племиња, особено кога била потребна заедничка воена команда. Општествените разлики јасно се гледаат во богатите гробници и могили, во оружјето, даровите и раскошните погребни обичаи. Војувањето и наемничката служба дополнително ја зајакнувале воената елита, која стекнувала богатство и престиж преку плен, награди и политичко влијание.

Истражувај

Направи споредбена шема за четири групи: атински граѓани, метојки, спартијати и хејлоти. За секоја група запиши: дали била слободна, дали имала политички права, со што најчесто се занимавала и каква била нејзината улога во државата. На крај, во неколку реченици објасни што покажува оваа споредба за врската меѓу правниот статус, трудот и политичката моќ во античките општества?

Кај Македонците, особено во архајскиот и класичниот период, постепено се минувало од племенски односи кон поцврста монархиска организација. На врвот стоел **кралот** – но, неговата моќ зависела од односот со благородништвото, од способноста да ја организира војската и да распределува земја, чест и должности. Со развојот на државата се обликувала појасна поделба: на едната страна бил кругот **аристократи**, поврзани со палатата и со коњаницата, а на другата – слободните луѓе што ја сочинувале пешадијата. **Војската** станала едно од главните средства за поврзување на луѓето со државата, но и за нивно раслојување. Лојалноста се наградувала, а наградите уште повеќе ја нагласувале нееднаквоста.



▲ Златното сокровиште од Панагурште, Бугарија

Остатоци од родовски групи и аристократски традиции имало и во грчките полиси. Но, таму положбата на човекот сè повеќе зависела од припадноста кон градот и од учеството во неговите институции. Аристократијата и натаму се издвојувала со богатство и углед, но во многу полиси најважна станала разликата меѓу граѓани и неграѓани.

Граѓанство, демос и метојки

Во полисите било најважно дали некој имал **граѓански статус**. Граѓанството значело лична слобода и право на учество во собранието, во судството и во изборот и контролата на власта. Во Атина во V век пр.н.е. имало три големи групи: **граѓани, метојки и робови.**

Демосот, односно граѓанското тело, го имал главниот збор во институциите на полисот. Но, политичките права не им припаѓале на сите; тие зависеле од полот, потеклото и правниот статус. Иако биле слободни, жените не учествувале во собранието и немале исти јавни права како машките граѓани.

Метојките биле доселени жители без граѓански права, кои работеле во трговијата, занаетите и услугите. Тие биле важни за економијата, но не учествувале во политичкото одлучување. Имале посебни обврски, плаќале придонеси и зависеле од покровител-граѓанин.

Дали знаеш дека...

Банкарот Пасион е еден од најпознатите примери за општествено издигнување во Атина? Тој најнапред бил роб во Пиреј, а потоа бил ослободен и станал успешен банкар. Подоцна управувал со познатата банка и имал работилница за изработка на штитови. Со своето богатство и со услугите кон државата стекнал голем углед, па Атињаните му доделиле граѓанство нему и на неговите потомци. Во атинското општество, човек што не бил роден како граѓанин сепак можел да стекне богатство, углед и важно место во јавниот живот.

Прашања за дискусија

Во античките општества луѓето немале ист статус ниту исти права. Некои учествувале во власта, други ја извршувале воената служба, а трети ја носеле главната тежина на трудот, но биле исклучени од политичкото одлучување. Затоа не е доволно да се праша само кој бил богат или сиромашен, туку и кој бил слободен, зависен или исклучен.

- Кој облик на зависност е потежок: ропството во полисите или зависната положба на хејлотите во Спарта? Образложи.
- Дали една држава може да се смета за стабилна ако се потпира на трудот на групи што немаат политички права?



▲ Ридот Пникс во Атина, каде што се среќавало атинското Собрание; десно се гледа говорницата.

Кај нив јасно се гледа разликата меѓу економската улога и политичката припадност: човек можел да биде корисен за полисот, а сепак да остане надвор од граѓанското тело.

Спарта имала поинаков систем. Полни права имале само **Спартијатите**, тесен слој граѓани-војници со строг систем на воена обука и заеднички обврски. **Периојките** биле слободни жители во околните населби, кои немале политички права, но имале важна улога во занаетите, трговијата и локалната економија. **Хејлотите** биле зависно население врзано за земјата и производството; нивниот труд ја давал материјалната основа за животот на спартијатите.

Робови и зависни категории

Ропството било широко распространето во многу грчки полиси. Робовите можеле да бидат воени заробеници, купени на пазар или родени во ропство. Работеле во домови, на ниви, во работилници, во рудници и во јавни служби. Положба не им била насекаде иста, но сите имале едно заедничко нешто: биле зависни и немале никакви политички права. Нивниот труд и движење биле под туѓа контрола, а личната слобода им била строго ограничена. Понекогаш можеле да бидат ослободени, но и тогаш не станувале еднакви со граѓаните.



▲ Атинско семејство, релјеф на надгробна стела

Хејлотите во Спарта биле посебен облик на зависно население. Тие биле врзани за земјата и морале да даваат дел од производството. Немале политички права, ниту слобода на движење, но имале основно право на живот и имот. Спартанскиот поредок можел да опстојува токму затоа што имал постојана работна сила, чиј труд ја одржувал економијата.

Во Тракија и Илирија зависноста често имала поинаков облик. Таа не била секогаш јасно правно уредена, туку повеќе се темелела врз лична и политичка подреденост. Тоа значело давачки во натура, воена придружба, признавање власт на поглавар или крал и зависност од контролата врз размената и пленот. Во некои области имало и трговија со робови.

Палатата, семејството и патријархатот

Во монархиските средини, **палатата** била средиште на власта. Околу кралот се собирал круг од придружници и благородници. Тие добивале служби, земја, плен и престиж, а за возврат давале лојалност и воена сила. Палатата била дом на владетелот, но и место од кое се одржувал поредокот во државата. Кралот ја зацврстувал својата власт со дарови, бракови, почести и воени должности.

Во Македонија тоа јасно се гледа преку **хетајрите**. Тие биле елитен слој поврзан со палатата и коњаницата, додека слободното население било организирано во пешадија. Војската била место на кое општествениот статус се претворал во политичка моќ. И кај Илирите и Тракијците имало слична логика. Посилните поглавари и кралеви создавале мрежи на зависност со локалните старешини, собирале воени дружини и го контролирале пристапот до ресурси и трговски врски. Погребните обичаи, оружјето и раскошните предмети биле важни знаци на положбата, затоа што јавно го покажувале рангот на носителот.

Основна клетка на општеството и во полисите, и во монархиите, било **семејството**, односно куќата. Преку наследувањето, сопственоста, бракот и роднинските врски, моќта се пренесувала од генерација на генерација. Претежнувал **патријархатот**, кој сепак не изгледал исто насекаде. Во Атина жените биле ограничени во јавниот и политичкиот живот. Најчесто биле поврзани со домот, домашното стопанство и верските улоги. Во Спарта жените имале поширок простор во јавниот живот, делумно поради воениот карактер на државата и долгите отсуства на мажите. Во монархиските средини, жените од владејачките семејства можеле да го шират влијанието преку династички бракови, роднински врски и дворска политика, иако формалната власт најчесто останувала во машки раце.

Општествата на античкиот Балкан се разликувале според тоа кој ја контролирал земјата и ресурсите, кој заповедал во војската и дали припадноста се темелела врз родовско-племенски врски или врз граѓански статус. Разликите меѓу нив не биле само културни, туку зависеле и од начинот на кој секоја заедница ги уредувала власта, трудот и општествените односи.



▲ Атичка ваза со приказ на работници кои берат маслинки



▲ Брачна двојка и сцена на берба. Детал од мермерен саркофаг од Тесалоника

Провери го научената

1. Кои биле двата главни начина на општествено организирање на Балканот во античко време?
2. Кои групи го сочинувале населението на Атина во V век пр.н.е.?
3. Каква била разликата меѓу спартијатите, периојките и хејлотите?
4. Како палатата и семејството придонесувале за одржување на општествениот поредок во монархиите?

5. Економските дејности и трговските мрежи

Економијата во античко време претставувала мрежа од меѓусебно зависни дејности: обработка на земјата, преработка на производите, занаети, локални пазари, пристаништа и далечни трговски рути. Секој дел од таа мрежа го поткрепувал следниот. Селото обезбедувало храна и суровини, а работилниците ги преработувале храната и суровините во производи за употреба и продажба. Градот ги уредувал пазарите, складиштата, мерките, даноците и безбедноста на патиштата. Најголемите промени настанувале кога производството давало вишок. Тогаш тој вишок се носел надвор од локалната средина и се продавал на поширок пазар.

Земјоделското производство

Стопанството најмногу се потпирало врз земјоделството. Главна храна биле пченицата, јачменот, мешунките, зеленчукот и овошјето. Во приморските области и на островите силно се развивале лозарството и маслинарството. Во Средоземјето лозата и маслинката имале особено значење. Тие давале вино и масло, производи што можеле долго да се чуваат и лесно да се пренесуваат. Затоа тие биле важна стока за размена. Се користеле и во религиозни обреди и им носеле углед на поединци и на градови.

▼ Реконструкција на античка преса за маслиново масло



Производството зависело од природните услови и од начинот на обработка на земјата. Во рамнините најмногу се одгледувало жито, а во ридските и каменестите предели се правеле тераси и мали парцели за лозје и маслинка. Работата се вршела по редот на годишните времиња: орање, сеење, жетва, берење грозје и маслинки,

а потоа пресување, ферментација и складирање. Вишоците од жито и масло често се собирале како давачки и се насочувале кон градовите, војската или трговијата. Така се зацврстувала положбата на оние што ги контролирале складиштата и превозот.

Ова ни покажува дека селото, работилницата и градот биле тесно поврзани. За производите да се чуваат и да стигнат далеку, биле потребни садови, печати, складишта, патишта и бродови. Сето тоа ги поттикнувало грнчарството и другите занаети. Се изработувале амфори, големи складишни садови, мерни садови, преси и мелни камења. Големиот број амфори и печати на садови покажува дека производството било организирано и дека трговијата била добро развиена.



▲ Античко сидро од западното Црноморие

Пазарната размена

Пазарот бил уредено место за размена. Таму се носеле производи од околината, но и стока од далечни краишта. На пазарот се договарале цени, се градела доверба меѓу трговците и се следело снабдувањето на градот. Во грчките полиси, агората, односно главниот градски плоштад и пазар, често била средиште на јавниот живот. Таму имало тезги и работилници, но се одржувале и собири и се воделе управни постапки.

Економијата не можела да функционира без правила. Градовите пропишувале мерки и тегови, вршеле надзор над пазарот и казнувале измами. Понекогаш ја следеле и продажбата на важни производи, како жито, сол и метали за да спречат недостиг.

Појавата на **монетите** била голема пресвртница. Таа била стандарден знак на вредност и го олеснувала плаќањето. Во различни области се користеле различни монети, но некои станале пошироко прифатени. Причината била довербата во нивната тежина, во чистотата на металот и во силата на градот што ги ковал. И покрај тоа, размената во натура не исчезнала. Особено во селските средини, луѓето и натаму плаќале со жито, масло, добиток, труд или услуги. Сепак, монетите го олесниле собирањето даноци, исплатата на војници и работници, како и задолжувањето и земањето кредити.



▲ Мозаик со рибар, Тесалоника



▲ Реконструкција на агол од брод со амфори наредени за транспорт



▲ Атинска сребрена тетрадрахма, прочуеният „був"

Пристаништето било клучна врска меѓу копното и морските патишта. Во него се закотвувале бродови, се товарела и растоварала стока, се складирале производи и се плаќале царини и такси. Таму се договарале и нови трговски зделки. Големите пристаништа имале магацини, пазарни простори и управни згради. Се граделе бранобрани и молови за заштита од ветер и бранови. Таквите градби биле показ за богатството и добрата организација. Без безбедно пристаниште немало ниту сигурна морска трговија.

Трговските патишта

Меѓу селата и блиските градови постоела **локална размена**. Се разменувале жито, добиток, дрво, керамика, сол, метални предмети, кожа и волна. Превозот се вршел со кола, товарни животни или мали пловила. Таквата размена имала помал ризик и понизок трошок, а врските често биле лични, преку роднини, соседи или познати посредници. Размената го одржувала секојдневниот живот во градот и обезбедувала храна, огрев, градежен материјал и алатки.

Далечната трговија ги поврзувала Јадранското, Егејското и Црното Море, како и бреговите на источното Средоземје. За неа биле потребни бродови, искусни екипажи, сигурни пристаништа, складишта и добро познавање на цените и побарувачката. Во тие мрежи најчесто се пренесувале производи со висока вредност според тежината, како вино, масло, метали и квалитетна керамика. Кога имало голема потреба, се превезувале и масовни стоки, особено жито.

Добивките од далечната трговија биле големи, но големи биле и ризиците. Имало бури, бродоломи, пиратство и војни. Затоа трговијата често зависела од политичката моќ. Градови со силна флота или со цврсти сојузи полесно ги штителе трговските патишта и ги наметнувале условите на размена.

Колонизацијата

Колонизација претставувала основање нови населби од страна на еден град-матица. Тие најчесто се подигале на крајбрежја со добро пристаниште и со пристап до плодна земја или суровини. Причините биле различни: недостиг од обработлива земја, пораст на населението, политички судири или желба да се контролираат важни трговски точки. **Колонијата** се основала со водач-основач и со религиозни обреди што ја потврдувале врската со **матицата**. Таа врска продолжувала преку култови, празници, дипломатски односи и трговија. Сепак, колонијата се развивала како посебна заедница со свои интереси.

Економскиот ефект бил двоен. Се отворал пристап до нови земји и ресурси, како жито, дрво, метални руди, сол и риба. Во исто време се ширела трговската мрежа и се зголемувал кругот на контакти. Колониите станувале мост меѓу грчките градови, домородното население и трговците од други брегови. Тоа овозможувало размена на технологии, стилови на керамика, градителски решенија и животни навики; но, имало и судири околу земјата, спорови за

Дали знаеш дека...

Атинските сребрени тетрадрахми, познати како „бувови", биле меѓу најпознатите монети во античкиот свет. На едната страна била прикажана божицата Атена, а на другата страна – бувот, нејзиниот препознатлив симбол. Овие монети се користеле не само во Атина, туку и во многу други краишта, бидејќи трговците верувале во нивната тежина и чистотата на среброто.

пристаништата и отпор од локалното население. Колонизацијата понекогаш била процес полн со преговори, приспособувања, а често и со тензии.



▲ Античко пристаниште со пристанишни градби, магацини и трговски простори, илустрација

Урбанизацијата и градскиот живот

Урбанизација значи подем на градовите и развој на градските функции и градби: пазари, работилници, складишта, пристанишни служби и јавни згради. Градот бил место каде што се слевале луѓе, стока и информации. Колку повеќе се ширела трговијата толку повеќе се развивале и занаетите. Занаетчиите и трговците станувале важни групи во градската средина, заедно со морнарите, носачите и писарите. Нивниот труд го овозможувал секојдневното функционирање на градот, а во време на стопански подем тие можеле и да се збогатат.

Истражувај

На карта означи четири простори: Егејско Море, Јадранско Море, Црно Море и источното Средоземје. Потоа избери еден производ – жито, вино, масло или метал – и објасни по кои патишта можел да се движи од местото на производство до некој далечен пазар. Во неколку реченици опиши што било потребно за тој производ да стигне до купувачот: производство, садови, превоз, пристаниште, пазар и безбедност на патот

Трговскиот живот го следиме преку материјалните остатоци: амфори за вино и масло, тегови и мерки, монети, печати на садови, магацини и пристанишни градби. Во некои градови се оформувале посебни квартови со работилници и складишта, а пристаништата станувале продолжение на пазарот. Поголемото производство создавало поголема размена, а таа барала подобро

Прашања за дискусија

Економијата во антиката не зависела само од тоа дали нешто е произведено. Подеднакво важни биле складирањето, садовите, пристаништата, патиштата, мерките, монетите и политичката безбедност. Значи, богатството не се создавало само на нивата, туку и во контролата врз движењето на стоката.

- Што било поважно за богатството на еден град: плодна околина или добро пристаниште? Образложи.
- Дали колонизацијата повеќе им користела на градовите-основачи или создавала повеќе судири со локалното население?



▲ Печка од работилница за керамика, Бјала, Бугарија

уреден град. Посилните градови можеле да финансираат јавни градби, како храмови, тремови, патишта и чешми. Таквите градби имале практична корист, а воедно го покажувале богатството и амбициите на заедницата.



Остатоци од грчката колонија Хистрија близу Констанца, Романија

Економските мрежи во антиката треба да се набљудуваат како целина. Темел било земјоделството. Занаетите биле врската што го претворала вишокот во стока за продавање. Трговските патишта биле артериите по кои се движеле производите и богатството. Колонизацијата ја ширела мрежата, и најпосле, градот бил местото каде што тие процеси се слевале и се управувале. Кога ќе ослабела една алка, на пример поради слаба жетва, војна, пиратство или блокада на теснеци, последиците се чувствувале низ целата мрежа. Тие се гледале во цените, на пазарот, во политиката и во секојдневниот живот.

Провери го научената

1. Кои биле главните земјоделски производи во античко време и зошто некои од нив биле погодни за далечна трговија?
2. Каква улога имале агората и пристаништето во економскиот живот на градот?
3. Како монетата ја олеснила размената, даноците и исплатата на војници и работници?
4. Како колонизацијата и урбанизацијата влијаеле врз ширењето на трговските мрежи?

6. Античките религиски системи на балканскиот полуостров

Основни облици на верувањата

Во античкиот свет преовладувал **политеизмот,** односно верувањето во повеќе богови. Секое божество имало свои области на дејствување: некои се поврзувале со небото, морето или земјоделството, други со плодноста, војната, подземниот свет или заштитата на градот и домот. **Пантеон** се нарекувал збирот од божества што ги почитувала една заедница. Но, тој не бил ист насекаде: истиот бог можел да има различно име, епитет или локален облик во друг град или област. Затоа античката религија немала една единствена догма и еден задолжителен свет текст. Најважно било обредот да се изврши правилно: на вистинско место, во определен ден и според утврден ред.



▲ Плочка на која е прикажан богат политеистички култ

Религијата била длабоко вградена во секојдневниот живот. Таа не се одразувала само врз храмот, туку и врз домот, семејството и работата. Светилиштата, олтарите и храмовите биле видливи средишта на заедницата. Таму се принесувале жртви, се вршеле молитви, се поставувале дарови и се одбележувале воени победи, договори или значајни настани. Освен јавните, постоеле и домашни култови поврзани со огништето, предците, раѓањето, бракот и погребните обреди. Така религијата го поврзувала приватниот живот на семејството со јавниот живот на заедницата.

▼ Остатоци од храмот на Аполон во светилиштето во Делфи



Прашања за дискусија

Во античко време, религијата не била одвоена од јавниот живот. Но, освен јавните култови, луѓето барале и лична заштита, прочистување и надеж преку мистерии и пророчишта.

- Што мислиш дека им било поважно на луѓето: правилното извршување на јавниот обред или личното чувство на заштита и спасение што го нуделе мистериските култови? Образложи.
- Дали римската власт со прифаќањето и приспособувањето на локалните култови покажувала верска толеранција или тоа било средство полесно да владее? Образложи.

Истражувај

Направи споредбена шема за три религиски облици што се спомнуваат во лекцијата: јавен градски култ, мистериски култ и локален автохтон култ. Истражувај на интернет и запиши за секој од нив: каде се извршувал, кој можел да учествува, какви обреди се вршеле и каква улога имал во животот на заедницата? На крај, во неколку реченици објасни по што се разликува религијата како јавна обврска од религијата како лична потрага по заштита и надеж.

Во грчкиот свет, освен локалните традиции постоел и поширок религиски простор. **Панхеленските светилишта**, како Делфи и Олимпија, собирале луѓе од многу различни полиси; иако обредите и празниците не биле исти во сите места, најголемите богови биле почитувани насекаде. Секој град имал свој религиски календар, свои заштитнички божества и свои важни светилишта. Античката религија во исто време била и локална, но и заедничка за поширока територија.

Култови, жртвувања и празници

Култ значи уреден начин на почитување на божество преку молитви, приноси, жртви, процесии, празници и посвети. Светото место можело да биде голем храм во градот, но и олтар на некој рид, во пештера, во шума или на планински премин. Многу култови биле поврзани со природата, па светоста на местото често зависела од преданијата и од неговата старост. Во светилиштата имало правила: кој смее да влезе, кога се врши обредот, што е дозволено да се внесе и кој е одговорен за жртвата. Во грчките градови, свештениците и другите службеници најчесто дејствувале во рамките на градските институции. Таму религијата и политичкиот живот биле тесно поврзани.

Централна точка на јавната религија било **жртвувањето**. Најчести биле животинските жртви, но се принесувале и вино, масло, жито, мед, овошје и колачи. Дел од приносот му се посветувал на богот, а остатокот го делеле учесниците. Жртвувањето било и религиски чин и општествен настан. Преку него се потврдувал редот во заедницата: се знаело кој ја води процесијата, кој ја принесува жртвата и кој учествува на заедничката трпеза. **Празниците** биле врзани со календарот, годишните времиња, жетвата, лозарството, сточарството и важните денови на градот. Во нив често се вклучувале и атлетски натпревари, музика, хорови, драмски претстави и јавни гозби. Така религијата влијаела и врз образованието и уметноста.

Во римскиот свет, основна замисла била одржувањето на мир со боговите, односно правилен однос меѓу заедницата и божествата. Римјаните верувале дека државата ќе биде успешна ако ритуалите се извршуваат точно и ако боговите се почитуваат според утврдените правила. Во споредба со другите, римската религија била поцврсто организирана. На пример, постоеле **свештенички колегиуми** како понтифекси и аугури: понтифексите се грижеле за правилата на јавниот култ и за календарот, а аугурите ги толкувале знаците што се сметале за божествени пораки. Во важни случаи се набљудувале летот на птиците, громовите и други необични појави. Ако некој знак се сметал за неповолен, обредот можел да се повтори. Овој ритуален пристап му овозможил на Рим полесно да прифаќа нови култови, сѐ додека тие не ја нарушувале јавната стабилност и лојалноста кон државата.

Мистериски култови и пророчишта

Освен јавните, во античко време постоеле и **мистериски култови**. Во нив се влегувало преку иницијација, односно посветување, а дел од обредите биле тајни. Учесниците очекувале лична заштита и подобра судбина по смртта. Овие култови не ја заменувале јавната религија на градот, туку ја дополнувале. Човек можел истовремено да учествува во градските празници, во домашните обреди и во некој мистериски култ.

Најпознати биле **Елевсинските мистерии**, поврзани со Деметра и Персефона. Нивната симболика била врзана со земјоделскиот циклус, исчезнувањето на семето во земјата и неговото повторно никнување. Овој природен ритам се толкувал како знак на обновување и надеж. Иако точната содржина на најважните обреди останала тајна, познато е дека мистериите имале сложена организација, процесии, прочистувања и посебен простор за иницијација.



▲ Светилиштето на Големите богови на Самотрака

Важен мистериски центар била и Самотрака, остров во северното Егејско Море, познат по светилиштето на Големите богови. Неговиот култ привлекувал луѓе од различни краишта и имал поширок углед. Во свет со чести патувања, трговија и опасности на море, ваквите светилишта им давале на луѓето чувство на сигурност и заштита. Затоа мистериските култови особено се шириле во времиња на засилена мобилност кога луѓето често се движеле меѓу различни градови и области.

Пророчиштата биле друга важна страна на античката религија. Во нив поединци или заедници барале совет од боговите за брак, патување, колонизација, војна, имот или некоја друга одлука. Делфи, најпознатото пророчиште, имало големо влијание врз политичкиот живот во грчкиот свет. Таму доаѓале владетели, градови и поединци, а светилиштето станало и место на престиж, каде што се оставале богати дарови и се поставувале споменици. Додона во Епир била старо пророчиште на Зевс со локални обележја. Таму се пронајдени многу оловни плочки со прашања што луѓето им ги поставувале на боговите.

Дали знаеш дека...

Во Додона се пронајдени повеќе од 4.000 оловни плочки со прашања што луѓето им ги поставувале на боговите. На овие мали, тенки оловни плочки луѓето запишувале грижи од секојдневниот живот: брак, разделба, раѓање на деца, здравје, патување, работа, избор на занимање, воена служба и земјоделски прашања. Меѓу нив имало и многу прашања поврзани со жетвата, плодноста на земјата и обезбедувањето храна. Различните ракописи и дијалекти на плочките покажуваат дека во пророчиштето доаѓале луѓе од разни краишта.



▲ Оловните плочки од Додона со прашања и молби до пророчиштето



▲ Вотивен релјеф со приказ на Тракискиот херој

Автохтони култови, синкретизам и римска интеграција

Во другите балкански области се почитувале и **автохтони,** односно **локални божества.** Тие често биле врзани со планини, реки или извори, со плодноста на земјата и заштитата на заедницата. Важна улога имале и херојските предци или локалните заштитници. Таквите култови биле тесно поврзани со територијата и со историското сеќавање на нејзините жители.

Со ширењето на хеленистичките држави, а подоцна и на Рим, овие култови не исчезнале. Напротив, многу од нив се приспособиле на новите услови. Почнал да се јавува **синкретизам,** односно спојување и приближување на различни религиски традиции. Локалното божество можело да се именува со грчко или римско име, а старата смисла да продолжи да живее во истото светилиште и во истата заедница. Религиската или политичката промена не подразбирала целосен прекин со претходните традиции.

Добар пример за такво приспособување е „Тракискиот херој", често прикажан како коњаник на релјефи и споменици. Неговиот култ бил широко распространет во балканските провинции на Римската Империја. Во исто време, римската власт го ширела и **империјалниот култ,** односно организираното почитување на императорот и неговото семејство како симбол на државата и лојалноста кон неа. Во провинциските градови овој култ се поврзувал со градските совети, локалните елити и јавните церемонии.

Во балканските градови се создал разновиден религиски пејзаж. Во него истовремено постоеле традиционални култови, локални божества, римски државни обреди и култови што се ширеле преку војската, трговијата и движењето на населението. Градови како Стоби покажуваат дека религиската разновидност била трајна појава на провинциските живот. Старите традиции продолжиле да живеат, а новите облици на почитување се вклучиле во поширокиот поредок на Римската империја.



▲ Дел од Августеумот, храм посветен на култот на императорот Октавијан Август, во античкиот град Нарона близу денешен Метковиќ, Хрватска

Провери го научената

1. Што значи политеизам и што е пантеон?
2. Каква улога имале култовите, жртвувањата и празниците во античките заедници?
3. По што се разликувале мистериските култови од јавната религија на градот?
4. Што значат поимите „синкретизам" и „империјален култ" во римско време?

7. Материјалната култура на Балканот во преткласично време

Преткласичното време го опфаќа долгиот праисториски и раноисториски период кој ѝ претходи на класичната епоха. За тоа време има малку пишани извори, или пак воопшто ги нема, па затоа најмногу дознаваме од **материјалната култура**. Во неа спаѓаат населбите, куќите, садовите, алатките, оружјето, накитот и гробовите. Такви остатоци се пронајдени насекаде низ Балканот, а највпечатливи се наодите од Лепенски Вир и Винча во Србија, Бутмир во Босна, Караново и Варна во Бугарија, Тумба Маџари и Требениште кај нас, како и од повеќе локалитети во Албанија и во Грција. Преку нив, археолозите ги следат секојдневниот живот, производството, размената и општествените разлики.

▼ Камени скулптури од Лепенски Вир, Србија



Населби и секојдневен живот

Населбите се еден од главните извори за животот во преткласично време. Во нив археолозите откриваат куќи, огништа, печки, јами, садови, мелници за жито и разни алатки. Таквите наоди покажуваат како луѓето живееле, што јаделе и како работеле.

Кај **Лепенски Вир**, на брегот на реката Дунав, се откриени куќи со карактеристичен облик и камени скулптури. Тоа сведочи за добро организирана населба, но и за важноста на локалните обреди. Кај Винча, во близина на Белград, е откриена голема населба со многу керамика, фигурини и траги од занаетчиска работа. Овие наоди покажуваат дека таму постоел развиен и траен живот.



„Прародителка", карактеристична скулптура од Лепенски вир

Во Скопската Котлина, Тумба Маџари е добар пример за тел, односно населба што со векови се издигнувала и се преизградувала на исто место. Кога новите куќи се граделе врз постарите, постепено се создавале повеќе слоеви. Поради, тоа археолозите можат да ги следат промените во текот на долго време. Во Тумба Маџари се пронајдени и модели на куќи кои помагаат подобро да се разбере изгледот на домот и внатрешниот распоред. И во Карановo, локалитет во Бугарија, долгата низа од слоеви на населеност овозможува да се следи развојот на населбите во текот на повеќе векови.



Реконструкција на неолитска куќа на локалитетот Тумба Маџари

Балканскиот Полуостров бил простор со долг и мошне разновиден развој. Населбите не останувале исти; тие се менувале со текот на времето, а заедно со нив се менувал и начинот на живот.

Производство, керамика и метал

Керамиката е еден од најчестите археолошки наоди. Таа се користела секој ден и затоа се зачувала во голем број. Преку керамичките садови дознаваме како луѓето готвеле, чувале храна и ги служеле јадењата. Воедно се гледа и колку биле вешти грнчарите, какви форми сакале и како ги украсувале садовите.

Бутмирската култура, кај денешно Сараево, е позната по внимателно обликуваните и украсени садови. Во Винча, пак, се среќава фина керамика како и голем број фигурини. Во јужниот дел на Балканот, на локалитети како Сескло и Димини во Тесалија, исто така се откриени населби со развиена керамика и јасно уреден простор. Во различни делови на полуостровот постоеле развиени заедници со различни особености. Меѓу нив имало сличности, но секоја област имала и сопствени обележја.



Ваза од Бутмирската култура, Илиџа, Босна и Херцеговина

Големо значење имала и **обработката на металите**. Во најрано време се користел бакарот, потоа бронзата, а подоцна железото. Балканот е мошне важен за проучувањето на раната металургија, односно на ископувањето и обработката на металите. Во некои области се откриени мошне рани траги од ископување и обработка на руда. Најстарите жители на полуостровот добро ги познавале природните богатства и знаеле како да ги искористат.

Особено е позната е Варненската некропола, на брегот на Црното Море, каде што е најдено изобилство од златни предмети. Тие сведочат за мошне висока занаетчиска умешност, но и за големо богатство. Воедно, наодите покажуваат дека **општественото раслојување** веќе можело лесно да се забележи. Еден помал дел од населението имал многу повеќе престиж и богатство од другите, што се гледа и од гробните прилози во гробниците.



▲ Златни наоди од Варненската некропола, Варна, Бугарија

Гробови, накит и општествени разлики

Гробовите се важен извор за разбирање на старите заедници. Преку нив се согледува како луѓето се однесувале кон мртвите и како го покажувале угледот на поединците и семејствата. Во различни области на Балканот се среќаваат **рамни некрополи и могили**, односно земјени или камени насипи над гробовите. За подигање могила биле потребни многу труд и организација, па затоа тие најчесто се поврзуваат со повисоките слоеви.

Во могилите во Гласинац, Босна и Херцеговина, се откриени бројни оружја, фибули и други метални предмети, кои сведочат за развиена култура на железното време и јасни разлики во угледот на починатите. **Оружјето** во таквите гробови служи и како показ за положбата на покојникот во заедницата.

Во Требеништа близу Охрид се откриени богати погреби со **златни маски** и други вредни предмети. Таму е пронајден и модел на рака со прстен, изработен од златен лим. Наодите од Требеништа сведочат за високиот престиж на локалните благородници и за силни врски со поширокиот Егејски свет.

Накитот исто така ни дава важни податоци. Фибулите, прстените, нараквиците, ѓерданите и дијадемите служеле за украсување, но и тие, како гробни прилози, го покажувале богатството и угледот. Во

Дали знаеш дека...

Во Варненската некропола досега се откриени 294 гроба и повеќе од 3000 златни предмети со вкупна тежина поголема од 6 килограми? Меѓу нив има четириесетина различни видови златни предмети кои сведочат за високо развиената обработка на метал. Овие наоди се впечатливи археолошки докази за раното богатство и за појавата на општествено раслојување; тие јасно ги покажуваат големите разлики во богатството и во општествениот статус кои постоеле во тогашните заедници.



▲ Златна погребна маска од Требеништа, Охридско

богатите гробови, такви предмети има повеќе и тие се изработени од вредни материјали, како бронза, сребро и злато. Во поскромните гробови ги има сосем малку или воопшто ги нема.

Размена и врски на Балканот

Балканските заедници биле поврзани меѓу себе, но и со други, подалечни области. Уште рано постоеле патишта по кои се движеле луѓе, суровини и готови производи. Дунавската долина, на северната граница на Балканот, била важна врска меѓу истокот и средна Европа, а долините на реките Вардар и Морава ја поврзувале внатрешноста на полуостровот со егејскиот свет. Поради тоа, на многу локалитети се наоѓаат предмети што не потекнуваат од локалната средина, туку пристигнале со **трговија.**

Таков наод, на пример, се морските школки спондилус, кои се користеле за изработка на украси, а се пронајдени далеку од морето. Слично, килибарот се увезувал од далечните северни области на брегот на Балтичкото море. Во богатите гробови и населби се јавуваат и многу увезени садови и предмети од егејскиот свет, кои сведочат за мошне развиените трговски и културни врски со југот.

Материјалната култура на Балканот во претклasично време се одликува со мошне долг и разновиден развој. Од Лепенски Вир и Винча, преку Бутмир, Караново и Варна, до Гласинац, Тумба Маџари и Требеништа, се гледа дека на Балканот постоеле трајни населби, развиени занаети, обработка на метали, како и богата занаетчиска и уметничка продукција. Со помош на алатките, занаетчиските производи, а особено накитот и другите гробни прилози, денес знаеме многу повеќе за најстарото минато на Балканот.

Сепак, археолошките наоди мора да се толкуваат внимателно. Еден предмет не е доволен доказ за да се изведе сигурен заклучок. Ист тип на керамика, накит или оружје можел да се рашири преку трговија, со подарок, со имитација или со преселување на сопственикот. Затоа, археолозите секогаш ги проучуваат предметите заедно со местото каде што се пронајдени и со другите наоди околу нив. Само на тој начин материјалните остатоци можат правилно да се разберат.

Прашања за дискусија

Во лекцијата кажуваме дека еден предмет не е доволен доказ за сигурен заклучок. Ист вид керамика, накит или оружје можел да стигне на некое место преку трговија, подарок, имитација или преселување. Значи, археологот не смее пребрзо да извлекува големи заклучоци од еден наод.

- Дали богат гроб секогаш значи дека покојникот бил владетел или најважна личност во заедницата?
- Кога ќе се најдат слични предмети на два далечни локалитети, дали тоа е сигурен доказ за преселување на луѓе, или може да се објасни и поинаку?

Истражувај

Избери два локалитети од лекцијата: еден што најмногу кажува за секојдневниот живот во населбата и еден што најмногу кажува за богатството и општествените разлики. На пример, можеш да ги спореди Тумба Маџари и Варна или Винча и Требеништа. Истражувај на интернет и запиши во табела со две колони: какви предмети се најдени, што кажуваат тие за животот на луѓето и што не можеме сигурно да знаеме само од тие предмети.

Провери го научената

1. Што опфаќа материјалната култура и зошто таа е толку важна за претклasичното време?
2. Што можат археолозите да дознаат од населбите и од предметите што се наоѓаат во нив?
3. Како гробовите и гробните прилози ни ги покажуваат општествените разлики?
4. Зошто археолошките наоди мора да се толкуваат внимателно?

8. Културата на Балканот во класичното и хеленистичкото време

Класичниот и хеленистичкиот период биле време на големи културни промени на Балканот. Во класично време најважно место во јавниот живот имал полисот. Полисот бил град-држава, односно заедница со свои установи, закони и јавен простор. Во него се одржувале собири, празници, натпревари и верски свеченості. Токму во таква средина се развивале театарот, образованието, уметноста и архитектурата. Во хеленистичко време тие културни облици се проширили на многу поширок простор.



▲ Античкиот театар во Филипи, кадар од гледалиштето и сценскиот простор

Хеленистичкиот период започнал по смртта на Александар III Македонски во 323 година пр.н.е. и траел до 30 година пр.н.е., кога Римјаните го освоиле последното големо Хеленистичко Кралство. Во тоа време, грчкиот јазик и елементите на грчката култура се раширile на поголема територија. На почетокот тие биле знак на престиж и образование, а подоцна станале важни средства за комуникација меѓу различни народи. Тој процес се нарекува **хеленизација** – ширење на грчкиот јазик, начинот на живот, уметноста и образованието. Но, тоа не значело дека сите балкански области станале исти. Новите влијанија се мешале со постарите локални традиции. Затоа културата на Балканот во ова време треба да се разбере како спој од заеднички хеленистички облици и локални особености.

Театарот, гимназионите и образованието

Театарот бил еден од највидливите делови на јавниот живот. Во него се изведувале трагедии и комедии, а претставите биле поврзани со празници и верски свеченості. Театарот имал и воспитна

Истражувај

Избери два примера од лекцијата: еден јавен објект или градска установа, како театарот во Дион, Филипи или Бутринт, и еден локален владетелски или погребен пример, како Севтополис, Казанлак или Требеништа. Истражувај на интернет и запиши во табела со две колони: кои обележја кај тие места се дел од поширокиот класичен или хеленистички свет, а кои се локални особености. На крај, со неколку реченици одговори на прашањето: дали хеленизацијата значела поистоветување, приспособување или нешто трето?

улога. Таму луѓето слушале приказни за боговите, за законите, за војната и за човечкото однесување. Еден од најпознатите примери е театарот во Епидаур, познат по својата складна градба и извонредна акустика. Театри биле градени и надвор од старото јадро на класичниот свет. Во Дион, Македонија, хеленистичкиот театар бил дел од голем верски комплекс. Во Филипи постоел театар што сведочи за жив градски и културен живот. Античкиот театар во Бутринт, на територијата на денешна Албанија, покажува дека и јадранскиот дел на Балканот бил вклучен во истите културни текови.

Прашања за дискусија

Културните влијанија не се шириле насекаде на ист начин. Во некои средини се прифаќале театри, гимназиони, грчки јазик и јавни натписи, но локалните традиции не исчезнувале веднаш. Затоа, треба да внимаваме и што се раширило, но и како било приспособено.

- Дали ширењето на грчкиот јазик и на хеленистичките облици значело слабеење на локалните култури или им овозможило поширока комуникација и нов престиж?
- Зошто локалните благородници и владетели толку подготвено ги прифаќале театрите, уметноста, јазикот и образованието? Дали тоа било прашање на вкус, моќ или политика?

Изворите зборуваат

„Филип не бил задоволен од образованието што Александар можел да го добие од обичните учители по музика и по општо образование. Сметал дека воспитувањето на таков млад човек е тешка и многу одговорна задача. Затоа го повикал познатиот филозоф Аристотел да стане учител на Александар. За оваа служба Филип му дал голема награда.

Аристотел потекнувал од градот Стагира што Филип претходно го разурнал. Подоцна повторно го обновил градот и им дозволил да се вратат неговите жители, и оние што избегале и оние што биле одведени во ропство.

Како место за престој и учење, Филип им го одредил Светилиштето на нимфите кај Миеза. Таму Аристотел го поучувал младиот Александар. Според преданието, на тоа место долго време се покажувале камени клупи и шеталишта поврзани со Аристотел." (Според Плутарх, „Александар" 7.)



▲ Светилиштето на нимфите кај Миеза, каде што Аристотел го подучувал младиот Александар

Важна улога имало и **образованието**. Во многу градови работеле учители по говорништво, музика и книжевност. Посебно значење имал **гимназионот** – јавна установа во која младите вежбале и учеле. Таму се стекнувале телесни вештини, но и знаења за јазикот, музиката и однесувањето во јавноста. Гимназионот бил важен дел од воспитувањето на младите граѓани. Во културниот живот важно

место имала и **филозофијата**. Во класично време филозофите често расправале за државата, законите и праведноста; во хеленистичко време повеќе внимание посветувале на животот на поединецот, на душевниот мир и на односот кон несигурноста. Во Атина работеле две прочуени филозофски школи: **Академијата** на Платон и **Ликејот** на Аристотел. Аристотел имал врски со македонскиот двор и подоцна станал учител на младиот Александар III.

Уметноста и архитектурата

Во класично време уметноста се стремела кон мерка, складност и јасни пропорции. Ова јасно се гледа во **скулптурата**. Едно од најпознатите дела е „Дорифорос" од Поликлет, статуа на млад копјеносец која долго време служела како пример за идеално човечко тело. Мирниот став, урамнотеженото движење и правилните пропорции добро го покажуваат класичниот идеал за убавина. Во хеленистичко време, уметноста почнала да се менува. Фигурите станувале подинамични, движењата посилно нагласени, а лицата поизразени. Уметниците се интересирале за емоциите, за напнатоста и силниот впечаток. Добар пример за оваа промена се делата на Лисип од Сикион, личниот вајар на Александар III. Слични обележја се гледаат и на **рељефите** од големиот олтар во Пергам, во Мала Азија.



▲ Римска копија на прочуеннот Дорифорос („Копјеносец") на Поликлет



▲ Рељеф од Големиот олтар во Пергам

Важен дел од уметничкиот живот било и **сликарството**. Иако делата на античките сликари главно не се зачувани, античките писатели спомнуваат прочуени мајстори и ги опишуваат нивните дела. Апелес од Кос, дворскиот сликар на Александар III, се сметал за еден од најголемите сликари на своето време. Уметноста била тесно поврзана со јавниот живот и со претставувањето на власта. Големо значење имала и **архитектурата**. Храмовите, театрите, плоштадите, тремовите и палатите го обликувале изгледот на хеленистичките градови. Тие градови често имале монументални градби и широки улици. Големи културни центри станале Александрија во Египет и Пергам во Мала Азија. Таму се наоѓале и две од најпознатите библиотеки во хеленистичкиот свет.



▲ Прочуената хеленистичка скулптура „Ника од Самотрака"

Локалните културни средини

На Балканот овие културни влијанија не се ширеле на ист начин во сите области. Во внатрешноста на Полуостровот, локалното население прифаќало новите уметнички и градски облици, но често ги приспособувало на своите потреби. Во Тракија се развиле силни владетелски центри. Севтополис, градот на владетелот Севтес III, е добар пример за уреден градски простор и за поврзување на локалните обичаи со пошироките хеленистички облици на живот. Мешањето на влијанија се гледа и во тракискиот погребен свет. Фреските од кралската гробница во Казанлак имаат висок уметнички квалитет и одговараат на вкусот на времето, но во нив јасно се забележуваат и домашни традиции.



▲ Фреска од тракиската гробница во Казанлак, Бугарија

Слични процеси се среќаваат и на западниот Балкан и на јадранскиот простор. Во Даорсон, на територијата на денешна Босна и Херцеговина, се откриени силни бедеми и траги од развиен градски живот. Тие сведочат за врски со хеленистичкиот свет. Во Аполонија, во денешна Албанија, јавните градби и образованието покажуваат развиена културна средина. Особено познат е булевтерионот, градба во која заседавал градскиот совет. И подалеку во внатрешноста се забележуваат слични врски. Богатите гробови од Требеништа, Охридско, со златни маски, накит и оружје, имаат локални обележја, а воедно сведочат и за силни надворешни влијанија. Особено благородниците и владетелите подготвено ги прифаќале овие нови културни облици и ги приспособувале на локалната средина. Некои од нив, како македонскиот кралот Архелај, станувале покровители на уметностите. Во палатата на Архелај живееле и работеле многу ценети сликари, вајари и писатели, а најпознат од нив бил атинскиот драмски писател Еврипид.

Дали знаеш дека...

Прочуениот атински трагедиограф Еврипид ја напуштил Атина во 408 година пр.н.е. по покана од македонскиот крал Архелај и умрел во Македонија во 406 година пр.н.е. Во последните години од животот, тој престојувал на македонскиот двор, каде што Архелај собирал познати поети, уметници и интелектуалци. Таму напишал и две драми, „Архелај" и „Бакхи". Во времето на Архелај, на дворецот се развивала жива културна дејност: негови гости биле трагедиографот Агатон од Атина, поетот Хојрил од Самос, музичарот Тимотеј од Милет и многу други културни дејци.

Книжевноста, јазикот и културните врски

Ова ни покажува дека **културните врски** се шириле и преку јазикот, книжевноста и натписите. Во хеленистичко време на голем дел од Балканскиот Полуостров се користел грчкиот јазик во трговијата, во управата и на јавните натписи. Тој им овозможувал на луѓето од различни средини полесно да комуницираат. Тоа било особено важно за трговците, управниците, војниците и образованите луѓе. Локалните јазици, сепак, не исчезнале одеднаш. Тие продолжиле да се зборуваат, но не се користеле во писмен облик, па за нив имаме малку пишани сведоштва. Од јазикот на античките Македонци се зачувани околу 150 збора, од тракискиот само дваесетина, а од илирскиот уште помалку. Не е зачувана ниту една реченица од непрекинат текст. Натписите на јавните градби, прогласите, законите, дури и епитафите на надгробните споменици се напишани или на грчки или на латински јазик.

Голема улога во ширењето на културата имале и **библиотеките**. Во нив се собирале, се чувале и се проучувале делата на античката книжевност. Со текот на времето, тие станале и важни научни средишта. Најпознатите библиотеки не се наоѓале на Балканот, но нивното влијание се чувствувало и тука. Учени луѓе, учители и книжевни кругови се движеле меѓу различни градови, а со тоа полесно се пренесувале идеи, знаења и културни модели.

Културата на Балканот во класично и хеленистичко време не може да се сведе на едно влијание и на еден образец. На овој простор се сплотувале класичниот грчки свет и локалните културни традиции. Од таа средба настанале нови облици на градски живот, уметност, образование и јавна култура. Балканскиот Полуостров бил простор на мешање, прифаќање и приспособување на различни културни влијанија.



▲ Внатрешност на античка библиотека, уметнички приказ

Провери го научената

1. Што се променило во културата на Балканот во класично и во хеленистичко време?
2. Каква улога имале театарот и гимназионот во јавниот живот?
3. По што се разликува класичната од хеленистичката уметност?
4. Како на Балканот се мешале хеленистичките влијанија и локалните традиции?

9. Римското влијание на балканските простори

Римското освојување на Балканот, кое започнало во II век пр.н.е., не значело само промена на власта. Со римската управа се ширеле нови облици на градско уредување, поинаква администрација, нови правни правила и поширока употреба на латинскиот јазик во јавниот живот. Тие промени не се чувствувале еднакво насекаде, но во градовите и покрај главните патишта биле особено видливи. Римската власт се одржувала со војската, но и преку уредувањето на градовите, изградбата на инфраструктурата и вклучувањето на локалното население во нови институции.

▼ Форумот, улиците и урбаната мрежа во Скупи



Римскиот урбанизам и форумот како средиште на градот

Една од највидливите последици на римското присуство била преобразбата на градовите. Римскиот **урбанизам** се темелел врз јасното планирање на просторот. Во многу градови улиците биле распоредени во правилна мрежа. Главните улици најчесто се нарекувале „кардо", во правец север–југ, и „декуманус", во правец исток–запад. Нивниот пресек го одредувал просторот на главниот јавен плоштад, форумот.

Форумот бил средиште на римскиот град. Тој бил отворен простор за собирање луѓе и место каде што се одвивале најважните јавни работи. Таму се објавувале одлуки, се вршеле судски постапки, се договарале трговски зделки и се изведувале свечени или култни обреди. Околу форумот се наоѓале клучните јавни градби, па токму тој најдобро ја покажувал врската меѓу власта, стопанството и јавниот живот.

Скупи е добар пример за град со силни римски обележја. Како римска колонија, тој бил уредуван според римски урбанистички правила и имал важна улога во ширењето на римскиот начин на живот. Стоби, пак, се развил во важен град благодарение на својата положба на утоката на Црна Река во Вардар, но и на поврзаноста со големите патни правци. Во доцната антика тој бил значаен управен и црковен центар, што се гледа и од богатството на неговите јавни објекти.



▲ Подна конструкција на римските бањи во Стоби

Патишта, милјокази и водоснабдување

Римската власт се зацврстувала и преку изградба на инфраструктура. **Патиштата** имале пресудно значење за Империјата. Тие овозможувале брзо движење на војската, полесно управување со провинциите, пренос на пораки и превоз на стоки. Затоа римските патишта биле дел од државната организација.

Најпознатиот пат на јужниот Балкан бил **Виа Егнатија**. Тој бил изграден во II век пр.н.е. и го поврзувал Јадранското Море со Тесалоника и источните области на империјата. Преку него балканските градови полесно се вклучувале во трговските и политичките врски на Средоземјето. Со таа патна мрежа биле поврзани Лихнид и Хераклеја Линкестис, чија важност се должела и на локалните услови, но и на нивната вклученост во поширокиот римски систем.

Доказ за организацијата и одржувањето на патиштата се милјокази-те. Тоа биле камени столбови поставени покрај патот, на кои се запишувало растојанието, а често и името на императорот во чие време патот бил изграден или обновен. Така патот претставувал и практична врска, и знак на државниот авторитет.

За развојот на градовите важно било и водоснабдувањето. Римјаните граделе канали, цевки, резервоари и **аквадукти** за да донесат вода до градовите. Благодарение на тоа можеле да функционираат бањи, фонтани, работилници и други јавни објекти. Таму каде што водоснабдувањето било добро организирано, градскиот живот бил поразвиен и поуреден.

Истражувај

Спореди ги Скупи и Стоби како градови со римски обележја. Истражувај на интернет и запиши ги во табела следниве податоци: положба, поврзаност со патишта, главни јавни градби, водоснабдување и што покажува нивниот урбан развој за римското влијание на Балканот. На крај, во неколку реченици одговори на прашањето: дали римското влијание најјасно се гледало во воените гарнизони или, пак, во преуредувањето на градскиот простор и јавниот живот?

Дали знаеш дека...

Амфитеатарот во Драч е најголемиот римски амфитеатар на Балканскиот Полуостров. Бил изграден на почетокот од II век н.е. во античкиот Дирахиј, важен град на Јадранскиот брег, кој бил врска кон внатрешноста на Балканот и патот Виа Егнатија. Градбата имала елипсовиден облик, била висока околу 20 метри, нејзините димензии изнесувале приближно 132 на 113 метри, а собирала меѓу 15.000 и 20.000 гледачи. Во амфитеатарот се одржувале гладијаторски борби и други јавни приредби сè до IV век, кога бил тешко оштетен од силен земјотрес. Во доцната антика и во византиско време во неговите простории биле изградени капели со фрески и мозаици.



▲ Латински надгробен натпис од Скупи

Јавни градби и архитектонски влијанија

Римското архитектонско влијание се гледа во многу **јавни градби**, кои ги задоволувале практичните потреби, но и ги претставувале редот, моќта и богатството на градот. Во римските провинции, ваквите градби имале особено силна улога, бидејќи преку нив римската власт станувала видлива.

Базиликата била голема покриена сала во која се вршеле судски и деловни работи. Таа била важен простор за секојдневното функционирање на градот. **Бањите** биле место за хигиена, разговор, одмор и дружење; тие биле еден од најживите делови на градскиот живот. **Театрите** служеле за претстави, а **амфитеатрите** за масовни спектакли како гладијаторски борби и борби со ѕверови.

На Балканскиот Полуостров, амфитеатарот во Драч е особено впечатлив пример за ширењето на римските облици на јавна забава. Во Стоби се откриени театар, бањи, базилики и други градби што сведочат за богат јавен живот. Во Скупи, археолошките наоди исто така сведочат за развиен град со јавни објекти и уредени квартови. Римската архитектура на Балканот претставувала дел од поширокатa политика на интеграција.

Римското право и управувањето со провинциите

Освен кај градбите и патиштата, римското влијание силно се чувствувало и во **правото** и управата. Освоените територии биле организирани во провинции со кои управувале претставници на централната власт. Но, Рим не се потпирал само врз провинциските управители. Во многу градови имало локални совети и **магистрати** што се грижеле за редот, финансиите, јавните градби и локалното судство.

Таквиот систем бил важен затоа што им овозможувал на локалните елити да учествуваат во управувањето. Тие собирале средства, финансирале градби, организирале јавни дејности и посредувале меѓу населението и државата. Така римската власт станувала поцврста, а градовите полесно се вклопувале во империјата.



▶ Остатоци од големата римска базилика во Бутротон, денешен Бутринт, Албанија

Во **римското право** многу важен бил правниот статус на човекот. Од него зависело дали некој има право на сопственост, на наследување, на склучување договори и на судска заштита. Во провинциите сите жители немале исти права; имало римски граѓани, слободни жители без полно граѓанство и робови. Голема промена настанала во 212 година н.е., кога императорот Каракала им дал римско граѓанство на сите слободни жители на Империјата. Со тоа римските правни правила се проширили уште повеќе и станале поважен дел од секојдневниот живот.

Латинскиот јазик и натписите како историски сведоштва

Латинскиот јазик бил јазикот на римската држава, на војската и на голем дел од службената и правната комуникација. На Балканот, тој не ги потиснал целосно другите јазици, особено не грчкиот, кој и натаму имал силна улога во многу области од источниот дел на државата. Сепак, латинскиот станал важен онаму каде што пред доаѓањето на Римјаните немало цврста државна организација, особено кај племињата во внатрешноста на Балканскиот Полуостров.

Најјасни траги од латинскиот јазик се гледаат во **натписите**. Тие се среќаваат на милјокази, надгробни плочи, посвети, споменици на службеници, градежни натписи и почесни плочи. Преку нив дознаваме како луѓето се претставувале во јавноста: со име, потекло, служба, функција или граѓански статус. Натписите покажуваат дека локалните заедници постепено ги прифаќале римските облици на јавен живот. Науката што се занимава со проучување на натписите се нарекува **епиграфија**.

Особено важни се натписите на ветерани, службеници и градски добротвори. Тие покажуваат дека римското влијание не се сведувало само на присуство на војска или на наметната власт, туку се вградувало и во јазикот, во јавните почести и во начинот на кој луѓето сакале да бидат запаметени.

Ширењето на римското влијание на Балканот било долготраен процес, кој ги менувал институциите и животните навики. Градовите добиле нов, поинаков облик, патиштата ја поврзале внатрешноста со поширокото Средоземје, правото ја уредувало секојдневната практика, а латинскиот јазик оставил трајни траги во администрацијата и на натписите.

Провери го научената

1. Што бил форумот и каква улога имал во римскиот град?
2. Зошто патиштата, милјоказите и водоснабдувањето биле толку важни за римската власт?
3. Како римското право и правниот статус влијаеле врз животот на жителите во провинциите?
4. Какви податоци ни даваат латинските натписи за луѓето и за јавниот живот на Балканот?



▲ Биста на императорот Каракала

Прашања за дискусија

Рековме дека римското влијание не се ширело само со војската, туку и преку форумот, патиштата, правото, натписите и урбаното уредување. Но тоа не значи дека сите луѓе на Балканот го чувствувале тоа влијание на ист начин. Највидливо било во градовите и покрај главните патишта, а многу послабо во оддалечените внатрешни области.

- Дали форумот, бањите, патиштата и латинските натписи значат дека еден град станал целосно „римски“, или покажуваат само присуство на римската власт?
- Што повеќе го менувало животот на луѓето: римските градби и патишта или правото и добивањето римско граѓанство? Образложи.



ИСТОРИЈА ТЕМА 2

БАЛКАНОТ ВО СРЕДНИОТ ВЕК

- 1. Византиската власт и нејзиниот променлив опсег на Балканот
- 2. Средновековни балкански држави (Бугарија, Србија, Хрватска, Дукља). Средновековна Арберија
- 3. Крстоносните походи, инвазии, османлиско навлегување и отпор против османлиската власт
- 4. Рурална организација, селски заедници и феудални односи
- 5. Општествена стратификација на средновековните балкански дворови и кај клирот
- 6. Религиски живот: православие, католицизам, богомилство. Почетоци на исламизација
- 7. Византиски уметнички модели и локални адаптации
- 8. Манастири, скрипториуми и писменост
- 9. Народни епски традиции, обликување на фолклорот и средновековна книжевна продукција



Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- ✓ да го објасни променливиот опсег на византиската власт на Балканот и улогата на политиката, војните и дипломатијата.
- ✓ да ги опише клучните процеси на создавање и развој на средновековните балкански држави и нивните односи со соседите.
- ✓ да ги анализира причините и последиците од крстоносните походи, инвазиите и османлиското навлегување на Балканот.
- ✓ да ги опише феудалните односи и руралната организација и да ја поврзе социјалната структура со економијата и обврските на населението.
- ✓ да ги спореди религиските и црковните рамки (православие, католицизам, богомилство) и да ги објасни почетоците на исламизацијата како историски процес.
- ✓ да ги препознае и опише особеностите на средновековната култура (манастири, писменост, уметност, книжевност и усна традиција) и нивната улога во формирањето на историското сеќавање.

1. Византиската власт и нејзиниот променлив опсег на Балканот

Потсети се

Римскиот император Константин I (306-337) во 330 година изградил нова престолнина на местото на дотогашното гратче *Византион* (денес Истанбул). Во негова чест престолнината е наречена **Константинопол**. По поделбата на Римската Империја во 395 година, градот станал центар на Источната Римска Империја, а Рим бил центар на Западната Римска Империја до нејзиното паѓање (476 год.). Оваа држава подоцна во литературата е наречена **Византија**.

Луѓето кои живееле во Источната Римска Империја се нарекувале себеси *Ромеи* (грцизирана форма за Римјани), а државата ја нарекувале Ромејско Царство. Нивните владетели од VII век ја носеле титулата **василевс**.

Византија во текот на VI век доживеала силен подем. Императорот **Јустинијан I** (527-565) во својата намера да ја обнови државата во границите како во времето на некогашната Римска Империја, презел повеќе походи. Во неколку наврати воено ги поразувал Остроготите, чија држава се простирала во западните делови од **Балканот** и делови од Италија, и ја ликвидирал нивната држава (555 год.). Воено настапил и во Северна Африка (против Вандалите во 534 год.), а зазел и територии во јужниот дел на Пиринејскиот Полуостров (од Визиготите во 554 год.). Исходот од овие походи резултирал со значително проширување на државата. Византија се протегала на три континенти: делови од Европа, Северна Африка и предна Азија. Византија го вратила сјајот на некогашната Римска Империја, но не за долго. Ваквите воени походи барале огромни издатоци и воено присуство. Набргу, следните императори се соочиле со недостиг од финансиски средства, војска и административни ресурси, па станало мошне тешко да се бранат проширените граници.

Византиската **граница** на Балканот одела по реката Дунав, која ја одвојувала империјата од тогашните „варварски народи" на север. Но, Балканот не бил во Јустинијановиот примарен интерес. Со оглед дека главнината од византиската војска била ангажирана за походи на запад, во балканските византиски владенија не останало доволно војска. Затоа балканската граница ја бранел со широк обем на изведени фортификациски градби и со дипломатија. Низ Балканот биле изградени и обновени голем број тврдини, особено по должината на главните патни траси, кои требало да ја штитат државата од навлегувањата на „варварските народи". Сепак, се покажало дека тоа не е доволно за да се спречат претстојните воени навлегувања и населувања на заддунавските народи. Меѓу нив најбројни биле разните словенски племиња кои го искористиле отсуството на силна византиска воена одбрана и започнале да се населуваат на Балканскиот Полуостров.

Истражувај

Состави куса анализа за историчарот Прокопиј Кесариски и неговите дела „За војните", „За градбите" и „Тајна историја", со посебен осврт на тоа што се опишува во секое од нив, на кој период и на кои настани се однесуваат изнесените податоци.

Јустинијан и императорите кои владееле во Византија по него преземале многубројни дипломатски активности, наизменично насочени кон **Словените**, но и кон другите народи. Со преговори, подароци, дарување титули, плаќање годишна сума пари, а подоцна и давање земја за населување, склучување на договори и брачни врски, успевале да ги придобијат на своја страна. Неретко византиската дипломатија била успешна и во инструирањето на соседите да војуваат едни против други. На тој начин, наместо Византија да води војна со нив, тие меѓусебно се конфронтирале и значително ослабнувале. Византија имала и индиректна полза бидејќи на својата граница добивала раскарани и воено ослабени соседи кои честопати барале помош и поддршка од Византија за своите следни активности.

Византиската дипломатија низ вековите се покажала како моќно успешно средство за неутрализирање на византиските противници и непријатели, но и за нивно претворање во сојузници и приматели на византиската култура.

Трансформација на државата и влијание на Балканот

Во првата половина на VII век, Византија се соочувала со предизвик за нејзиното опстојување. На истокот се соочила со повеќегодишна исцрпувачка војна со Персија и Арабјаните, а на Балканот имала загубено големи територии поради масовното населување на словенските племиња. Со Аварска опасност се соочила дури и самата престолнина Константинопол (626 год.). Вештиот владетел Ираклиј I успеал да ја зачува државата успешно војувајќи со надворешните непријатели, но и спроведувајќи многу внатрешни реформи. Го вовел грчкиот јазик како службен, заменувајќи го латинскиот. Ја напуштил римската титула император (лат. Augustus) и започнал да ја употребува титулата василевс (грч. збор со значење владетел).

Била извршена внатрешна **реорганизација** на државата и поставени основите за воведување на нов воено-административен управен систем наречен **тематски систем**. На територијте каде што Византија успевала да воспостави своја власт формирала нови крупни воено-административни управни единици наречени **теми**. Тие се формирале во пограничните зони и служеле да ја стабилизираат византиската власт во тие региони. Првата тема била воспоставена во Мала Азија, во заднината на Константинопол (тема Опсикиј, средина на VII век), а потоа следувало и воспоставување на теми и тематска организација и на територијата на Балканот. Први теми на Балканскиот Полуостров биле темата Тракија и темата Хелада (формирани на крајот на VII век). Формирањето на нови теми во наредните две столетија, чии центри се наоѓале во поголемите византиски градови, довело до повторно воспоставување на силна византиската власт и во други делови од Балканот. Биле воспоставени темите Македонија (на територијата на источна Тракија со центар во Адријанопол), Солун, Драч, Далмација (со центар во Сплит), а потоа и други помали теми. Со воспоставувањето на теми

Помалку познати термини

Византиска дипломатија е термин што е создаден од модерните истражувачи на византиската историја (XIX-XX век) со цел да се опише уникатниот дипломатски стил на Византија. Византиската дипломатија е специфичен систем од различни мерки и активности кои ги преземале византиските власти во водењето на надворешната политика и воставување на меѓународни односи. Целта била да ги заштитат своите интереси и да воспостават позитивни односи со соседните народи и држави при што најчесто се залагале да го наметнат своето политичко, религиозно и културно влијание врз нив.



▲ Византиски теми на Балканот

дошло до стабилизирање и зацврстување на државата. Тематскиот систем воедно послужил за повторно ширење на византиската власт во делови од внатрешноста на Балканскиот Полуостров кои дотогаш биле под власт на Словените.

Управниците на темите наречени **стратези** биле поставувани од царот. Тие ја имале воената власт во областа, а стоеле на чело и на локалната цивилна администрација во темата. За вршење на службата стратезите добивале висок приход од државата. Ним им помагале локални државни чиновници кои бил дел од локалната византиска администрација. За својата служба и тие добивале приход од државата. Стратегот и претставниците на локалната администрација ја претставувале локалната византиска елита. Војската во темите ја сочинувале слободни селани-војници наречени *стратиоти*. Во мирно време селаните стратиоти работеле земјоделие на имотите кои ги добиле од државата (стратиотски имоти), но во време на војна биле повикувани да служат како војници под команда на стратегот на темата. За ваквата нивна воена служба тие добивале одредени даночни олеснувања.

Даночниот систем во Византија бил силно развиен и централизиран. Целиот земјоделски имот бил регистриран и запишан во посебни даночни книги. На тој начин централните власти во престолнината имале увид во големината и бонитетот на имотите на сите нивни поданици во целата држава. Според тоа се одредувала висината на данокот. Даноците се наметнувале по области и била наметната колективна одговорност. Така доколку некој данокоплаќач не можел да плати, неговиот данок солидарно бил распоредуван да го платат неговите соседи. Имало посебни даночни чиновници кои биле задолжени да го собираат државниот данок. Постоеле разни видови на данок, а за основни се сметале земјишниот данок и данокот на огниште (го плаќало секое домаќинство). Хронолошки најпрво предничел данокот во натура и обврската за бесплатна работа во полза на државата (градење патишта, мостови, бродови, одржување на ѕидините на градовите и тврдините). Населението било обременето и со разни давачки, како што се царини, мостарини, бродарини, судски и трговски такси. Постоеле и многу вонредни даноци кои централните власти ги наметнувале по потреба и нивната висина не била строго утврдена. Почнувајќи од XI век сè повеќе започнал да се применува данокот во пари кој постепено ги заменувал натуралниот и работниот данок. Со помош на ревносното собирање на сите овие даноци, државата успеала внатрешно да зајакне и да се подготви за нови воени походи и територијални проширувања.

Нов подем Византија забележала во време на **Македонската династија** (IX-XI век) кога ги проширила своите граници во азискиот дел, а успеала и повторно да завладее со најголем дел од Балканскиот Полуостров. Тоа било првпат од доселувањето на Словените на Балканот во VI-VII век, Византија да стане главен фактор на моќ на Балканот. Со тоа Византија значително го зголемила својот углед кај соседите. Воедно и репутацијата на владетелите кои столувале во престолнината Константинопол

Истражувај

Состави куса анализа на изворните податоци од делото „За народите" на византискиот цар Константин VII Порфирогенит (X век), познат како царот-писател, со посебен осврт на народите и земјите на кои се однесува списот, на кого му бил наменет, како и на политичките и дипломатските цели поради кои бил напишан. Посочи го значењето на делото како историски извор за односите на Византија со соседните народи

значително пораснала. Византиските василевси стоеле на чело на војската, администрацијата, судството и биле главни заштитници на црквата и христијанството. Тие започнале да се здобиваат со речиси неограничена моќ во државата. Биле перципирани како врховни владетелски авторитети на само во Византија туку и од соседите и нивните владетели.

Даночниот систем во Византија во XI век почнал да слабее. Намалениот процент на собрани даноци имал за последица девалвација на византиските пари. Ваквото намалување на вредноста на парите водело кон широк бран на поскапувања и зголемување на висината на даноците како во градовите така и во селата. Тоа негативно се одразило на селското производство, занаетчиството, трговијата и резултирало со намалување на економската моќ на државата. Воедно предизвикало видливо намалување и на нејзината воена способност.

Како резултат на намалената воена способност, Византија се соочувала со чести воени порази на бојното поле (поразот кај Манцикерт во Мала Азија и кај Бари во Италија, во 1071 година). Била принудена да прави значајни територијални отстапки што резултирало со големи поместувања на границите на своја штета. Централните власти при дипломатијата што ја применувале сѐ почесто биле доведувани во позиција на склучување неповолни мировни договори.

Во втората половина на XI век кога државата се соочувала со големи надворешни опасности се случила нова трансформација во општеството. Византиските императори од **Комненската династија** (крај на XI - крај на XII век) започнале да им даваат имоти на благородниците, но не на подарок како дотогаш, туку на условно користење со обврска за воена служба. Таа појава, наречена пронија, ги претворила пронијарите во видни феудалци чија земја ја обработувале зависни селани (парици). Тие станале нова локална елита. Со проширување на пронијата растел и бројот на пронијарите. Се појавиле крупни феудалци пронијари кои сега под своја власт имале поситни феудалци пронијари, кои како нивни вазали имале обврска за воена служба кон крупниот феудалец. Се воспоставила феудална **хиерархија** и систем на **вазалство** сличен на западноевропскиот. Тоа овозможило првично да се стабилизира државата и да се обнови моќта на Византија. Но, истовремено врските помеѓу централната власт и локалните феудални елити во провинциите значително ослабеле.

Византија како второстепена сила на Балканот

По Четвртиот крстоносен поход и освојувањето на Константинопол во **1204 година**, Византија престанала да постои. Нејзиното обновување се случило дури во **1261 година** кога Михаил VIII Палеолог повторно го освоил Константинопол и ја обновил Византија. Тој ја востановил **династијата Палеолози** која ќе владее со Византија до крајот на нејзиното постоење.

Истражувај

Состави куса анализа на изворните податоци од современиот византиски извор Георги Пахимер за дипломатските преговори за мир поткрепен со брачниот сојуз склучен во 1299 година помеѓу византискиот василевс Андроник II и српскиот крал Милутин, преку женидба на Милутин со принцезата Симонида со посебен осврт на византиската „брачна“ дипломатија. (појдовна литература: Ј. Белчовски, Македонија во ранките на меѓународните односи на Балканот во втората половина на XIII и првата половина на XIV век. Споменици за средновековната и понова-та историја на Македонија, Том II, Скопје 1977, посебно страниците 65-72)



▲ Монета на Василиј I основач на Македонската династија

Но, Византија под Палеолозите никогаш не успеала да го врати сјајот, моќта и престижот кој го имала некогашната силна империја. Нејзината директна власт се протегала само врз делови од северозападна Мала Азија, делови од Тракија, Македонија, тврдини на Пелопонес и острови во Егејското Море. Верен сојузник ѝ биле Џеновјаните со нивната воено-трговска флота. Со цел засилување на своите воено-одбранбени капацитети, византиските власти најмувале платени војници кои доаѓале од западот. Но, овие наемници биле лојални сѐ додека имале финансиска корист, а во спротивно самите вршеле грабежи низ државата.

На внатрешен план се бележи засилување на системот на давање царски привилегии на крупните феудалци. Некои од нив станале толку богати што можеле да финансираат под своја команда да имаат повеќе од илјада војници. Тоа водело кон нивна голема самостојност и бунтување кон централната власт. Во XIV век, во Византија избувнале неколку бунтови кои прераснале во големи внатрешни судири, што значително го ослабело одбранбениот капацитет на државата.

Византија уште од нејзиното обновување била опкружени со моќни непријатели кои постепено им одземале делови од византиската територија со што византиската граница постојано се стеснувала. Ниту итрата **византиска дипломатија** не успевала да ги превенира непријателските продори. Кон крајот на XIII век од север навлегле Србите, кои во текот на првата половина на XIV век ја зазеле речиси цела Македонија, која дотогаш се наоѓала под византиска власт. Во XIV век од север се заканувале и Бугарите. На запад силен византиски противник било Неаполското Кралство. Од средината на XIV век и во првата половина на XV век од истокот незапирливо продирале Османлиите кои постепено одземале византиски територии. Во еден период и самата Византија морала да влезе во вазални односи со Османлиите (по 1373 година). Османлиите се заканувале и на самиот Константинопол.

Во средината на XV век, границите на Византија го опфаќале само Константинопол и неговата околина на запад, а Палеолозите контролирале и делови од Пелопонез. Престолнината од сите страни била опкружена со османлиски поседи. Падот на Константинопол бил неминовен при повеќенеделната османлиска опсада во **1453 година**. Со тоа престанала да постои Византија, но нејзиното богато културно-цивилизациско наследство ја надживеало империјата.

Анализирај ги историските карти и спореди ја промената на границите на Византија во нејзиниот најголем наспрот најмал територијален опфат.



▲ Византија во време на Јустинијан I



▲ Византија во време на Константин XI

Провери го научената

1. Објасни зошто воведувањето на тематскиот систем овозможил зацврстување на Византија.
2. Како дејствувала византиската дипломатија?
3. Дали даночниот систем во Византија бил воведен да биде во функција на силна држава или за осиромашување на населението?
4. Кога и зошто Византија станала второстепена сила на Балканот?

2. Средновековни балкански држави (Бугарија, Србија, Хрватска, Дукља). Средновековна Арберија

Првобитната татковина на **Словените** се наоѓала на пространа територија во Источноевропската Рамнина, од брегoвите на Балтичкото Море на север до Карпатите на југозапад. Но во текот на Големата преселба на народите, многу словенски племиња започнале масовно да се преселуваат (V-VII век). Еден дел од нив се упатил на југозапад. Навлегле и ги населиле рамничарските области на Панонската Низина до Долен Дунав и ја формирале групата јужнословенски племиња. Големата река Дунав претставувала нивна природна граница со Византија. Потиснати од Аварите во средината на VI век, дел од овие словенски племиња започнале да го минуваат Дунав и постепено да се населуваат во внатрешноста на Балканот сè до Јадранот и крајните јужни региони на полуостровот.



▲ Историска карта: Срби, Хрвати, Дукљани, Седум словенски племиња, Северјани, Тиночани

БУГАРИЈА

Бугарите припаѓаат на турско-монголска група народи. Во Европа првобитно живееле по средниот тек на реката Волга и нејзината притока Кама. Во втората половина на VII век, дел од Бугарите предводени од канот **Аспарух** се упатиле на југозапад, го преминале Долен Дунав и навлегле на византиска територија. Византија во **681 година** го прифатила постоењето на Бугарија на просторот од Долен Дунав до Стара Планина. Нејзиното седиште било во Плиска. На овие територии Бугарите ги потчиниле тамошните староседелци и веќе дојдените словенски племиња.

Во текот на IX век Бугарија доживеала големо проширување и значајни промени. Ханот **Крум**, основач на Крумовата династија, видно ја проширил државата северно од Дунав (во Трансилванија и Панонија) и таа станала сосед на Франките. Успешно војувал и ги поразил Византијците, чиј василевс загинал на бојното поле. Вовел строги закони со кои го зацврстил авторитетот на централната власт. Значајни промени во државата се случиле и во времето на канот **Борис**. Во средината на IX век тој зазел делови од Тракија, денешна Србија, Македонија и Албанија. Ги потчинил тамошните словенски племиња, но им ја оставил внатрешната самоуправа. По поразот од Византија (864 год.), канот Борис склучил мировен договор со кој воедно се обврзал да го воведе христијанството во државата. Кон своето име Борис тој го додал и името **Михаил** (според името на византискиот василевс), а **титулата** кан ја заменил со титулата кнез. Жестоко се пресметал и ги ликвидирал побунетите бољари (феудалци) кои биле против христијанизацијата. Наместо бугарските бољари, во државната управа ги вклучил кнезовите на потчинетите словенски племиња. Тие биле назначувани за управници во одредени области во пространата бугарска држава.



▲ Бугарија во време на Борис и Симеон

Најмладиот негов син **Симеон** станал нов бугарски владетел. Тој го преместил седиштето на државата во новата **престолнина Преслав**. Пружил широка поддршка на Кирилометодиевите ученици Климент и Наум за изведување словенска богослужба сред Словените во крајните југозападни области на државата. Кнезот Симеон војувал со Византија и освоил територии до непосредната близина на Солун (904 год.), а десетина години потоа дошол под ѕидините на Константинопол. Неговата намера да го освои градот и таму да се прогласи за цар не успеала, но Византија во 913 година му ја признала титулата цар на Бугарија. Ова Прво Бугарско Царство постоело до 971 година кога потпаднало под Византија.

Бугарите во 1185 година ја отфрлиле византиската власт и на територијата меѓу Дунав и Стара Планина го формирале **Второто Бугарско Царство**. Престолнината била во градот Трново. Царевите Калојан и Иван II Асен успешно војувале со соседите и ја направиле Бугарија најсилна држава на Балканот. Во нејзиниот територијален зенит (1230 година) државата ги вклучувала најзначајните градови во Тракија, како и најголем дел од Македонија, Албанија, Епир, Тесалија и денешна Источна Србија. Во наредниот период Бугарија се соочувала со надворешни притисоци од Монголите, а во XIV век и од Србите. Во средината на XIV век царот Иван Александар ја поделил државата на своите синови со што биле формирани Видинското и Трновското Царство. Во крајот на столетието обете потпаднале под османлиска власт.

СРБИЈА

Србите припаѓаат на групата јужни **Словени**. Во првата половина на VII век, со византиско одобрение се населиле на територите меѓу реките Ибар, Лим и Западна Морава. Таму формирале кнежество со центар во тврдината **Рас**, според која го добила името Рашка. Кнежеството било раководено од племенски старешина наречен жупан. Жупанот Властимир (средина на IX век) ги обединил околните племиња и го зајакнал кнежеството. Потоа се насочил кон запад и освоил големи делови од денешна Босна и Херцеговина, со што станал најмоќниот и најзначајниот жупан во целиот регион.

Во X век бугарскиот цар Симеон презел поход кон Рашкото кнежество и го присоединил кон Бугарија (924 год.). Десетина години подоцна жупанот Часлав со византиска помош го возобновил кнежеството и ја признал византиската врховна власт. Потоа презел воени походи против соседните жупани и ги проширил границите на кнежеството до Јадранското Море.



▲ Монета на Иван II Асен

Српскиот велики жупан **Стефан Немања**, основач на **династијата** Немањиќ, во 1183 година ја отфрлил византиската власт и формирал независна држава. Набргу ја освоил **Зета** со приморските градови. Во сојуз со Унгарците преземал походи до Ниш и Софија. Неговиот син, великиот жупан Стефан, ја зацврстил државата и во **1217 година** се прогласил за крал (бил наречен Првовенчаниот) со што Србија станала **кралство**. **Стефан Првовенчаниот** кралската круна ја добил од папата.

Со отпочнувањето на рударството, во средина на XIII век, Србија значително економски зајакнала. Тоа го искористил кралот Милутин кој ја вооружил војската и презел повеќе успешни походи за проширување на државата. На север освојувал до Дунав, а кон крајот на XIII век од Византија ги освоил северните делови на Македонија до Прилеп и Струмица. Со склучениот мировен договор со Византија, тој станал легитимен владетел на новоосвоените територии. Насекаде обновувал и градел цркви и манастири.

Најголемо територијално проширување Србија доживеала во времето на кралот **Стефан Душан**. Тој преземал бројни воени походи со кои освојувал во Босна и Јадранското Приморје, а успеал да се одбранил од нападите на Унгарците од север. Со Бугарија бил во добри односи и ја сметал за свој пријател и сојузник. Негова идеја била да создаде Српско-грчко Царство, па ги искористил внатрешните судири во Византија за да ги заземе нејзините територии во речиси цела Македонија (без Солун), Албанија, Епир и Тесалија. Во **1346 година** бил **крунисан** за цар во Скопје, во една од неговите престолнини. Со тоа Србија станала **царство**. Во Скопје го издал и познатиот Душанов законик (1349 год.). Со него се уредувале статусот и привилегиите на црквата, феудалците и **феудалната хиерархија**, обврските на слободните селани и положбата на зависните селани. Последниот владетел од династија Немањиќ, царот Урош V, не бил способен да ја задржи целовитоста на државата, која, уште додека бил на власт, започнала да се распаѓа. По 1371 година Србија влегла во династичка криза и внатрешни борби за превласт и легитимитет меѓу српските благородници.

По налетот и поразот од Османлиите во 1389 година, српските благородници станале османлиски **вазали**. Во првата половина на XV век српската држава имала ранг на деспотство на чело со деспот. Новоизграденият град Смедерево бил последна **престолнина** на државата пред таа да биде целосно освоена од Османлиите (**1459 год.**).

Изворите зборуваат!

- Царот Иван Александар во една царска златопечатна повелба од 1347 год. се потпишал: „Во Христа Бога благоверен цар и самодржец на сите Бугари и Грци".

ХРВАТСКА

Хрватите се народ со словенско потекло од јужнословенската група. Во првата половина на VII век со византиско одобрение првично се населиле во Далмација и соседните области, како и во делови од денешна Босна и Херцеговина. Тука формирале свое кнежество, наречено Далматинско, кое било вазално кон Византија. Во текот на VIII век дел од нив постепено се населиле и во внатрешноста, во областа околу реката Сава и долна Панонија. Таму формирале друго кнежество со центар во Сисак, кое потоа е наречено Посавско Кнежество. Кон крајот на VIII век тие потпаднале под франкска зависност. Но, и покрај зависноста најпрвин од Византија, а потоа од Франките, овие кнежества успеале ја да зачуваат внатрешна автономија и да создадат сопствени политички структури. Тоа подоцна ќе доведе до формирање на единствена држава со сопствена владетелска династија.



▲ Тврдината Рас



▲ Србија во времето на цар Душан

Во IX век овие две кнежества дошле во меѓусебна конфронтација. Посавското Кнежество, предводено од кнезот Људевит, ја отфрлило франкската власт и започнало самостоен развој. Далматинското кнежевство, предводено од кнезот Борна, останало лојално на Франките кои го принудиле да завојуваат заедно против Људевит Посавски. По поразот на Људевит од Франките, неговото кнежевство влегло во составот на франкската држава, а хрватската државност се концентрирала во Далматинското кнежевство кое постепено ќе прерасне во кралство.

Кнезот **Трпимир**, кој владеел во средината на X век со центар во Книн, бил основач на династијата Трпимировиќ. Оваа династија ќе владее со Хрватска во наредните векови со повремени прекини од династијата Домагојевиќи. Во неговата повелба (Трпимировата даровница, 852 година) тој за прв пат е именуван како кнез на Хрватите (dux Chroatorum) со што името Хрвати добило политички статус. Кнезот Трпимир, иако бил вазал на Франките, успеал да ја зацврсти внатрешната автономија на кнежеството. Бил во добри односи со папството и вешто балансирал со Византија, која ги имала под своја власт далматинските градови. Во X век Хрватска станала кралство. Кнезот **Томислав** Трпимировиќ бил признаен од папата за крал во 925 година, со што станал првиот хрватски крал (rex Chroatorum). Ја зајакнал и проширил својата власт на пространа територија од Јадранот, преку делови од Босна до долна Панонија. Во негово време Хрватска станала една од воено најмоќните држави на Балканот со престолнина во Книн. Успешно војувал против Бугарите и ги поразил војските на царот Симеон (926 година).

Во втората половина на XI век хрватските кралеви Петар Крешимир IV и Димитар Звонимир го зацврстиле угледот на Хрватска кај папата, западноевропските владетели и Византија. Но, потоа Хрватска влегла во династичка криза и внатрешни борби меѓу хрватските благородници кои во **1102 година** склучиле персонална унија со унгарскиот крал Коломан (**Pacta Conventa** - договорна спогодба). Со тоа престанала да постои средновековна Хрватска.

Изворите зборуваат!

- Еден параграф од Душановиот законик гласи: „Сите судии да судат според законот, правилно, како што пишува во Законикот, а да не судат плашејќи се од мене".
- Царот Душан во повеќе царски златопечатни повелби се потпишувал: „Во Христа Бога благоверен Стефан цар на Србите и Грците", а истата формулација ја користел и неговиот син Урош V.

ДУКЉА

Античкиот град Доклеа/Диоклеиа (близу денешна Подгорица) и тамошното племе го дале името на областа која се простирала од Скадарското Езеро до Бока Которска. Новодоселените јужнословенски племенски заедници во оваа област во 30-тите години на VII век го добиле името според градот и областа која ја населиле. Со тоа античка Доклеа во средниот век се наметнала како етноним за тамошните **Словени**. Тие биле наречени Дукљани, а нивната држава Дукља. Од втората половина на XI век за Дукља започнало да се употребува и името Зета (по името на истоименатa река) кое во текот на XII век целосно надвладеало.



▲ Статуа на крал Томислав (Загреб)

Дукља доживеала подем кон крајот на X и почетокот на XI век, кога во неа владеел кнезот **Јован Владимир**. Тој во изворите е опишан како мудар, праведен и побожен владетел. Неговата

престолнина се наоѓала околу Скадарското Езеро. Бил во добри односи со Византија и византиските управници во Драч, но пред силниот налет на Самуиловите војски бил принуден да се повлече на планината Облик, кај Скадар. Бил заробен и однесен во Самуиловиот дворец. Набргу станал Самуилов зет (за ќерка му Косара), по што бил поставен за управител во Дукља. Но не останал лојален на Самуиловите наследници, па новиот цар Јован Владислав го повикал во Преспа, каде што го погубил (1016 г.).

Во втората половина на XI век државата станала кралство. Нејзиниот владеел кнезот Михаил ја отфрлил вазалноста од Византија и започнал да владее како независен. Во 1077 година бил прогласен за крал и државата ја издигнал во кралство. Добил папско признание (папско писмо упатено до „Михаил, кралот на Словените") со што се приклонил кон западот. Ја продолжил политиката на својот татко Воислав и се наметнал врз градовите на јадранскиот брег на просторот од реката Бојана до реката Неретва (во Босна). Во внатрешноста ја потчинил Рашка и околните жупи (Травунија и Захумје). Одржувал добри односи со Византија и добил висока византиска титула. Бил наследен од синот Константин Бодин, кој за време на своето владеење (до почетокот на XII век) станал еден од најзначајните владетели на Балканот. Со негово залагање кај папата (на молба на „Бодин, преславниот крал на Словените"), Барската бискупија била издигната во ранг на надбискупија (1089 г.).


СРЕДНОВЕКОВНА АРБЕРИЈА/АЛБАНИЈА

Територијата на Албанија во антиката била населена со илирски племиња и била составен дел на Илирија. Во текот на VI–VII век навлегле словенски племиња од Подунавјето и започнале да се населуваат во земјата. Погусто ги населиле северните делови на денешна Албанија, а во останатиот дел и покрај приморјето се населиле помали словенски групи поради поголемото присуство на византиска војска, администрација и населеници. Дел од романизираното староседелско илирско население се повлекол во утврдените приморски градови, а другиот дел во планинските предели на денешна Албанија и северен Епир. Се смета дека денешните **Албанци** потекнуваат од староседелците кои успеале да ги зачуваат својата посебност, јазик и култура.

Во наредниот период Византија започнала постепено да ја воспоставува својата власт во поголемиот дел на денешна Албанија и во првата половина на IX век била формирана византиската **тема Драч**. Потоа се менувала бугарска власт (од средината на IX век) и власта на царот Самуил (од крајот на X век), а по крајот на неговата држава, Албанија повторно влегла во составот на Византија. Во средината на XI век Албанците под денешното име за првпат се споменати во византиски извори (1043 г.).

Изворите зборуваат!

Во следниов изворен текст одреди што е факт, што е интерпретација, а што идеологија. „Со каков договор и на кој начин се предадоа Хрватите на кралот на Унгарија Коломан, по Божја милост син на Владислав, кралот на Унгарија, кој стоеше на престолот на местото на својот татко и бидејќи беше многу силен, реши да ја покори цела Хрватска до Далматинското Море под своја власт. Тој дојде со својата војска до реката Драва. А Хрватите, слушајќи за доаѓањето на кралот, собраа своја војска и се подготвија за битка. Но кралот, кога слушна за нивното собирање, испрати свои пратеници, сакајќи благонаклоно да ги третира и да склучи договор со нив, како што тие сакаа да уредат", извадок од Pacta Conventa" (на македонски најчесто се преведува како „Договорна спогодба" или „Договорна конвенција"). Тоа е латински назив за документот од 1102 година, кој традиционално се смета дека ја регулирал унијата меѓу Кралството Хрватска и Кралството Унгарија. Во него се наведува дека Хрватите го прифатиле унгарскиот крал Коломан за свој владетел, но под услов да ги задржат своите права и слободи. Хрватската и унгарската историографија имаат различни толкувања за „Pacta Conventa" – хрватската традиција го гледа како доказ за доброволна унија и зачувување на права, додека унгарската историографија често го смета за подоцнежен документ со сомнителна автентичност, создаден во XIV век за да оправда политички односи.



▲ Pacta Conventa | - договорна спогодба

КНЕЖЕСТВО АРБАНОН/АРБЕРИЈА

Во втората половина на XII век, албанските феудалци значително зајакнале. Во **1166 година** за првпат се споменува титулата Првиот кај Албанците/Првиот од Арберија (prior Arbanenisois). Кон крајот на XII во Албанија се формирало кнежеството Арбанон/Арберија, чиј основач бил Прогон. Неговата власт се простирала на територииите од реката Шкумба до реката Дрим, со седиште во градот Кроја. Во времето на неговиот втор син Димитриј, во првите децении на XIII век, **кнежеството** го достигнало територијалниот врв и се простирало од Скадар и Драч на северозапад, до Дебар на исток, и до котлината на Девол на југ. Димитриј носел титула кнез на Албанија/Арберија (princeps Arbanorum) и судија (judex).

Новоформираната Епирска држава со центар во Арта, која се формирала по падот на Византија во 1204 година, ги вклучувала јужните албански земји со градовите Берат, Канина, Бутринт и Валона. На нејзиниот основач Михаил I Ангел Комнен, во почетокот на XIII век Венеција му ги отстапила територииите јужно од р. Шкумбини (1210 год.), а тој потоа ги освоил и областите околу Драч и Скадар. Неговиот наследник Теодор Ангел Комнен вклучувал албански одреди за остварување на своите цели во Драч. Но по поразот од Бугарите (1230 г.) Албанија паднала под бугарска власт. Набргу новиот епирски владетел Михаил II Ангел успеал да вклучи големи делови од Албанија, на кои им ја одзел внатрешната самоуправа. Затоа кнезот на Арберија/Албанија, Голем (Гулам), се приклонил кон нивните противници Никејците. По обновата на Византија (1261 год.), поголем дел од Албанија влегол во нејзин состав.



▲ Кнежевство Арбанон 1210 година

КРАЛСТВОТО АЛБАНИЈА/АРБЕРИЈА И АЛБАНСКИТЕ ФЕУДАЛНИ ФАМИЛИИ

Во **1272 година** Сицилијанскиот крал Карло I Анжујски постигнал договор со албанските првенци за формирање вазално Кралство Албанија/Арберија (Regnum Albanien). Според договорот, Карло Анжујски им ги признал имотите и привилегии кои дотогаш ги уживале и внатрешната самоуправа, а албанските првенци ја признале неговата врховна власт. Во 1304 година Анжујците, на чело со Филип од Тарент, го зазеле Драч, ги потврдиле привилегиите на Драчаните и на 13 поименично наведени **албански племиња**. Тој ја зел титулата „деспот на Романија, господин на Кралството Албанија и на градот Драч".

Во XIII век Албанија била зона на испреплетени политички и религиозни интереси меѓу католичкиот Запад и православниот Исток. Северот и крајбрежјето биле католички ориентирани, додека југот и внатрешноста останале под православна јурисдикција. Оваа поделба ја одредила и политичката динамика при која папата, Анжујците и Венеција влијаеле во приморските градови и на северот, додека Епирската држава, а подоцна

и Византија, и Охридската епископија во внатрешноста и на југот на земјата.

Во наредниот период започнале да се издигнуваат албанските феудални фамилии. Од средината на XIV век значително зајакнале фамилиите **Балши**, **Топии**, **Музаки** и **Спати**, а започнал и подемот на Дукаѓините, Аријанитите и **Кастриотите**, кои ќе доминираат во XV век. Сите крупни феудални фамилии во Алб анија имале своја војска, знаме и грб. Набргу некои фамилии формирале свои феудални кнежества.

Активност

Направи Компаративна табела за балканските држави и нивниот развој во средниот век. Вклучи ги поимите: престолнина, титула, династија, најзначајни владетели и територијален обем.

Изворите зборуваат!

- Во современите Анали на франкските кралеви се засведочени имињата и титулите на Борна и Људевит: првиот е наведен како „Борна дукс на Далмација и Либурнија (област северно од Задар) (Borna dux Dalmatiae atque Liburniae)“, а вториот како „Људевит дукс на Панонија (Liudewitus dux Pannoniarum)“.

Провери го научената

1. Кога и на кој начин Бугарија станала царство?
2. Кои титули ги носеле владетелите на средновековната српска држава?
3. Која е најпознатата хрватска династија и кој ја востановил?
4. Каде се простирала средновековна Дукља и до кога се користело тоа име?
5. Објасни зошто Албанија била зона на испреплетени политички и религиозни интереси меѓу Западот и Истокот!
6. Кои биле најпознатите албански феудални фамилии и кнежевства?

Крупни феудални фамилии во Албанија

Балшите биле господари на Скадарско Кнежество. Најзначаен владетел бил Балша II, кој кај народот е запаметен како крал. Во 1385 година за кратко го одзел Драч од Карло Топија и започнал да се титулира „дука Дрички“.

Топиите биле господари на Дрички Кнежество. Најмоќен бил Карло Топија кој ги потчинил соседните феудалци, а кратко време го држел и Охрид (1380). Венецијанците го нарекувале „кнез на Албанија“ (princeps Albanie).

Музаките имале наследни имоти околу Берат, а нивната феудална област ги опфаќала градовите Музеќе, Корча, Девол. Деспот Андреј Музаки го зазел и Костур (1372 год.).

Спатите биле најмоќното феудално семејство во Јужна Албанија. Нивната територија ја проширила далеку на југ. Петар Лоши се проширил во Јужен Епир со центар во Арта, а Ѓин Буа Спата владеел со територии од Коринт и Средна Грција на југ до Ѓирокастро на север (1374 г.).

3. Крстоносните походи, инвазии, османлиско навлегување и отпор против османлиската власт

Крстоносните походи се верски војни иницирани од Католичката црква на крајот на XI век. Централно место во нивната идеологија е борбата на христијаните против муслиманските освојувачи на Ерусалим и „**Светата Земја**". Учесниците во походите кои сошивале крст на облеката како симбол на борба против „неверниците", поради што биле наречени крстоносци, биле водени од религиозни, политички, економски и лични мотиви.

Крстоносната идеологија обезбедила духовна оправданост на походите. Сред крстоносците доминантна била идејата дека војната за ослободување на Светата земја е нивна света должност. Паѓањето на Ерусалим под власта на муслимански владетели ги поттикнале воените и политички амбиции на европските владетели и благородници. Тие тежнееле на Блискиот Исток да воспостават своја власт и да формираат свои крстоносни држави. Во прилог им оделе барањата на Византија да добие од Западот **наемничка војска** за одбрана од нападите од многубројните непријатели.



▲ Книгата на Ана Комнена

Кај западноевропските феудалци и рицари преовладувала агресивноста. Нив ги водела желбата за престиж и авантура, но и алчност за **освојување** нови земји и пљачка. Овие лични мотиви ги поттикнувале да се приклучат на походите, заедно со надежта за духовна награда. По расцепот на црквата, Католичката црква барала начини како да воспостави превласт во христијанскиот свет. Походите ги гледала како еден од ефикасните начини да го оствари тоа. Во пропагандни цели биле искористени гласините за омаловажување на христијанските ации во Ерусалим, со што се разгореле верските чувства кај христијаните од сите социјални слоеви во Западна Европа. Економската ситуација во Западна Европа се влошувала. Во втората половина на XI век Европа се соочувала со глад и епидемии. Зависните селани биле незадоволни од потчинетиот третман и постојаното зголемување на даноците. Трговците и занаетчиите од градовите барале нови пазари за нивните производи. Посебно заинтересирани биле Венеција, Ѓенова и Марсеј, кои се надевале на воспоставување свои прекуморски трговски пунктови. Походите ветувале нови економски можности, земја и богатства. Овие економски мотиви силно ги мобилизирале селаните и трговците активно да се вклучат во походите. Во вакви услови на големо незадоволство во Западна Европа за учество во походите се јавиле владетели, феудалци и рицари, но и голем број зависни и слободни селани. Така, крстоносните походи станале масовно воено-колонизаторско движење што ја променило историјата на Западна Европа, Балканот и Блискиот Исток.

Дали знаеш дека...

Византиската принцеза-писателка Ана Комнена (XI-XII век) крстоносците ги именувала со анахрони термини Франки, Латини, Келти, па и отворено со навредливи именувања Варвари.

Крстоносците во очите на Византијците

Балканскиот Полуостров бил директно засегнат од првите крстоносни походи при кои крстоносните војски минале низ него, а при **Четвртиот крстоносен поход** оставиле и сериозни последици. Крстоносците при нивното минување низ Балканот главно ги користеле познатите патни траси **Виа Милитарис** (Белград-Ниш-Софија-Пловдив-Адријанопол-Константинопол) и **Виа Игнатиа** (Драч-Солун-Адријанопол). Со византиските власти имале однапред договорено стратешки места/градови во кои крстоносците ќе се снабдуваат со храна и тековни потреби. Но, тие често пати не го почитувале договореното, па влегувале во ризици да ги пљачкаат околните места со што го навлекувале гневот од локалното население и интервенции од византиските војски. Такви случаи имало особено во текот на **Првиот крстоносен поход** (1096-1099) каде што најбројни биле зависните селани, а дури потоа во поход тргнале рицарите и феудалци без ниту еден европски владетел. **Третиот крстоносен поход** (1189-1192) го предводеле најпознатите европски владетели на тоа време, а германскиот император Фридрих I Барбароса со своите војски минал низ Балканот по **Виа Милитарис**. Неговите средби со неодамна востанатите Срби и Бугари биле протолкувани од Византија како непријателски чин, по што ги повлекла пунктовите за снабдување. Тоа предизвикало неминовност од крстоносни пљачкања на прехранбени производи во околните места и судири со локалното население и со византиските војски.

Во Четвртиот поход крстоносната идеологија се трансформирала во инструмент за политичка и економска доминација на западноевропските феудалци. Наместо кон Египет, крстоносците го опсадиле и зазеле Константинопол (**1204**). На местото на урнатата Византија, тие формирале четири крстоносни владенија наречени **латински држави**. Со највисок ранг била Латинската Империја со центар во Константинопол. Во Солун било седиштето на другата крстоносна држава, подоцна издигната во кралство. Останатите две држави биле формирани во Атика (Атинско-Тебанското херцогство) и на Пелопонес (Ахајско-Морејското Кнежество). Оваа нова ситуација го внела Балканот во длабока криза. Регионот влегол во полувековен период на нестабилност и постојани воени конфликти помеѓу новите **латински држави** и балканските држави. Дури по обновувањето на Византија на Балканот се воспоставиле попредвидливи односи.

Османлиска инвазија на Балканот

Осман, родоначалникот на Османлиската династија (1281 – 1922), бил на чело на воено-административна област - **бејлук** во рамките на Селџучкиот Султанат. Бејлукот се наоѓал во северозападна Мала Азија во **пограничните области** со Византија. Во крајот на XIII век (1299 год.) Осман се осамостоил и повикал на света војна против „неверниците". На своја страна придобил некои од соседните бејлуци за борба против христијанска Византија. Осман го добил

Истражувај

Кои градови лежат на патните траси Виа Игнација и Виа Милитарис? Тоа ќе ти помогне полесно да ги согледаш правците на освојување на Османлиите на Балканот.

епитетот **гази** (свет воин, воин за исламската вера), а воините кои го придружувале биле познати како **гази-воини, газии**. Набргу опсадил значајни византиски градови крај Мраморно Море, а неговиот наследник Орхан ги освоил заедно со градот Бурса кој го претворил во престолнина. Во средината на XIV век биле освоени тврдините Цимпе и Галиполе, кои биле првите османлиски поседи на Балканот. Оттогаш започнала европската инвазија на Османлиите.

Во време на султанот **Мурат I** бил заземен градот **Едрене** (Одрин) каде што Османлиите формирале европска престолнина. Таа станала воено-административен центар од каде што тие најчесто ги започнувале походите кон внатрешноста на Балканот. Османлиите ги користеле познатите патишта **Виа Милитарис** и **Виа Игнатиа** и систематски ги заземале градовите кои се наоѓале долж овие патни траси.



▲ Бејлукот на Осман

На Балканот постоеле повеќе мали и меѓусебно раскарани држави коишто не ја согледувале потребата од голема заедничка акција против Османлиите. Нивното неединство придонело за побрза промена на власта на Балканот. Првата голема победа против балканските владетели Османлиите ја имале во Битката на Марица (**1371 год.**). Со тоа им се отворил патот за продор кон внатрешноста на Балканскиот Полуостров и негово постепено освојување. Во наредните години воспоставиле воена контрола на трасата Виа Егнатиа, освојувајќи сè до Драч. Потоа ги зазеле Софија и Ниш, кои биле балкански стратешки пунктови на трасата **Виа Милитарис**, а по големиот судир во Косовската битка во **1389 година**, Србија станала нивен вазал. Во два походи го зазеле Трново (1393 год.), а набргу и Видин (1396 год.), со што ја ликвидирале средновековната бугарска држава.

Подемот на Османлиите бил запрен со поразот од Монголите во почетокот на XV век. Балканските благородници и Византија го отфрлиле османлиското вазалство и го продолжиле политичкиот живот за уште половина век. Но не успеале да ги надминат меѓусебните



▲ Османлиската држава во XIV-XV век

разлики, па набргу станале повторна цел на обновената и засилена Османлиската Империја. По османлиското освојувањето на Константинопол (**1453 год.**) и ликвидирањето на Византиската Империја, следело освојувањето на Српското Деспотство (1459 г.) со што бил ставен крај на српската средновековна држава. Во следните години била освоена Босна и подоцна Херцеговина, а до крајот на векот и Црна Гора. Набргу по заземањето на **Кроја**, во почетокот на XV век (1415 год.), во поголем дел од Албанија била воспоставена османлиска власт. Но цела Албанија паднала под османлиска власт дури по задушувањето на востанието на Георги/Ѓерѓ Кастриот и заземањето на Драч (**1501 год.**). Со тоа до крајот на XV век најголемиот дел од Балканот влегол во состав на Османлиската Империја.

Паралелно со османлиските освојувања тие на Балканот извршиле промени во политичкиот, етничкиот и верскиот состав на населението во балканските земји. Османлиите воспоставиле своја власт и го имплементирале специфичниот тимарско-спахиски систем во градовите и во селата. Донесувале муслиманско население од азискиот дел и го населувале на Балканот со цел да ја зацврстат власт во новоосвоените земји. Колонизацијата најпрво ја вршеле крај главните патишта, а потоа и во внатрешноста. Во почетокот биле колонизирани земјоделски и сточарски области. Било донесено и турско номадско-сточарско население (Јуруци), кое било организирано во специјални воени одреди (оџаци). Заедно со Османлиите на Балканот дошло и ромско население. Османлиите ги колонизирале и градовите, а на некои им ги сменile имињата (Кроја = Акче Хисар; Топлица = Куршумлија). Бил колонизиран многубројен државен апарат, но се доселувале и учени луѓе, бројни занаетчии, османлиски и странски трговци, а кон крајот на XV век и во почетокот на XVI век во османлиската држава дошле Евреи протерани од Шпанија. Со османлиското освојување на Балканот била надмината територијалната расцепканост. Балканот влегол во рамките на една држава. Со тоа се создале погодни услови за развој на трговијата. Набргу заживеале градовите, а се засилило и занаетчиството. Во голем број балкански градови во XVII и XVIII век веќе била најбројна муслиманската популација.



▲ Ликовна претстава на Лигата во Леш



▲ Скендербег, споменикот во Рим

Отпорот против османлиската власт - Скендербег

Кон крајот на XIV и почетокот на XV век во приморските албански градови Драч, Скадар и **Леш** власта ја имале Венецијанците, а во внатрешноста господареле албанските феудалци.

Таткото на Георги/Ѓерѓ Кастриот, Иван/Ѓон Кастриот ги владеел територииte во областа Мат, на просторот од Јадранското Море до Дебарско. На север граничел со Дукаѓините, на југ/југозапад со Аријанитите и Топиите. Во 1429 година Иван/Ѓон Кастриот ја нападнал Кроја, но османлиските војски во неколку битки го поразила по што тој бил принуден да ја признае османлиската власт. Набргу Османлиите во јужниот дел на Албанија го формирале **Албанскиот санџак** (1431 год.). Во следниот период во Албанија се кренале неколку **востанија против османлиската власт**, но една од главните причини за нивниот неуспех било неединството на феудалните фамилии. **Георги/Ѓерѓ Кастриот Скендербег** (1405 – 1468) кренал востание и успеал да ги обедини најзначајните албански фамилии во борба за ослободување на земјата.

Георги/Ѓерѓ бил претпоследно од деветте деца на Иван/Ѓон Кастриот и Воисава, благородничка од Полог. Тој како момче бил однесен како заложник во Едрене, каде што го примил исламот и се воспитувал во воени вештини. Таму се истакнал како добар воин, добил титула бег и го добил името Скендербег (по Александар Велики). Се вклучил во воено-управната структура во османлиската држава.

По османлискиот пораз кај Ниш во **1443 година** од Унгарците, Скендербег ги напуштил Османлиите. Тој со своите приврзаници успеал да ја заземе Кроја и на **28 ноември** на ѕидините на градот го истакнал знамето на Кастриотите – двоглавиот црн орел на црвена основа. Со тоа започнало востанието на Скендербег. За кратко време ослободил голем дел од Албанија, а потоа и делови од Македонија (Дебарско-струшката област), по што во востанието се вклучиле и Македонци и Власи.

Со цел да ги сплоти албанските фамилии против Османлиите, свикал собир во црквата „Св. Никола“ (Шин Кол) во Леш на **2 март 1444 година**. На состанокот присуствувале претставници на највидните албански благородници: Топии, Дукаѓини, Музаки и други, а дошле и претставници на Црноевиќи од Зета. Бил формиран воен сојуз познат како Лигата во Леш (Лешка Лига), кој бил зачеток на политичко обединување на земјата. На чело застанал Скендербег како капетан на Албанија, а другите му ветиле годишна парична помош.

Во летото 1444 година силна османлиска војска се упатила против Скендербег, но во Долен Дебар (Пешкопеја) на **Торвиолското Поле** војската на Скендербег ги пресретнала и ги поразила Османлиите. За овој голем успех се слушнало на Запад - во Венеција, Дубровник, Унгарија, Неапол, од каде што била испратена воена помош во Кроја. Папата дури побарал од новите крстоносци во походот против Османлиите да го вклучат и Скендербег. Во следните години

Изворите зборуваат!

Биографот на Скендербег, Марин Барлети, во своето дело „Скендербег. Животописот и делата на епирскиот владетел“ (1508/10 г. во Рим), за името на Скендербег запишал:„... најмлад (од машките деца) бил Георги, којшто подоцна кај варварите го добил името Скендербег... Георги, или случајно или зашто се чинело дека е поблагороден од останатите деца, бил наречен Скендербег, тоа кај нас е исто што и Господар Александар...“.

Скендербег извојувал значајни победи со што неговиот углед кај востаниците пораснал, а востанието зафатило нови области. Османлиите во повеќе наврати праќале војска против востаниците во Албанија. Дури султанот **Мурат II** во **1450 година** лично повел 100.000 војска да ја заземе Кроја, но по петмесечна **опсада** се повлекол. За оваа голема победа на албанските востаниците, предводени од Скендербег, се слушнало на Запад. Папата го прогласил за „заштитник на христовата вера".



▲ Скендербег пред Кроја

Следел период со променлив успех на бојното поле во кој Османлиите успеале да го зазенат **Берат** (1455 год.), но и да претрпат големи загуби во битката кај **Албулена** (1457 год.). По неколкуте неуспеси во битки, новиот султанот Мехмед II Освојувачот лично се упатил да ја освои Кроја. Во два наврати - во **1466 и 1467 година**, иако ја опсадувал, не успеал да ја заземе. Одличниот воен стратег и дипломат Скендербег цели 25 години херојски предводел слободна земја се до крајот на неговиот живот. Ненадејно починал во **јануари 1468 година** во Леш и бил погребан во црквата „Св. Никола" (Шен Кол).



▲ Грбот на Кастриотите

Иако **отпорот** на Албанците против Османлиите по смртта на Скендербег не запрел, тие биле подложени на силен османлиски притисок. Османлиите ги зазеле Кроја (1478 год.), а потоа и Скадар (1479 год.), па дел од Албанците започнале да заминуваат во Италија. Во 1481 година од Италија се вратил синот на Скендербег, Ѓон Кастриот, кој таму бил заминат со својата мајка **Доника** (уште во 1455 година по паѓањето на Берат) и во два наврати кревал востанија кои со прекини траеле до 1506 година. По ова отпорот на Албанците бил целосно скршен, а голем број од нив (околу 200.000) се преселиле на Запад, а најмногу во Италија и Далмација.

Скендербег станал национален херој на Албанците и симбол на нивно обединување. Неговите победи против османлиските завојувачи ги охрабриле и Македонците и Власите да се прилучат на негова страна, а му донеле симпатии и поддршка од значајни западноевропски сили и папството. Така, личноста на Скендербег се врежала длабоко во колективната меморија на Албаниците, а неговото наследство се почитува и меѓу балканските народи и во европската историја.

Провери го наученото

1. Кога и каде биле формирани латински држави на Балканот?
2. Опиши ги првите судири меѓу Османлиите и Византија и карактерот на тие конфронтации!
3. Објасни ги долгорочните последици врз политичката структура и демографија на Балканот по османлиското освојување.
4. Кои биле причините за кревање на востанието на Скендербег и од кои западни сили добивал поддршка?

Истражувај

Гледај го документарниот филм со историска тематика Ѓерѓ Кастриоти Скендербег.

- Дискутирај наредниот час со твоите соученици и утврдете:
- Во чија служба бил Георги/Ѓерѓ Кастриот Скендербег и зошто се одметнал?
- Кога и со која цел Скендербег ги свикал најпознатите првенци во Леш?
- Колку време траело востанието на Скендербег против Османлиите?
- Од кого биле поддржувани востаниците?

4. Рурална организација, селски заедници и феудални односи

Воспоставување на феудализмот и феудални односи на Балканот

Феудализмот како општествен систем се воспоставувал постепено кај балканските народи во периодот од седмиот до крајот на единаесеттиот век. Во најголем дел тој бил под влијание на Византија - во **Бугарија**, **Србија**, **Дукља**, но имало и западно влијание од Франките во **Хрватска** и од Анжујците во **Албанија** (по XIII век). Во овој период балканските земји со различно темпо го напуштале системот на слободни селски заедници кои биле раководени од племенски старешини. Со формирањето на државите на балканските народи тие преминувале во систем на почетни феудални односи при кои селаните постепено паѓале во зависност од владејачката елита која добивала имоти. Уште во почетните форми на воспоставување на **феудализмот** се издвоиле два социјални слоја - феудалци и **зависни селани**. Тие ќе останат доминантни во текот на целото постоење на феудалните односи во балканските држави. Владејачки слој во феудалното општество биле феудалците.

Првите форми на воспоставување на феудализмот се јавуваат во бугарската држава во времето на канот Крум. Вистински пресврт и преовладување на феудализмот настапил во XIII и XIV век кога била воспоставена целосна феудална сопственост врз земјата од страна на феудалците при што најголем дел од населението било претворено во зависни селани. Тие биле задложени со бројни и разновидни даноци кои требало да ги плаќаат како на световните така и на црковните господари.

Основа на феудалното општество била земјата - феудот. Феудот претставувал земјиштен имот кој господарот го давал на негов близок благородник со обврска да служи во војска и да го организира стопанството на дадениот имот. На овој начин тој станувал **вазал** на оној од кого го добил имотот. Вазалот кон својот господар бил задолжен со лојалност, воена обврска и давање приходи. Така, земјиштето било основа на економијата – оној што поседувал феуд имал право да собира давачки од селаните и да ја користи нивната работна сила. Господарите со големи феуди можеле да обезбедат повеќе војници, да ја зајакнат својата позиција пред другите феудалци и пред владетелот, па и да влијаат врз политичките одлуки. Со тоа, земјопоседот станувал извор на воена сила, а воената сила гарантирала политичка моќ.



Средновековни зависни селани: работа во поле

Во Албанија во крајот на XIII век највидните фамилии станувале **вазали** на надворешни господари - Анжујците. Во XIV век во Бугарија веќе се појавиле крупни феудалци кои контролирале големи области и цели градови и имале повеќе поситни вазали. Во истиот период во Србија имало развиено мрежа на вазални

односи помеѓу владетелот, управниците на области, крупните феудалци и поситните феудални. Тоа претставувало вистинска слика за **развиениот феудализам** на Балканот.

Рурална организација на општеството. Трансформација на селската заедница

Феудалното општество било рурално општество. Најголемиот обем на економска активност се одвивал во селските средини, а таму живееле и најголем дел од населението на Балканот. Во балканските земји доминантна стопанска гранка било **земјоделството**. При обработката на земјата бил застапен тропољниот систем, кој значел дека секоја трета година земјата (нивата) се оставала необработена. Втора по застапеност стопанска гранка било **сточарството**, со исклучок на Албанија каде тоа доминирало. Во сите Балканските земји било развиено градинарството, **овоштарството** и **лозарството**. Во **развиениот феудализам** ценети лозови сорти во Бугарија имало во реонот на Тракија, а во Дукља/Зета и Албанија во Приморјето. Најголеми производители на вино биле манастирите, кои добивале големи количини вино и од лозарите во вид на данок (виниски данок).

Во почетниот период на воспоставување на феудализмот сè уште мошне активна била **селската заедница**. Таа била основната организациона единица во руралниот живот на Балканот. Се состоела од големи семејства кои заеднички ја обработувале земјата, ги делеле пасиштата, шумите и водите. Таа организира земјоделски циклус и се управувала самостојно преку селските старешини. Селскиот старешината ја претставувал заедницата пред владетелот или пред **црквата** и имал улога во решавањето на внатрешните спорови, како и распределбата на обврските на селаните во рамките на селскиот атар. Тој стоел на чело на селските собранија каде што се решавале разни прашања од стопански карактер, се правел распоред за сеење, за наводнување, за пасење на добитокот, за собирање на реколтата и други прашања од интерес селската заедница.

Со засилување на феудалците, тие почнале да се наметнуваат врз селските заедници и постепено да ги заграбуваат заедничките општински земји, како што се пасиштата, шумите, па и водите. Овие земји феудалците на сила ги вклучувале во рамките на своите феудални имоти наречени **феудална баштина**. За нивно користење започнале да им бараат надомест (данок) на селаните. Селаните најпрво индивидуално, а потоа и цели селски заедници, започнале да бараат заштита од феудалците со што тие станувал нивни господари. На тој начин **слободните селани**, но и цели села станувале зависни од волјата на феудалците.

Земјата на слободните селани припадници на селската заедница на разни начини преминувала во сопственост на световните, но и на црковните феудални господари. Црквата ги користела верските чувства, суеверието и незнаењето на верниците за да ги зголеми своите имоти. Давањето разни подароци на црквата, вклучително и

Истражувај

Во времето на канот Крум биле донесени строги закони, селаните се врзувале за земјата и плаќале данаци во натура. Во времето на Борис Михаил и Симеон феудалниот систем се зацврстувал, а со покрстувањето се проширил и на црквата која започнала да добива многу имоти и зависни селани. Византиските извори го користат терминот „парик" за зависен селанец. Во Хрватска, кнезовите уште во IX век (Трпимир) доделувале земјиште на црквата со што таа постепено се претворала во земјосопственик, а селаните се принудувале да даваат одредени давачки.

- Кои се сличностите во балканските земји во почетниот период на воспоставување на феудалниот систем и односи.



▲ Средновековни зависни селани: работа на нива



▲ Душановиот законик

земјишни поседи, го претставувала како обезбедување на заштита од некој светец и полесен пат до вечниот живот. Чест бил случајот кога селаните давале ниви, лозја или дел од имот на манастирите и на локалните цркви. За разорување на селските заедници во голема мера придонеле и постојаните војни во средновековието при кои честопати страдале токму имотите на селаните.

Слободните селани биле под постојан притисок од феудалците, им биле наметнати тешки државни даноци, црковен данок-**десеток**, високи судски такси и други вонредни давачки. Во такви услови голем број од нив постепено ги загубиле своите имоти и биле принудени да земат земја од феудалците на привремено користење и со исполнување на одредени задолженија. На тој начин, слободните селани не биле истерувани од имотите, туку посилно се врзувале за феудалецот од кого ја земале земјата и постепено преминувале од слободни во зависни селани. Сепак, селските заедници и слободните селани на Балканот продолжиле да постојат во текот на целиот среден век, иако во мошне намален број.

Во стопански поглед селската заедница преставувала еден вид затворена организација. Тоа продолжило и кога таа потпаднала под феудална зависност. Сё што им било потребно на селаните и на феудалецот главно се произведувало тука. Селаните сами си произведувале храна, облека, обувки и друг неопходен инвентар за нив и за феудалецот. На дворот на феудалецот имало зависни занаетчии кои го снабдувале феудалецот, но и селаните. Размената се вршела во натура. Обично се продавале поточно се размењувале некои вишоци од производите кои биле карактеристични за тоа поднебје, а се набавувале производи кои селаните не ги произведувале. Со тоа потребата од трговија била сведена на минимум и немала некоја позначајна улога во стопанскиот живот во раниот среден век. Но, во периодот на развиениот феудализам на Балканот биле организирани пазари и панаѓури, а во оптек се појавила и паричната размена. Во секое поголемо населено биле организирани пазари во одреден ден од неделата, а во градовите и покрај поголемите манастири биле организирани и панаѓури во одреден период од годината. Освен локалните трговци, на овие пазари и панаѓури доаѓале трговци од другите градови, но и од развиените трговски центри како што се Дубровник и Венеција. Тие вообичаено нуделе дефицитарни и луксузни производи какви што биле солта, виното, оружјето.

Зависните селани (закрепостени селани) често биле нарекувани **кметови**. Тие биле најбројното, но најсиромашно население во балканските држави. Најголем број од нив биле земјоделско население. Живееле на имотот на феудалецот во рамките на неговата феудална баштина. Зависните селани биле во лична и земјишна зависност од феудалецот. Тој бил нивниот господар (патрон) и без негово одобрение не смееле да ја напуштат земјата на која живееле. Тие биле закрепостени за земјата, а господарот можел да ги продаде само заедно со земјата.

Земјата што ја сочинувала феудалната баштина се делела на господарска земја, која била обработувана од зависните селани, и земја дадена на користење на зависните селани. Секоја парцели се состоела од куќа со покуќнина во која живеел зависниот селанец со своето семејство. Околу куќата се наоѓале помошни објекти. Во близина биле градината и понекогаш лозјето. Селанецот располагал и со земја-ораница која всушност се состоела од неколку помали парцели земја расфрлани помеѓу ораниците на другите селани. Зависните селани можеле да ги користат шумите и пасиштата кои биле оставени на располагање на **селската заедница**. Ваквата структура на имотите на зависните селани со можност за колективно користење на неразделените добра покажува дека слободните селски заедници во феудалното општество не биле уништени туку само биле претворени во феудално зависни.



▲ Сребрена монета на Иван Александар

Посебна категорија зависни селани биле занаетчиите. Тие правеле различни занаетчиски изработки за господарот. Некои биле вешти мајстори во изработка на луксузни предмети од злато, сребро и скапоцени камења.

Односот господар – селанец бил двостран: зависниот селанец добивал право да користи дел од земјата за сопствена исхрана, но за возврат морал да плаќа десеток, **данок во натура** и да работи **кулук**. Господарот обезбедувал заштита и политичка стабилност, но истовремено ја засилувал својата моќ преку зависноста на селаните. Овој однос не бил само економски, туку бил и политички механизам затоа што преку контролата на селаните, господарите обезбедувале војска и влијание во државата.

Облици на зависност и задолженија на селаните

Селаните и нивните имоти биле оданочени со многу даноци, разни давачки и обврски во полза на феудалните господари. Нивните задолженија и обврски се определувале во зависност од нивната правна положба. Најопштиот прифатлив термин за зависните селани бил византискиот термин **парик**. Во средновековната српска држава во XIV век во употреба биле неколку термини кои означувале различни категории зависно население. Земјоделското население било означувано со терминот **меропах**. Терминот **Власи** можел да означува и етничка припадност и стопанско занимање - сточар. Некои Власи биле слободно население додека други биле зависни од некој **феудален господар**. Тие биле сточари номади кои живееле на планините со своите стада во привремени населби наречени катуни и постојано се селеле. Во XIV век се забележуваат и како зависно население во рамнините задолжено за грижа околу коњите. Во **Душановиот законик**, Власите се забележани како одделна категорија со посебни задолженија поврзани со одгледување стока.

Од сите обврски на селаните најтежок бил кулукот. Тој преставувал бесплатна работа во полза на феудалецот, но и во полза на државата. Зависните селани во зависност од нивната правна положба



▲ Повелба на Иван II Асен за Дубровчаните (1230г.)

биле должни да работат кулук на земјата на феудалецот од еден до три дена во неделата. Тоа го правеле со свој алат и домашни животни. Понекогаш немало ограничување на кулукот, односно зависните селани биле принудени да работа онолку денови колку што феудалецот ќе им наложел.

Балшите во Албанија ги обременувале селаните со обврски за изградба на патишта и тврдини што покажува дека кулукот не бил ограничен само на земјоделски работи, туку и на инфраструктурни објекти и воени задачи. **Кастриотите**, особено во времето на Скендербег, ја користеле селската работна сила за изградба и зајакнување на утврдувањата против Османлиите. Вакви форми на кулук за изведување јавни работи имало и во другите балкански држави.

Покрај кулукот зависните селани биле должни да му даваат на феудалниот господар и одредени **давачки во натура**. Најчесто тоа биле одреден дел од произведеното жито, брашно, вино, платно, масло, добиток, занаетчиски и воени изработки. Притоа селаните биле требало да му ги однесат производите во амбарот и во дворецот на феудалецот. Селаните биле задолжени и со данокот **десеток** кој го земала црквата, но и феудалците. Десеток означувал десетти дел од некој производ најчесто жито, брашно, вино, мед.

Во **развиениот феудализам** зависните селани плаќале личен данок односно **главарина** во пари. Посебни давачки зависните селани плаќале за користење на шумите, пасиштата водениците, односно за сите оние имоти кои ги присвоил феудалецот. Со развојот на градовите се случил подем на занаетчиството и на трговија. Со тоа започнало да се развива **паричното стопанство** и засилена

Изворите зборуваат

Во Бугарија, една повелба на цар Иван Асен II (1230) пропишува: „Селаните да даваат данок во натура и да работат кулук за манастирот како и порано“. Една повелба на царот Иван Александър (1348) наведува: „Селаните да даваат десеток од лозјата и нивите, и да служат на болјарот со работа според обичајот“.

Во Србија мошне податлив е Душановиот законик (1349, дополнет во 1354 година). Во повеќе негови членови се содржани податоци за селаните и нивната правна положба, нивните давачки кон феудалците, државата и црквата. Член 6 од законикот пропишува: „Клирициte да се судат според црковниот канон, а не според царскиот закон.“; член 67 - „Селаните да даваат десеток од нивите и лозјата“; член 71 - „Пчеларите да му даваат на својот господар десеток од медот, како што било од старо време.“; член 138 - „Париците да му служат на својот господар како што било од старо време, и да му даваат дел од жетвата, како што било од старо време.“; член 139 - „Меропсите да му служат на својот господар како што било од старо време, и да не можат да го напуштат господарот без негова волја.“; член 146 - „Сербите да даваат данок на својот господар и да вршат кулук, како што било од старо време.“; член 147 - „Сокалниците да му даваат на својот господар кола и коњи, како што било од старо време.“; член 135 - „Власите да му служат на својот господар како што било од старо време, и да даваат десеток од своите стада.“.

- Направи анализа на овие изворни информации и преку конкретниве примери опиши го односот господар - селанец.

циркулација на пари при што започнал процес на замена на натуралните со парични давачки, па селаните започнале даноците сѐ почесто да ги плаќаат во пари. Така, паричните давачки кои се појавувале на Балканот, најпрвин во градските средини и под византиско и западно влијание, постепено се проширале и во селските заедници. Иако тие замениле дел од натуралните давачки и воените обврски, сепак кулукот останал како форма на работна обврска на селаните.

Економските, општествените и политичките карактеристики на **Арберските кнежества** биле поспецифични во однос на другите балкански држави. Се издиференцирале **феудални фамилии** со нивни кнезови кои ја имале сета политичка, административна и воена власт под своја контрола. Феудалните фамилии имале своја територија, војска и обележја. Данокот доминантно бил плаќан во натура, но со подемот на трговијата со Дубровник и Венеција започнал развој на стоко-парични односи. Кнезовите издавале повелби за Дубровчаните и Венецијанците со кои им давале одредени бенефиции за да тргуваат во нивните територии. Меѓу позначајните повелби во XIV-XV век биле издадени од господарот на Валона и Канина, од Балшите, од **Дукаѓините**, од Кастриотите. Сточарските фамилии живееле во планинските населби (катуни) раководени од нивните старешини. Биле во потрага по пасишта и имале поголема автономија. Се занимавале и со карванска трговија.

Феудалните обврски кон световните и духовните феудалци силно влијаеле врз животниот стандард на зависните селани. Нивната бројност и разновидност - работни обврски (кулук), натурални давачки (жито, добиток, масло), парични даноци (особено во подоцнежниот период) често воделе кон тоа селаните да живеат на границата на преживување. Нивниот труд бил насочен кон задоволување на потребите на господарите и црквата, а само мал дел останувал за сопствена исхрана и за размена. Феудализмот и феудалните односи на Балканот биле разновиден, но сепак имале заеднички елементи својствени за таков општествен поредок. Тоа се феудите како основа на земјишната сопственост, и вазалните односи меѓу владетелите и благородниците, како и меѓу покрупните и поситните благородници кои ги дефинирале односите меѓу феудалците. Селските заедници кои биле основа на производството и нивното постепено влегување во рамките на феудалната баштина, која се претворила во затворена економска целина. Зависните селани обременети со разновидни обврски и давачки – кулук, натурални давачки и данок во пари. Црквата како значаен фактор во економијата и секојдневиот живот. Ваквиот систем ја обликувал економијата и општеството на Балканот во средниот век до доаѓањето на Османлиите, кои ќе го трансформираат во тимарски систем.

Провери го научено

1. Објасни ги поимите феуд, вазал и феудални односи
2. Објасни како селската заедница постепено се трансформирала во феудално зависна.
3. Наведи ги основните категории зависно население и нивните обврски кон феудалците.
4. Објасни како феудалните обврски влијаеле врз животниот стандард.

5. Општествена стратификација на средновековните балкански дворови и кај клирот



▲ Царевец, Трново

Средновековните балкански држави имале утврдена феудална општествена **хиерархија**. Таа се имплементирала постепено со воспоставувањето и зацврстувањето на феудализмот. Во **раниот феудален период** (VII-XI/XII век) била во зародиш и постепено етаблирање на нејзините контури кои целосно биле воспоставени во наредниот период. Феудалните односи во балканските земји во **развиениот феудализам** (XIII-XV век) бележеле силен подем и биле во завршна фаза. Феудализмот се наоѓал во својот расцут со јасно формирани феудални обележја на доминација на крупните феудални земјопоседници, широко распространет систем на **привилегии** (најчесто добиени од **владетелот**), зголемување на бројот на зависно население и брз пораст на даноците плаќани во пари.

Институциите **владетел**, **двор**, **благородници** и висок **клир** биле воспоставени и јасно разграничени во **Бугарија** уште во рановеудалниот период, а биле во почетна фаза во **Хрватска** и Дукља. Бугарската држава имала постојана престолнина во Плиска (до крајот на IX век), а потоа во **Преслав** каде што се наоѓал владетелскиот двор. Со формирањето на Второто Бугарско Царство престолнина станал градот Трново. Нејзините **владетели** носеле различни титули. Првите бугарски владетели ја носеле титулата кан, која со прифаќањето на христијанството била променета во кнез во времето на Борис, за да во почетокот на X век, Симеон ја земе титулата цар. Оттогаш сите бугарски владетели ја носеле титулата цар, а државата царство.

Во Хрватска престолнината најчесто се наоѓала во Книн, но имало и други седишта. Титулата што ја носеле првите хрватски владетели била кнез (dux), но во почетокот на X век, Томислав бил крунисан за крал со што државата станала кралство. Слично било и во Дукља, чии владетели кнезови од втората половина на XI век, со крунисувањето на Михаил станале кралеви, а државата кралство.

Седиште на првите српски владетели кои ја носеле титулата жупан било во Рас, а дури во XII век тие започнале да се именуваат како велики жупани. Во почетокот на XIII век Стефан се прогласил за крал, со што државата станала кралство, а во средината на XIV век, кралот Стефан Душан ја зел титулата цар со што и државата станала царство. Но, во текот на првата половина на XV век на српската држава ѝ бил снижен рангот во деспотство на чело со деспот. Српската држава во XIII и XIV век немала само една престолнина, а како престолни седишта биле користени Призрен, Паун на Косово и Скопје.



▲ Тврдината во Книн

Состојбата во **Албанија** е поразлична. Кон крајот на XII век се појавило кнежеството **Арбанон** на чело со кнез (prior, princeps).

Во крајот на XIII век Албанија станала кралство на чело со крал од редот на француските Анжујци. Во периодот XIV-XV век во Албанија се засилиле неколку феудални семејства кои формирале свои кнежества на чело со кнезови (dux, дука) кои имале седишта во добро утврдените **градови** како што се Драч, Скадар, Берат, Кроја.



▲ Тврдината во Скадар

Владетел и државна управа

Средновековните балкански држави по своето општествено уредување биле феудални држави. Со нивното прогласување за кралства тие станале **феудални монархии**. Во нив постоела општествената хиерархија на чие чело стоел владетел. Владетелите на државите носеле различни титули, но најчести се: кнез, жупан, крал и цар. Според тогашното патримонијално сфаќање на државата, владетелот бил сметан за врховен господар во државата кој бил поставен од бога да управува со поданиците во неа. Во негови раце била сконцентрирана воената, законодавната и судската власт. Тој, исто така, имал решавачка улога во црковно-религиозните спорови.

Како највисоко поставен на феудалната скала во рамките на феудалната хиерархија, владетелот бил сопственик на целата земја во државата и можел да ја продава, да ја подарува, да ја дава на доживотно уживање или на привремено користење. Тој имал многубројни и разновидни приходи кои се слевале во државната каса со којашто тој располагал. Неговата голема економска моќ се базирала на многуте имоти кои се наоѓале низ целата држава. Располагал и со приходите од кованието на пари, приходите од концесиите на рудниците, од разните такси, од цариниите и сл. Со добиените приходи владетелот го издржувал дворот, ги користел за набавки на оружје за војската, за давање плата на наемниците. Дел од средствата ги користел за подигање завештанија, за дарување на **црквата**, за давање подароци на феудалците, како и за градење **тврдини** и палати. Во времето на големиот економски подем на Бугарија (XIV век) и на **Србија** (XIII-XV век), владетелската палата во Трново (Царевец) и палатите во српски престолнини биле мошне раскошни, а српското деспотство во XV век од темел го изградило новиот престолен град Смедерево.

Владетелот управувал со државата преку многубројен централен и провинциски апарат. Неговите функции, именувања и структурирана мрежа, особено во Бугарија и во Србија во **развиениот феудализам** се мошне слични со оние во Византија. Седиштето на централната власт се наоѓало во престолнината на државата. Владетелскиот двор претставувал посебна институција на административна, политичка и воена моќ, но и центар на културниот живот во државата. Владетелските дворови во Бугарија и во Србија настојувале да го имитираат византискиот царски двор. Владетелот ги избирал претставниците на централниот државен апарат од редовите на **крупните феудалци** и биле назначувани лично од владетелот.

Мошне значајно тело во управувањето со државата бил **владетелскиот совет** кој имал значајна советодавна улога. Во Бугарија

Дали знаеш дека...

Патримонијалното сфаќање на државата во средниот век значи дека власта и територијата се сметале за лична сопственост на владетелот и на неговото семејство („патримониум" – наследство на владетелот). На Балканот ова се манифестирало преку наследни династии, делење на државата како сопствен имот, дарување на државна земја и мешање на приватното и државното богатство. Ваквото сфаќање за „семејна сопственост" на државата довело до династички борби, чести поделби на земјата меѓу синови и браќа, и нестабилност, што ги правело државите подложни на надворешни влијанија.

тој се нарекувал бољарски совет, а во Србија дворски совет. Во Бољарскиот совет влегувале велики бољари и патријархот. Во Србија дворскиот совет го сочинувале велможите (големите **властелини**), а понекогаш учество земала и сопругата на владетелот. **Владетелскиот совет** држел заседанија и имал ингеренции при одлучувањето за најважните прашања за државата какви што биле објавување војна, склучување мир и значајни прашања од внатрешната политика.

Државата била поделена на области кои во Бугарија биле именувани хора (област, земја), а во Србија жупа. Вообичаено биле нарекувани според името на најголемиот тамошен градски центар. Во нив функционирала провинциската администрација на чело со управителот на одредена област. Овој управител бил назначуван лично од владетелот.

Во **народните собори** учествувале владетелот, **крупните феудалци**, дворјанството, духовенство и народот. Во српската држава тие се нарекувале државни собори. Биле свикувани со писмена наредба на владетелот во која се назначувале времето и местото на одржување на соборот. По одржаните собори веќе донесените одлуки и решенија биле претставувани пред насобраните луѓе со што соборите ја имале улогата на нивно широко јавно одобрување. Соборите понекогаш служеле и за јавна осуда на еретици.

Бољари, властелини и витези

Силниот развој на феудализмот придонел за економско издигнување на феудалците. Тие во средновековните балкански извори со едно име се нарекувани господа. Во Бугарија за нив се користел терминот бољари, а во Србија властелини. Но сите феудалци не биле исто богати ниту рамноправни во општеството. И кај нив постоела градација според нивната моќ и богатство. Феудалците во средновековните балкански држави се делеле на крупни и поситни феудалци, а најдолниот слој го сочинувале воините-коњаници кои подоцна биле наречени **витези**.

Крупните феудалци поседувале големи земјишни имоти и зависни селани. Тие ги носеле и највисоки титули и ги заземале највидните административни и воени функции во државата. **Крупните феудалци** во средновековна Бугарија се нарекувале велики бољари, а во Србија велможи (големи властелини). Поситните феудалци исто така поседувале значајни имоти, но помали во однос на првите. Имале и угледни титули и функции во државата, но биле пониски во однос на првите. Во Бугарија тие се нарекувала мали бољари, а во Србија властелиќи (мали властелини).

Во Албанија немало класична поделба на крупни и ситни феудалци. Феудалните фамилии го сочувале својот патримонијален карактер и клановска сплотеност. Со проширување на нивните територии започнала социјална диференцијација. Старешините започнале социјално да се одделуваат по своето богатство во однос на останатите членови во фамилијата. Тие се претвориле во

феудални сопственици и предводници на феудалните фамилии. Раководеле со политичката, административната и воена власт во својата област. Но социјално-општествените разлики меѓу нив и останатите членови на фамилијата не биле видно изразени. Лојалноста кон фамилијата за секој поединец била најсилната внатрешна кохезиона врска.



▲ Скица на тврдината Маглиќ

Крупните феудалци живееле во **тврдините** градени на тешко достапни места каде што располагале со сопствени палати. Имале свој двор кој го сочинувале неговите најзначајни луѓе. **Крупните феудалци** имале слуги, зависни селани, вазали, војска, судии. Располагале со сопствен двор кој претставувал центар на нивната моќ во областа, но и место на кое се развивала културата. Во Бугарија најпознати биле **тврдините** во Видин и во Калиакра. Во средновековната српска држава имало повеќе **тврдини**, а од оние кои се наоѓале на тешко достапни места се издвојуваат Маглиќ, Голубац, Сталаќ. Во Дукља/**Зета** се силни **тврдини** биле Котор, Бар и Будва, а во Албанија **тврдините** Ѓирокастро, Петрела, Леш, Канина.

Основата на моќта на феудалците ја чинеле нивните наследни имоти - баштини кои ги добивале по пат на наследство. На нив работеле зависни селани. Освен овие имоти, феудалците добивале и имоти од владетелот со кои можеле да управуваат условени со извршување на одредена воена служба (по примерот на византискиот феудален систем пронија). Феудалците можеле да добијат и цели области, планини, села и **градови** на управување со право да користат голем дел од собраните приходи.

Овие имоти во почетокот не биле наследни, па затоа феудалците настојувале да ги спојат со нивните баштини. Во услови кога во државата имало слаба централна власт тоа им успевало, па така тие станувале уште покрупни земјопоседници и помоќни феудалци. Ова било солидна основа за нивно поголемо осамостојување кое водело кон значително слабеење на врските помеѓу централната власт и локалните феудални елити во внатрешноста на државата.

Освен дадените имоти, феудалците добивале од владетелот и многу привилегии. Тие можеле да бидат административни, фискални, судски и воени отстапки со кои владетелот се откажувал од дел од своите ингеренции во полза на феудалецот. Во практика тоа значело дека државните чиновници не влегувале на имотите на феудалците и не собирале даноци ниту судски такси. Самиот феудалец одредувал лица кои го правеле тоа и собраните приходи наместо во државната каса оделе во неговата каса. Нивната висока позиција во феудалната хиерархија се одразувала и во правото. Предвидените казни биле различни за **благородниците** и за селаните. Раширувањето на системот на давање привилегии водел кон поголемо економско засилување на феудалците и нивни аспирации за посамостојно дејствување. Некои од феудалците дури ковале и сопствени монети (пари), издавале закони и воделе самостојни војни.



▲ Котор, поглед од Старот град

Изворите зборуваат!

- Договор на бугарскиот цар Иван Александар за Венецијанците и нивните трговци од 1347 година

Договор на царот на Загора со Венеција од 1347 год.

Клетва и договор на господинот император на Загора Александар.

„Моето царство ја дава оваа повелба (препорачано писмо, Вен. док.) на моите пријатели и браќа франки Венецијанците. И се заколнува моето царство во Отецот Бог и Дева Марија и во светиот животворен Крст и во Света Петка Трновска и во мојата душа, дека сите венецијански трговци можат да доаѓаат и да си одат со своите кораби и стоки по целото мое царство неповредени и сигурни. Тие треба да плаќаат царина 3 на 100...

Ако стоките не се продадат, да поминуваат по море или по копно и да не плаќаат ништо...

Исто така можат да купуваат или да си изградат црква или ложа каде што ќе посакаат внатре во земјата, без никој да им се спротивстави на тоа. И кој би се осмелил да се спротивстави да биде предавник спрема моето царство."

Витезите во средниот век го претставувале воениот слој. Тие на општественото скалило се наоѓале подолу од другите феудалци. Витезите потекнувале од ниските **благородници** и биле воини - коњаници кои добивале земја за воена служба и лојалност кон владетелот или кон **покрупните феудалци**. За разлика од Западна Европа каде што **витезите** биле институционализирани преку витешки редови, строги правила и благородни манири карактеристични за витештвото, на Балканот витезите се подведувале кон воениот слој со очекувања за реалните воени практикувања - водење војни.

Најголемиот број од населението во **развиениот феудализам** и натаму бил сочинет од селани кои се делеле на слободни и феудално зависни. Засилена била тенденцијата да се намалува бројот на државните слободни селани и нивно принудно преминување во феудална зависност. Во овој временски период зависните селани на Балканот биле далеку побројни во однос на слободните.

Подемот на **градовите** во **развиениот феудализам** овозможил збогатување на занаетчиите и трговците кои прераснале во посебен градски слој. Нивниот број постојано растел и се појавувале нови специјализирани мајстори-занаетчии. За тоа придонела и замената на натуралната во парична рента со што воедно се дало импулс за побрз развој на трговијата. Освен традиционалните занаети поврзани со средновековниот начин на живот, во овој период се обновило **рударството** и со него поврзани нови занаети. Рударството прераснало во главен двигател на стопанството во Бугарија, а особено во Србија со најпознатиот рударски град Ново Брдо. Мајсторите-занаетчии поврзани со оваа нова дејност бргу и видно се збогатувале, а меѓу нив посебно се издвоиле златарите.

Во вака дефинирано феудално општество, социјалната подвижност нагоре по феудалното скалило била ограничена. Премин од еден социјален слој во друг бил редок, но постоеле одредени механизми базирани на заслуги. Средните феудалци можеле да станат крупни, а воините коњаници да станат ситни феудалци со воени заслуги и добивање области на управување и имоти во новоосвоени земји. Кај селаните тоа било отежнато со оглед на генералната тенденција за нивно закрепостување. Но сепак, доколку селанецот биде даруван на црквата, тој преминувал на црковен имот и станувал црковен зависен селанец што се сметало за полесна правна положба на таквиот селанец.

Клир и црковни земјопоседи

Именувањето клир во православната традиција се однесува на сите црковнослужители и го опфаќа целото свештенството. Клирот имал привилегирана положба во државата. Во високиот клир влегувало високото свештенство - патријарси, **епископи**, игумени на **манастири**. Тие уживале висок углед во државата. Управувале со епархиите и манастирите, со феудалните имоти на црквата, а исто така ја претставувале црквата пред владетелот и на **народните/**

државни собори. Нижиот клир го сочинувале свештениците и нивните помошници. Клирот ја носел духовната власт, ја легитимирал власта на владетелот, управувал со црковните имоти, бил чувар на писменоста и заштитник на културата.

Црквата како институција била крупен феудален земјосопственик. Таа добивала многу имоти како од владетелите и феудалците така и од селаните. Добивала привилегии потврдени со повелби од владетелите. Со развојот на феудализмот се засилила градбата на цркви и на манастири низ Балканот. Манастирите прераснале во силни духовни и културни центри. Во нив биле отворани скрипториуми и помали библиотеки со црковни книги. Образованието било привилегија на богатите слоеви и на дел од свештениците.

Манастирите не биле само духовни и просветни центри, туку и моќни феудални господари со огромно влијание врз економијата и политиката.

Со тек на време се здобиле со особено големи поседи и високи приходи. Голем број манастири во Србија, Бугарија, Зета, Албанија станале големи економски центри. Располагале со разновидни имоти кои не биле компактни туку биле распространети на различни локации на Балканот. Манастирите поседувале десетици села, планини, зависни селани, стока, а добивале приходи и од пазарите, рудниците, риболовот. По своето богатство се истакнувале: „Дечани" и „Студеница" во Србија, „Рилскиот" и „Бачковскиот манастир" во Бугарија. Меѓу побогатите манастири биле и Свети Срѓ и Морача во Зета, и „Св. Јован Владимир" и „Арденица" во Албанија. Неколку манастири на Света Гора исто така се претвориле во богати и крупни земјопоседници. Меѓу нив предничеле „Хилендар", „Зограф" и „Св. Пантелејмон".

Општествената стратификација на средновековните балкански дворови и клирот покажува јасна хиерархија на општеството. Владетелот, крупните и ситни феудалци, како и воините биле носители на световната власт и моќ. Селаните со својата работа и плаќање даноци ја обезбедувале економската основа на општеството, а клирот ја чувал духовната власт и просветата. Привилегиите за световните и духовните феудалци и ограничувањата за ниските социјални слоеви ја обликувале секојдневната реалност во општеството. Симбиозата меѓу световната и духовната власт, при која владетелот добивал легитимитет преку благослов од црквата, а црквата добивала заштита и големи имоти од владетелот водела до зацврстување на феудалниот поредок и стабилност на средновековното општество.



▲ Манастирот Зограф, Света Гора

Провери го наученото

1. Кои биле главните општествени слоеви во средновековните балкански држави?
2. Спореди ја световната и духовната власт според нивниот легитимитет.
3. Дали и во каква мера била возможна социјална подвижност?
4. На кој начин манастирите станале најзначајни духовни и економски центри?

6. Религиски живот: православие, католицизам, богомилство. Почетоци на исламизацијата

Црквата од појавата на **христијанството** означувала заедница на верници кои се собирале заради молитва (доаѓа од грчкиот збор *еклесиа* со значење собирање). Имала едноставна структура и претставувала сојуз на самостојни христијански заедници. Со тек на време ваквите први христијански заедници прераснале во христијански организации кои биле формирани во поголемите градови на империјата (на чело со епископ). Откако христијанството било признаено од Римската Империја со **Миланскиот едикт**, во **313 година**, **црквата** започнала да гради своја хиерархија слична на државната. Повеќе градови биле групирани во провинција (на чело со митрополит), а црковните провинции биле групирани во пет патријархати на чело со патријарси. Иако црквата формално немала еден поглавар, за прв меѓу нив се сметал римскиот **папа**. Останатите носеле титула патријарх, а меѓу нив предничел **Константинополскиот патријарх** (по 330 год.). Во наредните векови меѓу римскиот папа и Константинополскиот патријарх ќе се појави остро ривалство. Тоа ќе се одрази и на балканските земји.

Во времето на одржување на **Вселенските собори** биле утврдени догмата, црковните обреди и организациската структура на христијанската црква. Црквата станала институција која имала значајно влијание во општеството не само во духовниот живот туку и врз образованието, културата и политика. Завршувањето на епохата на Вселенските собори симболично го означува почетокот на разделување на црквата. Иако првите никулци на раздор во христијанскиот свет се појавиле во IX век, кулминацијата се случила два века потоа. До средината на XI век дотогашните разлики меѓу Римскиот папа и Константинополскиот патријарх станале толку големи што веќе не можеле да се премостат. Во летото **1054 година** се случил дефинитивниот **расцеп** на црквата (схизма/шизма). По разделувањето на црквата, Западната црква започнала да се нарекува католичка (Вселенска), додека Источните цркви започнале да се нарекуваат православни (практикувачи на правилното христијанство). Ваквата ситуација се одразувала и на средновековните балкански држави и народи.



▲ Папа Силвестер I (314-335) во 330 година Римскиот епископ за првпат бил наречен папа (со значење татко) - глава на црквата, а веќе во V век сите така го нарекувале.

Христијанството во средновековните балкански држави

Покрстувањето на балканските народи не било само духовен чин. Религијата била политички инструмент, правен систем и идентитетски маркер. Покрстувањето било средство за легитимизација на владетелот кој, прифаќајќи го христијанство, добивал признание од големите центри на моќ **Рим** и **Византија**. Контактите со нив значела и надворешна поддршка, идни политички сојузи и заштита.

Христијанството воведувало канонско право (црковни закони) кои влијаеле врз секојдневниот живот и моралните норми. Владетелите почнувале да издаваат закони инспирирани од христијанската етика, а Црквата станувала правен авторитет. Покрстувањето претставувало и градење на колективен идентитет при што народот се дефинирал како христијански. Со тек на време, црковната припадност - католичка или православна, станала граница на етнички и културен идентитет, што ќе има огромно влијание во натамошната историја на Балканот. Со тоа, христијанизацијата на балканските народи станала истовремено и договор за интеграција и извор на конфликти за припадност.

По мировниот договор со **Византија** (864 год.) бугарскиот владетел Борис, наречен Борис Михаил, спровел христијанизација во државата, започнал да гради бројни цркви, а набргу добил и византиска согласност за формирање на **Бугарска архиепископија** (официјално: Митрополија Дристар, 870 год.). Со тоа започнало воспоставување на организациона структура на бугарската црква со литургиски грчки јазик. Неговиот наследник Симеон го зацврстил христијанството и ја засилил градбата на христијански објекти во државата. Дозволил употреба и словенскиот јазик во црковната богослужба, предводена од Климент и Наум сред Словените во **Кутмичевица**. Се смета дека наследникот Петар издејствувал од **Византија** издигнување на рангот на бугарската црква во **патријаршија** (927 година). Со падот на Првото Бугарско Царство таа била укината, па повторно возобновена по формирањето на Второто Бугарско Царство дури во XIII век, во времето на Иван II Асен (1235). Нејзиното седиште било во престолнината Трново сè до потпаѓањето на градот под **османлиска власт** во 1393, кога била укината.

Христијанството во **Хрватска** започнало да се распростанува уште со првичните контакти на доселените Хрвати со христијанските староседелци на Балканот. Првите свештеници дошле од Рим во времето на василевсот Ираклиј (VII век), а подоцна византиската црква имала поголема улога. Далматинските приморски градови, во чија заднина се наоѓало Далматинското хрватско кнежевство, биле под византиска власт и оттука доаѓало византиското црковно влијание. Во внатрешноста, хрватското кнежевство во Славонија било во блиски контакти со државата на Франките и преку нив доаѓало папското влијание. Најважен археолошки доказ за организирано **покрстување**то на територијата на Далмација е Вишеславовата крстилница (по кнезот Вишеслав, крај на **VIII** – почеток IX век). Од средината на IX век контактите со **папството** се засилиле. Со папското признавање на кралската круна на Томислав, Хрватска поблиску се врзувала со папството кое било уште посилно изразено во втората половина на XI век. По склучувањето на персоналната унија со Унгарија (1102 год.), Хрватска останала во сферата на **католицизмот**.

Покрстувањето на **Србите** било извршено во втората половина на IX век од страна на византиски свештеници во времето на василевсот Василиј I. Оттогаш во српската држава започнало византиското влијание. Во наредниот период српските територии потпаѓале

Дали знаеш дека...

Период на одржување на Вселенските собори (325 - 787) популарно е наречен Епоха на Вселенските собори. Во 325 година, во градот Никеја во Мала Азија (денешна Турција) за првпат бил свикан заеднички собир на кој присуствувале избрани црковни претставници на христијаните од целата држава – црковни отци. Тој бил наречен Прв вселенски собор. На него се донесени значајни одлуки, меѓу кои позначајни се усвојувањето на крстот како симбол на христијанството и се утврдило Светото тројство – Отецот, синот и Светиот дух. Но, постоеле свештеници кои не се согласувале со некои од предложените одлуки. Тие биле прогласени за еретици. Потоа, со ова наименување ќе бидат нарекувани сите оние кои не ги прифаќале заклучоците донесени на Вселенските собори. Кон крајот на IV век се одржал Вториот вселенски собор, во Константинопол, на кој се потврдиле одлуките од Првиот вселенски собор со што се утврдило христијанското учење. Последниот Седми вселенски собор се одржал во 787 година, по што повеќе не се свикувале заеднички црковни собори. Со тоа престанал периодот на единство на црквата при утврдување на значајни прашања за верата.



▲ Константинополски патријарх Александар I (330-337) (во средината)

По 330 година тој бил сметан за престолен патријарх и патријарх на *Новиот Рим*

под јурисдикција на **Охридската архиепископија**. Набргу по обновувањето на српската држава и прогласувањето за кралство (1217 година), била востановена српската архиепископија на чело со **Сава**, во **1219 година**. Нејзиното седиште било во манастирот Жича, а од средината на векот во Пеќ. Со територијалното проширување на Србија, на крајот на XIII век и првата половина на XIV век, во нејзини рамки влегле и делови од Охридската архиепископија заедно со седиштето Охрид. Во тој временски период на територијата на Србија постоеле две самостојни автокефални архиепископии: Пеќската и Охридската. Во времето на Стефан Душан, српската црква била издигната во **патријаршија** во **1346 година**, но тој нејзин ранг никогаш не бил признаен од **Византија**. Во приморските градови во **Зета**, која тогаш била под српска власт, забележливо било западно католичко присуство. Со паѓањето на Србија под османлиска власт, во средината на XV век, Пеќската архиепископија била укината, а нејзината територија потпаднала под јурисдикција на Охридската архиепископија.

Дукљанските владетели го примиле христијанството по византиски образец. Тоа останало доминантно во државата до втората половина на XI век. Со прогласувањето на Михаил за крал (1077 год.) тој се приклонил кон папството. Во приморските градови станало забележливо западното католичко влијание заради близината на Дубровник и присуството на Венеција. Во време на неговиот наследник Константин Бодин во крајот на XI век била формирана **надбискупија** со седиште во Бар (1089 год). Силни католички центри биле и приморските градови Улцињ, Будва и Котор. **Дукља**/Зета била религиозно поделена на православни внатрешни земји и католичко приморје, но иако **православието** и католицизмот се натпреварувале за влијание и територии, тие сепак коегзистирале едни покрај други.

На територијата на денешна **Албанија** христијанизација започнала да се шири уште во првите векови од појавата христијанството. Првите христијански заедници се појавиле во градовите Аполонија, Авлона (Валона) и Бутринт. Формираните епископии од IV век натаму биле под црковна надлежност на римскиот папа. Кон средината на **VIII век** тие биле присоединети на Константинополската **патријаршија** со што се отворил простор за византиското црковно и културно влијание во Албанија. Со почнување на дејноста на Св. Климент и Св. Наум во областа **Кутмичевица** во IX и X век, христијанството започнало да се проповеда на словенски јазик со што почнало словенското културно влијание во тие делови на Албанија. Во следниот период Охридската православна архиепископија ќе располага со бројни диецези на територијата на Албанија. Во нејзините јужни делови, пак, била присутна Константинополската **патријаршија** со диецези на свои митрополии. Крстоносните походи овозможиле поблизок контакт на албанското население со западната црква, а од втората половина на XIII век тоа биле олеснето и со Анжујското присуство во формираното Кралство Албанија. По падот на **Византија** (1453 година), најголем дел од албанските православни региони потпаднале под јурисдикција на Охридската архиепископија. Јадранските

Изворите зборуваат

Натписот од Балш (Албанија), кој бил поставен на крајната западна граница на Бугарската држава, гласи:

„... се покрсти од Бога архонтот на Бугарија Борис, преименуван во Михаил, заедно со неговиот од Бога даден народ година 6374 (= 865/6 год.)“.

крајбрежни градови во периодот до XV век имале сложена религиозна припадност: Скадар бил под влијание на православието и католицизмот, зависно од политичката власт (во XIV век српска, а потоа венецијанска), додека Драч бил силен центар на католичката црква, но со присуство и на православни заедници поради значајното византиското наследство. Католицизмот во приморските градови на албанскиот брег под влијание на Венеција се задржал како доминантен сè до нивното потпаѓање под османлиска власт во крајот на XIV - почеток на XV век. Потоа започнал засилен продор на **исламот** на територијата на Албанија. Религиозната припадност на албанското население и благородници била различна. Меѓу нив имало православни, католици, а подоцна и муслимани. Во повеќето случаи решавачки фактор при нивниот верски избор била политичката определба на феудалните првенци. Не бил редок случајот на приклонување кон една откако претходно биле припадници на другата црква. Кон тоа играле улога и династичките поврзувања меѓу благородничките фамилии. Но, верската различност не водела кон нетрпеливост помеѓу Албанците.



▲ Покрстување на Бугарите, Манасиев Летопис

Богомилството во балканските земји

Богомилството првпат се појавило во средината на X век на територијата на Македонија, чиј поголемиот дел тогаш се наоѓал во составот на бугарската држава, во време на царот Петар. Името го добило од **попот Богомил**, кој бил првиот и главен проповедник на ова учење. Неговите следбеници биле наречени богомили. Самите богомили го објаснувале потеклото на името од тоа дека му биле „мили на бога". Богомилите биле познати и под други имиња, а подоцна честопати биле нарекувани **бабуни**.

За богомилите и нивното учење сведоштва се наоѓаат во историските извори, но и во зачуваните народни преданија. Најпознати извори се **Презвитер Козма** (X век) и **Бориловиот Синодик** (XIII век). Богомилството било **дуалистичко учење** според кое во природата постојат две сили: доброто и злото, кои постојано се натпреваруваат која ќе завладее во светот и кај секој човек поединечно. Доброто е Бог, кој ја претставува добрата сила, светлината и е творец на невидливиот (духовниот) свет. Злото е Ѓаволот (Сатаната), кој го претставува лошото, темнината и е творец на земниот (материјалниот) свет. Богомилите учеле дека човек треба да се воздржува од секакви удопствија и да биде умерен во своите потреби, да се облекува скромно, да се јаде храна од растително потекло. Јадењето месо и пиењето вино, кои ги сметале за дело на ѓаволот, строго се забрануваале. Тие се собирале недалеку од селата и во некои затскриени места каде што ги вршеле своите религиозни обреди. Биле организирани во општини каде што членовите се делеле на обични и совршени. На чело на општината стоел најстариот и најугледниот богомил наречен „дедо" („дедец"). Во своите општини примале и жени за членови кои биле сметани за рамноправни со мажите.



▲ Презвитер Козма, Беседа против богомилите

Богомилите не ги признавале Црквата и манастирите, богослужбата во црквите, верските празници и државата. Не оделе во цркви



▲ Стеќци во Босна и Хецеговина

затоа што ги сметале за дело на ѓаволот. Не го признавале крстот како христијански симбол, ниту почитувањето на иконите. Единствено ја признавале и ја практикувале молитвата „**Оче наш**". Се залагале за укинување на Црквата и на световната власт. Со тоа **богомилството** добило антицрковни и антифеудални одлики поради што богомилите биле постојано прогонувани од црковните и од државните власти. Црквата го прогласила учењето за еретичко, а богомилите за **еретици**.

Богомилството од Македонија и Бугарија најпрво се проширило во соседството, а потоа во наредните столетија и во други балкански земји. Успеало да се адаптира кон локалните култури и политички услови, задржувајќи ги своите суштински дуалистички постаменти. Во **Византија** богомилскиот водач **поп Василиј** дури бил запален на клада (почеток на XII век). Особено силен замав зело во **Босна**, каде што богомилите биле наречени **патарени** и **крстјани** (со значење христијани). Нивната вера била дуалистичка и се разликувала од официјалното христијанство. Била формирана и посебна „**Босанска црква**" (крај на XII век) која претставувала заедница на верници со свои духовни водачи наречени „дедци" и „гости". Таа била специфична форма на богомилството, приспособена на локалните услови. Била толерирана и поддржувана од босанските владетели и благородници и станала важен фактор во духовниот и политичкиот живот на средновековна Босна. Од папството била прогласена како еретичка (XIII век) па дури биле организирани и безуспешни **крстоносни походи**.

Истражувај

Кои се разликите меѓу христијанското учење и богомилското учење.

Богомилите се проширile и во Србија, каде што биле нарекувани бабуни. За нив се говори во Душановиот законик (XIV век) каде што неколку членови директно се однесуваат на богомилите, прикажувајќи ја нивната осуда како еретици и предвидувајќи строги казни за нив (спалување). Ваквите строги мерки биле дел од поширокатa стратегија на цар Душан да ја зацврсти православната вера во неговата држава. Во делови од Хрватска (Далмација) тие биле нарекувани патарени и биле прогонувани од официјалните католички власти. Во Албанија за нив се користеле наименувања од соседните словенски јазици или биле нарекувани еретици, а богомилски заедници биле регистрирани во јужните и централните области околу градовите Корча, Берат, Драч и Валона. Ова **дуалистичко учење** послужило како основа за појава на слични учења и движења и во некои европски земји, како Италија (наречени **катари**) и Франција (се сретнувале со различни имиња). По османлиското освојување на балканските земји, богомилите постепено исчезнале. За дел од нив се смета дека не сакајќи да се приклонат ниту кон католицизмот ниту кон православието, ја прифатиле новата исламска религија.

Изворите зборуваат

Главен извор за раното богомилство и неговото учење е Презвитер Козма (X век) кој во делото „Беседа против богомилите" запишал:
„Однадвор се како овци: навидум кротки, повлечени и молчаливи, изгледаат бледи поради постењето, не зборуваат премногу, не се смеат бучно, не се прават важни... гледајќи ја ваквата нивна покорност, луѓето нив ги сметаа за праведни".

Верувања и практики на исламот. Почетоци на исламизацијата на Балканот

Учењето на пророкот **Мухамед** е изложено во светата книга на муслиманите, **Коранот**, кој се состои од **114 глави** (сури). Ислам значи покорност на Божјата волја, а оние кои ја прифатиле новата

религија и ја ширеле се наречени муслимани (верници, покорни). Муслиманите ги вршат своите верски обреди во религиозните објекти **џамии**. Делата и препораките на пророкот Мухамед, кои ги практикувал во текот на неговиот живот, се содржани во **Суна**. Муслиманите веруваат дека Шеријатот (со значење „патека кон Бога") е Божји исламски закон. Одредбите во шеријатот се базирани на Коранот и Суната. Во него има верски и законски одредби. Шеријатот содржи начела како треба да се однесува секој муслиман во општествениот, семејниот и верскиот живот. **Пет основни практики** во исламот се сметаат за задолжителни за секој муслиман: да ја прифатат верата и пророкот Мухамед, да се молат на Бога петпати на ден, да постат за Рамазан, да даваат милостина на сиромашните и да отидат на аџилак во Мека.

Исламот на Балканот го донесуваат Османлиите. По заземањето на Балканските земји во XIV-XV век, Османлиите започнале да спроведуваат **исламизација**. Во почетокот таа, главно, била доброволна при што дел благородници го примале исламот да ги задржат своите имоти и привилегии. Некои од сиромашните селани, особено во планинските региони, преминувале во ислам за да се ослободат од тешката положба и високите давачки бидејќи во Османлиската Империја муслиманите биле привилегиран слој. Османлиите спровеле и присилна исламизација. Потребата од нови војници предизвикана од постојаните воени походи воделе кон спроведување на политика на присилно одземање млади момчиња од Балканот (данок девширме познат како данок во крв) кои потоа ги исламизирале и воено ги обучувале. Тие станувала војници јаничари или се вклучувале во државната управа каде што некои од нив успеале да заземат највисоките позиции во државната хиерархија и да станат големи везири. Меѓу најпознатите биле Мехмед-паша Соколовиќ, по потекло до Србија (XVI век) и Мехмед-паша Ќопрулу, по потекло од Албанија (XVII век, „Ќопрулу-епоха").

Исламот и шеријатот во балканските земји под османлиска власт, особено во Албанија и Босна, не биле само религиозни практики, туку и општествено-правен систем кој ја обликувал заедницата. Во османлиската држава исламот бил доминантна вера, а шеријатот се применувал во секојдневниот живот. Исламизацијата на Балканот зела замав во XVI век, особено во градовите во Босна и Албанија. Таа ја менувала културната структура на регионот. Во Албанија, исламизацијата имала посебна динамика. Населението кое преминувало во ислам тоа го правело доброволно поради даночни олеснувања и политички привилегии или, пак, поради културна интеграција со новата власт. Примањето на исламот им овозможувало пристап до административни и воени позиции во османлиската држава. Во Албанија исламските практики се слеале со локалните традиции. На тој начин се создале нови форми на идентитет, социјална структура и културна трансформација со уникатна албанска верска култура.

Истражувај

Под кое име се познати исламизираните христијани во родопската област во Бугарија.



▲ Мека

Провери го наученото

1. Како православието и католицизмот влијаеле врз политичките односи на балканските држави?
2. Зошто богомилството било толку привлечно за обичните луѓе?
3. Кои се основните верувања и практики во исламот?
4. Објасни како различните фактори воделе кон проширување на исламизацијата на Балканот!
5. Објасни како коегзистеницијата на православие, католицизам, богомилство и ислам влиајела врз културната разноликост на балканските народи!

7. Византиски уметнички модели и локални адаптации

Уметнички периоди и нивни карактеристики

Византиската уметност е една од најважните културни појави на средновековниот свет. Таа не е само приказ на убавина и украси, туку преку неа Византија ја покажувала својата вера, политичката моќ и својата култура. За разлика од Западна Европа, која изгубила многу од античкото наследство, Византија успеала да го зачува и да го надгради. На таа основа создала сопствени **стилови** и модели кои се развиле во напредни уметнички форми. Тие станале средство за политичка и духовна порака.

Во текот на своето постоење, Византија минала низ три големи уметнички периоди – времето на Македонската, **Комненската** и **Палеологовската династија** – секој со свои особености и врвни дела.

Периодот на **Македонската династија** (средина на IX – средина на XI век) се смета за „ренесанса" на Византија. Се случила културна обнова и подем кој бил видлив на повеќе полиња. Уметноста се карактеризира со враќање кон класичните модели од античка Грција и Рим, но претставени во христијански дух. Главна одлика на уметноста во време на Македонската династија била реализам во претставите комбинирана со христијанската симболика.

Силниот економски раст на Византија во време на Комненската династија (крај на XI – крај на XII век) довел до значаен културен подем. Византија во време на Комнените била центар на културата, уметноста и **архитектурата**. Византиската култура извршила влијание не само на Балканот туку и на целиот Медитеран. Новите текови во културата биле предвесници на италијанската ренесанса. Комненскиот стил бил полн со драматичност и нагласени емоции видливи во изразноста на фреските и иконите.




▲ Михаил VIII Палеолог

Иако Византија во време на Палеолозите (средина на XIII – средина на XV век), немала голема политичка моќ на Балканот, сепак одново процветала нејзината уметност и литература. Палеологовската династија ја донела таканаречената „палеологовска ренесанса" која била препознатлива по сложените архитектонски решенија на храмовите и поголема слобода на уметниците во нивните композиции. Главни карактеристики се раскошните слики, богата палета на бои и повеќе човечка топлина во претставите. Во годините пред и по падот на Константинопол (1453 год.) голем број уметници и учени луѓе, кои биле образовани и воспитани во овој дух, ја напуштиле Византија и отишле во италијанските градови каде што дале силен поттик на развојот на италијанската ренесанса.

Овие три периоди покажуваат дека византиската уметност постојано се менувала, се надградувала и станувала сè побогата и поразвиена.

Балканските средновековни држави – **Србија, Бугарија, Хрватска, Дукља/Зета** и **Албанија** – не биле само пасивни приматели на византиските уметнички модели. Тие ги приспособиле според сопствените културни и политички услови, создавајќи локални школи и стилови. Во нив се создале уникатни ремек-дела кои денес претставуваат културно наследство со европско и светско значење. На тој начин се создавала една уникатна симбиоза меѓу византиската традиција и балканската уметничка креативност.



▲ План на базилика

Византиските храмови и нивното влијание на Балканот


Во византиската архитектура најмногу се издвојува градењето на цркви. Храмовите не биле само места за молитва, туку и симбол на верата, силата и власта на империјата. Низ столетијата Византија развила три главни типови христијански храмови: базиликата, куполната црква и подоцна црквата со вписан крст во квадрат. Секој од овие модели носел сопствена симболика и архитектонска логика – од издолжениот простор на базиликата, преку небесната хармонија на **куполата**, до совршената рамнотежа на крстот во квадрат.



▲ Куполна црква

Базиликата била ранохристијански модел на црква кој имал корени уште во храмовите од античкиот римски период. Византијците го прифатиле овој тип на градба за ранохристијанските византиски цркви. Базиликата била поставена на долг правоаголен план со полукружен простор на крајот. Таа била издолжена, хоризонтална, со нагласен правец кон олтарот кој се наоѓал во полукружниот простор. Најпозната е големата базилика „Св. Петар" во Рим, а на Балканот тоа е базиликата „Св. Софија" во Софија.

Куполната црква претставува византиска иновација во црковната архитектура. Таа е поставена на централен план со голема купола над средината која била симбол на небесна хармонија и духовна врска меѓу небото и земјата. Градбата имала нагласен поглед кон куполата (небото). Византијците не ја измислиле куполата, но тие ја претвориле во централен елемент на христијанската архитектура. Овој стил на градење бил прифатен на Балканот. Најпозната е црквата „Св. Софија" во Константинопол, а на Балканот тоа е манастирот „Грачаница" на Косово со пет куполи.



▲ План на црква - крст во квадрат

Црквите чиј план на градење бил **квадрат со вписан крст** го претставувал најтипичниот византиски модел на храм. Куполата што се наоѓала над центарот ја држеле четири столба. Овој тип на христијанска градба станал најраспространет модел во православниот свет, бидејќи комбинирал функционалност и естетика. Во Византија за претходник на ваквиот тип градби се



▲ Мозаик во Св.Софија Цариград, IX век: Богородица со Христос, Јустинијан и Константин

смета „Св. Виталиј" во Равена. На Балканот меѓу позначајните репрезенти е црквата „Св. Четириесет маченици" во Бугарија, а од подоцнежните најпознат е манастирот „Манасија" во Србија.

Мозаици, фрескоживопис, иконопис, орнаменти и нивни балкански адаптации

Мозаиците претставуваат една од најстарите декоративни уметнички техники познати уште во антиката, а во Византија тие достигнале висок степен на развој. Византиските **мозаици** се изведувале со камчиња и стакло, а некои дури биле позлатени, што им давало блескав и величествен изглед. Тие не биле само украс, туку задолжителен елемент во јавните градби, приватните домови и особено во црквите. Влијанието на оваа уметност се проширило надвор од границите на Византија – на Балканот, во арабиската и османлиската уметност. Најголемата црква во Византија, „Св. Софија" во Константинопол, изградена од царот Јустинијан, била украсена со непроценливи мозаици. Таа била место каде што се крунисувале византиските цареви и симбол на духовната и политичката моќ на државата. Слична убавина имаат и мозаиците во базиликата „Св. Виталиј" во Равена (VI век), чија внатрешност и денес сведочи за мајсторството на византиските уметници.

Со ширењето на христијанството, бројот на верски објекти значително се зголемил. Се граделе големи цркви и манастири, чија внатрешност била украсувана со фрески кои претставуваат живопис на ѕид изведен врз свеж малтер. Во нив биле поставувани бројни икони кои претставуваат канонска претстава на светци, Христос или Богородица, изведени според строго утврдени **правила** – канон. Во VI-VII век почитувањето на иконите се засилило. Но, во наредниот период (од VIII до средината на IX век) дошло до културен застој кога под влијание на религиозно-политичко движење наречено иконоборство, дошло до уништување на илјадници икони, мозаици и фрески. По осудата на иконоборството, повторно се вратило почитувањето на иконите и започнала обнова на црковната уметност, што донело нов подем на духовниот и културниот живот.

Византиската уметност се одликувала и со богата **орнаментика** – декоративни мотиви со геометриски (кругови, квадрати, крстови) и флорални (стилизирани лисја, цветови, лозови гранки) облици, како и со препознатлив стил. Овие украси не биле само декорации, туку им давале препознатлив изглед на секоја црква или манастир и воедно византиската орнаментика ја правеле лесно препознатлива меѓу другите култури. Најпрепознатливи се геометриските мотиви комбинирани со флорални венци околу светите ликови во мозаиците во црквата „Св. Софија" во Константинопол, како и лозовите гранки и цветните мотиви околу ликовите на **владетелот и владетелката** во мозаикот во базиликата „Св. Виталиј" во Равена.



▲ Мозаик во „СВ. Виталиј" Равена, VI век: Јустинијан и неговата свита

Византија била **културен центар** кој силно влијаел врз обликувањето на уметноста на целиот Балкан. Мозаиците, **фреските** и **иконите**

не останале само во границите на империјата, туку станале темел врз кој се развивале уметничките традиции на Србија, Бугарија, Дукља/Зета, во делови од Хрватска и од Албанија. Така, византиската уметност се претворила во **заедничко наследство** коешто ги поврзувало балканските народи во една голема цивилизациска традиција. Политичкиот и стопанскиот подем на балканските земји во развиениот среден век создал основа за процут на материјалната и духовната култура. Под силно византиско влијание, уметноста на Балканот се развивала преку изградба на голем број цркви и манастири. Во нив се развила и богата фрескосликарска уметност и изработка на икони рисувани на дрво и платно.


▲ Бојанска црква

Во Бугарија, по покрстувањето византиската традиција станала темел на нивната црковна уметност. Во престолнините Преслав и Плиска се развила богата орнаментика и **иконопис**. Подоцна, особено познати станале фреските во манастирот „Мрак" (XIV век) со силно византиско влијание. За време на династијата Немањићи во средновековна Србија, византиското влијание станало највидливо. Манастирот „Дечани" на Косово (XIV век) претставува ремек-дело на српското фрескосликарство (**фрескоживопис**). Тематиката на фреските се сцени од Библијата, а техниката во која биле тие изведени јасно упатува на византиски стил со геометриски орнаменти. Во светогорскиот манастир „Хилендар" се зачувани значајни икони, меѓу кои и познатата икона Христос Пантократор. Во приморските градови на Зета, западните влијание во византиската уметност се пренесувани преку мајстори-вајари и фрескоживописци. Црковните фасади биле украсувани со камени релјефи, а внатрешноста со фрески и икони. Пример за ова е украсувањето на фасадата на црквата во Дечани на Косово, каде што вајарите од приморските градови на Зета оставиле свој белег. Во **Далмација**, византиската уметност се мешала со западните влијанија. Црквата „Св. Донат" во Задар (IX век) е еден од најпознатите примери на византиско-романска архитектура, со препознатлива **купола** и фрески со комбинација на византиски геометриски орнаменти и западни елементи. Подоцнежната катедрала „Света Анастасија" во Задар (XII–XIII век) ја покажува комбинацијата на византиски стил и западни елементи. Голем број цркви и манастири во Албанија исто така ја следеле византиската традиција. Најпознати се црквата „Св. Марија" во Појане (дел од комплексот „Аполонија") и црквата „Св. Марија Влахерна" во Берат (XIII век), каде што се зачувани фрески со богата орнаментика и канонски претстави на светци.

Ктиторите и уметничката продукција на Балканот. Локални школи

Уметноста на Балканот не била само декорација, туку и средство изразување на политичка моќ и вера. Владетелите, феудалците и црковните лица кои се јавувале како **ктитори** – донатори и покровители – преку своите дела ја покажувале личната вера, но и државната идеологија. Уметничката продукција станувала средство за легитимирање на власта и за пренесување на духовни пораки кон народот.

Прашање за дискусија

Дали уметноста повеќе служела за побожност или за политичка легитимност?



▲ Манастир Ресава

Во Бугарија, царскиот дворец најпрво во Преслав, а потоа во Трново, бил центар на политичка и културна моќ. Царевите финансирале изградба на манастири и цркви. Во уметноста се развила **Трновската школа** (XIII-XIV век) со свој препознатлив стил. Најпознати примери се Бојанската црква крај Софија и црквата „Св. Четириесет маченици" во Трново, каде што преку претставата на реалистични портрети на фрески се препознава **локална адаптација** на византискиот канон. Бугарските феудалци исто така станувале ктитори, оставајќи зад себе храмови како сведоштво за нивната побожност и политичка амбиција. **Уметноста во** Бугарија не само што ја следела византиската традиција, туку и ја адаптирала, создавајќи сопствен стил што ја нагласувал улогата на владетелот како заштитник на верата и државата.

Во Србија, ктиторството било својствено за династијата на Немањиќ, а особено голем замав достигнало за време на владеењето на кралот Милутин (1282–1321). Тој се смета за најголем српски средновековен ктитор, кој изградил и украсил десетици манастири и цркви. Најпозната меѓу нив е Грачаница, како и неговите покровителски дела во Света Гора. Милутин и неговите наследници не само што финансирале уметнички дела, туку и оставиле завештанија со кои ја нагласувале нивната побожност и желба да се паметат како заштитници на верата. Видни српски феудалци се појавиле како значајни ктитори низ државата. Манастирите како „Студеница", „Дечани" и „Манасија" се вистински споменици на оваа традиција, каде што уметноста е историски извор за идеологијата на **српските владетели** и нивната побожност. Во уметноста се развиле две локални школи: **Рашка школа** (XII-XIII век), со репрезентативниот манастир „Студеница", кој ги комбинирал византискиот канон со романски архитектонски елементи; **Моравска школа** (XIV век) со претставникот манастирот „Манасија" (Ресава), позната по богатата орнаментика и фасади украсени со камени резби. Манастирот „Манасија" од XV век станал центар и на **Ресавската книжевна школа**.

Во Хрватска, особено во Далмација, византиските модели се мешале со романски и готски влијанија. Карактеристики на локалните далматински уметници се уникатна орнаментика со камени резби и богати фасади („Св. Донат" во Задар; Катедралата „Света Анастасија").

Во Албанија покровителството било во рацете на моќните феудални фамилии. Ктиторството на **Балшите**, владетелска фамилија во северна Албанија и делови од Зета, било особено значајно. Тие финансирале изградба и украсување на цркви и манастири, меѓу кои се истакнуваат храмови во Скадар и јадранското приморје. Техниката на изведба ги комбинирала византиските куполи со готски декоративни елементи. Оваа мешавина на православни и католички влијанија создала уникатни локални специфики, каде што орнаментиката и декоративните фасади носеле белег од Далмација. Со своите завештанија и покровителство, Балшите ја зацврстувале политичката позиција и оставале трајно наследство

во уметноста. Меѓу другите албански фамилии се истакнувале **Топиите**. Нејзиниот најзначаен претставник и еден од највлијателните **албански владетели** во XIV век Карло Топија, финансирал изградба и украсување на цркви и манастири од Драч до Охрид. Користењето на повеќе јазици од страна на албанските феудалци (словенски, латински и грчки) засведочени на религиозните објекти сведочи за културната разновидност и за нивната улога како посредници меѓу различни традиции. Локалните албански владетели ја поддржувале уметноста и ја користеле како средство за духовна и политичка легитимација.

Врската меѓу покровителството, политиката, уметничката продукција и локалните школи на Балканот била јасно изразена и силна. Владетелите и феудалците преку своите ктиторски дела ја зацврстувале политичката моќ, ја покажувале побожноста и оставале трајно културно наследство. Локалните школи на Балканот сведочат за тоа како византиската традиција се адаптирала и се развивала во различни средини, создавајќи богат и разновиден културен мозаик кај балканските народи.

Провери го научената

1. Кои се основните облици на византиската уметност?
2. Кои се трите типови христијански храмови во Византија и по што се разликуваат?
3. Каква врската меѓу ктиторството, политиката и уметноста?
4. Зошто уметничките дела се историски извори?

8. Манастири, скрипториуми и писменост

Кутмичевица и Преслав

Во **раниот феудализам писменоста** и **образованието** сред балканските народи биле мошне слабо развиени. Постепено ширење се бележи дури по нивното прифаќање на христијанството. Оттогаш започнале засилено да се обновуваат старите и да се градат нови цркви и **манастири**. Тие станале силни религиозни центри, но истовремено во нив се развивала и **писменоста**. Истовремено, писменоста започнала да станува клучен инструмент за ширење на христијанството и културата кај народите на Балканот. Балканскиот простор бил место каде што писменоста, образованието и културата се распространувале преку византиското, глаголичното, кириличното и латиничното писмо. Најдоминантни во овој период станале **глаголицата** и **кирилицата**.

Глаголицата, создадена од Кирил и Методиј, била првото писмо на Словените, симбол на нивната духовна автономија и културна зрелост. Со глаголицата се преведувале првите библиски текстови на словенски јазик, а со доаѓањето на нивните ученици на Балканот, се ширела христијанската вера на словенски јазик и писмо кај балканските народи. Употребата на глаголицата била претпочитана во **Кутмичевица** и Охридско. Кирилицата, како поедноставна за пишување, станала главно писмо на словенските народи. Таа била носител на словенските богослужбени книги и **хроники**, и претставувала мост меѓу византиската култура и локалните словенски традиции, со што се зацврстила духовната и културната интеграција.

Во раниот среден век на Балканот се издвоиле два духовни и културно-просветни центри каде што доминирале овие писма - најпрво **Кутмичевица**, а потоа и **Преслав**. Во нив се продолжила Кирилометодиевата традиција, се појавило новото писмо кирилица, се развивала словенската книжевност, се препишувале книги и се создавале нови дела. Тие биле средишта од каде што се ширела **писменоста** меѓу словенските народи. Преку нив, византиската културна традиција се слевала во словенската култура која се зацврстувала како самостојна словенска традиција.

Особено значајна е **Кутмичевица**, културниот и духовен центар во југозападна Македонија и делови од Албанија. Во овој регион дејствувале и твореле Кирилометодиевите ученици Климент и Наум (IX-X век). Токму таму се развила Охридската книжевна школа, која станала еден од најважните центри за ширење на словенската **писменост**. **Кутмичевица** не била само област каде се препишувале книги, главно на глаголица, туку во нејзините цркви и манастири се образувале идни свештеници и писари на словенски јазик. Со тоа се востановувала словенската просветна дејност на Балканот и се обезбедувала континуирана културна интеграција меѓу словенските и албанските заедници во регионот. **Преслав** бил другиот центар каде што се развивала словенската **просвета** и книжевност. Тој бил

Дали знаеш дека...

Супрасалскиот Кодекс е еден од најобемните старословенски ракописи напишан на кирилица во крајот на X - почеток на XI век. Тој е еден од најстарите кирилични ракописи. Наречен е според местото каде што е пронајден во XIX век - во Супрасалскиот манастир во Полска. Текстот во него има јасни јужнословенски (македонски) карактеристики што претставува сведоштво за негово балканско потекло.

државно поддржувано културно средиште. Царот Симеон градел цркви и манастири, а неговите наследници штедро го помагале развитокот на словенската писменост и култура. Во **Преслав** се издигнала културата, **уметноста** и книжевноста. Во престолнината се развила Преславската книжевна школа во чии рамки твореле значајни дејци. Меѓу нив предничел Јован Егзарх (IX-X век) кој преку неговите дела ја трансформирал византиската ученост во словенски културен контекст. Преславската книжевна школа ја фаворизирала кирилицата како писмо за создавање на словенска книжнина. Нејзината дејност била најинтензивна во X век.

Глаголицата и кирилицата како писма за создавање на словенската книжнина далеку ги надминале границите на **Кутмичевица** и **Преслав** уште во текот на раниот среден век. Во текот на развиениот среден век кирилицата станала доминанта сред словенските народи на Балканот, а се проширила и далеку надвор од полуостровот. Глаголицата особено се проширила во делови од Хрватска, особено во Далмација и на островите. Хрватска била уникатна по тоа што католичките манастири ја интегрирале **латиницата**, но истовремено ја зачувале глаголицата. Башчанската плоча (XI век) и Винодолскиот законик (1288 год.) се егземплари за глаголски записи создадени во католички средини. Кирилицата зела замав во Србија и Дукља, а била присутна и во делови од Албанија. Во Србија, во манастирите во Рашка и соседството се создавале првите кирилски **ракописи**, како што е Мирославовото евангелие (крај на XII век), а во Дукља манастирите во приморските области создавале богослужбени книги на кирилица, кои ја поврзувале локалната култура со византиската традиција. Во делови од Албанија, под влијание на духовно-просветното средиште **Кутмичевица** и на Охридската книжевна школа, се користеле и глаголицата и кирилицата.

Манастири – центри на образованието и просветата

Со развојот на **феудализмот** се засилила градбата на црковно-религиозни градби. Балканот се претворил во мрежа од цркви и манастири, чија градба не била само архитектонски подвиг. Тие станале силни религиозни средишта и воедно симбол на моќ на овој период. Манастирите како **духовни центри** и богати феудални господари со огромно влијание врз економијата и политиката прераснале во значајни културни центри. Во нив се отворале **училишта**, се развивала **писменоста**, се создавале ракописи и се ширеле нови идеи. Нивната улога била двојна: да ја практикуваат и пренесуваат верата, но и да ја обликуваат политичката и економската реалност и култура.

Манастирите биле основни институции за ширење на образованието и **просветата**. Образованието било ограничено на мал круг луѓе. Тоа било привилегија на дел од свештениците и на богатите слоеви. Со тоа и во оваа сфера на живеење била нагласена социјалната нееднаквост на луѓето во феудалното општество.

Во манастирите се учело читање, пишување, преведување и толкување на светите книги. Таму се подучувале младите и се создавал



▲ Манастирот Морача во Дукља/Зета



▲ Манастирот Звернец (Валона)

свештеничкиот образован подмладок кој требало да го продолжи манастирското братство и манастирската традиција. Манастирите имале библиотеки каде што се чувале постојните книги и документи. Тие најпрво на Балканот ја пренесувале византиската културна традиција, а во делови од Хрватска, дукљанско/зетското и албанското приморје послужиле за пренесување на западноевропската латинска традиција. Византиската културна традиција ја преведувале со словенските писма глаголица и кирилица со што ја адаптирале на словенските јазици. На тој начин започнале да ја зајакнуваат културната самобитност на балканските народи.

Меѓу најпознатите манастири на Балканот со најплодна дејност се вбројуваат: Килифаревскиот и Бачковскиот манастир во Бугарија; манастирите Студеница и Манасија во Србија; манастирот Морача во Дукља/Зета; манастирот во Сењ, бенедиктинските манастири и глаголските **скриптории** во Хрватска; манастирите во Берат, Корча и Валона (Звернец).

Скрипториумите – работилници за ракописи и украсување

Поголемите манастири имале **скрипториуми** каде што се препишувале книгите со цел да се создадат повеќе примероци, но се создавале и нови дела пред сѐ со црковна тематика и за литургиска намена. Скрипториумите биле посебни простории каде што монаси-**препишувачи** со голема волја, дисциплина и посветеност работеле на ракописите. Во овие работилници **препишувачите** работеле во тешки услови со малку осветлување добиено од свеќи. Како материјал за пишување на ракописите се користел **пергаментот**. Во зависност од кожата на домашното животно (најчесто коза, овца, јагне) од кое бил изработен пергаментот, тој го добивал својот назив и цена. Најскапите пергаменти биле изработени од кожата на штотуку родените или на младите животни. Вака добиениот материјал за пишување бил мошне скап, па затоа секоја страница била драгоцена. Се пишувало на внатрешната страна на обработената животинска кожа, а како средство за пишување се користеле мастило од саѓ и перо од птици, најчесто од гуска. Секоја страница се врзувала со специјален повез и на крајот сите ги ставале во корица. Процесот бил бавен бидејќи секоја страница се препишувала рачно. Затоа бројот на ракописи бил мал. Секој примерок бил скап и тешко достапен надвор од кругот на манастирите и богатите феудалци.



▲ Минхенски Псалтир

Некои од ракописите добивале и **декорации** (**илуминации**). Истовремено со препишувањето на текстот или при создавањето на нов ракопис се изведувале одредени декорации како што биле **минијатурата**, иницијалот и украсни рамки. На тој начин ракописите „се осветлувале" (се илуминирале). Минијатурата претставувала сосема мала слика или илустрација која се цртала на некои од страниците на ракописот во одредени бои, најчесто сина, зелена и црвена. Освен уметничка вредност, минијатурите имале и духовна функција и симболика претставена преку религиозни сцени и

портрети на светци. Иницијалот претставувал голема буква која можела да биде вметната на почетокот од некое поглавје или пак потенцирање на некои букви во самиот текст напишани со одредена боја, па дури во некои случаи и со злато. Неговата симболичка функција била да го привлече вниманието на читателот. Некои текстови биле обрабени со украсни рамки кои честопати биле со црвена боја. Исто така биле користени сите три елементи за украсување на ракописите или пак комбинација од нив. Декорирањето на текстовите дополнително го зголемувало времето потребно за изработка на еден ракопис и ја зголемувало неговата цена. Употребата на **декорациите** во текстовите служела за нивно украсување со што ракописот станувал визуелно привлечен. Така, ракописот бил не само книга за читање, туку и уметничко дело што ја пренесувало духовната порака преку визуелна претстава. Дополнително украсена можела да биде и корицата на ракописот. Таа можела да биде направена од дрвена подлога обложена со поцврста животинска кожа, но исто така и од обработен бакар или некоја легура. Најскапите корици можеле да бидат обрабени со слонова коска или со златни триаголни краеви и да содржат текст напишан со златни или сребрени букви. Тоа уште повеќе ја покачувало цената на чинење на ракописот.



▲ Томчов псалтир

Присуството на декорациите (илуминации) во ракописите го претставувало врвот на **средновековната уметност**. Но тие не биле само **украси**. Нивната духовна функција била да го возвишат текстот и да го претстават како свето дело. Тие, исто така, биле и средство за културна идентификација, но и интеграција. Стиловите на декорирање се создавале и добивале свои специфики во одредени земји со што ја истакнувале нивната посебност. Истовремено, со нивно пренесување и прифаќање во други балкански земји тие создавале заеднички **визуелен јазик** на Балканот во даден период.

Ваквите декорирани ракописи вообичаено биле порачувани од владетелите и крупните феудалци со нивните сопруги. Тие не биле наменети за секојдневна црковна литургија туку за лична побожност и подука сред тогашната благородничка средина. Во Србија во епохата на династијата Немањиќ кај украсувањето на ракописите преовладуваат скромни почетоци на примена на иницијали и знаменца. Богато украсени ракописи се вистинска реткост. Вистински подем во примена на богати декорации во ракописите се случил од крајот на XIV век. Меѓу познатите украсени ракописи од тој период се издвојуваат Силуаново четвороевангелие (крај на XIV век) и т.н. Минхенски псалтир, кој со своите 160 минијатури и обилна употреба на златна боја е вистинска реткост и најобемна илустрирана книга во тогашна Србија. Во Бугарија декорацијата на ракописите доживеала виден развој во средината на XIV век. Предничела употребата на минијатури и иницијали. Меѓу најпознатите декорирани текстови од овој период се вбројуваат минијатурите во Манасиевата **хроника**, минијатурите во Томчовиот псалтир, а посебно се одделуваат 366 минијатури во т.н. Лондонско евангелие.



▲ Првата страница од Евангелието на Марко од 10-11 век, Кодексот Зографенсис, пронајдена во манастирот Зограф

Во средниот век, Хрватска била уникатна по тоа што паралелно се користеле три писма – глаголица, кирилица (босанчица) и латиница. Глаголицата имала посебно место во католичката литургија и била најраспространета на јадранските острови и во северна Далмација. Кирилицата се користела во Далмација и Херцеговина под влијание на православната и босанската традиција, додека латиницата била доминантна во катедралите и училишните средишта, поврзувајќи ја Хрватска со западноевропската култура. Сочувани се неколку исклучителни декорирани ракописи и збирки кои потекнуваат од развиениот среден век. Најпознати меѓу нив се: Задарскиот мисл (крај на XIV век) и Загрепскиот мисл (XIV век).

И во Албанија во средниот век имало паралелна употреба на три писма. Таму латиничното писмо се користело во католичките средини, особено во северна Албанија и во врска со Венеција, каде што се создавале богато илуминирани литургиски книги. Византиското **грчко писмо** било доминантно во православните манастири и цркви, особено на југот, каде што се препишувале богослужбени книги. Кириличното писмо се користело во одредени региони и документи и било под влијание на словенските традиции. Ваквата употреба на различни писма во Албанија ја покажува мешавината на култури и верски влијанија во земјата.

Видните балкански световни и црковни благородници неретко поračувале декоративни ракописи со византиско грчко писмо. Меѓу нив посебно се издвојува богатата збирка од Берат, Албанија, во која има луксузно декорирани византиски ракописи пишувани на пурпурен **пергамент** со златни и сребрени букви. Во развиениот среден век, во северните делови на Албанија, во православните монашки средини се сретнуваат скромно илуминирани текстови напишани со кирилица, најчесто псалтири и литургиски книги. Во албанските приморски градови се сретнуваат латински илуминирани ракописи кои настанале во католичките центри во Албанија или пак биле донесени од западот.

Веродостојноста и пристрасноста кај средновековните текстови

Двата најчести книжевни жанра во средновековието биле **житијата** и хрониките. Житијата се духовно-религиозни текстови со возвишен стил кои ги опишувале животот и чудата на духовните личности и на светците, претставувајќи ги како пример за верниците. Житијата буквално значат животопис и според нивната структура се состоеле од опис на раѓање, подвизи, чуда, страдања, смрт и прославување на светецот. Публиката за духовните текстови била верниците. Овој духовен книжевен жанр имал за цел духовна поука за да се зајакне верата на паствата и да инспирира богоугодно однесување на верниците. Авторите на овие текстови биле пристрасни. Во житијата се идеализирале личноста и постапките на светците, претставувајќи ги како совршени примери. Притоа, често пати ну деле фантастични случувања како и настани кои во реалноста не се одиграле. Но, и покрај тоа, овие текстови претставуваат драгоцен историски извор,

бидејќи даваат увид во духот и вредностите на времето. Нивното користење бара исклучителна внимателност со цел да се оддели веродостојното од невистинитото и пристрасното од објективното.

Меѓу најзначаните житија кај балканските народи се: „Житието на Иван Рилски" (X век) во Бугарија кое го опишува животот на најголемиот бугарски пустиножител, кој станал симбол на духовноста; „Житието на Свети Јован Владимир" (XI век), го претставуваат дукљанскиот владетел како маченик и духовен пример; „Житието на Свети Сава" напишано од Доментијан (XIII век) кое го претставува Свети Сава како духовен водач и основач на Српската православна црква; „Житието на Свети Јероним" (XIII-XV век), кој бил особено почитуван во Далмација; во католичките манастири во Хрватска се пишувале житија на западни светци, често на латински, а во Албанија биле почитувани житија од византиската, словенската и латинската традиција.

Хроники биле пошироки историски раскази кои често ја опфаќаат историјата од создавањето на светот до современоста на авторот. Тие ги запишуваат историски настани подредувајќи ги по хронолошки ред. Хронолошкиот принцип во нив претпоставува дека настаните најчесто се набележани по години. Тие нуделе информации за владетели, за битки и за значајни политички и религиозни случувања, дадени во историски наратив. Овој световен книжевен жанр имал историска, информативна, па и забавна функција. Публиката за световните текстови била владетелите и образованите луѓе. Според структурата хрониките се наративи на раскажувачот кој го претставува своето знаење за настаните и гледиште на случувањата. Во хрониките неретко имало комбинирање на факти за историски настани и авторска интерпретација на истите. Авторите често пати биле учени монаси и свештеници па во хрониките биле претставувани религиозни перспективи. Нагласувана била божјата интерпретација при која победите биле заслуга, а поразите казна. Во нив било присутно легитимирањето на власта на актуелните владетели, а неретко служеле и за политичка пропаганда и обликување колективната свест и културниот идентитет на одреден народ. Иако биле субјективни, хрониките се клучен извор за одредени настани и личности, како и за разбирање на политичките и духовните процеси во даден период.

Меѓу најзначаните хроники кај балканските народи се: „Летописот на Поп Дукљанин" (XII век) претставува **хроника** која ја бележи историјата на зетските и други балкански владетели; „Животите на српските кралеви и архиепископи" (XIV век) каде што се опишани политичките и црковни настаните во српската држава и црква во време на династијата Немањиќ; „Хрониката на Тома Архиѓакон" (XIII век) од Сплит е најзначајна хрватска хроника, која опишува историја на Далмација и односи со Унгарија и Венеција; Анонимната бугарска хроника каде се опфатени настани за Бугарија и Балканот во периодот 1296-1417 година (XV век); Хрониките од католичките бискупии во Скадар и Драч кои ги бележеле локалните настани и односи со папската држава и соседните словенски земји.

Провери го научено

1. Кои биле културните придонеси на Кутмичевица и Преслав?
2. Како мрежата на манастири влијаела врз културната интеграција?
3. Што претставува скрипториум и каква била неговата функција?
4. Споредби ги духовните и световните жанрови според нивната цел и публика.
5. Објасни ја пристрасноста во хрониките и житијата.

9. Народни епски традиции, обликување на фолклорот и средновековна книжевна продукција

Книжевната продукција – житија, летописи, апокрифи

Балканските земји Бугарија, Србија, Зета, Хрватска и Албанија во средниот век биле дел од поширокатa словенска, византиска и латинска културна сфера. Сепак, тие развивале сопствени книжевни традиции. Книжевната продукција во овие земји се изразувала преку различни жанрови, јазици и специфични традиции. Пишаните жанрови - **летописи**, хроники, **житија** и **апокрифи** ја обезбедувале трајноста и институционалната легитимност на **културата** додека усните епски песни и преданија ја одржувале жива меморијата на средновековните луѓе. На тој начин преку синтеза на пишаната и усна традиција се обликувала културната самобитност на секоја од балканските земји.

Книжевната продукција на Балканот се изразувала преку различни јазици и традиции. Балканот во средниот век бил културно разновиден. Главен **книжевен јазик** кај православните држави Србија, Бугарија, Дукља/Зета бил старословенскиот (црковнословенскиот). Во католичките средини во Хрватска и делови од Албанија доминантен бил латинскиот книжевен јазик, додека во Албанија бил присутен и византискиот-грчки јазик бидејќи албанскиот народен јазик дури во ренесансата станал книжевен. Хрватска, притоа, претставува драгоцен пример каде што во некои нејзини делови - Далмација и островите, старословенскиот бил прифатен и во католичка средина, преку глаголицата. Дукља/Зета била под силно влијание на српската **книжевност**, но во приморјето имало значајно латинско влијание од Дубровник и Венеција. Ваквата шареноликост покажува дека книжевниот јазик во средниот век на Балканот не бил само средство за писменост и творење, туку и рефлексија на политичките и верските влијанија врз секоја од земјите.

Силни двигатели на образованието и културата биле средновековните балкански културни центри. Преку нив се ширела писменоста, се создавал идентитет и се зајакнувала духовната и културната посебност на народите. Во раниот среден век **Кутмичевица** и **Преслав** биле клучни **центри за развој на словенската писменост и книжевен јазик**. Во развиениот среден век се појавиле повеќе значајни просветни центри лоцирани главно во манастирите. Нивната **книжевна продукција** влијаела врз културниот идентитет на секоја од земјите на Балканот. Во нив се создавале голем број книжевни дела и воедно била пренесувана писменоста и традиција на идните генерации. Подемот на книжевноста во овој период во Србија и Бугарија е неразделно сврзан со инволвирање на



▲ Манастир Хилендар

нивните владетели, но и крупни феудални господари преку нивна голема финансиска поддршка.


▲ Царот Иван Александар

Во Србија, во сферата на книжевноста засилен развој се бележи во време на кралот Милутин кога било видливо силно византиско влијание. Поттикнати од светогорскиот српски манастир „Хилендар", во српската книжевност започнала засилена преведувачка активност на византиски текстови, но и создавање нови жанрови. Типични претставници се хилендарскиот книжевник Теодосиј (XIV век) и архиепископот Данило II (XIV век), кои напишале голем број значајни црковни служби и житија, кои послужиле како пример и мотив за творење на следните генерации книжевници во Србија. Нова епоха во книжевноста се случила по Косовската битка и соочувањето на Србија со османлиската опасност (крај на XIV - прва половина на XV век). Во тој временски период се појавил **мартириумот** поврзан со Косовската битка. Се појавиле многубројни **пофални слова**, житија, историски слова поврзани со култот кон кнезот Лазар. Но, исто така се појавиле и првите српски родослови (генеалошки стебла). Летописите добиле на интензитет и бројност, а биле засилени со бројни преведени византиски летописи и нивни дополненија. Во првата половина на XV век српската книжевност нараснувала со забрзано темпо, а српските деспоти ги изградиле и поседувале најголемите **библиотеки** на Балканот.

Во Бугарија во сферата на книжевноста предничела Трновската книжевна школа. Под нејзино влијание се создале повеќе значајни книжевни дела како што се Ловечки зборник - создаден во градот Ловеч, Псалтир-Песнивец во чест на царот Иван Александар, како и богослужбени зборници. По своето значење потоа следува Видинска книжевна школа, како и книжевниот центар во Земенскиот манастир.

Со оглед дека црквата била главен носител на средновековната книжевност, најпосакувани книжевни дела биле житијата. Тие биле најраспространетиот книжевен жанр на Балканот. Житијата биле пишувани во манастирите и, освен црквата, нивни чести нарачатели биле владетелите. На тој начин, во овие духовно-религиозни текстови, освен опишување на животот и чудата на духовните личности и на светците, се запишувале и реални историски податоци. Но, тие податоци често биле селективни и идеализирани во насока на зацврстување на авторитет на владетелот и неговата династија преку духовен легитимитет. Така, житијата станале важен извор за политичката историја, за културниот и религиозниот амбиент, како и за општествените вредности и идеали во дадено време. Сепак, нивните податоци задолжително треба да се проверуваат и споредуваат со други историски извори за да се потврди веродостојноста на податоците.

Летописите се драгоцени средновековни историски извори. Тие во балканските земји се појавилеуште во XI-XII век под византиско влијание. Служеле за хронолошко запишување на минатото. Во

почетокот се создавале во манастирите и често комбинирале политички и црковни настани. Летописите претставуваат записи набележани по години. Нивното наименување доаѓа од старословенскиот збор „лето" со значење година. Летописите се разликуваат од хрониките. Летописите речиси секогаш се врзани за конкретна година додека хрониките можат да опфатат поширок историски тек и често заедно со политичките настани комбинираат легенди, па дури и библиски стории. Летописите имаа различна функција од житијата. За разлика од житијата кои идеализираат одредена духовна или световна личност, летописите документираат политички, црковни, па и природни настани. Нивната цел е зачувување на сознанието за тие настани.

Во Бугарија во оваа категорија може да се вбројат и дополненијата на постојните зборници и хроники во XIV век, како што се дополненијата на Бориловиот синодик и дополненијата на Манасиевата хроника. Во Србија постоеле манастирски летописи кои го бележеле владеењето на династијата Немањиќ (XII-XIV век), а мошне значаен центар бил манастирот Дечани. Во Хрватска летописната традиција главно е на латински, а има и италијанско влијание. Значајни се „Дубровничките летописи" (Annales Ragusini), кои бележат настани во периодот од XIII век до средината на XV век.

Апокрифите на Балканот се дел од поширокатa христијанска традиција. Нивното наименување потекнува од грчки збор „апокриф" со значење скриен/таен. Балканските апокрифи имале корени во ранохристијанската литература од Блискиот Исток и Медитеранот. Во почетокот потекнувале од постарите грчки и латински апокрифи кои биле преведувани и приспособени на словенски јазик. Апокрифите се текстови поврзани со библиски содржини кои не се прифатени во канонската Библија. Официјалната црква ги сметала за сомнителни и небезбедни за верата, па затоа останале скриени/тајни и неупотребувани во официјалната богослужба. Тие нуделе мистични стории за создавањето на светот, за задгробниот живот - рајот и пеколот, за чудата на апостолите и светците, за Богородица. Исто така разработувале прашања од секојдневниот живот на пониските социјални слоеви, како што е живот на село и стопанскиот живот. Пишувачите на апокрифити најчесто останале анонимни. Стилот на презентирање во нив бил жив и впечатлив, со фантастични елементи и легенди претставени на едноставен начин со народни објаснувања. Во средниот век апокрифите станале мошне популарни меѓу балканските луѓе од пониските слоеви. Апокрифите се делат како и библиските книги на старозаветни и новозаветни, а постоеле и евангелија, посланија, откровенија. За разлика од житијата кои се духовни и морални примери, летописите кои се црковно-политички документарни записи по години, апокрифите биле повеќе мистични и народни анонимни текстови. Од бројните **апокрифни текстови** кои биле распространети низ Балканот по својата популарност се издвоиле старозаветниот апокриф „Слово за Адам и Ева" и новозаветниот апокриф „Детство Исусово".



▲ Манастирот Дечани

Одделни апокрифни текстови и дела се здобиле со популарност кај конкретните балкански народи. Меѓу најстарите бил „Бугарскиот апокрифен летопис" (XI век) кој бил уникатен текст каде што библиските мотиви се испреплетени со локална историја и митологија, создавајќи слика за минатото на бугарските поданици. Сочуван е голем број старословенски преписи на апокрифни текстови кои главно биле преводи од грчки апокрифни текстови. Во Србија најстариот зборник со апокрифни текстови е „Зборникот на попот Драгољ" (крај на XIII век), а во Бугарија тоа бил т.н. „Миханичов зборник" (XIV век). Во Хрватска апокрифни текстови се ширеле преку глаголска традиција, а биле преведувани од латински. Во Албанија апокрифите се ширеле преку византиска, но и латинската традиција, а биле преведени од грчки и латински текстови.

Сите три книжевни жанра - житија, летописи, апокрифи биле популарни и посакувани во средниот век. Секој на свој начин, со свој стил, намена и цел, го нотирале историското сеќавање. Тие го граделе идентитетот на средновековните народи одделно и го поткрепувале легитимитетот на тамошната власт, владетелот и династијата. Но, истовремено, тие заедно ја обликуваат културната слика на средновековниот Балкан, каде што историјата, верата и легендата се преплетувале во единствено духовно-историско пишано наследство.

Обликување на фолклорот - епска песна, предание, гуслари

Средниот век е време кога културата и книжевноста се вообличувале преку тесна врска меѓу пишаните текстови и усните **народни традиции**. За разлика од пишаните текстови, усната традиција била непостојана, променлива и зависна од раскажувачот и изведувачот, но била мошне блиска до народот. Усната традиција ја одржувала културата во секојдневниот живот. Усните народни традиции изразени во балканскиот фолклор се обликувале преку епската традиција и историската меморија. Епската традиција ја претворала историјата во **усно предание** и песна, и така ја пренесувала како жива меморија меѓу народот.


▲ Народните пејачи - гуслари

Епската песна е основен жанр на народната традиција. Таа се пренесувала како усно предание преку народните песни, раскажувања на легенди за јунаци, како и преку **гуслари** од една генерација на следната генерација. Епските песни опишувале јунаци, нивните подвизи и борби, и служеле како средство за зачувување на колективната меморија во време кога писменоста била намалена или ограничена. Централна фигура бил народен **јунак** кој ги претставувал идеалите на заедницата. Неговиот мотив најчесто била борба за слобода или заштита на обесправените и угнетените. Тој се одликувал со храброст што се граничи со херојство и со непоколеблива лојалност кон заедницата. На тој начин **епските песни** ја исполнувале својата функција за

Дали знаеш дека...

Традицијата на гусларско пеење е жива и денес. Таа е признаена како нематеријално културно наследство на УНЕСКО во 2018 година како дел од културното наследство на Црна Гора, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина.



▲ Гусли

Прашања за дискусија

Дали усната традиција е посилна во создавањето на идентитетот од пишаната?

хомогенизација на заедницата преку пренесување на високи вредности како што се родољубие, храброст и чесност.

Народните пејачи - гуслари со помош на музичкиот инструмент **гусла** ги изведувале песните. Изведувале епски песни за јунаци, владетели, битки и историски настани. Најпопуларни биле во Зета, Херцеговина, делови од Србија и Далмација. Гусларите преку народни песни ја пренесувале историјата и митологијата на народот. Тие претставувале усни хроничари на средновековните настани. Најголем дел од овие песни не биле запишувани во средновековието, туку се пренесувале усно низ вековите сè до нивното формално запишување. Во Зета и Херцеговина гусларската традиција била особено силна. Таму гусларите биле и чувари на племенската историја. Овие региони се познати по тоа што гуслите биле составен дел од секојдневниот живот – на свадби, собири и воднички логори.

Централно јадро во српската **епска традиција** е косовски **епски циклус**. Тој претставува збирка народни епски песни што ја опеваат Косовската битка (1389), како и настаните, личностите и последиците поврзани со неа. Косовскиот епски корпус е проткаен со мотиви на херојство, жртва и предавство, и има огромно културно и идентитетско значење. Овој корпус е испеан од народните пејачи-гусларите кои изведувале епски песни и за Немањиќи и други средновековни личности и теми. Меѓу попознатите песни се: „Обилиќ го убива царот Мурат", „Кнежева вечера" и „Пропаста на српското царство".

Во Бугарија од народното фолклорно творештво зачувани се многубројни историски песни и легенди. Предничеле оние за последната династија од Второто Бугарско Царство (Шишмановци). Во нив централна фигура е личноста на царот Иван Шишман и неговите бројни обиди да се спротивстави на Османлиите и османлиското заземање на Бугарија во крајот на XIV век. Песните и легендите за цар Иван Шишман ја претставуваат бугарската верзија на „национален епски циклус", слично на косовскиот кај Србите. Тие ја одржуваат меморијата за падот на царството и создаваат митска фигура што ја симболизира борбата против завладувачот и жртвата на народот.

Во Албанија, Ѓерѓ Кастриот Скендербег станал симбол на отпорот против османлиската власт и влегол во народната меморија како јунак кој ги брани Албанците и нивната слобода. Неговата фигура не е само историска, туку и културна: преку епски песни, усни преданија и хроники, Скендербег се претворил во митски лик кој ја обликувал националната свест на Албанците, но и пошироко на Балканот. Личноста на Скендербег послужила за пренесување на историјата и идентитетот преку усната поезија, но и за зајакнување на културната самобитност на Албанците. Албанската епска традиција за Скендербег е дел од циклусот наречен „Песни за јунаци", а историскиот дел што го опева неговиот живот и борбите против Османлиите се познати како „**Циклус**

за Скендербег". Тоа е најважниот историски епски циклус во албанската усна поезија. Скендербег е централна фигура во албанските епски песни, каде што се опишува како непобедлив воин кој со мала војска се спротивставува на огромната османлиска армија (XV век).

Албанскиот епски циклус е опеан и преку **лахутарите**. Лахутарите се албански гуслари кои ја пренесувале историјата на племињата и битките, со инструментот лахута кој е многу сличен на гуслите. Нивните изведби придонеле за зацврстување на идентитетот на заедницата.

Уметничкото творештво кај Албанците било присутно преку песните, расказите и усните преданија, кои како дел од албанското народно творештво биле сочувани во подоцнежни зборници. Сред феудалните челници било присутно влијание од византиската и италијанската култура, со примеси од словенската. Тоа е видливо кај канцеларииte на албанските благородници во XIV и XV век, кои издавале повелби и писма на византиски-грчки, латински и словенски јазик. Во приморските градови било силно западното влијание олицетворено преку прифаќање на западната традиција за употреба на грбови. Грбовите се проширile и кај феудалните албански семејства. Центри на образование во Албанија биле манастирите и црквите, а меѓу позначајните биле „Св. Јован" близу Елбасан, „Св. Никола" во Леш, како и манастирите во околината на Скадарско Езеро. Од нив произлегле учени свештеници, просветни дејци и уметници кои стекнале слава и надвор од Албанија. Најпознати меѓу нив биле наставникот Теодор од Дриваст, сликарот Јован од Драч и Јован Муазки, кој во Италија ја напишал историјата и генеалогијата на албанските феудалци семејства (по 1514 г.).

Во текот на развиениот среден век, на Балканот се создала мрежа на епски преданија кои ја обликувале народната свест и идентитет. Секој народ преку своите јунаци ја изразувал сопствената посебност и историја со што заедницата добивала легитимност и чувство на припадност.

Средновековната книжевна продукција и народните епски традиции претставувале столбови на средновековниот културен развој кај балканските народи. Пишаните текстови и усните преданија заедно ја обликувале културата, ја зајакнувале хомогеноста на заедницата и ја пренесувале историјата на следните поколенија. Летописите, житијата и апокрифите, како и епските песни биле книжевни достигнувања, но воедно и средства за градење на идентитет и легитимност. Со тоа средновековниот период на Балканот бил време кога културата се обликувала преку блиските корелации меѓу писменоста, зборот и песната, и колективното помнење.



▲ Св. Јован близу Елбасан

Провери го наученото

1. Кои се основните жанрови на средновековната книжевност?
2. Како се разликува пишаната од усната традиција?
3. Што претставуваат апокрифите и зошто се важни?
4. Каква била улогата на летописите и житијата?
5. Како се развивала културата во средновековна Арберија?
6. На кој начин текстовите градат идентитет и легитимност?



ИСТОРИЈА ТЕМА 3

БАЛКАНОТ ВО НОВИОТ ВЕК

1. Османлиската империја на Балканот: Администрација и провинциски структури
2. Подем на националните движења и востанија и основање на балканските држави (Бугарија, Грција, Србија). Албанската преродба и Призренската лига
3. Модерните балкански држави и Балканските војни (1878–1913)
4. Демографски промени, миграции и мозаикот од религии и вероисповеди
5. Модернизација на градскиот живот, економски реформи и општествена подвижност на Балканот
6. Образование, печат и јавната сфера во XIX век
7. Културниот живот на османлискиот Балкан
8. Романтизмот и националните културни програми
9. Раните научни, книжевни и уметнички институции во новите држави



Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- да го опише османлискиот управно-административен систем на Балканот и да го поврзе со секојдневниот живот и локалните заедници.
- да ги објасни причините за поделот на националните движења и востанијата и да ги анализира нивните последици во 18–19 век.
- да го објасни процесот на создавање современи држави на Балканот и улогата на големите сили, договорите и дипломатските признавања.
- да ги анализира демографските промени и миграциите и да ги поврзуе со економски, политички и верски фактори.
- да ги опише процесите на модернизација (урбанизација, инфраструктура, реформи, индустрија/занаетчиство) и нивното влијание врз општествената подвижност.
- да го опише развојот на образованието, печатот и културните програми (романтизам, јазична кодификација, институции) и да ги поврзе со формирањето на модерните идентитети.

1. Османлиската империја на Балканот: Администрација и провинциски структури

Во текот на XIV и XV век, Османлиите постепено ја проширувале својата власт на Балканот, вешто користејќи ги политичките поделби и слабости на средновековните држави во регионот. Еден од пресудните настани била **Битката на Косово во 1389 година**, по која нивното напредување значително се засилило. Со **падот на Константинопол во 1453 година**, империјата се утврдила како една од најмоќните сили во тоа време, а поранешната византиска престолнина станала османлиски главен политички, воен и економски центар. Во следните децении, најголемиот дел од Балканот влегол во нејзиниот состав.

Османлиската држава била исламска монархија во која важна улога имало исламското право – **шеријатот**. Тој се темелел на **Куранот** и на **Суната**, односно преданијата за пророкот Мухамед, а го толкувале улемите – образувани верски авторитети. Сепак, само со верски закони не можело да се управува со толку голема и комплексна држава. Затоа султаните носеле и дополнителни закони познати како **кануни**. Тие биле приспособени на потребите на државата и често ги земале предвид локалните обичаи. Така, во Османлиската Империја истовремено функционирале верски и државни закони, што овозможувало поефикасно управување со различни народи и области.

Дали знаеш дека...

Во Османлиската Империја долго време не постоело строго правило според кое престолот го наследува најстариот син. Право на владеење имал секој возрасен машки член на династијата, што често доведувало до судири и борби меѓу браќата. За да се спречи нестабилност, султанот Мехмед II дозволил новиот владетел да ги отстрани своите ривали. Подоцна, дел од принцовите биле чувани во посебен дел од дворецот, познат како „кафес", каде што живееле изолирано од политичкиот живот. Со текот на времето се воспоставил појасен редослед на наследување, што придонело за поголема стабилност, иако не секогаш најспособниот кандидат станувал султан.

Централната власт

На врвот на државата стоел султанот – врховен владетел, главен воен заповедник и носител на највисоката власт. Воедно, тој се сметал за заштитник на исламот и симбол на единството на државата. По освојувањето на **Мека** и **Медина**, султаните ја носеле и титулата **калиф**, со што дополнително го нагласувале своето верско значење. Сепак, управувањето со огромната империја не зависело само од една личност, туку од развиен државен апарат со јасно распределени надлежности.

Значајна улога имал **шејх-ул-исламот**, највисокиот верски авторитет во државата. Тој оценувал дали законите и одлуките на султанот се во согласност со шеријатот. Ова јасно покажува дека во Османлиската Империја политичката и верската власт биле тесно поврзани.

Во управувањето со државата клучно место имал **Диванот** – највисокиот државен совет. Во неговата работа учествувале големиот везир, како најблизок соработник на султанот, како и високи воени, финансиски и административни службеници. Тука се разгледувале најважните прашања, како што биле даноците, војната, управувањето и надворешната политика. Одлуките донесени во

Диванот имале директно влијание врз функционирањето на целата империја, вклучително и врз балканските области.

Провинциска администрација

Односот меѓу централната и провинциската власт бил внимателно уреден. Управниците во провинциите ги назначувал султанот и тие директно му одговарале нему. На тој начин централната власт ја задржувала контролата врз клучните функции – собирањето на даноците, одржувањето на редот и исполнувањето на воените обврски.

За поефикасно управување со огромната територија, империјата била поделена на административни единици. Нивните имиња и организација се менувале низ времето, но нивната основна цел останувала иста – да обезбедат ефикасно управување и стабилна контрола.

Поголемите области се нарекувале **пашалаци** и со нив управувал паша. Во текот на XIX век, со реформите за модернизација, тие постепено биле заменети со вилаети. Секој **вилает** се делел на помали единици – **санџаци**, управувани од **санџак-бегови**, кои биле одговорни за одржувањето на редот, собирањето на даноците и организирањето на воените сили.

Во локалната власт значајна улога имал **кадијата**. Тој бил судија кој судел според исламското право, но во практиката решавал и граѓански и имотни спорови меѓу луѓе од различни верски заедници. Во градови како Софија, Белград или Скадар, кадијата претставувал една од клучните личности во јавниот живот. Ова јасно покажува дека судството не било одвоено од управата, туку било тесно поврзано со неа и претставувало важен дел од државниот систем.



▲ Сулејман Величествениот

Економска организација и земјишни односи

Еден од најважните столбови на османлискиот поредок бил **тимарскиот систем**. Според него, земјата формално ѝ припаѓала на државата, а не на поединци. Дел од таа земја се доделувал како тимар на војници – **спахии** – како награда за нивната служба.

Спахијата имал право да собира даноци од селаните што ја обработувале земјата во неговиот тимар. За возврат, бил должен да учествува во војна кога ќе биде повикан од султанот. На тој начин државата обезбедувала воена сила без директно да исплаќа плати, што било особено важно за нејзиното функционирање.

Овој систем силно влијаел врз земјишните односи и врз секојдневниот живот на селаните. Тие биле обврзани да плаќаат даноци и да извршуваат одредени давачки, но истовремено имале право да ја обработуваат земјата и да задржат дел од приносите за себе. Во руралните области, тимарскиот систем бил широко распространет, додека во планинските и потешко достапни региони, кои биле надвор од директна контрола на османлиската власт, неговото влијание



▲ Спахии



▲ Јаничари

било ограничено. За разлика од тоа, во некои приморски делови на Балканот поголемо значење имале трговијата и поморството.

Со текот на времето, тимарскиот систем почнал да ја губи својата улога и постепено станал неефикасен. Поради тоа бил укинат во **19 век**, како дел од пошироките реформи во империјата.

Покрај земјоделството, значајно место имало и занаетчиството. Во градовите се развивале еснафи – здруженија на занаетчии што ги регулирале производството, квалитетот и цените на производите. Трговијата, особено во медитеранските области, овозможувала поврзување со поширок пазари и придонесувала за развој на градскиот живот.

Воена организација

Османлиската воена сила претставувала еден од главните столбови на власта на Балканот. Покрај спахиите, значајна улога имале **јаничарите** – елитна пешадиска единица директно потчинета на султанот.

Јаничарите најчесто биле регрутирани преку системот **девширме**. Тоа подразбирало собирање на христијански момчиња од балканските области, кои биле одведувани, воспитувани во исламски дух и обучувани за воена и државна служба. Со текот на времето, дел од нив напредувале и заземале високи позиции во управата на империјата.

Овој систем имал двојно значење. Од една страна, создавал силна и лојална елита што директно му служела на султанот и ја зајакнувала централната власт. Од друга страна, за христијанското население претставувал тежок товар, бидејќи значел одвојување на децата од нивните семејства.

Социјална и верска организација

Османлиската Империја, која се протегала на три континенти, била мултиетничка и мултирелигиска држава. За да управува со толку различни заедници, била воспоставена организација позната како **милет систем**.

Милетот претставувал верска заедница со одредена автономија. Секоја група – православни христијани, католици или Евреи – била организирана според сопствени правила и имала свој верски водач. Тој бил одговорен пред централната власт, особено за собирањето на даноците и одржувањето на редот во заедницата.

Внатрешните прашања, како што се бракот, образованието и верските обреди, милетите ги решавале самостојно преку свои совети, без директно мешање на државата. Ова им овозможувало на различните заедници да го зачуваат својот идентитет и традиции.

Со текот на времето, особено по реформите од **1856 година**, започнале значајни промени во овој систем. Биле воведени световни (секуларни) закони што важеле за сите граѓани без оглед

Истражувај

Османлиската Империја доделувала земја и приходи на воени и државни службеници во зависност од нивната положба и должности.

1. Пронајдете примери за тоа кои категории луѓе добивале земја и приходи (обични војници, повисоки офицери, високи државни службеници).
2. Истражете какви обврски имале тие што ја добивале земјата (даноци, воена служба, управување со населението).
3. Проучете податоци за тоа колкави приходи (во акчиња) добивале различните категории службеници и споредете ги меѓу себе.

на нивната вера. Поради тоа автономијата на милетите постепено се намалувала, а државата преземала поголема контрола врз управувањето.

Градови и економски развој

Под османлиска власт се развиле бројни градски центри, кои постепено добиле препознатлив ориентален изглед. Меѓу позначајните биле Сараево, Скадар, Пловдив и Белград, кои прераснале во важни центри на трговија, занаетчиство и културна размена.

Градската архитектура значително се менувала, па во урбаниот простор се појавиле џамии, амами, караван-сараи и пазари. Особено важна улога имал пазарот, кој претставувал средиште на економскиот живот. Тука се среќавале трговци од различни региони, се размењувале производи, но и идеи и културни влијанија.

Развојот на градовите довел до појава на нови општествени слоеви, како трговци, занаетчии и државни службеници. На тој начин османлиската власт не влијаела само врз политичката организација, туку и врз секојдневниот живот, економските навики и културната средина на населението.

Османлиската власт на Балканот создала сложен и добро организиран систем на управување. Централната власт, предводена од султанот и Диванот, ја контролирала државата преку развиена мрежа на провинциски управници. Тимарскиот систем ги уредувал земјишните односи и воените обврски, додека милет-системот овозможувал функционирање на различните верски заедници во



▲ Белград под османлиска власт

рамките на империјата.

Иако балканските земји биле дел од иста држава, локалните услови значително влијаеле врз нивниот развој. Затоа, и покрај заедничката административна рамка, постоеле разлики во економијата и општествените односи. Османлиското владеење оставило трајни последици врз изгледот на градовите, развојот на трговијата и начинот на живот, чии влијанија се чувствувале со векови.



▲ Тврдината во Ниш

Провери го научената

1. Кои биле главните карактеристики на централната власт во Османлиската Империја и каква улога имал султанот?
2. Објасни ја административната поделба на Османлиската Империја (пашалаци, вилаети, санџаци) и функциите на нивните управници.
3. На кој начин османлиската власт влијаела врз развојот на градовите и економијата на Балканот?
4. Каква улога имале пашалаците и локалните управници во османлиската власт на Балканот?

2. Подем на националните движења и востанија и основање на балканските држави (Бугарија, Грција, Србија). Албанската преродба и Призренската лига

Вовед

Во текот на XVIII и почетокот на XIX век, Европа била под силно влијание на идеите на просветителството, кои ја нагласувале важноста на знаењето, разумот и слободата. Во исто време, Османлиската Империја се соочувала со политичко, воено и економско опаѓање.

И покрај кризата, трговијата со Западна Европа и Русија во голема мера се одвивала преку христијанските поданици, при што се формирала нова трговска класа со потреба од образование, најчесто стекнувано во европските центри. Многу млади луѓе од Балканот се школувале во странство или се иселувале, каде што се запознавале со идеи за слобода, национален идентитет и создавање држава.

Овие процеси довеле до појава на образован слој интелектуалци, кои започнале да размислуваат за ослободување од османлиската власт. Личности како **Доситеј Обрадовиќ** и **Адамантиос Кораис** сметале дека образованието е клучот за слобода и напредок. Тие ги ширеле идеите на европското **просветителство** помеѓу балканските народи. Развојот на овие идеи придонел да се појави идејата за ослободување од османлиската власт по пат на **револуција** и вооружена борба. Исто така, со овие идеи биле поставени основите на **национализмот** кај балканските народи. На почетокот на XIX век започнала поорганизираната борба за ослободување од османлиското владеење и создавање на балкански **национални држави**.



▲ Ѓулханскиот хатишерив

Танзиматските реформи (1839–1876)

Во текот на XIX век **Османлиската Империја** се соочувала со сериозни внатрешни и надворешни предизвици. Таа постепено губела територии, а нејзината војска сè потешко можела да се спротивставува на европските сили.

Поради тоа, османлиските власти започнале со низа реформи познати како Танзимат. Првиот важен документ бил **Хатишерифот од Ѓулхане (1839 година)**, со кој биле ветувани заштита на животот, честа и имотот на сите поданици, без разлика на нивната вера. Со него биле најавени и реформи во одаточувањето, судството и воената служба.

Вториот значаен документ бил **Хатихумајунот од 1856 година**, со кој овие реформи биле потврдени и проширени. Со него се нагласувала еднаквоста на муслиманите и немуслиманите, а на верските заедници им било дозволено да отвораат училишта и болници. Немуслиманите добиле и поголеми можности за учество во државната служба.

Иако Танзиматот претставувал обид за модернизација и зајакнување на државата, тој не успеал целосно да ја стабилизира Османлиската Империја. Сепак, реформите имале значително влијание врз развојот на политичките и општествените процеси на Балканот, особено врз зајакнувањето на националните движења.

Српските востанија и автономната српска држава

Настаните во Европа, како и француската инвазија врз Египет, влијаеле врз состојбите на Балканот. Во Белградскиот пашалак повторно се зацврстила власта на јаничарските аги, чие самоволно управување предизвикало силно незадоволство кај српското население.

Ова незадоволство кулминирало во **1804** година со избувнувањето на **Првото српско востание**, предводено од **Караѓорѓе Петровиќ**. Востанието првично не било насочено против султанот, туку против локалната власт, но со текот на времето прераснало во поширока борба против османлиската власт. Србите постигнале значајни успеси и воспоставиле сопствена управа.

Текот на востанието бил тесно поврзан со меѓународните односи. За време на руско-османлиската војна, Србите имале поддршка од Русија. Но, заради опасноста од напад на Наполеон врз Русија, таа била принудена да склучи мир со Османлиската Империја и да се повлече од Балканот. Без оваа поддршка, **востанието било задушено** во **1813 година**.

Османлиските власти, наместо да ја подобрат управата, вовеле репресивни мерки, што довело до ново незадоволство. Во **1815 година избувнало Второто српско востание**, предводено од **Милош Обреновиќ**. Овој пат српските водачи воделе попретпазлива политика, комбинирајќи вооружена борба со преговори. Како резултат на тоа, Србија постепено стекнала автономија во рамките на Османлиската Империја.

Патот до целосната **независност** и воспоставување на **суверенитет** бил постепен и сложен. Иако Србија добила широка автономија, османлиски гарнизони останале на нејзината територија сè до 1867 година. Во текот на XIX век земјата се соочувала со политичка нестабилност и економски предизвици.

Во овој период биле донесени неколку устави (1835, 1838 и 1869), со кои се настојувало да се уреди политичкиот систем и да се ограничи власта на кнезот. И покрај внатрешните проблеми, Србија постепено ја зајакнувала својата позиција.

За време на Големата источна криза (1875–1878), **Србија** учествувала во војните против Османлиската Империја. Со одлуките на **Берлинскиот конгрес** во **1878 година**, таа добила меѓународно признание како **независна држава** и значително територијално проширување.



▲ Српски востаник

Прашања за дискусија

Зошто Второто српско востание било поуспешно од Првото? Објасни ги разликите во пристапот и околностите.



▲ Кралот на Грција, Отон

Грција – првата независна држава на Балканот

За разлика од Србија, кај **Грците** постоело добро организирано национално движење, кое активно работело на подготовка на востание против османлиската власт. Големо влијание врз ширењето на идејата за слобода и создавање сопствена држава имале грчките интелектуалци, меѓу кои се истакнувал **Ригас Велестинлис**, кој се залагал за слобода и еднаквост на балканските народи.

Грчкото востание било организирано од тајната организација **Филики Етерија**, основана во **Одеса**, тогаш во рамките на Руската империја. Нејзините членови создале широка мрежа во различни делови на Османлиската Империја со цел подготовка на вооружена борба. **Востанието** започнало во **1821** година на **Пелопонез** и брзо се проширило и во други области.

Борбите биле долги и крвави и траеле неколку години. Османлиската власт, не успевајќи самостојно да го задуши востанието, побарала помош од Египет. Интервенцијата на египетската војска сериозно ја загрозила грчката борба. Оваа нова состојба ги натерала **европските големи сили** да се вклучат во решавање на конфликтот.

Пресвртот се случил во **1827** година, кога англиската, руската и француската флота ја поразиле османлиско-египетската флота во **битката кај Наварино**. Овој настан имал клучно значење за исходот на борбата за независност.

Под притисок на европските сили, во **1830** година била призната независноста на **Грција**, со што таа станала **првата независна христијанска држава на Балканот**. За крал бил поставен **Отон**, син на баварскиот владетел.

Неговото владеење предизвикало незадоволство, па во **1843 година** бил принуден да прифати **устав**, кој бил усвоен во **1844 година**. Во 1862 година избувнало ново востание и кралот Отон бил симнат од престолот.



▲ Георгиос I, крал на Грција

За нов владетел бил избран **Георгиос I**, дански принц. Во негово време Грција постепено се зацврстувала и ја проширувала својата територија. **Велика Британија** ѝ ги отстапила **Јонските Острови**, а по Берлинскиот конгрес во **1881 година** Грција ја добила **Тесалија**.

Создавање на бугарската држава

Бугарското национално движење започнало нешто подоцна во споредба со Србија и Грција. Постоеле повеќе причини за доцното појавување: близината на османлиската престолнина, нестабилните политички услови, ниската писменост и слабата економска моќ на населението.

Почетоците на бугарската преродба биле тесно поврзани со развојот на просветата. Под влијание на европските просветителски идеи, бугарските интелектуалци започнале да го поттикнуваат националното будење. Особено значајна била книгата „**Историја**

славјанобугарска", напишана од **Паисиј Хилендарски** во 1762 година, во која тој ги повикал Бугарите да го зачуваат својот јазик и идентитет.

Со текот на времето се отвориле училишта на бугарски јазик, меѓу кои значајно било училиштето во **Габрово**. Постепено се развивала мрежа на училишта, а во образованието почнале да се вклучуваат и девојчињата. Иако писменоста останала ниска, овие промени имале големо значење за зајакнување на националната свест.

Паралелно со развојот на просветителството се појавило и прашањето за создавање посебна бугарска црква. По долгите борби, во **1870 година** султанот издал **ферман** со кој била создадена **Бугарската егзархија**. Овој настан претставувал важен чекор кон национална самостојност.

Под влијание на овие процеси и примерите на Србија и Грција, се засилиле и револуционерните идеи. **Георги Раковски** бил меѓу првите кои работеле на организирање востание, а неговото дело го продолжиле **Љубен Каравелов, Васил Левски и Христо Ботев**.



▲ Васил Левски

Почетокот на Големата источна криза со востанието во Босна и Херцеговина (1875) имал силно влијание и врз бугарското движење. Во **април 1876** година избувнало **Априлското востание**. Иако било брзо задушено и предизвикало големи жртви, настаните силно одекнале во Европа и предизвикале сочувство кон бугарскиот народ.

Неуспехот на дипломатијата да ја реши кризата довел до Руско-османлиската војна (1877–1878), во која учествувале и бугарски доброволци. По војната, со Берлинскиот конгрес во **1878 година**, било создадено автономното **Кнежевство Бугарија** и автономната област **Источна Румелија**. Со овие одлуки бил поставен темелот на модерната бугарска држава.

Албанската преродба и Призренската лига

Додека во текот на XIX век соседните балкански народи постепено создавале свои држави, Албанците останале под директна власт на Османлиската Империја. Албанското население било поделено по вера, но во овој период започнал процес на национално будење, познат како албанска преродба.

Албанските интелектуалци сметале дека народот може да напредува само преку образование и употреба на мајчиниот јазик. Затоа започнало печатење книги и буквари на албански јазик, а постепено се отвориле и училишта во кои учениците учеле да читаат и пишуваат на својот јазик. Важна улога во овој културен развој имале и Албанците кои живееле надвор од својата татковина, особено во Италија, каде што се обидувале да го зачуваат јазикот и традицијата.

Слабеењето на Османлиската Империја се чувствувало и во областите населени со Албанци. Во некои делови се појавиле локални



▲ Али паша Јанински

Дали знаеш дека...

Скадарскиот пашалак, управуван од семејството Бушатлии, во крајот на XVIII и почетокот на XIX век бил еден од најмоќните пашалаци на западниот Балкан. Неговите управници имале значителна автономија во рамките на Османлиската империја и контролирале важни трговски патишта.

владетели со значителна самостојност. Во северна Албанија се истакнале **Бушатлиите**, а во јужните области **Али паша Јанински**. Неговата власт се проширила на широка територија, а градот Јанина станал важен политички и трговски центар. Сепак, османлиската власт на крајот повторно воспоставила контрола над овие области.



▲ Јанина

Танзиматските реформи, како и воведувањето нови даноци и задолжителна воена служба, предизвикале незадоволство кај дел од албанското население. Во различни области избувнувале бунтови против османлиската власт, во кои учествувале луѓе без разлика на верската припадност.

Во втората половина на XIX век кризата на Османлиската Империја дополнително се продлабочила. Дел од територите каде што живеело албанско население требало да бидат доделени на соседните држави, што предизвикало силна загриженост кај Албанците. Поради тоа, во **1878 година во Призрен** бил одржан собир на албански претставници, на кој била создадена **Призренската лига** – првата поголема политичка организација на Албанците под османлиска власт.

Главната цел на Лигата била обединување на областите каде што живеело албанско население во еден вилает и добивање автономија во рамките на Османлиската Империја. Нејзините членови се обиделе да ги заштитат албанските интереси и преку вооружена борба и преку дипломатски активности. Сепак, османлиската власт не дозволила развој на ова движење и во **1881 година** испратила војска која ја задушила Призренската лига.

Иако организацијата престанала да постои, идеите за национално обединување и политички права продолжиле да се шират меѓу Албанците. Овие процеси имале значително влијание врз понатамошниот развој на албанското национално движење. Тоа особено се одразило во рамките на албанската преродба. Во рамките на албанската преродба, особено значајни биле **Битолскиот конгрес (1908)** и **Елбасанскиот конгрес (1909)**. На Битолскиот конгрес била усвоена единствена азбука на албанскиот јазик, што претставувало важен чекор во зајакнувањето на националниот идентитет.

Истражувај

Кои биле главните цели на Призренската лига (1878)?

Објасни:

1. Зошто Албанците се организирале во тоа време?
2. Против што се спротивставувале.
3. Зошто Лигата не успеала да ги оствари своите цели?

Елбасанскиот конгрес бил насочен кон развојот на образованието, при што било истакнато значењето на отворањето училишта на албански јазик. Овие настани имале голема улога во понатамошниот развој на албанското национално движење.



Состав на комисијата на Битолскиот конгрес:
1. Ѓерѓ Фишта 2. Мидхат Фрашери 3. Луиџ Гуракуќи 4. Ѓерѓ Кирјази 5. Ндре Мједа 6. Григор Цилка 7. Дмитер Буда 8. Шахин Колоња 9. Сотир Пеци 10. Бајо Топули 11. Нуџет Вриони

Во текот на XIX век, балканските народи започнале национално будење и борба против Османлиската Империја. Под влијание на образованието и интелектуалците, се зајакнале националните движења. Преку востанија и политичка борба, Србија, Грција и Бугарија постепено стекнале автономија и независност, додека албанското движење се организирало преку активности како Призренската лига.

Овие процеси го означиле почетокот на создавањето на модерните балкански држави.

Дали знаеш дека...

„Битолскиот конгрес од 1908 година имал важна улога во стандардизацијата на албанската азбука и во развојот на современото албанско образование и култура."

Провери го научената

1. Кои фактори придонеле за појава на националните движења на Балканот во XIX век?
2. Спореди ги националните движења кај Србите, Грците и Бугарите. Што им било заедничко, а по што се разликувале?
3. Кои биле главните цели на Призренската лига и зошто таа не успеала да ги оствари?
4. Какво значење имале образованието, јазикот и културните друштва за развојот на националните движења?
5. Какво значење имале Призренската лига и Битолскиот конгрес за развојот на албанското национално движење?

3. Модерните балкански држави и Балканските војни (1878–1913)

По Берлинскиот конгрес, на Балканот се појавиле повеќе независни христијански држави – Србија, Црна Гора и Романија, како и веќе постојната Грција, додека Бугарија добила автономен статус. Србија, Црна Гора и Романија биле меѓународно признати, а Бугарија целосна независност стекнала во 1908 година.

Создавањето на овие држави донело нова политичка состојба во регионот. Тие започнале да градат сопствени институции и да го развиваат општеството, но истовремено тежнееле и кон територијално проширување. Османлиската Империја, која постепено ги губела своите балкански територии, се обидувала преку реформи да ја задржи својата власт.



▲ Карта на Балканот (1878 - 1913)



▲ Устав на Кралството Србија од 1888 година

Балканските држави од 1878 година до Букурешкиот мир

Во последните децении на XIX век балканските држави постепено се трансформирале во модерни држави засновани врз принципот на конституционализам. Тој принцип подразбирал ограничување на власта на владетелот преку устав и воспоставување државни институции како парламент, влада и судство. Со други зборови, државата повеќе не зависела само од волјата на монархот, туку сè повеќе се уредувала преку закони и институции.

Добивањето независност за Србија означило нова етапа во нејзиниот развој. Прогласувањето на државата за кралство го означило почетокот на период на забрзано државно градење, но и политички тензии, кризи и чести промени на владите. Една од главните карактеристики на српскиот политички живот била борбата околу ограничувањето на власта на кралот. Во таа насока важен чекор

бил **Уставот од 1888 година**, со кој била ограничена власта на монархот и биле проширени можностите за парламентарен живот. Сепак, оваа состојба не траела долго, бидејќи кралот **Александар Обреновиќ** го суспендирал уставот и донел нов, кој бил повеќе во согласност со неговите интереси.

По **Мајскиот преврат** во **1903 година** и доаѓањето на **Петар I Карађорѓевиќ**, повторно било отворено прашањето за поцврст уставен поредок. Во Србија бил воспоставен систем со појасна поделба на власта, што придонело за поголема политичка стабилност и институционален развој. Земјата почнала побрзо да напредува, цензурата ослабела, а економијата зајакнала.



▲ Грчки војници во 1897 година

Грција, кога станува збор за конституционализмот, се потпирала на **Уставот усвоен во 1864 година**. Со текот на времето станало јасно дека тој устав не ги задоволува целосно политичките и економските елити, ниту пак делови од војската. Грција се развивала побавно од некои други балкански држави и во повеќе области заостанувала. Во исто време, таа била во постојан конфликт со османлиската држава, бидејќи нејзината политика била насочена кон територијално проширување на сметка на османлиските области.

Овие тензии довеле до **војната од 1897 година**, во која Грција претрпела тежок пораз. Поразот предизвикал силно незадоволство и отворил прашања за потребата од реформи. Во таква атмосфера, кулминација на незадоволството бил воениот бунт во **Гуди во 1909 година**. Тогаш на политичката сцена се појавил **Елефтерос Венизелос**, кој се наметнал како водечка личност и победил на изборите. Тој започнал реформи со цел модернизација на државата и зајакнување на администрацијата.

Особено значајни биле измените на **Уставот од 1911 година**. Со нив биле зајакнати граѓанските права, подобро била заштитена личната безбедност, а пошироко биле гарантирани правото на собирање и политичко организирање. Благодарение на овие реформи, Грција влегла во период на внатрешно зајакнување и подобра државна организираност.



▲ Цар Фердинанд

Прашања за дискусија

Зошто балканските држави, иако вовеле устави и институции, сепак имале политички кризи и нестабилност?



▲ Албански востаници

Бугарија, која била формирана како автономно кнежевство според решенијата на Берлинскиот конгрес, исто така тргнала по патот на уредување на државата преку устав. Во **1879 година** бил донесен првиот бугарски устав, познат како **Трновска конституција**, бидејќи бил изгласан во старата престолнина Трново. Со него била воведена поделба на власта на законодавна, извршна и судска, а биле гарантирани и основни граѓански права, Бугарија била и првата држава која отворено ги нарушила решенијата на Берлинскиот конгрес. Во **1885 година** таа се обединила со **Источна Румелија**, што претставувало прва промена на балканските граници по 1878 година. Иако во пракса османлиската власт речиси не се чувствувала, Бугарија формално сè уште не била независна. Дури во **1908 година**, користејќи ја кризата предизвикана од Младотурската револуција, кнезот Фердинанд во Трново ја прогласил независноста и се прогласил за цар. Наскоро следело и **дипломатското признавање** од големите сили.

По Берлинскиот конгрес во 1878 година, **Црна Гора** била призната како независна држава и добила излез на Јадранското Море со градовите Бар и Улцињ. Во следните години постепено ги уредувала своите институции. Важен чекор било донесувањето на **Уставот во 1905** година за време на владеењето на **кнезот Никола I Петровиќ**. Со него биле воведени одредени граѓански права и било формирано Народно собрание. Во 1910 година Црна Гора била прогласена за кралство.



▲ Поштенска картичка со водачите на Младотурската револуција

Реформи и востанија

По 1878 година, Османлиската Империја влегла во период на длабока политичка и економска криза. Со губењето на голем дел од своите територии на Балканот, нејзината власт значително ослабела, а способноста за контрола врз преостанатите области се намалувала. Османлиското раководство се обидувало да ја зацврсти државата преку реформи во армијата, администрацијата и образованието, често инспирирани од европските модели.

Важен настан во овој период била **Младотурската револуција во 1908 година**. Движењето на Младотурците, составено претежно од млади офицери и образовани интелектуалци, го обновило уставот

од 1876 година и повторно вовело парламентарен систем. Нивната основна цел била модернизација на државата и воспоставување поголема еднаквост меѓу народите во империјата. Сепак, стремежот кон силна централизација на власта предизвикал незадоволство кај различни етнички и политички групи.

Во периодот од 1878 до 1912 година, во различни делови на империјата избувнувале востанија насочени против османлиската власт. Овие движења биле тесно поврзани со развојот на националните идеи и со барањата за политички права, автономија и создавање на независна држава.

Едно од најпознатите било **Критското востание**, кое започнало во **1896 година**. Населението на островот Крит се побунило против османлиската власт и настојувало да се соедини со Грција. Овој настан довел до избувнување на Грчко-османлиската војна во 1897 година, која завршила со пораз на Грција.

Во почетокот на XX век избувнале и **Албанските востанија (1910–1912)**. Албанските водачи барале поголеми политички права, употреба на својот јазик во управата и поширока самоуправа во рамките на империјата.

Сите овие настани јасно покажуваат дека османлиската власт на Балканот постепено слабела. Истовремено, националните движења станувале сè посилни и поорганизирани. Растечката нестабилност во регионот постепено го подготвувала теренот за Балканските војни, кои започнале во 1912 година.

Истражи

Кои биле главните цели на Младотурската револуција од 1908 година и зошто таа не успеала целосно да ги задоволи народите во Османлиската Империја?

Балканскиот сојуз и војни

По Берлинскиот конгрес во 1878 година, балканските држави – Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора – не биле задоволни од начинот на кој биле поделени територииите на Балканот. Во следните децении тие постепено ја зајакнувале својата државна организација и воена сила, додека Османлиската Империја сè повеќе слабела и ја губела контролата врз регионот.

Во такви услови, во **1912** година бил создаден **Балканскиот сојуз**. Најпрво Србија и Бугарија склучиле таен договор, а потоа кон сојузот се приклучиле и Грција и Црна Гора. Главната цел на сојузот била заедничка воена акција против Османлиската Империја, со намера да се ослободат преостанатите европски територии под нејзина власт. Првата балканска војна започнала на **8 октомври 1912 година**, кога Црна Гора ѝ објавила војна на Османлиската Империја. Наскоро во конфликтот се вклучиле и останатите сојузници. Балканските армии постигнале брзи и значајни успеси: српската војска победила кај Куманово и Битола, грчката го зазела Солун, а бугарската го освоила Одрин. До крајот на 1912 година Османлиската Империја ги изгубила речиси сите свои европски територии. Војната завршила со **Лондонскиот мировен договор** од **30 мај 1913** година, со кој, меѓу другото, била создадена и независна албанска држава.

Сепак, победата не донела траен мир. Поради несогласувањата околу поделбата на Македонија, меѓу поранешните сојузници



▲ Исмаил Ќемали



▼ Новите граници на Балканот според Букурешкиот мировен договор од 10 август 1913 година

избувнал нов конфликт. На **29 јуни 1913 година**, Бугарија ги нападнала српските и грчките позиции, со што започнала **Втората балканска војна**. Во војната се вклучиле и Романија и Османлиската Империја, па Бугарија за кратко време била поразена.

Со **Букурешкиот мировен договор** од **10 август 1913** година биле утврдени новите граници на Балканот.

Балканските војни (1912–1913) го означиле крајот на османлиската власт на Балканот. Сепак, тие истовремено создале нови политички тензии и незадоволства меѓу балканските држави. Токму овие нерешени прашања и судири на интереси придонеле за настаните што довеле до избувнување на Првата светска војна во 1914 година.



▲ Делегати на Букурешката мировна конференција во 1913 година

Создавањето на албанската држава

Почетокот на Првата балканска војна во 1912 година предизвикал силна реакција кај албанските политичари и интелектуалци. Напредувањето на српските, грчките и црногорските војски на територииte населени со Албанци создало страв дека тие области ќе бидат поделени меѓу соседните држави. Поради тоа, албанските лидери започнале организирана иницијатива за прогласување независна албанска држава.

Важна улога во овие настани имале **Исмаил Ќемали** и **Луиѓ Гуракуќи**. Во ноември 1912 година Исмаил Ќемали пристигнал во Валона, каде што се собрале албански претставници од различни региони со цел да донесат одлука за иднината на земјата.

На **28 ноември 1912 година** во **Валона**, каде што било одржано собрание на албанските дејци било прогласено создавањето на **независна Албанија**. Исмаил Ќемали го истакнал албанското знаме и официјално ја објавил независноста на новата држава. Со тоа започнал процесот на создавање на албанската државност во современа форма.

Во Валона била формирана привремена влада, која имала задача да ја организира државната власт и да обезбеди меѓународно признавање. Албанските лидери настојувале да добијат поддршка од големите европски сили и да го спречат понатамошното навлегување на странските армии на нивната територија.

Прашањето за Албанија било разгледано на **Лондонската конференција** на големите сили (1912–1913). На **29 јули 1913 година** големите сили ја признале **независноста** на Албанија и одлучиле таа да биде автономна држава под нивна гаранција, што покажува колку меѓународните односи имале силно влијание врз судбината на новата држава. Меѓународното, односно дипломатското признавање од страна на големите сили било клучен услов за целосно утврдување на новите држави на Балканот. Во **ноември 1913** година, големите сили го избрале германскиот принц **Вилхелм Вид** за кнез на Албанија. Тој пристигнал во земјата во март 1914 година и се обидел да воспостави стабилна власт. Сепак, новата држава се соочувала со сериозни политички проблеми, локални востанија и општа нестабилност, што значително го отежнувало нејзиното функционирање.

Периодот од 1878 до 1913 година претставува време на длабоки политички промени на Балканот. Новите балкански држави постепено се зајакнувале и ги модернизирале своите институции, додека Османлиската Империја постепено ја губела својата власт во регионот. Балканските војни довеле до значајни промени на границите и до создавање на нови држави, меѓу кои и Албанија.

Иако со овие настани завршило османлиското владеење на Балканот, тие истовремено создале нови политички тензии и нерешени прашања меѓу балканските држави. Токму овие тензии продолжиле да влијаат врз односите во регионот и придонеле за избувнувањето на Првата светска војна во 1914 година.



▲ Вилхелм Вид, кнез на Албанија

Истражувај

Истражи кои биле главните политички цели на албанското национално движење во почетокот на XX век и како тие влијаеле врз создавањето на независна Албанија.

Провери го наученото

1. Кои балкански држави биле меѓународно признати по Берлинскиот конгрес во 1878 година?
2. Што подразбира принципот на конституционализам во балканските држави кон крајот на XIX век?
3. Што претставувала Младотурската револуција од 1908 година и какви промени донела во Османлиската Империја?
4. Кои држави го формирале Балканскиот сојуз и која била неговата цел?

4. Демографски промени, миграции и мозаикот од религии и вероисповеди



▲ Јуруци

Деветнаесеттиот век на Балканот бил време на значајни преобразби. Додека Западна Европа веќе чекорела кон индустриско и национално оформување, Југоисточна Европа се соочувала со сопствен процес на промени. Слабеењето на Османлиската Империја и ширењето на националните идеи довеле до постепено преобликување на балканските општества, што се одразило врз политичкиот развој, економијата и културниот живот.

Демографија, колонизација и попис

Основата за разбирање на секое општество е демографијата. **Демографијата** е наука која го изучува населението – неговата бројност, структура, распределба и промените низ времето.

Кога се зборува за демографските промени на Балканот, не може да се заобиколи влијанието на османлиското владеење. Тоа значително ја променило етничката и верската структура на регионот. Османлиската колонизација, особено од XVI до XVIII век, претставувала организирана државна политика со која империјата настојувала да ја зацврсти својата власт и да обезбеди стабилност во освоените територии. По падот на Цариград во 1453 година, Османлиите започнале систематски да населуваат одредени области со население лојално на државата.

Колонизацијата се одвивала на повеќе начини. Во стратешки важни региони биле населувани туркменски и други муслимански групи од **Мала Азија**. Дел од нив биле номадски сточари (**Јуруци**), кои се населувале во ретко населени или погранични области. Освен тоа, државата организирала и присилни преселби со цел да спречи бунтови и да обезбеди подобра контрола.

Како резултат на овие политики, во одредени делови на Балканот се менувала етничката и верската структура. Се создавале мешани средини и постепено се ширел исламот, особено во градовите и во некои планински области. Овие процеси оставиле долгорочни последици и влијаеле врз понатамошниот историски развој на регионот.

Османлиската држава водела детална евиденција за населението преку регистри наречени **дефтери**. Овие записи претставуваат ран облик на попис, но со одредени специфики: се бележеле домаќинства, поединци, даночните обврзници и воените обврски, а верската припадност често се утврдувала преку имињата или местото на живеење.

Во XIX век, демографските податоци станале особено важни за новите држави. Тие им биле потребни за да знаат колку даноци можат да соберат, колку војници да регрутираат и како да ја организираат својата држава. Затоа започнале да се спроведуваат

Дали знаеш дека...

За разлика од европскиот прекуокеански колонијализам, каде што држави како Британија и Шпанија експлоатирале далечни територии, османлиското ширење било насочено кон соседни области со цел тие директно да се вклучат во државниот систем. Овој процес се одвивал не само преку војска, туку и преку преселби на население, административни мерки и верска политика.

пописи. Пописот претставува систематско собирање на податоци за населението во одреден момент.

Новите независни држави, како **Србија** и **Грција**, се обидувале да воведат модерни пописи според европски модел. Од друга страна, **Османлиската Империја** не ги следела целосно овие модели и не спроведувала пописи во современа смисла. Ова довело до несигурност и до политички спорови околу бројот и етничката припадност на населението во некои области.

Етничка група и идентитет на Балканот

Во XIX век, поимот нација сè уште не бил дефиниран како денес. Луѓето најчесто се идентификувале според својата религија, регионот од кој потекнувале или припадноста кон одредена етничка група.

Етничка група претставува заедница на луѓе кои споделуваат заедничко потекло, јазик, култура, историја и често територија. На Балканот, ваквото определување било сложено, бидејќи регионот со векови бил под власт на големи империи, како Османлиската Империја и Хабсбуршката Монархија. Поради тоа, населението било етнички и верски измешано.

Во некои области, луѓето немале јасно изразено чувство за **национална припадност** во современа смисла. Во градовите често живееле заедници кои зборувале различни јазици, но имале слични обичаи и начин на живот. Во такви услови, религијата често била поважен елемент на идентитетот од јазикот.

Во **Османлиската Империја**, населението било организирано според верска припадност во рамките на т.н. **милет-систем**. Луѓето најчесто се идентификувале како православни христијани, католици или муслимани, а не како припадници на одредена нација. Верската заедница ги одредувала нивните права, обврски, образовни институции и секојдневен живот.

Со развојот на национализмот во текот на XIX век, оваа состојба постепено се менувала. Јазикот станал еден од главните критериуми за припадност кон нацијата, но тој често бил поврзан и со **образованието, црковната припадност и културното влијание.** Така, на пример, луѓето почнале сè повеќе да се определуваат според јазикот што го зборувале и културната средина на која ѝ припаѓале.

Националните движења не се појавиле истовремено кај сите народи. **Србите, Грците** и **Романците** меѓу првите започнале борба за создавање сопствени држави, додека кај **Бугарите и Албанците** овие процеси се развиле подоцна во текот на XIX век. Ова довело до зајакнување на националната свест, но и до појава на тензии, особено во средините каде што различни етнички и верски групи живееле заедно.





▲ Османлиски дефтер



▲ Миша Анастасијевиќ, српски трговец

Миграција: движење на населението

Еден од процесите што биле карактеристични за XIX век била **миграцијата**. Таа претставува трајно или привремено преселување на луѓе од едно место на друго. На Балканот, миграциите понекогаш биле масовни и драматични. Тие не биле само резултат на потрага по подобар живот, туку и последица на војни, промени на граници и политички притисоци.

Може да се разликуваат два основни вида миграции: **доброволни и принудни**.

Доброволните миграции се јавувале кога луѓето се селеле поради економски причини. На пример, многумина се преселувале од селата во градовите или заминувале во прекуокеанските земји, како **Америка и Австралија**, во потрага по работа. Истовремено, дел од христијанското население од Османлиската Империја се преселувало во новите независни држави, гледајќи ги како своја татковина.

Новите балкански држави често поттикнувале вакви преселби. Соочени со слаба населеност, тие дозволувале населување на свои сонародници и православни поданици од Османлиската Империја. На пример, во Кнежевството Србија, во периодот од 1834 до 1874 година, се доселиле голем број **Срби** од **Османлиската Империја**.

Принудните миграции се јавувале кога луѓето биле принудени да ги напуштат своите домови поради војни, насилство или несигурност. Еден од најголемите миграциски бранови се случил по **Берлинскиот конгрес** во **1878 година**. Со промената на границите, илјадници луѓе биле принудени да се иселат. На пример, по проширувањето на Србија и Црна Гора, голем дел од муслиманското население се преселило кон внатрешноста на Османлиската Империја.

Во овој период се појавило и прашањето на бегалците. Бегалци се лица кои биле принудени да го напуштат своето место на живеење поради војна, прогонство или други опасности, без можност за безбедно враќање.

Муслиманското население кое се иселувало од Србија, Грција или од Бугарија кон Истанбул и Анадолија било нарекувано **„мухаџири“ (иселеници)**, но во суштина тие биле бегалци. Станувало збор за масовни преселби при кои луѓето често ги напуштале своите домови без имот и средства, што значително го отежнувало нивното прилагодување во новите средини.

▼ Мухаџири



Од друга страна, имало и христијански бегалци кои бегале од Османлиската Империја. Нивната состојба исто така била тешка, бидејќи често пристигнувале без средства за живот, што предизвикувало социјални тензии со локалното население.

Османлиската држава се обидувала да ги насели бегалците во помалку населени области, што дополнително ја менувало

демографската слика на регионот. Овие процеси оставиле трајни последици врз населението и односите меѓу заедниците на Балканот.

Вероисповед

Во XIX век, **вероисповедта** била еден од клучните фактори за формирање на идентитетот. Таа означува припадност кон одредена религија, како: православие, ислам, католицизам или јудаизам.

Во текот на XIX век, значењето на верската припадност дополнително се зголемило преку поимот **конфесија**. Тој не означува само верување, туку и припадност кон конкретна црковна институција. Така, покрај тоа што некој бил православен, станувало важно и на која црква ѝ припаѓа – дали на **Цариградската патријаршија**, **Српската црква** или на **Бугарската егзархија**.



▲ Патријаршијската теолошка школа во Халки

Оваа поделба имала големо значење за националното будење. **Бугарската егзархија**, основана во **1870 година**, не била само верска институција, туку и важен политички чекор во оформувањето на бугарската нација. Слично, развојот на **Српската православна црква** бил тесно поврзан со јакнењето на српската државност и процесот на автокефалност.

Во некои региони, како Босна, верската припадност станала главен критериум за идентитет: православните најчесто се поврзувале со Србите, католиците со Хрватите, а муслиманите постепено се оформувале како посебна заедница.

Верските институции имале значајна улога во секојдневниот живот. Тие воделе матични книги, учествувале во образованието и имале силно влијание врз општествените односи. Поради тоа, промената на верската припадност често значела и промена на идентитетот.

Во вакви услови, религијата често се користела и како политички инструмент, што понекогаш доведувало до поделби, но и до продлабочување на разликите меѓу заедниците.

Дијаспора: нацијата надвор од границите

Дијаспора претставува дел од народот кој живее надвор од својата татковина, но ја задржува врската со неа. Во XIX век, балканската дијаспора играла значајна улога во националните движења.

Многу трговци, интелектуалци и студенти живееле во градови како Виена, Букурешт, Одеса и во западноевропските центри. Таму биле

Соживување со минатото

Занисли дека си дел од семејство кое мора да го напушти својот дом поради војна. Што би понел со себе и како би се чувствувал?

подалеку од османлиската власт и цензура, што им овозможувало послободно дејствување. Во овие средини се основале културни друштва, се печателе книги и весници на народните јазици и се собирале средства за поддршка на националните движења.

Српската дијаспора во **Унгарија** имала важна улога во развојот на културата и писменоста. **Бугарската дијаспора** во Романија и Русија била еден од двигателите на бугарското национално будење. **Грчката дијаспора**, особено трговците, обезбедила значителна финансиска поддршка за грчката борба за независност.



▲ Грчки емигранти во САД

Сличен процес имало и кај Албанците. **Арбрешите**, Албанци кои се иселиле во италијанските земји по османлиското освојување, ја задржале својата меморија за нивното потекло. Во текот на XIX век тие имале значајна улога во развојот на албанската преродба.

Дијаспората претставувала важна врска меѓу Балканот и Европа. Таа ги пренесувала новите идеи за либерализам, демократија и национализам во балканските општества. Без ова влијание, развојот на националните движења би бил значително побавен.



▲ Албанско село во Калабрија, Италија

Демографските промени, миграциите и верската структура на Балканот во XIX век биле клучни за создавањето на модерните национални држави. Овие процеси довеле до ново разбирање на идентитетот и до длабоки општествени промени. Додека дел од населението се интегрирало во новите држави, други биле принудени да се преселат, што дополнително ги усложнило односите во регионот. Поради тоа, овој период оставил трајно влијание врз историскиот развој на Балканот.

Провери го наученото

1. Како османлиската колонизација влијаела врз етничката и верската структура на Балканот?
2. Која е разликата помеѓу доброволни и принудни миграции?
3. Каква улога имала верската припадност во формирањето на идентитетот?
4. Зошто дијаспората имала важна улога во националните движења?

5. Модернизација на градскиот живот, економски реформи и општествена подвижност на Балканот

Деветнаесеттиот век на Балканскиот Полуостров претставува период на големи и динамични промени. Во овој период не се менува само политичката карта, туку и начинот на живот на луѓето. Станува збор за процес на модернизација, кој не значи само воведување на нови технологии, туку и значителна промена во начинот на размислување, во организацијата на општеството и во економските односи.



▲ Врање во 19 век

Во текот на овој век, Балканот бил поделен меѓу новосоздадените национални држави (**Србија, Грција, Бугарија, Романија и Црна Гора**) и **Османлиската Империја**, која сѐ уште задржувала значителни територии. И едните и другите започнале процеси на модернизација, но на различен начин. Новите држави се обидувале да ги прифатат европските модели на управување и економија, додека Османлиската Империја спроведувала внатрешни реформи познати како Танзимат, со цел да се приспособи на новите услови.

Овие промени директно влијаеле врз секојдневниот живот. Луѓето се соочиле со нови економски можности, промени во сопственоста на земјата, развој на градовите и проширување на образованието. Поради тоа, модернизацијата не треба да се разбира само како политички процес, туку како широка општествена трансформација која ги опфатила сите аспекти од животот


ЗАКОНИКЪ ГРАЂАНСКІЙ
ЗА
КНЯЖЕСТВО СРПСКО.
У БЕОГРАДУ.

▲ Српскиот граѓански законик од 1844 година

Економски реформи и аграрни промени: Темелот на капитализмот

Во XIX век Балканот бил претежно аграрно општество. Повеќе од **80 проценти од населението живеело од земјоделство**. Во исто време, традиционалниот османлиски систем на сопственост врз земјата постепено се распаѓал, а новосоздадените држави се соочиле со потребата да изградат нови правни основи што ќе овозможат приватна сопственост и развој на пазарни односи.

Во Србија, темелите на модернизацијата биле поставени со Граѓанскиот законик од 1844 година. Инспириран од австриското право, овој закон ја зацврстил приватната сопственост, слободата на договарање и еднаквоста пред законот. Со тоа се создала правна сигурност за трговците и инвеститорите. Земјоделците можеле слободно да ја изнајмуваат или продаваат својата земја, а трговците добиле услови да инвестираат во нови економски дејности и инфраструктура.

Во Бугарија, по ослободувањето во 1878 година, Трновскиот устав од 1879 година ги гарантирал приватната сопственост и слободата на стопанисување. Ова создало стабилна правна рамка за развој на капиталистичка економија. Истовремено биле спроведени значајни аграрни реформи: државата ги конфискувала чифлиците и ја распределила земјата на селаните како мали поседници. Така Бугарија се трансформирала во **„земја на мали сопственици“**, со раст на **селската средна класа** и поголема социјална подвижност.

Во **Грција**, економската модернизација се развивала преку трговијата и поморството. Државата го прифатила францускиот **Трговски закон** како основа за трговското законодавство уште во **1830-тите години**. Ова обезбедило сигурност за трговците и банките и го поттикнало развојот на поморската трговија, особено во пристаништата како Пиреја и Ермуполис. Истовремено се појавила нова трговска буржоазија која инвестирала во образование и инфраструктура.

Паралелно со овие процеси, **Османлиската Империја** спроведувала реформи во своите балкански провинции. Клучни биле Хатишерифот од Ѓулхане (1839) и Хатихумајунот (1856), со кои се прогласувала еднаквост на поданиците пред законот. Особено важен бил **Земјишниот законик од 1858 година**, кој овозможил регистрација на земјиштето и издавање сопственички титули. Со тоа постепено исчезнувал тимарскиот систем и се развивал пазар на земја. Во исто време, дел од земјиштето се концентрирал во рацете на богатите земјопоседници, што довело до ширење на чифличкиот систем.

Како резултат на овие процеси, земјоделството постепено престанало да биде само средство за преживување и станало дел од

Дали знаеш дека...

Кога Атина станала главен град, започнала изградба на нов, модерно планиран дел од градот со широки улици и големи јавни згради. Со указите од 1842 година и Законот за урбанистичко планирање од 1867 година, за првпат биле поставени јасни правила за изградба на градовите низ цела Грција.



▲ Пиреа во 19 век

пошироките економски текови. Балканот се вклучил во светскиот пазар како извозник на суровини: жито, волна, тутун и добиток, додека од Западна Европа се увезувале индустриски производи. Со тоа се создале услови за појава на првите локални фабрики и занаетчиски центри во поголемите градови.

Урбанизација и модернизација на градскиот живот

Градовите на Балканот на почетокот на XIX век биле мали и слабо уредени. Улиците биле тесни и калдрмисани, без канализација и јавно осветлување. Во текот на векот започнала интензивна урбанизација, поттикната од нови закони и реформи и во независните држави и во Османлиската Империја.

Грција била меѓу првите што систематски пристапиле кон урбанистичко планирање. Со **Кралскиот указ од 1835 година** „За хигиенската изградба на градовите и населбите", бил воведен нов начин на уредување на градовите: правоаголна мрежа на улици, планирани плоштади и јавни простори. Овие мерки значително го промениле изгледот на грчките градови и го подобриле секојдневниот живот.



▲ Белград во XIX век

Во **Србија**, процесот на урбанизација се одвивал нешто побавно, но претставувал важен дел од модернизацијата. Државата ангажирала архитекти и инженери од Хабзбуршката монархија. Во **1834 година**, кнезот **Милош Обреновиќ** започнал со план за уредување на **Белград** како главен град, а инженерот Франц Јанке од Виена изработил план со правоаголна мрежа на улици и го оформил новиот дел на градот на Врачар.

Во **Бугарија**, **урбанизацијата** била тесно поврзана со создавањето на модерна држава по 1878 година. **Софија**, прогласена за главен град во 1879 година, била реконструирана според европски стандарди: широки булевари, јавни згради, паркови и модерни комунални услуги. Странски експерти, особено од Русија и Централна Европа, учествувале во изработката на урбанистички планови. Иако многу градови добиле вакви планови, нивната реализација често била ограничена поради финансиски проблеми и приватни интереси.



▲ Истанбул во 1912 година



▲ Реклама за Оријент експрес во 1885 година

Прашања за дискусија

Со отворањето на балканските пазари кон европската индустриска стока, оваа традиционална економија се соочила со сериозен предизвик. Индустриските производи од Западна Европа биле поевтини и произведувани во големи количини, па постепено ја заменувале локалната занаетчиска продукција. Затоа многу занаетчии биле принудени да се приспособат или да ја напуштат својата дејност.

- Што ни покажува овој текст за последиците од индустријализацијата врз занаетчиите?

Истовремено, **Османлиската Империја** спроведувала урбанистички реформи во рамките на Танзиматот. Во поголемите градови започнале проекти за проширување на улиците, поплочување, воведување канализација и јавно осветлување. Се граделе административни згради, болници, училишта и пошти, често во европски стил.

Клучен двигател на овие промени била **инфраструктурата**, особено **железницата**. Во **Србија, договорите** со Австро-Унгарија од 1880 година довеле до изградба на линијата **Белград–Ниш–Врање**. Во **Бугарија, Законот за железниците** од **1885 година** предвидел поврзување на различните делови на земјата. Во **Грција** се граделе железници, патишта, пристаништа и телеграфски линии, додека во Османлиската Империја првите железнички линии биле изградени во втората половина на XIX век.

Железницата значително го забрзала движењето на луѓето и стоките, ги намалила растојанијата и ги поврзала регионите. Телеграфот, кој се развивал паралелно со железницата, овозможил брза комуникација и претставувал една од најголемите технолошки новини на времето.

Од занаетчиство кон фабрика: Индустрискиот пресврт


Економската основа на градскиот живот со векови било занаетчиството. Еснафите биле силни организации кои ги регулирале цените, квалитетот на производите и обуката на чираците. Во малите градови тие го контролирале целиот процес – од набавка на суровини до продажба на готови производи.

Балканските држави започнале да ја поттикнуваат домашната индустрија. Во **Србија, Законот за помагање на индустријата** од **1898** година обезбедил даночни олеснувања и царинска заштита. Ова довело до значителен раст: бројот на индустриски претпријатија се зголемил од 156 во 1893 година на 464 во 1910 година, особено во прехранбената индустрија, текстилот и рударството.

Во **Бугарија**, законите од 1890-тите години го регулирале преминот од занаетчиско кон фабричко производство. Биле воведени стандарди за квалитет и услови за работа, а подоцна и мерки за заштита на работниците. Истовремено се развивале фабрики поврзани со преработка на земјоделски производи: текстил, мелници, пиварници и тутунска индустрија.

И **Османлиската Империја** се обидела да го модернизира стопанството. **Трговскиот законик од 1850 година**, заснован на францускиот модел, ги регулирал трговските и банкарските активности. Подоцна биле воведени и мерки за поттикнување на индустријата. Иако индустријализацијата останала ограничена, постепено се појавиле првите модерни фабрики и производствени погони.

Појавата на **фабриките** значително ја променила природата на работата. Наместо мајстор кој работи сам или со мал број помошници, се појавиле **работници** кои користеле **машини** и работеле според


LÉGISLATION OTTOMANE

SIXIÈME PARTIE.

CONTENANT LE

CODE CIVIL OTTOMAN.

LIVRE I—VIII.

Publié avec l'autorisation du Ministère de l'Instruction Publique et l'approbation du Ministère de la Justice

par

DÉMÉTRIUS NICOLAÏDÈS

CONSTANTINOPLE

1881.

▲ Османлискиот трговски законик

строго определено време. Работата станала побрза, поорганизирана и зависна од индустриското производство. Овој процес довел до формирање на **нова општествена група – работничката класа**.

Индустријализацијата на Балканот често зависела од странски капитал. Банките од Виена, Лондон и Париз финансирале дел од индустриските проекти. Иако тоа ја ограничувало економската независност, сепак создало услови за развој на модерна економија и инфраструктура.

Трговска буржоазија и социјална подвижност

Со модернизацијата на Балканот во XIX век започнало создавањето на нови општествени слоеви. Традиционалната **хиерархија**, заснована на воена или верска припадност, постепено се заменувала со **хиерархија** заснована на економска моќ. На врвот се појавила **трговската буржоазија**.

Правните реформи во Србија, Бугарија, Грција и Османлиската Империја овозможиле **трговците** да акумулираат **капитал**, да склучуваат договори и да ги заштитат своите интереси. Оваа класа имала значајна улога не само во економијата, туку и во културата и политиката. Таа финансирала училишта, болници и културни институции, како и различни реформски и национални движења.

Во Османлиската Империја, Танзиматските реформи овозможиле поголема социјална подвижност, особено за немуслиманските заедници. Грците, Ерменците и Евреите добиле можности да учествуваат во трговијата, банкарството и администрацијата, што довело до создавање економски силна и влијателна буржоазија.

Покрај тоа, се зголемиле можностите за општествен напредок. Образованието станало клучен пат за напредување. Децата од селски и занаетчиски семејства можеле да станат учители, лекари, адвокати или државни службеници. Ова претставувало значајна промена во однос на претходниот период кога општествениот статус најчесто бил наследен.

Сепак, оваа подвижност имала свои ограничувања. **Жените** ретко учествувале во јавниот живот, иако започнале да се отвораат првите женски училишта. Исто така, етничката припадност понекогаш влијаела врз економските можности, бидејќи одредени заедници имале подобри трговски мрежи.

Модернизацијата на Балканот во XIX век претставувала сложен процес кој ги опфатил економијата, градовите и општествените односи. Преку аграрните реформи, урбанизацијата и развојот на индустријата, традиционалното општество постепено се трансформирало во модерно. Овие промени довеле до појава на нови општествени слоеви и поголема социјална подвижност, но истовремено создале и нови нееднаквости. Со тоа, Балканот станал дел од поширокиите европски и светски процеси на модернизација.




▲ Калирои Парен, активистка за правата на жените во Кралството Грција

Провери го научено

1. Зошто модернизацијата на Балканот во XIX век започнува од земјоделството?
2. Која била улогата на железницата во модернизацијата на Балканот?
3. Како модернизацијата довела до појава на нови општествени слоеви и социјална подвижност?
4. Како развојот на градовите влијаел врз секојдневниот живот на населението?

6. Образование, печат и јавната сфера во XIX век


СРПСКИ РЈЕЧНИК.

Wolf Stephanović's
Serbisch - Deutsch - Lateinisches Wörterbuch.

Lexicon Serbico-Germanico-Latinum.

▲ Српскиот речник на Вук Караџиќ

Деветнаесеттиот век бил период на значајни промени на Балканот, особено во областа на образованието, културата и ширењето на новите идеи.Промените се одвивале во училиштата, печатниците и во местата каде што луѓето се собирале за да разговараат и да разменуваат мислења. Балканските општества постепено се трансформирале од традиционални и претежно религиозно организирани заедници во општества со поразвиено световно образование, културни институции и нови форми на јавен живот.Во овој процес особено важна улога имале образованието, печатот и јавната сфера. Во текот на XIX век биле отворени бројни училишта, се појавиле весници на народните јазици, а писменоста постепено станувала важен дел од секојдневниот живот.



▲ Училиште во Грција XIX век

Образованието: Темел на националната свест

Во почетокот на XIX век, образованието на Балканот главно било во рацете на црквата. Децата учеле во **црковни училишта**, каде што главната цел била стекнување литургиска писменост, односно способност да се чита ат богослужбени текстови. **Наставата** често се одвивала на јазици што **не биле разбирливи** за поголемиот дел од населението, како **грчкиот или црковнословенскиот**.Со ширењето на идеите на европското просветителство постепено се појавила потреба од нов тип училишта. Тие биле **световни**, односно не биле под директна контрола на црквата, туку биле насочени кон образованието на поширокото население и кон потребите на општеството.

Една од клучните промени било воведувањето на **народниот јазик во наставата**. Учениците конечно можеле да учат на јазик што го разбирале, а јазикот постепено станувал важен елемент на културниот и националниот идентитет. Кога децата учеле да читаат и пишуваат на мајчин јазик, тие полесно се поврзувале со заедницата на која ѝ припаѓале.

Првите модерни училишта често функционирале како „**меѓусебни**" или **взаемни училишта.** Во нив постарите ученици им помагале на помладите, што овозможувало еден учител да работи со голем број ученици.

Со текот на времето се менувала и содржината на наставата. Наместо само верски текстови, во училиштата почнале да се изучуваат предмети како **аритметика, географија, историја и граматика на народниот јазик**.

Во **Србија, законот од 1838** година го регулирал основното образование, а до **1882** година било воведено **задолжително четиригодишно основно образование**. Во Грција, првиот закон за задолжително образование бил донесен во 1834 година, само неколку години по независноста, со што земјата станала една од првите во регионот со системско образование.

Во Бугарија, првото световно училиште било отворено во **Габрово** во **1835 година**, а потоа училишта биле отворени и во многу бугарски градови и населени места. И покрај овие промени, писменоста се ширела бавно. Во првата половина на XIX век се проценува дека помалку од 10 % од населението знаело да чита и пишува. Особено ниска била писменоста кај жените. Во многу општества се сметало дека нивната улога е пред сѐ во домот, па нивното образование често било ограничено на основни домашни вештини и елементарно читање. Во текот на XIX век започнале значајни промени. Со отворањето на првите женски училишта, постепено се зголемувал бројот на образувани девојчиња. Во **Србија, првото женско училиште** било отворено во **1845 година**. До 1900 година писменоста кај жените достигнала околу 15 %, додека кај мажите изнесувала околу 35–40 %.

По завршувањето на основното образование, учениците можеле да продолжат во гимназија. Наставната програма вклучувала **математика, историја, географија, природни науки** и **странски јазици**. Првите гимназии се појавиле во поголемите градови: Атина во 1830-тите, Белград во 1839 година и во Пловдив во 1860-тите години.

Токму во овие институции се формирал нов општествен слој – интелигенцијата. Под овој поим се подразбирале образовани луѓе како учители, лекари, адвокати, писатели и новинари, кои имале значајна улога во културниот и јавниот живот. Иако нивниот број бил релативно мал, нивното влијание било големо. Тие преведувале книги, пишувале учебници и придонесувале за развојот на книжевните јазици. Преку училиштата и културните институции се ширеле нови идеи и знаења.



▲ Училиштето во Габрово

Дали знаеш дека...

Во 1887 година во Корча било отворено едно од првите световни училишта на албански јазик, кое имало важно значење за развојот на албанското образование и национална преродба. Во втората половина на XIX век, албанските преродбеници сè поголемо внимание посветувале на образованието на девојчињата. Особено значајно било отворањето на првото албанско училиште за девојчиња во Корча во 1891 година.

Прашања за дискусија

Дали образованието е најважниот фактор за создавање на национален идентитет? Објасни.



Вишето женско училиште во Белград. Прва генерација



Новине Српске

Печатот: Гласот на новото време

Ако училиштето било местото каде што се стекнувало знаење, печатот бил средството преку кое тоа знаење се ширело меѓу поширокаата јавност. Појавата на печатот на Балканот била тесно поврзана со потребата за побрза комуникација и ширење на нови идеи.

Првите весници значително се разликувале од денешните. Тие не излегувале секој ден, туку најчесто еднаш неделно или месечно. Нивниот тираж бил мал – понекогаш само 200 до 300 примероци. Финансирањето најчесто доаѓало од државата, од богати мецени или од припадници на дијаспората. И покрај малиот тираж, весниците имале големо значење. Тие претставувале важен извор на информации за случувањата во светот, но и простор во кој се воделе културни и општествени расправи.

Весниците одиграле важна улога и во развојот на книжевните јазици. Печатот директно влијаел врз начинот на кој луѓето пишувале и зборувале. Во Србија, весникот „**Новине српске**“ придонел за развојот на српскиот книжевен јазик, особено под влијание на реформите на **Вук Караџиќ**. Во Грција, весниците што се издавале во земјата, како и во дијаспората придонеле за оформувањето на современиот грчки јазик. Кај Бугарите, весникот „**Цариградски весник**“ одиграл

Истражувај

Може да се издвојат неколку видови весници. Првиот бил официјалниот весник, кој служел за објавување на државни уредби, закони и соопштенија. Пример за таков весник бил „Таквим-и Векаји“, основан во 1831 година во Османлиското Царство, кој излегувал на повеќе јазици. Во Србија слична улога имал весникот „Новине српске“ (1834), а во Грција весникот „Атина“ (1833).
Вториот тип бил просветителскиот весник или списание, чија главна цел била да го образува населението. Примери за вакви публикации биле „Подунавка“ во Србија, „Ефимерис“ (објавуван во Виена за грчката дијаспора) и „Куриерул романеск“ во Романија.
Третиот тип бил политичкиот весник, кој се занимавал со актуелни политички прашања и идеи. Примери за вакви публикации биле „Дунавски лебед“ во Бугарија, „Тимпул“ во Романија и „Терџуман-и Ахвал“ во Османлиското Царство.
Истражи повеќе околу причините за издавањето на весниците во балканските држави!

важна улога во развојот на бугарскиот книжевен јазик. И покрај растечкото значење на печатот, слободата на зборот во XIX век често била ограничена. Цензурата била честа појава и во Османлиското Царство и во новите балкански држави, бидејќи властите настојувале да ја контролираат содржината што се објавувала.

Јавната сфера: Простор за дискусија и дебата

Образованието, печатот и јавните разговори постепено придонеле за создавање на она што денес се нарекува јавна сфера. Со овој поим се означува простор – физички или интелектуален – во кој граѓаните разменуваат мислења и формираат јавно мислење независно од директната контрола на државата.

Во XIX век на Балканот, јавната сфера не постоела во виртуелна форма како денес. Таа се развивала преку конкретни институции и места каде што луѓето се собирале и разговарале, особено во читателските друштва и читалиштата.

Бидејќи книгите и весниците биле скапи, мал број луѓе можеле самостојно да ги купуваат. Затоа се формирале **читателски друштва** во кои членовите плаќале мала членарина за да имаат пристап до заедничка библиотека. Во читалиштата се организирале предавања, театарски претстави, музички вечери и јавни дебати.

Еден од познатите примери е **Читалиштето на Крф**, основано во **1836** година. Во Бугарија, за време на периодот познат како Бугарска преродба, биле основани бројни читалишта. Првото било основано во **Свиштов**. Во Србија, **Белградското читалиште**, основано **во 1847 година**, организирало јавни читања и дискусии.

Ваквите институции придонеле за создавање чувство на заеднички идентитет. Кога луѓето слушале за „нашата историја", „нашиот јазик" или „нашите права", тие постепено почнувале да се чувствуваат дел од поширока заедница.

Училиштето го учело детето дека припаѓа на одредена културна заедница, а весниците и читалиштата постојано го зајакнувале тоа чувство. Со текот на времето, културната и јазичната свест се претворала и во политички идеи, па културните движења често претходеле на барањата за автономија или независност. Во овој процес значајна улога имала интелигенцијата, која преку училиштата, печатот и културните институции ги ширела новите идеи.

Дали знаеш дека...

Во август 1913 година бил издаден првиот весник во независна Албанија. Уредници на весникот биле Димитер Берати и Михаљ Грамено.

▼ Читалиштето на Крф





▲ Јован Стерија Поповиќ

Интелигенцијата: Двигател на културната промена

Интелигенцијата имала значајна улога во овие општествени и културни промени. Овој општествен слој го сочинувале луѓе со повисоко образование – **учители, лекари, адвокати, писатели и новинари**. Иако нивниот број бил релативно мал, нивното влијание врз општеството било големо. Нејзините припадници активно работеле на ширење на образованието, пишувале учебници, преведувале книги и придонесувале за развојот на книжевните јазици. Преку овие активности тие учествувале во создавањето на националните култури на Балканот.

Многу интелектуалци се сметале за „будители" на народот. Тие верувале дека образованието и културата се основа за напредок на општеството и за создавање посилна и посвесна заедница. Интелигенцијата претставувала врска меѓу европските културни центри и балканските општества. Многу млади луѓе студирале во **Виена, Париз или Берлин**, а потоа се враќале во своите земји, носејќи нови идеи, либерални политички концепции и современи образовни методи.



▲ Петко Славејков

Во **Србија**, интелигенцијата се формирала околу гимназиите и културните друштва. Учители и писатели како **Јован Стерија Поповиќ и Ѓура Даничиќ** одиграле важна улога во развојот на јазикот и културата.

Во Бугарија, дејци како **Петко Славејков и Љубен Каравелов** преку весници и читалишта придонесувале за развојот на националната свест. Во Романија, интелектуалци како Николае Балческу и Михај Еминеску преку печатот и јавните дебати придонеле за развојот на националниот идентитет.

Интелектуалците често поттикнувале јавни расправи за општествени и политички прашања, поради што понекогаш се соочувале и со цензура. Во Османлиското Царство, интелектуалци од различни заедници учествувале во Танзиматските реформи, обидувајќи се да ја модернизираат империјата преку образование, печат и административни промени. Во исто време, тие придонесувале и за развојот на националната свест кај балканските народи. Образованието, печатот и јавната сфера во XIX век одиграле клучна улога во општествените промени. Училиштата ја шириле писменоста, весниците ги пренесувале новите идеи, а читалиштата создале простор за јавни расправи и културен живот. Искуството од овој период покажува дека писменоста не е само способност за читање и пишување, туку и основа за активно учество во општеството и разбирање на пошироките општествени процеси.

Провери го научената

1. Како образованието придонело за развојот на националната свест на Балканот во XIX век?
2. Каква улога имал печатот во ширењето на новите идеи и информации?
3. Зошто интелигенцијата имала големо влијание врз општеството и покрај тоа што била малубројна?
4. Зошто училиштата и весниците биле важни за ширење на националните идеи?

7. Културниот живот на османлискиот Балкан

Со ширењето на османлиската власт од XIV век натаму, Балканот постепено влегол во составот на Османлиската Империја. Тоа не била само промена на власта. Османлиското владеење донело промени и во изгледот на градовите, во начинот на секојдневниот живот и во културните навики на населението.



Капали чаршија, Истанбул

Највидливи биле промените во градовите. Тие се ширеле, добивале нови трговски и јавни простори и станувале важни средишта на економскиот и општествениот живот. Во нив живееле и се среќавале луѓе од различни верски и етнички заедници: муслимани, православни христијани, католици и Евреи.

Во таква средина не се разменувале само стоки, туку и зборови, обичаи, вкусови и начини на живеење. Затоа османлискиот град на Балканот со време добил поинаков изглед и ритам од оној што го имал во средниот век. Токму преку градскиот живот најјасно може да се забележи како османлиското владеење влијаело врз културата на Балканот.

Дали знаеш дека...

Во 1887 година во Корча било отворено првото училиште на албански јазик, кое имало важно значење за развојот на албанското образование и национална преродба.

Урбаната структура на градот

Османлиските градови се развивале околу **централната чаршија**, која претставувала економско и општествено јадро на градот. Чаршијата не била само пазар, туку жив и раздвижен простор во кој се наоѓале **безистени** (покриени пазари), **карван-сараи** за престој на трговци и патници, како и **амами** – јавни бањи што служеле не само за хигиена, туку и за секојдневно дружење.

Во градовите како Пловдив, Сараево, Одрин, Берат, Ниш, Белград и Константинопол, карван-сараите им овозможувале на трговците безбедно да престојуваат и да ја складираат својата стока. Ова било особено важно, бидејќи некои од овие градови се наоѓале на значајни трговски патишта што ги поврзувале Медитеранот, Блискиот Исток и Централна Европа.



Безистен

Соживување со минатото

Замисли дека си млад трговец кој пристигнува во османлиски град во XVI век. Сместен си во карван-сарај и секојдневно ја посетуваш чаршијата каде што се среќаваш со луѓе од различни народи и култури.

Одговори:

1. Што најмногу би ти привлекло внимание во чаршијата и зошто?
2. Како би го опишал градот и неговиот начин на живот?
3. Дали би ти било лесно да се приспособиш на таква средина? Објасни.

Чаршијата била и главното место на секојдневниот живот. Таму се склучувале договори, се разменувале вести и се воспоставувале деловни и лични врски. Постојаниот контакт меѓу луѓето од различни верски и етнички заедници доведувал до заемни културни влијанија, кои можеле да се забележат во јазикот, облеката, храната и музиката.

Караван-сараите, имале пред сѐ економска функција. Тие служеле за престој на трговци и патници и за безбедно чување на стоката. Иако таму се воспоставувале контакти и се разменувале вести, нивната главна улога била поврзана со трговијата.

Градовите најчесто биле поделени на три основни целини: чаршија како трговски центар, маала за живеење и верски комплекси. **Маалата** се оформувале околу џамии, медреси, цркви или синагоги и создавале чувство на заедништво и сигурност. Улиците биле тесни и кривулести, а куќите често имале затворени дворови, што обезбедувало приватност, но и блиска секојдневна комуникација меѓу жителите.

Верските заедници и нивната улога во градскиот живот

Во османлиските градови, верските заедници имале многу поширока улога од самото извршување на верските обреди. Тие биле важни за образованието, зачувувањето на традицијата, меѓусебната помош и за секојдневната организација на животот. Бидејќи Османлиската Империја била мултирелигиска држава, во градовите живееле муслимани, православни христијани, католици и Евреи. Секоја од овие заедници имала свои храмови, училишта, обичаи и правила, а токму градот бил местото каде што тие најчесто се среќавале и стапувале во контакт.

Муслиманската заедница најчесто се организирала околу џамијата и објектите во нејзина близина. **Џамијата** не била само место за молитва, туку и простор за собирање, разговор и информирање. Околу поголемите џамии се оформувале цели комплекси со **медреси, амами, имарети, чешми** и **дуќани**. Овие комплекси значително влијаеле врз изгледот и функционирањето на градот. Добар пример е комплексот на **Гази Хусрев-бег** во **Сараево.**



▲ Гази Хусрев беговата џамија

Во рамките на овие комплекси се наоѓале медресите – образовни установи во кои се изучувале исламско право, теологија, граматика, логика и литература. Во нив често имало библиотеки, а наставата се одвивала преку предавања и расправи. Образованите луѓе – улемите – подоцна станувале кадии, учители или службеници, што покажува дека образованието било тесно поврзано со управувањето на градот.

Голема улога имале и вакуфите. **Вакуфот** претставувал добротворен имот или фонд, основан за одржување на верски и јавни објекти. Преку вакуфи се финансирале џамии, медреси, амами, чешми, мостови, како и јавни кујни – **имарети**. Во овие кујни секојдневно се делела храна за сиромашните, патниците и учениците, што јасно ја покажува социјалната улога на верските институции.

Христијанските заедници, и покрај тоа што живееле во рамките на исламска држава, успеале да ги зачуваат своите храмови,

обреди и голем дел од својата културна традиција. **Црквите** и **манастирските училишта** имале важна улога во зачувувањето на јазикот, писменоста и верскиот идентитет. Во некои градови тие биле и места каде што се препишувале книги, се чувале ракописи и се воспитувале идни свештеници и учители. За православното население особено значајно било влијанието на **Цариградската патријаршија, Пеќската патријаршија** и **Охридската архиепископија,** но тоа не било еднакво насекаде и зависело од локалните услови.

Еврејските заедници, особено во поголеми градови, исто така биле важен дел од урбаниот живот. Тие имале свои синагоги, училишта и трговски мрежи. По доаѓањето на голем број **Сефарди** од Шпанија кон крајот на XV век, некои градови добиле уште поизразен мултикултурен карактер. Еврејските трговци, занаетчии и учени луѓе значително придонесувале за економскиот и културниот развој на градовите.

Затоа, кога зборуваме за верските заедници во османлискиот град, не треба да мислиме само на молитва и храмови. Тие биле поврзани со образованието, добротворноста, социјалната помош, писменоста и секојдневната организација на луѓето. Градскиот живот се развивал токму преку таа постојана врска меѓу верата, општеството и практичните потреби на населението.

Секојдневен живот, еснафи и култура

Секојдневниот живот во османлиските градови се одвивал во тесна врска меѓу економијата, религијата и општествените односи. Во неговото средиште била чаршијата, каде што секојдневно се среќавале трговци, занаетчии и купувачи од различни верски и етнички заедници. Таму не се одвивала само трговија, туку и размена на информации, договори и вести од други делови на империјата.

На пазарите се продавале производи како жито, волна, кожа, текстил и метални предмети, но и увозни стоки – зачини, свила и бои од Индија, Персија и Блискиот Исток. Ова покажува дека балканските градови биле дел од поширок трговски мрежи кои ги поврзувале различните региони на империјата.

Важна улога имале **еснафите** – здруженија на занаетчии организирани според професија. Ковачи, грнчари, кожари, самарџии, ткајачи и златари работеле во рамките на свои еснафи, кои ги регулирале работното време, квалитетот на производите и цените. Еснафите се грижеле и за обучување на нови занаетчии преку системот на чираци, калфи и мајстори. Така се пренесувале знаењата и вештините од генерација на генерација, а занаетите се одржувале на високо ниво.

Освен економска, еснафите имале и социјална и религиозна улога. Тие организирале заеднички прослави, учествувале во верски празници и им помагале на своите членови во случај на болест или сиромаштија. Во градови како Пловдив, Сараево, Скадар или Одрин, тие биле важен дел од градската заедница и придонесувале за стабилноста на урбаниот живот.

Дали знаеш дека...

Дали знаеше дека во османлиските градови имаретите биле места каде што секојдневно се делела бесплатна храна за сиромашните, патниците и учениците?

Тие функционирале благодарение на вакуфите и претставувале важен дел од социјалната грижа во градовите.



▲ Сефардски жени



▲ Музички инструмент - уд

Меаните и **кафеаните** биле места каде што луѓето се собирале. Таму се разговарало за трговија, политика и секојдневни настани. Во овие простори се среќавале луѓе од различни општествени слоеви – трговци, занаетчии, патници и службеници, Тие имале важна улога во ширењето на информации.

Во културниот живот значајно место имала **музиката**. Таа претставувала спој на ориентални влијанија и локален **фолклор**. На Балканот **ориенталната музика** станала многу популарна. Се користеле инструменти како **уд, неј** и **тамбура**, а музиката се изведувала на свадби, празници и други свечености. Покрај тоа, народните песни и игри продолжиле да се негуваат и да се пренесуваат, што овозможило зачувување на локалните традиции и покрај силните културни влијанија.

Животот во градот не бил ист за сите. Богатите трговци и службеници живееле во подобри услови и имале поголемо влијание, додека занаетчиите и сиромашните слоеви на населението зависеле од пазарот и од сопствената работа. Сепак, чаршијата и јавните простори овозможувале постојан контакт меѓу различни луѓе, што придонесувало за создавање на динамична и поврзана градска средина.

Храна, облека и културни навики

Исхраната во османлиските градови на Балканот била разновидна и зависела од локалните услови и трговските врски. Во секојдневната исхрана се користеле жито, зеленчук, месо и млечни производи, а оризот имал важно место, особено во градските средини. Под влијание на **ориенталната кујна** се проширале јадења како **баклава, локум и алва**, како и различни чорби и печени јадења.



▲ Османлиска кафеана

Пазарите и чаршиите биле главни места за снабдување со храна. Таму се продавале локални производи, но и увозни стоки како зачини, кафе и свила. **Кафето**, кое се појавило во XVI век, постепено станало дел од секојдневниот живот и од културата на дружење.

Облеката јасно ги покажувала социјалните и културните разлики. Луѓето се облекувале според статусот, занимањето и верската припадност. Муслиманите често носеле долги облеки и турбани, додека кај христијаните и Евреите се задржале повеќе локални елементи. Во градовите, постепено, се јавувало мешање на стилови, особено кај побогатите слоеви, па облеката станувала и показател за општествениот статус.

Жените и нивната улога во општеството

Положбата на жените во османлиското општество била ограничена во јавниот живот, но тие имале значајна улога во семејството и преку добротворни активности. Жените од повисоките слоеви

преку вакуфи финансирале изградба на џамии, училишта, чешми и јавни кујни, со што индиректно влијаеле врз развојот на градовите. Во Константинопол, султанските мајки (**валиде султан**) понекогаш имале и политичко влијание, но тоа било ограничено на највисоките кругови.



▲ Бугарски жени во времето на османлиското владеење



▲ Османлиски службеник

Социјална структура

Општеството во османлиските градови било поделено според верска припадност и социјален статус. Муслиманите доминирале во администрацијата и во воената служба, но економскиот успех не зависел само од верата.

Трговците, занаетчиите и службениците формирале различни слоеви, но биле меѓусебно поврзани. Занаетчиите зависеле од пазарот, а трговците од производството и трговските врски, што создавало постојана економска поврзаност во градот.

Промени во XIX век и Танзимат

Во XIX век започнале **Танзиматските реформи (1839–1876)**, со цел модернизација на државата и поголема еднаквост меѓу поданиците.

Во градовите се појавиле нови училишта, административни згради и поширoки улици, а некаде и булевари по европски пример. Во архитектурата започнало да се комбинираат османлиски и европски елементи. Сепак, чаршијата, џамиите, медресите и амамите останале важен дел од секојдневниот живот.


Многу објекти од османлискиот период денес се дел од културното наследство на балканските градови. Џамиите, карван-сараите, амамите, медресите и црквите сведочат за долг историски период и за мултикултурниот карактер на градовите.

Ова наследство не се гледа само во архитектурата, туку и преку храната, музиката, облеката и обичаите, кои продолжиле да живеат и по падот на империјата. Во градови како Сараево, Пловдив, Берат, Одрин, Ниш и Белград, тие и денес се препознатлив дел од културниот идентитет.

Провери го научено

1. Како била организирана урбаната структура на османлиските градови и која била улогата на чаршијата?
2. Објасни ја улогата на верските заедници во образованието и секојдневниот живот на градското население.
3. Што биле еснафите и како влијаеле врз економскиот и социјалниот живот во градовите?
4. Како секојдневниот живот во градовите покажувал соживот меѓу различни верски и етнички заедници?

8. Романтизмот и националните културни програми



▲ Вук Караџиќ

Деветнаесеттиот век претставува значајна пресвртница во историјата на Југоисточна Европа. Во тој период, големите империи – Османлиската, Хабсбуршката (Австриска) и Руската – се натпреварувале за влијание и контрола врз Балканот. Во такви услови кај народите што живееле под туѓа власт постепено се појавувала нова свест.

Оваа свест не била насочена само кон политичко ослободување, туку и кон културно и духовно будење. Луѓето сè повеќе почнале да размислуваат за своето потекло, јазик, традиција и историја. Во таква средина се развил романтизмот – европско интелектуално движење кое на Балканот добило силно национално значење. Културата во овој период не била само дел од секојдневниот живот, туку станала средство преку кое се градел националниот идентитет. Јазикот, народните песни, историјата и обичаите добиле ново значење и станале основа за создавање на идните држави.

Романтизмот како идеологија на националното будење

Романтизмот се појавил во **Западна Европа кон крајот на XVIII** век како реакција против рационализмот на просветителството. Додека просветителите го нагласувале разумот и универзалните вредности, романтичарите ја истакнувале улогата на емоцијата, традицијата и посебноста на секој народ. Овие идеи брзо биле прифатени и од балканските интелектуалци.

За народите под османлиска власт, романтизмот не бил само книжевен правец, туку и начин на размислување со јасна политичка насока. Се ширела идејата дека секој народ има своја „душа", која се изразува преку јазикот, обичаите и фолклорот. Ова дополнително ги зајакнало стремежите за автономија и независност. Овој пристап се нарекува етнолингвистички национализам. Според него, границите на нацијата треба да се совпаѓаат со границите на јазикот и културата. Така, дел од српските романтичари ги сметале сите штокавски говорници за Срби, додека грчките интелектуалци настојувале да покажат континуитет со античките Хелени. Романтизмот имал одредено влијание врз поширокото население, бидејќи се обраќал на чувствата. Преку приказни за херои, жртвите и славното минато, тој станал важна подготовка за идните национални движења и востанија.

Соживување со минатото

Замисли дека си млад интелектуалец во XIX век.

Дали би се обидел да го „разбудиш" својот народ преку книги, песни или образование?

Зошто?

Јазикот и книжевноста – темел на нацијата

Еден од најважните чекори во развојот на националните програми била стандардизацијата на јазикот. Без заеднички јазик

не можело да се создаде единствено образование, литература или администрација. Затоа јазикот станал клучен инструмент во оформувањето на нацијата.

Најпознатиот пример за јазична реформа е поврзан со **Вук Стефановиќ Караџиќ**. Неговото гесло **„Пишувај како што зборуваш"** означило пресврт во јазичната политика. Тој го отфрлил црковнословенскиот и словеносрпскиот јазик и го поставил народниот говор како основа на книжевниот јазик. Со „Српски рјечник" и преводот на Новиот завет, Караџиќ ги поставил темелите на модерниот српски јазик. Јазикот постепено станал главен критериум за национална припадност. Потоа била направена **и јазичната кодификација** на модерниот српски јазик. Јазичната кодификација е процес во кој еден јазик добива јасни правила – како се пишува, како се чита и како се користи. Така сите луѓе можат да го разбираат и користат истиот стандарден јазик. Во хрватските земји, **Људевит Гај** го предводел **Илирското движење**. Една од целите на ова движење била создавање заеднички јужнословенски книжевен јазик врз основа на штокавското наречје. Во XIX век, оваа идеја придонела за зајакнување на културната позиција на Хрватите во рамките на Хабсбуршката монархија. Гај ја вовел и латиничната азбука – гаевицата.



▲ Људевит Гај

Кај Бугарите, јазичната стандардизација била тесно поврзана со борбата против влијанието на грчката црква. Преродбениците, како **Неофит Рилски** и **Петар Берон**, се залагале за воведување на бугарскиот јазик во училиштата и богослужбата. „Букварот" на Берон се смета за прв модерен бугарски учебник. Тогаш започнува и периодот на бугарската **преродба**. Во Грција постоел долг спор меѓу **„димотики"** (**народниот јазик**) и **„катаревуса"** (**архаичен, прочистен јазик**). Писатели како **Јанис Психарис** пишувале на народен јазик за да бидат разбрани од поширокатa публика, додека дел од елитата инсистирала на архаични форми поврзани со античката традиција.



▲ Неофит Рилски

Фолклорот и народната песна – душата на народот

Романтичарите верувале дека токму во народните песни и предања се зачувани најчистите облици на народниот дух, без силно туѓо влијание. Затоа собирањето на народни умотворби станало важна задача за интелектуалците.

Вук Караџиќ, покрај реформата на јазикот, собрал и голем број народни песни. Неговата работа привлекла внимание и надвор од Балканот – европски интелектуалци како **Јакоб Грим и Гете** покажале интерес за српскиот фолклор. Песните за Косовската битка не биле само дел од традицијата, туку и начин да се зачува сеќавањето на средновековната држава и идеалите за херојство и жртва. Кај Бугарите, собирањето народни песни имало двојна цел: зачувување на културното наследство и потврдување на националниот идентитет. **Иван Богоров** бил меѓу првите што систематски



▲ Иван Богоров




▲ Спиридон Замбелиос

работел на тоа, објавувајќи ја во 1842 година збирката „Бугарски народни песни и поговорки". Со ова дело, бугарскиот фолклор станал познат и надвор од Османлиската Империја.

Подоцна, **Петко Рачов Славејков** ги проширил овие напори. Тој не само што собирал песни, туку и ги користел како инспирација за сопствени дела. Неговата поема „Изворот на белоногата" покажува како фолклорот може да стане дел од модерната литература. Така народните јунаци добиле ново значење и станале симболи на борбата за слобода и достоинство. Во Грција, важна улога имале и европските поддржувачи на грчката кауза, познати како филхелени. Францускиот Клод Фориел во 1824 година објавил збирка на модерни грчки песни за време на борбата за независност. Преку овие песни Грците биле претставени како наследници на античката традиција, што дополнително ја засилило поддршката од Западна Европа. Но и во новата држава се јавиле интелектуалци кои се бавеле со фолклорот и народната традиција. Еден од нив бил **Спиридон Замбелиос** кој одиграл клучна улога во собирањето на народните песни и традиции. Подоцна ќе се појави **Николаос Политис**, кој се смета за основач на студиите за грчкиот фолклор.

Во Романија, Василе Александри собирал народни песни со цел да го покаже историскиот континуитет на романскиот народ. Помеѓу Албанците, **Сами Фрашери** и **Дора Д'Истрија** го користеле фолклорот за да го истакнат посебниот идентитет на Албанците. Преку јазикот, обичаите и народното творештво тие настојувале да покажат дека Албанците имаат длабоки корени на Балканот. Сами Фрашери во своето дело „Албанија што беше, што е и што ќе биде", кое се смета како политичка програма на Албанската преродба, го истакнувал значењето на албанскиот јазик. Според него, јазикот бил главниот симбол што ги разликуваше Албанците од другите соседни народи и Османлиите. Поради религиозните разлики помеѓу Албанците, албанскиот јазик станал симбол на национално единство. Фолклорот, на тој начин, не бил само дел од традицијата, туку и средство преку кое се градела свеста за припадност. Тој служел како доказ дека нацијата постои, дури и кога таа сѐ уште немала сопствена држава.



▲ Сами Фрашери

Историскиот мит и националните симболи

Националните движења, а подоцна и државите, не се потпирале само на јазикот и народните песни, туку и на толкувања на минатото. Бидејќи историските извори често биле ограничени или недостапни, романтичарите создавале историски митови – идеализирани прикази на минатото кои имале за цел да ја зајакнат националната свест и да поттикнат заедничка акција. Денес, историчарите укажуваат дека овие митови не се буквално точни, но имале силно влијание врз создавањето на нациите.

Еден од најпознатите примери е **Косовскиот мит**. Битката на Косово Поле (1389) со текот на времето била претставена не само како воен пораз, туку и како морална победа. Кнез Лазар бил прикажан како владетел кој го избрал „царството небесно" наместо земното. Овој мотив станал важен дел од српската култура и идентитет, а преку делото „Горски венец" од **Петар II Петровиќ** Његош добил и силна книжевна форма.

Грчката национална програма се темелела на идејата за историски континуитет од античка Грција, преку Византија, до современата држава. Грчките интелектуалци и научници ја развиле оваа идеја, нагласувајќи дека модерните Грци се наследници на античката цивилизација. Во државата започнал да се создава митот дека современите Грци се наследници на античкитеЗа Бугарите, силен симбол на националното будење било Априлското востание од 1876 година. Иако било задушено, насилството врз цивилното население предизвикало силна реакција во Европа. Во романот „Под игото", **Иван Вазов** го претставил овој настан како борба за слобода и достоинство, додека личности како Васил Левски и Христо Ботев станале симболи на жртвата и идеалот за независност. Подоцна, во бугарската наука и образование главен интерес ќе биде средновековната бугарска историја.Кај Албанците се развила идејата за илирско потекло. Според неа, Албанците се потомци на Илирите – стар народ кој живеел на Балканот. Оваа идеја служела за истакнување на нивната долгогодишна присутност во регионот и за оправдување на стремежот кон сопствена држава.

Улогата на историографијата во создавањето на нацијата

Во XIX век, историографијата не била целосно објективна наука како што ја разбираме денес. Наместо тоа, таа често служела како средство за зајакнување на националната свест. Историчарите имале важна улога – преку проучување и толкување на минатото, тие настојувале да го „разбудат" народот и да го поттикнат чувството на припадност. Денес се смета дека ваквиот пристап бил делумно пристрасен, но имал големо значење во процесот на создавање на нациите.

Грчките историчари, особено **Константинос Папаригопулос**, придонеле за создавање нова слика за националната историја. Тој го вклучил византискиот период како важен дел од грчкото минато, иако претходно често бил занемаруван. Така се воспоставила врска меѓу античката традиција, византиското наследство и современата грчка нација, при што православието добило значајно место во националниот идентитет.Српските историчари, како **Јован Раиќ** и **Стојан Новаковиќ**, настојувале да прикажат историски континуитет помеѓу средновековната српска држава и модерното кнежевство. Тие ги проучувале старите документи, манастири и традиции за да покажат дека српската државност има длабоки историски корени.

Дали знаеш дека...

Европските интелектуалци во XIX век биле толку заинтересирани за балканскиот фолклор што некои народни песни биле преведувани и читани низ цела Европа.



▲ Константинос Папригопулос



▲ Јован Раиќ

Бугарските преродбеници пишувале историски дела за да ги потсетат Бугарите на нивното средновековно минато. Посебно внимание посветувале на периодите на Асеневците и Шишмановците, со цел да се надмине чувството на потчинетост и да се нагласи постоењето на силна државна традиција. Важна улога во овие процеси имал **Марин Дринов.**

Со текот на времето, ваквите толкувања станале дел од образованието. Во училиштата се оформил одреден историски „канон", преку кој учениците учеле дека нивниот народ има славно минато, но и право на сопствена држава. Така историографијата одиграла значајна улога во создавањето на националната свест.Културните програми на балканските народи во XIX век оставиле трајно влијание кое се чувствува и денес. Романтизмот одиграл клучна улога во создавањето на модерните нации, преку јазикот, фолклорот и начинот на кој се толкувало минатото.Сепак, овој процес имал и свои последици. Натпреварот меѓу националните идеи често доведувал до конфликти, особено кога различни народи полагале право на ист простор врз основа на различни историски толкувања.

Провери го научената

1. Каква улога имал фолклорот во развојот на националната свест?
2. Зошто националните движења користеле историски митови?
3. Каква била улогата на историчарите во XIX век?
4. Зошто јазикот и народните песни станале важни симболи на националниот идентитет?

9. Раните научни, книжевни и уметнички институции во новите држави

Во XIX век, кога балканските народи започнале да се ослободуваат од Османлиското Царство и да создаваат свои независни држави, нивните лидери и интелектуалци брзо сфатиле дека тоа не е доволно. За една нација да опстане и да биде призната во Европа, било неопходно да се изгради и нејзината културна и образовна основа.

Новите балкански држави се нашле во сложена ситуација: стекнале политичка независност, но немале доволно свои училишта, книги на сопствен јазик или институции во кои се чува и развива националната историја и култура. Без вакви институции, државата лесно би останала зависна од туѓи модели и знаење. Затоа XIX век на Балканот не бил само век на војни и востанија, туку и период на интензивно создавање културни и научни институции. Универзитетите, библиотеките и театрите постепено станале важни центри на образование, култура и јавен живот.

▼ Универзитетот во Атина



Овие институции не служеле само за образование или забава. Тие им овозможувале на луѓето подобро да ја запознаат својата историја, јазик и култура и така придонесувале за оформување на националниот идентитет. Овој процес историчарите го нарекуваат градење на нацијата. Балканските елити внимателно ги следеле примерите од Западна Европа, каде што академии, музеи и библиотеки веќе биле симболи на културна и научна моќ. Затоа и новите балкански држави настојувале да создадат слични институции, приспособени на сопствените услови и потреби.

Образованието и зборот: универзитет, печатница и библиотека

Најважниот темел на секоја модерна држава е образованието. Без образовани луѓе нема администрација, лекари, учители или судии. Во XIX век, образованието имало и значајна политичка улога – преку него се покажувало дека еден народ е способен за самоуправа и за создавање модерна држава.

Во XIX век, најпрестижна образовна институција бил универзитетот. Тој не бил само место за учење, туку и симбол на државниот

Дали знаеш дека...

Во XIX век, многу студенти од Балканот студирале во странство (особено во Виена и Париз), а по враќањето дома станувале учители, професори и политичари. Токму тие одиграле клучна улога во создавањето на новите образовни и научни институции во своите земји.

суверенитет и напредок. На Универзитетите се образувале идните политичари, диплонати, судии и интелектуалци кои понатаму ја воделе државата.На Балканот, Грција била првата држава каде што била основана високошколска институција. Во **1837 година** бил основан **Универзитетот во Атина**. На Атинскиот универзитет биле формирани **факултети за теологија, право, медицина и филозофија**. Тој привлекувал студенти од различни делови на Балканот. Универзитетот во Атина станал важен интелектуален центар што ја поврзувал современата грчка држава со нејзиното античко наследство.

Во Србија развојот бил постепен. Во 1808 година, просветителот Доситеј Обрадовиќ ја основал **„Великата школа"** во Белград. Таа била висока школа и претходник на универзитетот, но не и универзитет во современа смисла. Во **1905 година** оваа институција официјално прераснала во **универзитет.** Сепак, Великата школа одиграла клучна улога во образувањето на првата генерација српски интелектуалци.

Во Бугарија, по ослободувањето од османлиска власт во 1878 година, **Универзитетот во Софија** бил основан во 1888 година. Со создавањето на овие институции, младите луѓе повеќе не морале да студираат во Виена, Париз или Санкт Петербург, туку можеле да се образоваат во сопствените држави и на својот јазик.

Пред појавата на модерните печатници, книгите се пишувале рачно и биле ретки и скапи. Во XIX век, печатницата овозможила побрзо и поевтино печатење на книги, учебници и весници, што значително придонело за ширење на писменоста.

Во многу делови од Балканот, печатниците биле ограничувани од османлиските власти. Поради тоа, голем број книги на балканските народи се печателе во градови како Виена, Будимпешта и Венеција, а потоа се внесувале во нивните земји, често и тајно.**Грчките печатници** биле активни уште од средината на XVIII век, најпрво во **Венеција** и **Виена**. За време на Грчката револуција (1821–1827), биле основани повеќе печатници и во ослободените територии, што се движеле заедно со седиштето на револуционерната власт. Тие имале значајна улога во ширењето на националните идеи.

Печатниците придонеле и за стандардизација на јазиците. Со печатење на граматики, речници и учебници се создавале заеднички јазични правила. Весниците и книгите овозможиле националните идеи да допрат до поширокото население и да станат дел од секојдневниот живот.По печатењето, книгите требало некаде да се чуваат и да бидат достапни за читателите. Затоа важна улога имале библиотеките. Во XIX век, националните библиотеки постепено станале значајни центри на образование и култура.

Грција ја основала својата **Национална библиотека** во 1829 година на островот **Егина**, по иницијатива на **Јоанис Каподистријас**. Подоцна таа била преместена во Атина, каде што новата зграда била отворена во 1903 година.Во Србија, **Народната библиотека** била основана во **1832 година**. Овие институции имале важна задача: да ги зачуваат старите ракописи и книги, но и да обезбедат современа литература за учениците и студентите.



▲ Универзитетот во Софија



▲ Народната библиотека во Белград

Многу библиотеки биле создадени со помош на донации од богати трговци и добротвори. На тој начин тие станале важни центри за ширење на знаењето и за запознавање со новите европски идеи.

Науката и знаењето: научни друштва и академии

Откако биле создадени основните образовни институции, следниот чекор бил развојот на науката. Балканските држави настојувале систематски да ја проучат својата историја, фолклор и јазик. За таа цел биле формирани научни институции во кои работеле најобразованите луѓе во општеството.

Научното друштво претставувало организирана заедница на научници и интелектуалци. Неговата задача била да ги истражува јазикот, историјата и културата на народот и да создава научни трудови.



▲ Зградата на Српското учено друштво

Во Грција, **Атинското археолошко друштво** било основано во **1837 година**, истата година кога бил основан и Универзитетот во Атина. Заедно, овие институции придонеле Атина да стане важен центар за проучување на античката и современата грчка култура. Во Србија, **Српското учено друштво** било основано во **1841 година**. Неговите членови собирале народни песни, ја проучувале националната историја и работеле на создавање научна терминологија на српски јазик. **Бугарското книжевно друштво** било основано во **1869 година** во **Браила** (Романија), бидејќи бугарските земји сè уште биле под османлиска власт. Подоцна ова друштво прераснало во Бугарската академија на науките.

Ваквите друштва имале клучна улога во развојот на националната наука и култура. Тие придонеле за подлабоко проучување на минатото и за стандардизација на јазиците. Академијата претставувала највисока научна институција во една држава. Таа се формирала кога научниот живот веќе бил доволно развиен и имала задача да ги координира научните истражувања и да ја претставува науката на меѓународно ниво.

Во Грција, **Академијата на Атина** била основана во **1926 година**, иако идејата за ваква институција постоела уште во XIX век. Нејзината неокласична зграда, проектирана од архитектот Теофил

Соживување со минатото

Замисли дека си ученик во XIX век и првпат влегуваш во национална библиотека.

Што би барал/а да прочиташ и зошто?



▲ Народниот театар во Белград

Хансен, била изградена во XIX век и претставувала симбол на научните стремежи на грчкото општество.Во Србија и во Бугарија, научните друштва постепено се развиле и на почетокот на XX век прераснале во академии на науките. Со тоа биле создадени институции што ја организирале научната работа и активно го поттикнувале развојот на науката.

Уметноста и националната меморија: театар, музеј и галерија

Ако науката придонесувала за развојот на знаењето, уметноста имала клучна улога во создавањето **на чувство на заедништво**. Преку литературата, сликарството и театарот, луѓето се запознавале со својата историја, култура и традиции.

Во XIX век, театарот не бил само место за забава. Тој често бил сметан како „школа за народот". Бидејќи голем дел од населението не умеел да чита, претставите претставувале начин преку кој се пренесувале историски приказни, народни легенди и морални вредности. Театарските трупи често патувале низ различни градови и на тој начин го ширеле културниот живот.Во Грција, **Кралскиот театар (подоцна Национален театар)** бил основан во **1880 година**, а неговата зграда во Атина била отворена во 1901 година. Таа била проектирана од архитектот Ернст Цилер и станала важен центар за изведување антички драми и современи грчки дела.

Во Србија, **Народниот театар** во **Белград** бил основан во **1868 година**. Театарот придонел за развојот на книжевниот јазик и за популаризација на националната историја. Во Бугарија театарските претстави често биле поврзани со работата на читалиштата, кои биле важни центри на културниот живот.



▲ Атинскиот театар

Музеите имале значајна улога во собирањето и зачувувањето на историските предмети. Во нив се чувале археолошки наоди, оружје, облека, документи и други предмети од минатото. На тој начин музеите им овозможувале на луѓето подобро да ја разберат историјата на својата земја.

Грција го поставила примерот со **Националниот археолошки музеј** во Атина, изграден меѓу **1866 и 1889 година**, во кој биле

собрани многубројни антички артефакти пронајдени при археолошки ископувања.

Во Србија, **Народниот музеј** бил основан во **1844 година** и претставувал една од првите институции од ваков вид на Балканот. Неговата задача била да собира археолошки и етнографски предмети поврзани со историјата и културата на регионот.



▲ Народниот музеј во Белград

Во Бугарија, првите музејски збирки се формирале во рамките на читалиштата, што покажува дека образованието и зачувувањето на културното наследство биле тесно поврзани.

Покрај музеите, во балканските држави постепено се појавиле и национални галерии во кои се чувале дела од современи уметници. Сликите на владетели, историски настани и пејзажи придонесувале за создавање визуелна претстава за националната историја и култура.

Пред да се создадат вакви галерии, значајна улога имале уметничките друштва. Тие ги поддржувале младите сликари и вајари, организирале изложби и често обезбедувале стипендии за студирање во европски центри како Минхен или Париз. Подоцна, делата на овие уметници станале дел од националните галерии и придонеле за развојот на националната уметност.



▲ Археолошкиот музејот во Софија

Создавањето на овие институции не било лесно. Балканските држави во XIX век биле сиромашни, а државните буџети најчесто биле насочени кон војската и администрацијата. Затоа многу културни установи зависеле од приватни донации. Богати трговци и добротвори финансирале училишта, библиотеки и печатници, со што значајно придонеле за нивното основање и развој. Грција имала одредена предност, бидејќи рано стекнала независност и добила поддршка од филхелените и од својата дијаспора. Политичката нестабилност дополнително го отежнувала развојот. Честите промени на власт влијаеле врз работата на институциите, но и покрај тоа тие продолжиле да се развиваат и станале важен дел од општествениот живот.

Провери го научената

1. Кои биле главните видови културни и научни институции што се развиле на Балканот во XIX век?
2. Зошто уметноста (театар, музеи, галерии) била важна за формирањето на националниот идентитет?
3. Зошто образованието имало важна политичка улога во создавањето на модерните држави?
4. Како културните институции придонеле за развојот на јавниот живот во новите балкански држави?



ИСТОРИЈА ТЕМА 4

БАЛКАНОТ ВО НАЈНОВИОТ ВЕК

1. Првата светска војна на Балканот
2. Меѓувоени политички системи на Балканот
3. Втората светска војна на Балканот
4. Студената војна, социјалистичка Југославија и транзициите по 1989 година на Балканот
5. Индустријализација, урбана експанзија и структури на организираниот труд
6. Популациски движења, национални малцинства и социјална политика (1918–2010)
7. Политики на сеќавање, помирување и постконфликтни трансформации
8. Авангардата, модернизмот и меѓувоената културна продукција на Балканот (1918–1941)
9. Визуелните уметности, книжевноста и филмот во социјалистичкиот период
10. Културниот пејзаж на Балканот по 1990 година



Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

- ✓ да ги објасни причините, текот и последиците од Балканските војни и Првата светска војна врз политичката карта и населението на Балканот.
- ✓ да ги анализира неѓувоените политички системи и клучните фактори што довеле до Втората светска војна, окупацијата и отпорот на Балканот.
- ✓ да дго објасни развојот на социјалистичките модели по 1945, позицијата на Југославија во Студената војна и главните насоки на транзициите по 1989.
- ✓ да ги опише процесите на индустријализација и урбанизација и ги поврзува со промените во трудот, синдикалното организирање и животниот стандард.
- ✓ да ги анализира популациските движења, прашањата на малцинствата и социјалните политики и да ја поврзе државната политика со секојдневните искуства на луѓето.
- ✓ да ги опише културните и медиумските промени во 20 и почетокот на 21 век (уметности, фили, литература, културна политика, глобализација) и да ги поврзе со политиките на сеќавање и постконфликтните процеси.

1. Првата светска војна на Балканот



▲ Карикатура за ланецот на пријателството пред Првата светска војна во Европа

На почетокот на XX век, Европа не била стабилен и мирен континент, туку простор исполнет со тензии и спротивставени интереси. Големите сили постепено се групирале во два блока и внимателно ги следеле чекорите на своите ривали. Во таква атмосфера, секоја криза можела да предизвика поширок конфликт, а Балканот бил едно од местата каде што овие тензии најсилно се чувствувале.

По **Балканските војни (1912–1913)**, политичката карта на регионот значително се изменила. **Османлиското Царство** било оттурнато од поголемиот дел од Балканот, а новите и проширени држави – **Србија, Бугарија, Грција, Романија и Црна Гора** – започнале да ги зацврстуваат своите позиции. На Балканот се појавила и новата држава **Албанија**. Но, и покрај променетите граници, многу прашања останале отворени: дел од населението се нашло во нови држави со кои не се идентификувало, а меѓу самите држави постоеле силни несогласувања околу територии и влијание. Токму затоа Балканот во тоа време често се опишувал како „**буре барут**" – состојба во која и мал повод можел да предизвика голем судир. Големите сили, особено Австро-Унгарија и Русија, настојувале да го зголемат своето влијание во регионот, поддржувајќи различни држави и движења. Така локалните конфликти добивале пошироко, европско значење. Во такви услови, еден настан бил доволен за да го запали целиот систем. Тој се случил во Сараево во 1914 година и претставувал непосреден повод за избувнување на Првата светска војна.

Сараевскиот атентат

На 28 јуни 1914 година, во **Сараево**, се случил настан што ќе има далекосежни последици. Градот тогаш бил дел од Австро-Унгарската монархија, која ја анектирала Босна и Херцеговина во 1908 година. Тоа предизвикало незадоволство кај дел од локалното население и ги влошило односите меѓу Австро-Унгарија и Србија.



▲ Атентатот врз Франц Фердинанд

Тој ден не бил избран случајно – се совпаднал со **Видовден**, датум со силно симболично значење во српската историја, поврзан со Косовската битка од 1389 година. Ова дополнително ја засилило политичката и емоционалната тежина на настанот. Во Сараево пристигнал австроунгарскиот престолонаследник **Франц Фердинанд** со неговата сопруга Софија. Посетата имала и политичка порака – да се покаже присуството и контролата на монархијата врз Босна и Херцеговина.

Во исто време, група млади револуционери планирале атентат. Тие припаѓале на организацијата „**Млада Босна**", која се залагала за ослободување од австроунгарската власт. Дел од нив биле поврзани со српската тајна организација „**Црна рака**", што

подоцна станало важен аргумент во обвинувањата против Србија за нејзино учество во организацијата на атентатот.

Атентатот го извршил **Гаврило Принцип**. Кога колоната со автомобили се движела низ градот, тој успеал да се приближи и да испука два истрела. Престолонаследникот и неговата сопруга биле смртно ранети. Иако самиот чин бил дело на мала група, неговите последици биле далеку пошироки.

Австро-Унгарија го искористила атентатот како повод за пресметка со **Србија**. До српската влада бил испратен строг ултиматум со барања што делумно ја ограничувале нејзината независност. Иако Србија прифатила поголем дел од условите, одбивањето на неколку клучни точки било доволно за **Австро-Унгарија** да објави војна на **28 јули 1914** година. Она што започнало како конфликт меѓу две држави брзо се проширило на европскиот континент. Поради системот на сојузи, во војната се вклучиле и другите големи сили, па локалниот судир на Балканот прераснал во светска војна. Затоа Сараевскиот атентат се смета за непосреден повод, но не и за единствена причина – вистинските причини лежеле во долгогодишните политички, воени и национални тензии во Европа.

Балканските држави во војната

На почетокот на Првата светска војна, Балканот брзо станал едно од клучните бојишта. Србија се нашла во центарот на судирот, бидејќи токму против неа Австро-Унгарија ја започнала војната. Во првите месеци од конфликтот, австроунгарската војска неколку пати се обидела да навлезе на српска територија, но српската армија успеала да пружи силен отпор.

На почетокот на војната, српските сили постигнале значајни победи, особено во битките кај **Цер** и **Колубара**. Овие српски победи биле и првите победи на Антантата врз сојузот на Централните сили. Српските воени успеси не само што ја одбраниле земјата, туку имале и пошироко значење – покажале дека Австро-Унгарија не може лесно да ја порази Србија, што влијаело врз моралот на сојузниците.

Сепак, текот на војната се променил во **1915 година**. Влегувањето на **Бугарија** на страната на **Централните сили** претставувало пресвртница за Балканот. Бугарската влада очекувала дека со учество во војната, на страна на **Германија** и **Австро-Унгарија**, ќе ги врати територииите изгубени по Втората балканска војна, особено во Македонија. Со тоа, војната добила и изразена регионална димензија, во која старите балкански спорови повторно излегле на површина.

Со приклучувањето на Бугарија, положбата на Србија станала исклучително тешка. Таа се соочила со напади од повеќе правци: од север од Австро-Унгарија и Германија, а од исток од Бугарија, што ја направило одбраната речиси невозможна.

Прашања за дискусија

Зошто влегувањето на Бугарија во војната во 1915 година претставувало пресвртница за Балканот?



▲ Гаврило Принцип

Во меѓувреме, и другите балкански држави ги преиспитувале своите позиции. **Романија** се приклучила на **Антантата** во **1916 година**, а **Грција** во **1917 година**, по внатрешни политички поделби. Со нивното вклучување, Балканот станал уште поважен дел од европскиот конфликт, а воените операции во регионот добиле поголемо стратегиско значење.

Воени дејства и српското повлекување преку Албанија

Есента 1915 година претставувала пресвртна точка за српската војска. Под притисок на здружените сили на Австро-Унгарија, Германија и Бугарија, српската одбрана постепено се распаднала. Војската била дополнително ослабена од епидемии на тифус, недостиг од храна и муниција, како и од долготрајните борби. Во такви околности, српското раководство донело тешка одлука – повлекување. Овој настан останал запаметен како едно од најтрагичните поглавја на војната на Балканот. Илјадници војници, заедно со цивили и државни институции, се повлекувале преку планинските области на **Црна Гора** и **Албанија** кон **Јадранското Море**. Патот бил исклучително тежок: студ, глад, болести и напади ја правеле повлекувачката колона особено ранлива, а многумина не го преживеале маршот.



▲ Евакуација на српската војска

Овој настан не може да се разбере без состојбата во **Албанија**. На Балканот се појавила и новата **албанска држава** која била призната на **Лондонската конференција**. На почетокот со земјата раководела **Привремената влада во Валона**. За разлика од другите балкански држави, Албанија немала време да се консолидира како независна држава. Со почетокот на Првата светска војна во 1914 година, меѓународната поддршка за албанската држава ослабела. Поради тешката политичка ситуација и недостатокот на стабилна власт, принцот Вилхелм Вид ја напуштил Албанија на 3 септември 1914 година, што дополнително ја влошило состојбата во земјата. Таа станала поле на воени дејства на Антантата и на Централните сили. Различни делови од земјата биле под контрола на странски

сили – Австро-Унгарија на север, Италија околу Валона, додека други области биле под различни воени управи.

По големи загуби и страдања, дел од српската војска успеал да стигне до јадранското крајбрежје. Со помош на сојузничките флоти, војниците биле пренесени на островот Крф, каде што следела реорганизација и зајакнување. Во исто време, поголем дел од територијата на Македонија потпаднал под окупација на бугарската и австроунгарската војска. Тоа значело дека Балканот и понатаму останал активно бојно поле, а војната била далеку од завршување.

Македонскиот фронт

По повлекувањето и реорганизацијата на српската војска на островот **Крф**, сојузничките сили се насочиле кон ново жариште на Балканот – **Солун**. Таму формирале нов фронт, познат како Македонски или Солунски фронт. Неговата линија се протегала од Јадранското Море на запад до устието на реката Струма на исток, опфаќајќи голем дел од територијата на Македонија.

На овој фронт биле распоредени војници од повеќе држави: **Србија, Франција, Велика Британија, Русија,** а подоцна и **Грција,** како дел на Антантата, додека не северниот дел биле **бугарските, австроунгарските и германските војски,** како дел од сојузот на Централните сили. Оваа разновидност го правела фронтот посебен, бидејќи на едно место се среќавале различни армии, јазици и воени традиции. Во борбите учествувале и доброволци и насилно мобилизирани војници од Македонија, што покажува дека конфликтот имал и локална димензија.

Во првите години линијата на фронтот била релативно стабилна. Во **1916 година** се воделе тешки борби, особено **во Пелагонија** и околината на **Битола**. Силите на Антантата успеале да ја зазема Битола во **ноември 1916 година**, но линијата на фронтот останала речиси непроменета. Во 1917 година доминирала позиционата војна – со долги периоди на чекање, ограничени напади и постојано артилериско дејствување. Пресвртот дошол во **септември 1918 година**. Сојузничките сили, под команда на францускиот маршал **Луј Франше д'Епере**, започнале голема офанзива. Главниот удар бил нанесен **кај Добро Поле**, во планинскиот масив Ниџе. По жестоки борби, одбраната била пробиена, што довело до брзо распаѓање на фронтот.

Пробивот имал далекосежни последици. Бугарската војска започнала повлекување, а во државата избувнале немири и воени бунтови. Исцрпена од војната, Бугарија побарала примирје и на **29 септември 1918 година** ја потпишала капитулацијата во Солун. Со тоа, **Македонскиот фронт** станал првиот фронт на кој една од Централните сили била принудена да се повлече од војната, што значително го забрзало нејзиниот крај.

Животот на војниците на фронтот бил исклучително тежок. Освен постојаната опасност од борбите, тие се соочувале со долги периоди



▲ Македонскиот фронт

Соживување со минатото

Замисли дека си војник на Македонскиот (Солунскиот) фронт во 1917 година.

Напиши краток текст (5–6 реченици) во кој ќе опишеш:

- Каде се наоѓаш и во какви услови живееш?
- Со какви тешкотии се соочуваш (борби, болести, чекање).
- Како се чувствуваш додека со месеци си на фронтот?
- Што очекуваш од исходот на војната?



▲ Куќата во која бил одржан конгресот во Лушња

на исчекување, лоши услови за живот и неповолна клина. Особено тежок проблем претставувале болестите, пред сѐ **маларијата.**

Маларијата била сериозна закана за сите армии. Во одредени периоди, повеќе војници биле надвор од борба поради болест отколку поради рањувања. Затоа, воените власти вовеле мерки за заштита: користење мрежи против комарци, сушење на мочуриштата и примена на лекови како кинин. Британските единици посветиле особено внимание на медицинската заштита, организирајќи специјализирани служби.

По завршувањето на Првата светска војна, победничките сили во 1919 година ја одржале **Парискатa мировна конференција** со цел да се утврдат новите граници и политичкиот поредок во Европа. На Балканот, конференцијата довела до значајни промени. Се потврдило создавањето на нови држави, како **Кралството на Србите, Хрватите и Словенците**, а некои од постојните држави ги проширile своите територии. Истовремено, биле отворени прашања за границите и за положбата на населението во новите држави. Посебно сложена била ситуацијата во **Албанија**. Иако таа формално постоела како држава од 1912 година, нејзината иднина била неизвесна, бидејќи соседните држави имале територијални претензии. На конференцијата се разгледувале можности за поделба на Албанија, но поради меѓународни притисоци, таа опстанала како независна држава.

Во **1920 година**, албанските претставници на **Конгресот во Лушња** донеле одлуки за зацврстување на државата и спротивставување на странските влијанија, со што се зајакнала нејзината независност.Првата светска војна на Балканот покажала дека локалните конфликти лесно можат да прераснат во поширoки судири кога се вмешани големите сили. Македонскиот фронт, иако долго време бил стабилен, одиграл клучна улога во завршницата на војната, особено по пробивот кај Добро Поле во 1918 година. Војната донела големи човечки загуби, политички промени и нова карта на регионот.

Провери го наученото

1. Зошто Сараевскиот атентат се смета за повод, а не за вистинска причина за војната?
2. Опиши го повлекувањето на српската војска преку Албанија и наведи ги главните тешкотии.
3. Зошто пробивот кај Добро Поле во 1918 година се смета за пресвртница?
4. Какви последици имала Првата светска војна врз границите и политичката состојба на Балканот?

2. Меѓувоени политички системи на Балканот

Периодот меѓу 1919 и 1941 година, познат како меѓувоен период, претставувал време на длабоки и често драматични промени во историјата на Балканот. По завршувањето на Првата светска војна и потпишувањето на Версајскиот мировен договор, политичката карта на регионот значително се изменила. Со распадот на големите империи – Османлиската и Австро-Унгарската – се појавиле нови држави, а постојните ги проширile своите граници, како Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (подоцна Југославија), Романија, Грција и Бугарија. Во првите години по војната постоело силно очекување дека новите држави ќе се развиваат во духот на демократијата и парламентарното владеење. Големо влијание имале идеите на американскиот претседател **Вудро Вилсон** и неговите „**Четиринаесет точки**", кои го нагласувале правото на народите на самоопределување. Сепак, условите во регионот биле многу потешки отколку што изгледало на почетокот. Балканот излегол од војната економски исцрпен, со големи човечки загуби, разурната инфраструктура и изразени етнички поделби.

▼ Прогласување на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците



Поради тоа, почетниот ентузијазам за парламентарен систем постепено слабеел. Економските тешкотии дополнително се продлабочиле со Големата депресија, а во повеќе држави почнале да се појавуваат авторитарни режими. Во исто време, низ Европа дошло до ширење на нови политички идеологии, меѓу кои особено се истакнувал фашизмот.



◀ Заседание на Собранието на Кралството Југославија



▲ Александар Стамболиски

Обид за парламентаризам (1919–1929)

Првата деценија по Првата светска војна била време на обиди за воспоставување демократски институции. Повеќето балкански држави донеле нови устави или ги приспособиле веќе постојните, настојувајќи да обезбедат граѓански права и парламентарно владеење. Во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, **Видовденскиот устав** од **1921 година** ја дефинирал државата како унитарна парламентарна монархија. Сепак, системот останал нестабилен. Политичкиот живот бил обележан со судири меѓу централистичките и федералистичките сили, особено меѓу српските партии и Хрватската републиканска селанска партија. Честите промени на владите ја намалувале ефикасноста на институциите и ја продлабочувале политичката криза. Слична нестабилност постоела и во Бугарија. Иако Трновскиот устав од 1879 година се сметал за еден од најлибералните во Европа, политичкиот живот бил исполнет со конфликти и насилство. Владата на **Александар Стамболиски** спровела значајни реформи, но била соборена со државен удар во **1923 година**, што дополнително ја дестабилизирало земјата.

Во **Романија**, политичкиот систем изгледал постабилен во споредба со соседите. **Уставот од 1923 година** ги проширил избирачките права и ја зацврстил улогата на парламентот. Сепак, силната доминација на Националната либерална партија и појавата на корупција предизвикувале незадоволство кај дел од населението. **Грција**, пак, минувала низ серија политички превирања. По **поразот** во **Мала Азија** во 1922 година, монархијата била укината, а во **1924** година била прогласена **република**. И покрај овие промени, политичкиот живот останал нестабилен, а војската често се вмешувала во управувањето. Парламентарните системи на Балканот тешко се одржувале поради општествената структура. Повеќето држави биле претежно аграрни, со над 75 % од населението во рурални средини, висока неписменост и слабо развиена средна класа. Политичките партии често немале јасни програми и се натпреварувале за власт. Со продлабочувањето на економската криза, овие кревки демократии не успеале да одговорат на предизвиците.



▲ Штрајк на работниците во Грција

Пресвртница: Големата депресија (1929–1933)

Светската економска криза, позната како **Големата депресија**, започнала со крахот на берзата во Њујорк во 1929 година и за кратко време се проширила низ целиот свет. Нејзините последици силно се почувствувале и на Балканот. За разлика од индустриски развиените земји, каде што кризата најмногу довела до пропаѓање на фабрики и банки, тука најтешко било погодено земјоделството.

Балканските држави главно извезувале суровини – жито, тутун, волна и добиток. Со намалувањето на светската побарувачка, цените на овие производи нагло опаднале. На пример, цената на пченицата се намалила за повеќе од 50 % меѓу 1929 и 1932 година.

Тоа значело дека селанството, како основа на економијата, останало без сигурни приходи.

СОЦИЈАЛНИ ПОСЛЕДИЦИ

Намалувањето на приходите довело до сериозни социјални проблеми. Многу селани не можеле да ги отплатат кредитите, што предизвикало пропаѓање на дел од земјоделските банки. Иако индустријата на Балканот била ограничена, и фабриките и рудниците биле погодени. Невработеноста се зголемила, а во поголемите градови, како **Белград, Софија и Букурешт** избувнале **штрајкови** и **работнички немири**.

Последиците не биле само економски. Разочарувањето од демократските партии, кои не успевале да понудат ефикасни решенија, довело до радикализација на дел од населението. **Комунистичките партии** ја зголемиле својата активност, што предизвикало страв кај владејачките граѓански елити. Истовремено се појавиле и **десничарски екстремистички движења** кои нуделе „национални решенија" за кризата.

Со текот на времето, довербата во парламентарната демократија значително опаднала. Сè повеќе луѓе ја сметале за бавна и неефикасна во справувањето со тешките проблеми. Затоа се засилила поддршката за силна власт која може да донесува брзи одлуки. Токму овие услови создадоа основа за појава на авторитарни режими во повеќе балкански држави.



▲ Борис III, Цар на Бугарија

Прашања за дискусија

Објасни со свои зборови: Како Големата депресија влијаела врз животот на луѓето на Балканот?

Втората фаза: Појава на авторитарни режими (1929–1939)

Во текот на 1930-тите години, речиси сите балкански држави постепено се оддалечиле од парламентарната демократија и се свртеле кон авторитарни форми на владеење. Овие режими најчесто не биле класични фашистички диктатури, туку конзервативни системи во кои клучната власт била концентрирана кај монархот или во рацете на воениот врв. Во многу случаи уставите биле суспендирани, парламентите маргинализирани, а политичките партии ограничени или забранети. Овој процес може јасно да се забележи преку развојот на поединечните држави.

ЈУГОСЛАВИЈА: КРАЛСКАТА ДИКТАТУРА

На **6 јануари 1929 година**, кралот **Александар I Карађорѓевиќ** воспоставил личен режим на власт. Тој го укинал уставот, го распуштил парламентот и ја забранил работата на политичките партии, особено оние засновани на етничка или верска припадност. Овој период е познат како Шестојануарска диктатура.

Целта на кралот била да го зачува единството на државата преку силна централизација и создавање на заеднички „**југословенски**" идентитет. Иако режимот донел одредена стабилност, тој бил проследен со цензура, притисоци врз опозицијата и засилена улога на државниот апарат. По убиството на кралот во **Марсеј** во **1934**



▲ Александар I Карађорѓевиќ

Истражувај

Што е заедничко за авторитарните режими на Балканот во 1930-тите години?

година, од страна на припадникот на ВМРО, Владо Черноземски, власта продолжила под намесништвото на кнезот Павле, но политичките тензии не исчезнале.

БУГАРИЈА: ЦАРСКИОТ АВТОРИТАРИЗАМ

Во **Бугарија**, политичката нестабилност од 1920-тите години продолжила и во следната деценија. По серија државни удари, во **1934 година** организацијата „**Звено**" воспоставила авторитарна власт. Веќе во **1935 година царот Борис III** ја презел директната контрола врз државата, при што парламентот бил потиснат, а управувањето се потпирало на армијата и администрацијата.

Овој режим бил конзервативен и националистички, но се разликувал од класичните фашистички системи бидејќи избегнувал масовна идеолошка мобилизација на населението.

РОМАНИЈА: КРАЛСКАТА ДИКТАТУРА И ЖЕЛЕЗНАТА ГАРДА

Во **Романија**, политичката сцена станала особено напната со појавата на фашистичкото движење „**Железна гарда**". Засилувањето на ова движење го загрижило кралот Карол II, кој во 1938 година вовел кралска диктатура, го укинал уставот и владеел преку декрети. Иако режимот бил насочен кон ограничување на екстремистите, тој користел авторитарни методи како цензура и засилена улога на тајната полиција. Во исто време, „Железната гарда", со својот радикален национализам и антисемитизам, останала значаен фактор во политичкиот живот.

ГРЦИЈА: РЕЖИМОТ НА 4 АВГУСТ

Во **1936 година**, генералот **Јоанис Метаксас**, со поддршка на кралот, воспоставил диктатура позната како **Режимот на 4 август**. Политичките партии биле забранети, воведена била строга цензура, а државата се потпирала на силен национализам и антикомунизам. Иако имал одредени сличности со италијанскиот фашизам, особено во организацијата на младината и контролата врз општеството, овој режим останал специфичен поради силната улога на монархијата.



▲ Јоанис Метаксас

АЛБАНИЈА

Во Албанија, политичката нестабилност кулминирала во 1924 година со доаѓањето на власт на владата на **Фан Ноли**, која се обидела да спроведе демократски и социјални реформи. Наскоро потоа, **Ахмет Зогу**, со поддршка однадвор, се вратил во земјата и ја презел власта. Во следните години тој постепено ја зацврстил својата позиција и во **1928 година** се прогласил за крал **Зогу I**. Неговиот режим бил авторитарен и се потпирал на лична власт и ограничување на политичката конкуренција. Во текот на 1930-тите години, Албанија сè повеќе зависела од Италија, што на крај довело до италијанската окупација во 1939 година.

Фашизам и влијание на силите на оската (1939–1941)



▲ Ахмед Зогу, крал на Албанија

Додека авторитаризмот станал доминантна форма на владеење во многу балкански држави, фашизмот се појавил како порадикална идеологија која настојувала да воспостави целосна контрола врз општеството. Тој се засновал на силен национализам, култ кон лидерот и ограничување на политичките слободи. На Балканот, фашистичките идеи се манифестирале во две основни форми. Од една страна, постоеле режими со авторитарен карактер и изразени фашистички елементи, како власта на Јоанис Метаксас во Грција или усташкото движење, кое дејствувало во егзил со поддршка од Италија. Од друга страна, се појавиле паравоени и екстремистички движења, како „Железната гарда" во Романија. Во текот на 1930-тите години, влијанието на нацистичка Германија и фашистичка Италија постојано се засилувало. Германија станала главен трговски партнер на повеќе балкански држави, купувајќи нивни земјоделски производи и на тој начин постепено создавајќи и економска и политичка зависност. Така, балканските економии сè повеќе се врзувале за системот на Силите на Оската. До 1940 и 1941 година, под силен притисок од Германија, повеќето балкански држави се приклучиле кон Тројниот пакт. Романија и Бугарија станале сојузници на Германија, додека Југославија, по краток период на колебање била зафатена од државен удар на 27 март 1941 година. Овој настан довел до германска инвазија и окупација во април истата година.

Фашистичките движења на Балканот често имале и локални специфичности, како силен **антисемитизам** (особено во Романија), изразен **национализам** и **антикомунизам**. Сепак, во повеќето држави традиционалните политички елити и монархиите се обидувале да ја задржат контролата врз овие движења. Со почетокот на Втората светска војна, политичката состојба во регионот целосно се изменила. Меѓувоениот период на Балканот бил обележан со обиди за демократија, но и со постепено јакнење на авторитарните режими. Економските тешкотии и политичката нестабилност ја ослабиле довербата во парламентарниот систем. Под влијание на големите европски сили, регионот влегол во нова криза која довела до избувнување на Втората светска војна.

Провери го научената

1. Зошто парламентарните системи во балканските држави во 1920-тите години биле нестабилни?
2. Како Големата депресија влијаела врз економијата и секојдневниот живот на населението?
3. Кои се главните карактеристики на авторитарните режими во 1930-тите години?
4. Зошто во меѓувоениот период се зголемило влијанието на авторитарните и фашистичките идеи?

3. Втората светска војна на Балканот

Април 1941 – почетокот на војната на Балканот

Втората светска војна на Балканот претставува еден од најтешките и најдраматични периоди во историјата на регионот во XX век. Иако конфликтот започнал во септември 1939 година, балканските држави започнале да ги чувствуваат последиците од заострените односи во Европа уште пред самиот почеток на Втората светска војна. **Италија** на **7 април 1939 година** ја нападнала **Албанија** и набрзо ја окупирала. По почетокот на Втората светска војна **Италија** во **октомври 1940** година ја нападнала и **Грција**. Останатите балкански држави се обидувале да останат надвор од судирот, но биле под силно политичко и воено влијание на Германија и Италија. Поради својата географска положба, Балканот имал големо стратегиско значење, особено за контролата на патиштата кон Средоземјето и за пошироките планови на Силите на оската.

▼ Германски падобранци на Крит, мај 1941 година



Романија, Бугарија и Југославија постепено попуштале под притисокот на Германија и Италија и станале членки на Тројниот пакт. На **25 март 1941 година**, **Југославија** го потпишала **Тројниот пакт** со Силите на оската. Само два дена подоцна, на **27 март**, бил извршен **преврат** и на власт дошол кралот Петар II Карађорђевиќ. На **6 април 1941** година Германија, заедно со **Италија**, и **Унгарија**, започнала напад врз Кралството Југославија и Кралството Грција. Италија од 1940 година веќе била во војна со Грција. Нападот врз Југославија бил познат како „Операција 25", а врз Грција како „Операција Марита". Германската војска настапувала брзо и координирано, па отпорот на балканските армии бил скршен за кратко време. **Југославија** капитулирала на **17 април 1941** година, само една есет дена по нападот, додека **Грција** била освоена до крајот на мај.

Овој брз пораз не значел и крај на страдањата. Напротив, со него започнала долга и тешка фаза од војната. Судирот се проширил за време на окупацијата со герилска војна, политички пресметки и масовни репресии. Во такви услови, цивилното население станало една од главните жртви.

Окупацијата и поделбата на Балканот

По капитулацијата на Југославија и Грција, силите на Оската ја преуредиле политичката карта на Балканот според сопствените интереси. Окупацијата не изгледала исто насекаде: во некои земји била воспоставена директна воена управа, додека во други биле создадени марионетски режими кои формално имале институции, но суштински зависеле од Германија и Италија.



▲ Карта на Балканот по април 1941 година

Во Србија, германските власти воспоставиле директна воена администрација, со Белград како главно административно средиште. Во Белград била воспоставена квислиншка влада на чело со генералот **Милан Недиќ**. Политиката се темелела врз строг надзор и сурови казнени мерки. Најпознат пример било правилото според кое за секој убиен германски војник биле стрелани 100 цивили, а за секој ранет 50. Овие мерки имале за цел да го обесхрабрат отпорот и оставиле длабоки траги, особено по масовните стрелања во Крагуевац и Краљево. Паралелно со тоа, во Хрватска и делови од Босна и Херцеговина била создадена **Независната Држава Хрватска** (НДХ), прогласена на **10 април 1941 година**. На чело на режимот застанал **Анте Павелиќ**. Иако имала формални државни институции, НДХ била во голема мера зависна од Германија и Италија. Уште во првите месеци биле воведени расни закони и започнал систематски прогон на Србите, Евреите и Ромите. Логорот Јасеновац станал



▲ Заробени генерали на Југословенската кралска војска

Прашања за дискусија

Опиши со свои зборови како изгледала окупацијата на Балканот за време на Втората светска војна.

симбол на овие злосторства. Територијата на **Грција** била поделена меѓу **Германија, Италија и Бугарија**. Германија ги контролирала најважните градови и пристаништа, Италија управувала со голем дел од копното и островите, а Бугарија окупирала делови од северна Грција и Тракија. Оваа поделба довела до сериозни економски и социјални тешкотии, како ограничувања на движењето, конфискации на храна и нарушен економски живот. Слично како во Србија и во Атина била поставена квинслишка влада на чело со генералот **Георгиос Цолакоглу**.

Во зимата 1941–1942 година, Грција била погодена од голем глад. Недостигот на храна и прекинот на трговијата довеле до хуманитарна катастрофа, особено во Атина и Пиреј, каде што илјадници луѓе починале.

Албанија, која од **1939** година била под италијанска окупација, останала под власт на силите на Оската и по 1941 година. По **капитулацијата на Италија** во **1943 година**, германските сили ја презеле контролата, при што дополнително се засилиле и внатрешните политички судири. За разлика од окупираните земји, **Романија и Бугарија** биле сојузници на Германија. Романија, под водство на Јон Антонеску, активно учествувала во војната и испратила значителен број војници на Источниот фронт. Бугарија, пак, ја проширила својата власт на окупираните територии во Југославија, делови од Србија и Вардарска Македонија, како и во северна Грција, каде што вовела сопствена администрација и политика на асимилација.

Антифашистичкиот отпор

Наспроти окупацијата и колаборацијата, во повеќе делови на Балканот се појавиле различни облици на антифашистички отпор. Во почетокот тие најчесто имале локален и спонтан карактер, но со текот на времето прераснале во поширoки политички и воени движења. Нивниот карактер не бил ист насекаде: во некои земји отпорот бил силно поврзан со комунистичките партии, додека во други паралелно дејствувале повеќе организации со различни политички цели.



▲ Јосип Броз Тито

Најмасовното и најдобро организирано движење на отпор се развило во Југославија под водство на **Комунистичката партија на Југославија** и нејзиниот лидер **Јосип Броз Тито**. Востанието започнало во **летото 1941 година**, а од првичните партизански одреди постепено се формирала Народноослободителната војска. Оваа војска е позната како **Народноослободителна војска и партизански одреди на Југославија (НОВ и ПОЈ)**. Важна особеност на ова движење било тоа што во неговите редови се вклучиле припадници на различни народи и верски заедници, што му дало поширока политичка основа и значење што ја надминувало самата воена борба.

Борбите меѓу партизаните и Силите на оската во Југославија биле едни од најтешките во регионот за време на Втората светска војна. Со цел да го уништат движењето на отпорот, германските и нивните сојузнички сили организирале повеќе големи офанзиви против партизаните. Меѓу најпознатите биле битките на **Неретва**

и Сутјеска во 1943 година, како и десантот на **Дрвар** во **1944 година**, насочен кон партизанското раководство. Иако претрпеле значителни загуби, партизаните успеале да го зачуваат своето движење и до крајот на војната прераснале во клучен фактор во ослободувањето на Југославија.

Во Грција отпорот бил поразновиден. Најсилна организација била **ЕЛАС**, поврзана со конунистичкото движење, но покрај неа дејствувала и **ЕДЕС**, која имала поинаква политичка десничарска ориентација. Иако двете организации се бореле против окупаторите, нивните односи често биле обременети со меѓусебна недоверба и судири, што дополнително ги продлабочило политичките поделби во земјата.

Во Албанија, отпорот бил предводен од партизанските сили на **Енвер Хоџа**. Тие воделе борба прво против италијанската, а потоа и против германската окупација, при што до ноември 1944 година успеале да воспостават контрола врз целата земја. Ова им овозможило по војната да ја преземат државната власт и да изградат нов политички поредок.

Во Бугарија и Романија антифашистичкиот отпор бил помалку развиен отколку во Југославија, Грција и Албанија. Сепак, со напредувањето на Советската армија и промената на воената состојба во 1944 година, и во двете држави дошло до политички пресврти, по што тие го напуштиле сојузништвото со Германија.



▲ Припадници на Народноослободителната војска на Албанија



▲ Енвер Хоџа

Холокаустот на Балканот

Едно од најтрагичните поглавја на Втората светска војна на Балканот бил **Холокаустот – систематското уништување на Евреите**, организирано од нацистичка Германија и нејзините сојузници. Судбината на еврејските заедници се разликувала од земја до земја, но во најголем дел била обележана со прогон, депортации и масовни убиства.



◀ Евреите во Солун 1943

Во **Независната Држава Хрватска**, усташкиот режим спроведувал политика на прогон и уништување на **Евреите**, како и на Србите и Ромите. Голем дел биле испратени во логори, меѓу кои

Дали знаеш дека...

Пред Втората светска војна Солун бил еден од најголемите центри на еврејската култура на Балканот?

најпознат бил Јасеновац, кој станал симбол на насилството врз цели заедници.Во Грција, особено трагична била судбината на **еврејската заедница во Солун**, која пред војната броела околу 50.000 луѓе. Во 1943 година започнале депортациите во нацистичките концентрациони логори. Поголемиот дел од оваа заедница бил уништен, а градот изгубил значаен дел од својот културен и економски живот.

Во Србија, под германска окупација, еврејската заедница била речиси целосно уништена. Евреите биле затворани во логори, меѓу кои и на Сајмиште, а многумина биле убиени во масовни егзекуции или во специјални возила за гасење. До 1942 година, германските власти ја прогласиле Србија за област „без Евреи".Ситуацијата во Бугарија била сложена и противречна. Од една страна, било спречено депортирањето на околу 48.000 Евреи од територијата на тогашна Бугарија. Од друга страна, во **март 1943** година биле депортирани 7.144 Евреи од **Вардарска Македонија**, која била под **бугарска окупација** во логорот Треблинка, каде што речиси сите биле убиени.Посебен пример претставува Албанија. Иако оваа земја била под окупација, таму многу Евреи нашле засолниште. Албанските семејства ги криеле во своите домови, водејќи се од традиционалниот код на чест познат како „**беса**". Благодарение на тоа, голем број Евреи успеале да преживеат.

Ослободувањето и последиците од војната

Во текот на **1944** и **1945 година**, со напредувањето на **Црвената армија** и постепеното слабеење на Германија, воената состојба на Балканот брзо се менувала. **Романија** и **Бугарија** ја напуштиле страната на Оската, германските сили се повлекувале, а движењата на отпорот добивале сѐ поголема улога во ослободувањето.

Провери го научената

1. Како изгледала окупацијата на Балканот и кои биле главните разлики меѓу поединечните земји?
2. Кои форми на отпор се појавиле на Балканот и што ги правело специфични?
3. Што претставува холокаустот и како се одразил врз балканските еврејски заедници?
4. Како се одвивало ослободувањето на Балканот во 1944–1945 година?

Во **Југославија**, партизанското движење прераснало во силна воена и политичка сила и, со поддршка од сојузниците, успеало да ослободи голем дел од земјата. **Во Албанија**, пак, партизаните ја презеле власта уште во ноември 1944 година. Во **Грција**, ослободувањето не донело стабилност, туку довело до внатрешни конфликти кои подоцна прераснале во граѓанска војна. Последиците од војната биле огромни. Милиони луѓе загинале, многу населби биле уништени, а економијата била сериозно ослабена. Масовните убиства, депортациите и гладот оставиле длабоки трауми во колективната меморија на балканските народи.

Покрај човечките и материјалните загуби, значајни биле и политичките промени. Во Југославија и Албанија биле воспоставени комунистички режими, додека во Грција следувал тежок внатрешен конфликт. Во Бугарија и Романија дошло до промени под силно советско влијание. Втората светска војна суштински го изменила Балканот, менувајќи ги државите, политичките системи и односите меѓу народите. Таа јасно покажала колку разорни можат да бидат екстремизмот и омразата, но и колку се важни отпорот и солидарноста.

4. Студената војна, социјалистичка Југославија и транзициите по 1989 година на Балканот

Втората светска војна заврши во 1945 година и зад себе го остави Балканот тешко погоден од долгите воени судири. Последиците беа огромни. Стотици илјади луѓе ги загубија животите, а милиони други беа принудени да ги напуштат своите домови. Многу градови беа разрушени, а железничките линии, патиштата и индустријата беа сериозно оштетени. Во некои делови од регионот, особено во Југославија и Грција, загубите на цивилното население беа многу големи. Така, Балканот влезе во периодот на мир со сериозни материјални и демографски последици.



Митинг во Белград, 1945 година

Обновата започна со значителна меѓународна помош. Важна улога имаше организацијата УНРАА (Администрација за помош и обнова на Обединетите нации). Југославија доби околу 415 милиони долари, а Грција 352 милиони. Со оваа помош се обезбедуваше храна за населението, а постепено се обновуваа патиштата и железничките линии. Во исто време се работеше на обновување на државните институции, воведување нови економски планови и стабилизирање на секојдневниот живот по војната.

Од друга страна, политичката состојба во Европа брзо се менуваше. Поранешните сојузници – Соединетите Американски Држави и Советскиот Сојуз – почнаа да се натпреваруваат меѓу себе. Така започна нов период во меѓународните односи, познат како **Студена војна**. Балканските држави не се развиваа на ист начин. Додека **Грција** се ориентираше кон западниот сојуз, останатите балкански држави воспоставија комунистички режими и се најдоа под силно влијание на **Советскиот Сојуз**. На тој начин регионот стана дел од поделбата на Европа на два спротивставени блока. Студената војна не беше директна војна меѓу двете сили. Наместо тоа, натпреварот се водеше преку политичко влијание, економска конкуренција, создавање воени сојузи и идеолошка пропаганда.



Уставот на НР Бугарија



▲ Маркос Вафијадис, командант на Демократската армија на Грција за време на Граѓанската војна

Европа се подели на два блока. **Западниот блок**, предводен од **Соединетите Американски Држави**, се засноваше на демократија и пазарна економија. **Источниот блок**, предводен од **Советскиот Сојуз**, се засноваше на социјалистички систем и централизирана економија. Оваа поделба силно влијаеше и на Балканот, каде што државите започнаа да се развиваат според различни модели.

Политичка консолидација и советизација (1945–1950)

По завршувањето на војната, во повеќето балкански држави се случија големи политички промени. Во **Бугарија, Романија, Албанија и Југославија** на власт дојдоа **комунистичките партии**. Постепено беше воведен еднопартиски систем, а монархиите беа укинати и заменети со народни републики.

Новите власти започнаа процес наречен **советизација**, односно прифаќање на политички и економски модели по примерот на Советскиот Сојуз. Голем дел од индустријата беше национализиран, а економијата се организираше преку државни планови. Во многу земји беа спроведени аграрни реформи, при што земјиштето на големите земјопоседници беше поделено меѓу селаните. Подоцна, во некои држави започна и **колективизација** со која земјоделците се здружуваа во задруги. Целта беше да се создаде нов систем во кој државата имаше водечка улога.

Комунистичките партии ја зацврстија својата власт преку создавање силни партиски и безбедносни институции. Политичкиот систем беше строго централизиран, а најважните одлуки ги носеше партиското раководство. Во исто време се спроведуваа економски планови за развој на индустријата, транспортот и енергетиката. Целта беше брза индустријализација и модернизација. Во овој период се градеа фабрики и инфраструктура, а образованието и техничката обука добиваа сè поголемо значење. **Југославија** се развиваше поинаку. Земјата беше ослободена главно од партизанското движење предводено од Јосип Броз Тито, што ѝ овозможи поголема самостојност. Во **1948 година** дојде до конфликт со советскиот лидер Јосиф Висарионович Сталин. Во јуни истата година **Информбирото** ја осуди **Комунистичката партија на Југославија**, што доведе до прекин на односите со Советскиот Сојуз. Овој настан е познат како **разделбата Тито–Сталин**. По конфликтот, Југославија започна да води посамостојна политика и постепено разви поинаков политички и економски модел. Во Грција ситуацијата беше различна. Таму избувна **граѓанска војна (1946–1949)**, во која се судрија владините сили и комунистичките партизани. Овој конфликт беше еден од првите воени судири поврзани со Студената војна и ја покажа длабоката идеолошка поделба во Европа. Владата во Атина ја доби-ла поддршката од **Велика Британија**, а подоцна и од **Соединетите Американски Држави**. Со нивна помош, комунистичките сили беа поразени. По завршувањето на војната, **Грција** се приклучи кон западниот блок и во **1952 година** стана членка на НАТО.

Прашања за дискусија

Зошто балканските држави по Втората светска војна не се развивале на ист начин? Објасни ги разликите меѓу комунистичките држави и Грција, користејќи конкретни примери.

Економски развој и општествени промени (1950–1980)

Во следните децении, Балканот помина низ значителни економски и општествени промени. Многу држави започнаа политика на индустријализација, со изградба на фабрики, електрани и нови индустриски центри. Како последица на тоа, сѐ повеќе луѓе се преселуваа од селата во градовите.



▲ Работнички совет,

Овој процес доведе до брз пораст на урбаното население. **Во Бугарија**, на пример, неговиот удел се зголеми од 27,5% во 1950 година на 62,5% во 1980 година. Слични промени се случија и во Грција и Југославија. Со урбанизацијата постепено се менуваше и начинот на живот на луѓето. Паралелно со економските промени, се менуваше и социјалната структура на општеството. Се создаде нова индустриска работничка класа, додека бројот на луѓе што се занимаваа со традиционално земјоделство се намалуваше. Во градовите се градеа станбени населби, училишта, културни центри и здравствени установи. Во исто време, државата вложуваше во образованието, што доведе до зголемување на бројот на ученици и студенти. Во **Бугарија, Романија и Албанија** економијата се развиваше според строг плански систем. Државата ја контролираше индустријата, банките и природните богатства. Посебно внимание се посветуваше на развојот на тешката индустрија.

Југославија, пак, разви поинаков модел. По конфликтот со Советскиот Сојуз, земјата започна да го развива системот **на самоуправен социјализам**. Со **Законот за работничко самоуправување** од **1950 година**, работниците преку работнички совети учествуваа во управувањето со претпријатијата и во донесувањето одлуки.

▼ Првата конференција на Движењето на неврзаните



Во 1960-тите и 1970-тите години, југословенскиот политички систем постепено се децентрализираше. Републиките и покраините добиваа сè поголеми овластувања во управувањето со економијата и институциите. Со **Уставот од 1974** година федерацијата беше дополнително реорганизирана, а републичките власти добија значајна улога во донесувањето одлуки. Овој систем имаше за цел да обезбеди рамнотежа и да ги намали политичките тензии. По смртта на Јосип Броз Тито почнаа да се појавуваат нови политички и економски проблеми. Југославија водеше и активна надворешна политика. Во **септември 1961** година во Белград се одржа првата конференција на **Движењето на неврзаните**. Во него значајна улога имаа **Јосип Броз Тито, Гамал Абдел Насер** и **Џавахарлал Нехру**. Целта на движењето беше да се создаде независна позиција меѓу двата блока на Студената војна.

Криза и пад на комунизмот (1980–1990)

Во текот на 1980-тите години, економските проблеми во многу социјалистички држави стануваа сè поизразени. Индустрискиот раст се забави, а инфлацијата се зголеми. По смртта на Јосип Броз Тито во 1980 година, политичката стабилност во Југославија постепено почна да слабее. Во исто време се појавија сериозни економски тешкотии, како раст на надворешниот долг и инфлацијата. До крајот на деценијата, долгот надмина 20 милијарди долари, што создаде силен економски притисок врз федерацијата и дополнително ја продлабочи политичката нестабилност. Слабеењето на централната власт придонесе за зајакнување на разликите меѓу републиките. Слабеењето на државата се виде и преку настаните на **Косово** кое **беше автономна покраина**. Тамошното албанско население почна да бара оваа покраина да добие статус **република** во рамките на Југославија. Во текот на 1980тите на Косово избија демонстрации со барање покраината да стане на република. Овие демонстрации ја заостриј политичката состојба во земјата Во повеќе држави, економската криза доведе до зголемено незадоволство кај населението. Се појавија нови општествени движења и групи кои бараа политички реформи, поголема слобода на изразување и подобрување на животниот стандард.

Во исто време, во Советскиот Сојуз започнаа реформи под водство на Михаил Горбачов. Неговите политики на перестројка (економски реформи) и гласност (политичка отвореност) имаа за цел да го модернизираат системот. Овие промени силно влијаеја и врз другите социјалистички држави во Европа. Балканот, посебно социјалистичките држави не беа имуни на случувањата во СССР. Во 1989 година, низ Источна Европа започнаа масовни политички промени. Во повеќе држави комунистичките партии ја изгубија власта, а беа воведени повеќепартиски системи. Еден од најпрепознатливите симболи на овие настани беше падот на Берлинскиот ѕид, кој го означи крајот на поделбата на Европа и почеток на нова историска етапа.

Дали знаеш дека...

Транзицијата не се одвивала на ист начин во сите балкански држави, туку зависела од нивната политичка стабилност и економски развој. Во овој процес важна улога имала и **приватизацијата**, односно преминувањето на државните претпријатија во приватна сопственост.



▲ Југословенските војни

Војни и транзиција (1990–2000)

Во почетокот на 1990-тите години започна распадот на Југославија, што доведе до низа вооружени конфликти. Војни избувнаа **во Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина**. Еден од најдраматичните настани беше опсадата на Сараево (1992–1996), која претставува една од најдолгите опсади на главен град во современата европска историја. Најтешките борби се водеа во Босна и Херцеговина, каде што загинаа десетици илјади луѓе, а милиони беа принудени да ги напуштат своите домови. Подоцна, незадоволни ос својата положба во рамките на СР Југославија, **Албанците** на **Косово** кренаа вооружен бунт предводен од **Ослободителната војска на Косово** (ОВК). Во **1995 година** беше потпишан **Дејтонскиот мировен договор**, со кој формално заврши војната во Босна и Херцеговина. Конфликтот во Косово заврши во **1999 година** со **интервенција на НАТО**, што означи крај на вооружените судири во поранешна Југославија.

По 2000 година, повеќето балкански држави започнаа процес на приближување кон Европската Унија. **Словенија** стана членка во **2004 година, Бугарија** и **Романија во 2007 година,** а **Хрватска во 2013 година.** Другите држави од регионот продолжуваат со реформите и подготовките за идно членство. Овој процес подразбира политички реформи, развој на стабилна економија и почитување на демократските стандарди. Тој претставува долгорочна трансформација на општеството, која вклучува изградба на демократски институции, владеење на правото и економски развој.

Периодот по 1945 година беше обележан со длабоки политички и економски промени на Балканот. Во втората половина на 20 век регионот се развиваше во услови на социјалистички системи, интензивна индустријализација, но и политички кризи и вооружени конфликти. По крајот на Студената војна, повеќето држави започнаа транзиција кон демократски системи и пазарна економија. Денес, балканските држави се насочени кон европска интеграција и регионална соработка, со цел да се обезбедат стабилност и економски развој.

Провери го наученото

1. Кои беа главните последици од Втората светска војна на Балканот и како тие влијаеја врз развојот на регионот по 1945 година?
2. Какви економски и општествени промени донесе индустријализацијата во периодот 1950–1980 година?
3. Кои фактори доведоа до кризата и падот на комунизмот во 1980-тите години?
4. Какви последици имаше распадот на Југославија?

5. Индустријализација, урбана експанзија и структури на организираниот труд

Чекор кон иднината: Индустријализација и животот на Балканот по 1945 година

По завршувањето на Втората светска војна во 1945 година, Балканот се соочил со тешки последици. Градовите биле разурнати, фабриките оштетени, а транспортната мрежа била во лоша состојба. Затоа, обновата и модернизацијата станале главен приоритет за повеќето држави во регионот.Во наредните години, земјите како Југославија, Бугарија, Романија и Албанија започнале забрзан процес на индустриски развој. Се граделе нови фабрики, производството се зголемувало, а индустријата станувала сѐ поважен дел од економијата.



▼ фабриката „Застава" - Крагујевац

Овие промени не биле само економски. Тие го менувале и секојдневниот живот. Илјадници луѓе се преселувале од селата во градовите во потрага по работа, што довело до брза урбанизација. Во исто време се формирала бројна **работничка класа**, која добила значајна улога во општеството. Во повеќето држави се применувала планска економија – систем во кој државата одлучувала што и колку ќе се произведува. Овој модел се користел со децении, сѐ до крајот на 1980-тите години. Тој довел до изградба на големи индустриски комплекси кои трајно го промениле изгледот на регионот.

Моторот на промената: Планска економија и тешка индустрија

По **1945 година**, повеќето балкански земји – како **Југославија, Бугарија, Романија и Албанија** – воспоставиле социјалистички економски систем. Во нив се применувала планска економија, во која државата одлучувала што, колку и каде ќе се произведува. Наместо пазарот, економијата се водела преку државни планови.

Во Бугарија и Романија биле воведени петгодишни планови по примерот на Советскиот Сојуз. Главниот фокус бил ставен на развој на тешката индустрија – производство на челик, јаглен и машини – бидејќи се сметало дека таа е основа за економски напредок. Сличен модел се применувал и во **Албанија**, каде што под водство на **Енвер Хоџа** економијата била строго централизирана и насочена кон развој на тешката индустрија. Државата имала целосна контрола врз производството, а земјата била релативно изолирана од меѓународните економски текови.

Југославија развила поинаков модел. По конфликтот со Информбирото во 1948 година, се вовел систем на самоуправен социјализам. Во него фабриките формално биле управувани од работнички совети. И покрај тоа, индустрискиот развој останал главен приоритет. Во градови како **Крагуевац и Зеница** биле изградени големи индустриски комплекси, што довело до брз раст и трансформација на овие средини.

Грција, пак, тргнала по поинаков пат. По граѓанската војна (1946–1949), економијата се развивала врз основа на пазарни принципи, со значајна улога на приватниот сектор и странските инвестиции. Помошта од **Маршаловиот план** придонела за обнова на инфраструктурата. Наместо големи државни комбинати, економијата се потпирала на мали и средни претпријатија, како и на текстилната индустрија, бродоградбата и туризмот. **Атина** и **Солун** станале главни економски центри. Овој развој донел и демографски промени. Голем број луѓе се преселиле во градовите, особено во Атина, што довело до брза урбанизација. Истовремено, многу Грци заминале на работа во странство, а нивните парични пратки станале значаен извор на приходи.

До почетокот на 1980-тите, Грција имала повисок животен стандард од повеќето социјалистички земји. Во 1981 година станала членка на Европската економска заедница, што дополнително влијаело врз економскиот развој.



▲ Железарата во Зеница

Прашања за дискусија

1. Кој систем е поефикасен – планска или пазарна економија? Објасни.
2. Како индустријализацијата влијае врз демографијата?

Големата преселба: Од нива во фабрика

Една од највидливите последици од индустрискиот развој по Втората светска војна била **урбанизацијата**, односно брзиот раст на градовите. Пред војната, Балканот бил претежно аграрен регион, каде што мнозинството од населението живеело на село и се занимавало со земјоделство. Со отворањето на фабриките се појавила голема потреба од работници. Во исто време, механизацијата

постепено го менувала традиционалното земјоделство и ја намалувала потребата од работна сила во селата. Овие процеси довеле до **масовна миграција** од **селото кон градот**. Во **1950-тите и 1960-тите** години, многу семејства се преселиле во урбаните центри во потрага по работа. Ова довело до нагло зголемување на градското население. За да се сместат новите жители, државите започнале масовна изградба на станбени населби. Така се појавиле нови квартови со големи станбени блокови, како **Нов Белград**, **Нов Загреб** или индустриските населби во Софија и Букурешт.



▲ Нов Белград

Во **Албанија**, урбанизацијата се одвивала побавно и под строга контрола на државата. Поради ограничената миграција и изолацијата на земјата, таа долго време останала претежно рурална.

Овие населби станале симбол на модернизацијата. За многу луѓе, животот во стан со струја, водовод и централно греење значел значително подобрување на условите за живеење. Градовите нуделе и подобар пристап до образование, здравство и културен живот. Сепак, брзата урбанизација носела и проблеми. Големиот прилив на население создавал притисок врз **инфраструктурата**, а некои градови не биле подготвени за толкав раст. Поради тоа се граделе големи станбени комплекси кои и денес се препознатлив дел од многу балкански градови.

Статистиката покажува колку биле длабоки овие промени. Помеѓу **1950 и 1980 година**, милиони луѓе се преселиле во градовите. Во **Грција** и **Југославија**, бројот на нови жители во урбаните центри надминал седум милиони, додека во **Бугарија** урбаното население пораснало од околу **27%** на повеќе од **60%**.



▲ населба во романскиот главен град, Букурешт

Фабриката како заедница

Во социјалистичките држави по Втората светска војна, фабриките не биле само места за работа. Тие имале важна улога и во секојдневниот живот на луѓето. Големите индустриски претпријатија организирале спортски клубови, културно-уметнички друштва и разни рекреативни активности.

Во многу случаи, фабриките обезбедувале и услуги како детски градинки, здравствена заштита и одморалишта за работниците и нивните семејства. Поради тоа, вработувањето во големо претпријатие често се сметало за престижно. Во рамките на социјалистичката идеологија, работничката класа била претставувана како главна сила во изградбата на новото општество. Индустрискиот развој бил тесно поврзан со изградбата на инфраструктура. На Балканот биле изградени нови железнички линии, патишта и енергетски објекти. Во **Југославија**, **младинските работни акции** претставувале масовни доброволни активности. Илјадници млади учествувале во изградба на инфраструктура, како железничката линија Брчко-Бановиќи. Во Бугарија и Романија, овие проекти биле дел од државните економски планови.

Промените се чувствувале и во селата. Во некои земји било воведено колективизирање на земјоделството, при што земјиштето се организирало во задружни или државни фарми. Механизацијата ја намалила потребата од работна сила, што дополнително ја поттикнало преселбата во градовите.



▲ Плакат во Бугарија, по повод 1ви мај, со кој се покажува работа на село со помош на механизација

И покрај економскиот раст, постоеле и негативни последици. Во некои случаи недостигале производи за широка потрошувачка, а брзиот индустриски развој предизвикувал и сериозни еколошки проблеми, како загадување на воздухот и водите. До крајот на 1980-тите години, овие проблеми станале дел од поширокаата економска криза во социјалистичките системи.

Синдикати, права и парадокси на трудот

По Втората светска војна, работниците и нивните права станале важен дел од економскиот и општествениот живот. Во социјалистичките држави, идеологијата нагласувала дека работниците се носители на власта. Во **Југославија**, тоа се изразувало преку системот на самоуправување, во кој работниците формално учествувале во управувањето со претпријатијата и во распределбата на приходите. Во другите земји од Балканот кои имале социјалистичко уредување, синдикатите биле масовни организации со голем број членови. Сепак, нивната улога била тесно поврзана со државата. Наместо да организираат отпор, тие најчесто дејствувале во рамките на системот.

▼ Студентски протести против грчката воена хунта



И покрај тоа, повремено се појавувало незадоволство. Во **Југославија**, особено во **1960-тите и 1980-тите години**, биле забележани **штрајкови** поврзани со економските проблеми и падот на животниот стандард. Во **Грција**, синдикатите имале поактивна и поавтономна улога. Тие преговарале со работодавачите и со државата за подобрување на платите и условите за работа. За време на воената диктатура (1967–1974), нивната активност била ограничена, но по



▲ Демонстрации во Тенишвар против власта на Николае Чаушеску

враќањето на демократијата повторно се зајакнала. Во **Албанија**, ситуацијата била најстрога. Под режимот на Енвер Хоџа, синдикатите биле целосно под контрола на државата, а штрајковите не биле дозволени. Иако во повеќето социјалистички земји постоела сигурност на вработувањето, тоа носело и одреден парадокс. Во многу фабрики имало повеќе работници отколку што било потребно, што доведувало до ниска продуктивност. Така, системот истовремено нудел сигурност, но создавал и економски неефикасности.

Цената на прогресот и крајот на епохата

Во 1950-тите и 1960-тите години, индустрискиот развој на Балканот се одвивал со брзо темпо и често се поврзувал со економски раст и оптимизам. Сепак, во **1970-тите**, а особено во **1980-тите години**, почнале да се појавуваат сериозни проблеми.

Моделот заснован на постојано зголемување на фабриките и бројот на работници постепено почнал да покажува слабости. Во исто време, технолошкиот развој во светот напредувал, а многу индустриски капацитети на Балканот почнале да заостануваат. Некои држави, како **Југославија** и **Романија**, се обиделе да ја модернизираат економијата преку кредити од западните земји. Но, во услови на криза, тие тешко ги враќале долговите. Во **1980-тите години** се појавиле **инфлација, недостиг на производи и пад на животниот стандард**.

Овие тешкотии се одразиле и врз работниците. Штрајковите станале почести, а незадоволството во индустриските центри постепено се поврзувало со поширок политички промени во Источна Европа. Со падот на социјалистичките режими на крајот на 1980-тите и почетокот на 1990-тите, индустрискиот систем влегол во нова фаза. **Приватизацијата, економската транзиција** и, во некои делови, воените конфликти довеле до затворање на многу фабрики. Овој процес, познат како **деиндустријализација**, силно влијаел врз економијата и врз животот на населението, особено во индустриските градови кои изгубиле голем дел од својата функција.Индустријализацијата по Втората светска војна донела големи економски и општествени промени на Балканот. Таа овозможила модернизација и подобрување на животниот стандард, но истовремено создала и нови проблеми. Кризата во 1980-тите и транзицијата по 1990 година покажале дека овие процеси биле сложени и со долгорочни последици.

Провери го научената

1. Што претставува индустријализацијата по 1945 година?
2. Каква улога имала планската економија во социјалистичките земји?
3. Зошто се зголемила миграцијата од село кон град?
4. Каква улога имале синдикатите?

6. Популациски движења, национални малцинства и социјална политика (1918–2010)

По завршувањето на Првата светска војна во 1918 година, Балканот се соочил со длабоки политички и општествени промени. Се распаднале големи империи, се појавиле нови држави, а старите ги проширile или измениле своите граници. Но овие промени не значеле само нова карта на регионот – тие суштински го измениле и животот на луѓето.

Илјадници семејства се нашле во нови држави, под нова власт и во поинакви општествени услови. Во текот на XX век, Балканот поминал низ повеќе војни, политички пресврти и економски кризи, кои силно влијаеле врз секојдневието на населението. Поради тоа, регионот станал простор на чести и масовни популациски движења.

Присилна миграција и размена на население

Една од најтешките последици од војните и промените на границите била присилната миграција. Овој поим означува преселување на население што не се случува доброволно туку поради војна, прогон, политички притисок или државна одлука. На Балканот ваквите преселби биле чести. По **Првата светска војна**, новите граници довеле до создавање на голем број бегалци, раселени лица и поделени заедници.

▼ Деца бегалци во Атина по Грчко - турската војна 1922 - 1923 година





▲ Турската делегација при потпишувањето на Лозанскиот мировен договор

Најпознат пример за размена на население е договорот меѓу **Грција** и **Турција**, потпишан по **Лозанскиот мировен договор** од **1923 година**. Целта на оваа мерка била да се намали етничката и верската измешаност во двете држави. Од Мала Азија во Грција пристигнале огромен број православни бегалци, додека муслиманското население од грчка територија било преселено во Турција. Во рамките на оваа размена, околу 1,2 милиони православни Грци биле преселени во Грција, а околу 400.000 муслимани биле преселени во Турција. Иако се очекувало овие мерки да донесат стабилност, во реалноста тие предизвикале нови проблеми: недостиг од земја, сиромаштија, тешкотии при вработување и тензии меѓу старото и новодојденото население. Истовремено, овие преселби значително ја измениле демографската структура и влијаеле врз економскиот и политичкиот развој на двете држави. Слични процеси се случиле и во други делови на Балканот. Во меѓувоениот период, **Бугарија** примила голем број бегалци од **Македонија** и **Тракија**, што создало дополнителен притисок врз економијата и општеството. Една од причините за таквата ситуација бил и договорот за **размена на населението** помеѓу Грција и Бугарија преку конвенцијата Калфов – Политис.

Нови масовни присилни миграции се случиле и за време на Втората светска војна, како и во годините веднаш по неа. Окупациите, воените судири и прогони довеле до ново раселување на населението. Војната не била само судир меѓу армии, туку и период во кој цивилното население било изложено на насилство, глад и протерување. За време и по завршувањето на **Граѓанската војна во Грција (1946–1949)**, значителен дел од македонското население од северна Грција било принудено да ги напушти своите домови поради воените судири, политичките притисоци и последиците од војната. Особено трагична била судбината на децата бегалци, кои биле евакуирани и сместени во повеќе држави од **Источна Европа** и во **Југославија**. Дел од нив никогаш не се вратиле во своите родни места. Таму тие формирале заедници преку кои го зачувале својот јазик, култура и идентитет. Овие настани оставиле длабоки последици врз македонското население и врз демографската структура на регионот.На крајот од XX век, Балканот повторно бил погоден од присилни миграции, овојпат во текот на распадот на **Југославија**. Војните во **Хрватска, Босна и Херцеговина и Косово** создале стотици илјади бегалци и раселени лица. Дел од нив се населиле во други делови на поранешна Југославија, додека многумина заминале во земјите на Западна Европа. Иако војните од 1990-тите имале помал број жртви од претходните големи војни, тие биле придружени со слични процеси на етничко чистење и масовно раселување.

Прашања за дискусија

Какви последици имале присилните миграции врз животот на луѓето и врз односите меѓу различните заедници на Балканот? Објасни со пример.

Дијаспора и економска миграција

Покрај присилните преселби, Балканот бил обележан и со силна економска миграција. Кога луѓето се иселуваат поради сиромаштија, невработеност или потрага по подобри услови за живот, тие често создаваат дијаспора. Дијаспората претставува заедница од луѓе кои живеат надвор од својата матична земја, но ја одржуваат врската со неа преку јазикот, семејството, традициите, економската поддршка и културниот живот. Сличен процес се случил и во *Југославија*, особено од **1960-тите** до *1980-тите* години. За разлика од повеќето социјалистички држави, Југославија дозволила значителен број свои граѓани да заминат на работа во странство. Така се појавила познатата појава на гастарбајтери. Илјадници работници заминале во **Германија, Австрија, Швајцарија** и други западноевропски земји.



▲ Гастербајтери

Голем број Грци се населиле во Западна Европа, САД, Канада и Австралија, создавајќи силни иселенички заедници. Оваа миграција имала двојно влијание. Од една страна, заминувањето на работоспособното население ги менувало семејствата и локалните заедници. Од друга страна, паричните дознаки станале значаен извор на приходи, овозможувајќи подобри услови за живот, образование и инвестиции.По 1990 година, економската миграција повторно се засилила. Причините биле бројни: распад на држави, транзиција, невработеност и политичка несигурност. Многу држави од Југоисточна Европа се соочиле со негативна нето-миграција, односно повеќе луѓе се иселувале отколку што се доселувале. Една од најголемите економски миграции се случи во Албанија по падот на комунистичкиот режим. Стотици илјади Албанци заминаа во земјите на ЕУ, првенствено во соседна Грција, како и во прекуокеанските земји.



▲ Албански економски мигранти на пат кон Италија

Национални малцинства и граѓански права

Промените на границите и масовните миграции довеле до создавање на бројни национални малцинства. Тоа се етнички, јазични или верски заедници што живеат во држава во која мнозинството



▲ Демонстрации во Приштина, 1981 година

Соживување со минатото

Замисли дека припаѓаш на национално малцинство во една балканска држава и во краток текст (5–6 реченици) опиши со какви проблеми се соочуваш, дали имаш можност да го користиш својот јазик и како се чувствуваш во таа држава.

припаѓа на друга нација. На Балканот ова било честа појава, бидејќи политичките граници ретко се совпаднале со етничките. Еден од позначајните примери е положбата **на Албанците** во **Југославија**. Во текот на 1960-тите и 1970-тите години, **Косово** добило поголема **автономија**, особено **со Уставот** од **1974 година**. Албанскиот јазик се користел во образованието и администрацијата, а биле основани и културни институции. Сепак, економските разлики и политичките тензии останале присутни.

Положбата на малцинствата често била сложена. Во меѓувоениот период, многу држави се стремеле кон национално зацврстување, па малцинствата неретко биле гледани со недоверба. Постоеле договори за нивна заштита под покровителство на Друштвото на народите, но тие не секогаш се применувале доследно.

Во пракса, некои малцинства имале ограничен пристап до образование на мајчин јазик, културно организирање и политичко претставување. Во други случаи, државите настојувале преку училиштето и администрацијата да создадат единствен национален идентитет. По Втората светска војна, комунистичките режими формално прокламирале еднаквост, но реалната состојба се разликувала од држава до држава. Во Бугарија, во 1980-тите години, властите спровеле политика позната како „преродбен процес". Турското население било принудено да ги промени своите имиња и да ја ограничи употребата на турскиот јазик. Овие мерки довеле до масовно иселување во Турција во 1989 година. Бугарија по **Втората светска војна**, особено во периодот од 1944 до крајот на 1960-тите години, во одреден политички контекст го признава постоењето на **македонското малцинство** на својата територија. Ова било поврзано со тогашните односи меѓу Бугарија и Југославија и идејата за поблиска соработка меѓу двете држави. Меѓутоа, со промената на политичкиот курс кон крајот на 1940-тите години и особено во времето на владеењето на Тодор Живков, официјалната политика се менува. Македонското малцинство повеќе не било признавано. Во бугарската официјална политика, тоа население било третирано како дел од бугарскиот народ. По 1989 година, прашањето за граѓанските права повторно станало особено важно. Тоа ги опфаќа правото на образование, слобода на изразување, политичко учество и зачувување на културниот идентитет. Под влијание на европските институции, заштитата на малцинствата станала важен услов за демократизација и приближување кон Европската Унија. Сепак, овој процес не доведе до подобрување на положбата на малцинствата во некои балкански земји.



▲ Најава за претставата Печалбари на Обласниот македонскиот театар во Горна Џумаја (Благоевград)

Социјална политика и социјална држава

Покрај миграциите и малцинствата, XX век бил и период на развој на социјалната политика. Таа ги опфаќа мерките преку кои државата настојува да го подобри животот на населението: помош за сиромашните, заштита на работниците, здравство, образование и

социјална сигурност. Во меѓувоениот период, балканските држави имале ограничени можности за социјална заштита, бидејќи биле претежно аграрни и со слаби финансии. Сепак, постепено се воведувале закони за работно време, заштита на работниците и помош во време на криза. По Втората светска војна, со доаѓањето на комунистичките режими, улогата на државата значително се зголемила. Таа станала главен организатор на економијата, вработувањето, здравството и образованието. Така се развил моделот на социјална држава, кој обезбедувал поголема сигурност за граѓаните, иако не секогаш бил демократски.



▲ Албански пионерки

Здравство и образование

Здравството и образованието биле клучни области. Во првата половина на XX век тие биле недоволно развиени, особено во селските средини. По **1945 година**, значително се проширите болниците, здравствените установи и училиштата. Медицинската грижа станала подостапна, а неписменоста постепено се намалувала. Образованието придонело за создавање на поинтегрирано општество и современа држава. По **1990 година**, транзицијата донела економски тешкотии и делумно ослабување на социјалната заштита. Сепак, приближувањето кон Европската Унија поттикнало реформи и постепено подобрување на институциите, здравството и образованието.


▲ Демонстрациите во Белград на 9 март 1991 година.

Историјата на Балканот од 1918 до 2010 година покажува дека популациските движења, националните малцинства и социјалната политика биле тесно поврзани. Војните и промените на границите предизвикале присилни миграции, додека економските тешкотии поттикнале масовно иселување и создавање дијаспори. Овие процеси довеле до појава на бројни малцинства, чие прашање станало важно политичко и правно прашање. Во исто време, со текот на времето сѐ поголемо значење добиле граѓанските права, здравството, образованието и социјалната политика. Преку овие промени може подобро да се разбере развојот на современите балкански општества и предизвиците со кои тие се соочуваат и денес.

Провери го научено

1. Што се подразбира под поимот присилна миграција и кои биле нејзините главни причини на Балканот?
2. Зошто прашањето за националните малцинства било сложено и чувствително на Балканот?
3. Спореди ги причините за миграција во XX век со денешните миграции. Дали има сличности?
4. Какви последици имале присилните миграции врз семејствата и локалните заедници?

7. Политики на сеќавање, помирување и постконфликтни трансформации



▲ Споменик за битката на Сутјеска

Кога помислуваме на историја, најчесто мислиме на книги, архиви или датуми што треба да се запаметат. Но историјата не е само минато – таа е процес што постојано живее во општеството. Начинот на кој се сеќаваме на војните и конфликтите влијае врз тоа како размислуваме и живееме денес.

Затоа, оваа лекција ве воведува во поимот политики на сеќавање. Тоа не е само научен концепт, туку нешто што директно го обликува секојдневието, особено на Балканот. **По Втората светска војна** во **1945 година**, а уште повеќе по **конфликтите** од **1990-тите**, општествата во регионот се соочија со тешко прашање: како да се изгради иднина кога минатото е исполнето со болка, злосторства и различни толкувања на вистината?

Колективно сеќавање и комеморации: споменици, учебници и медиуми

Колективното сеќавање не се сведува само на лични спомени. Тоа претставува заедничко разбирање за тоа што е важно да се памети, а што постепено се заборава. Таквото сеќавање не настанува случајно – се гради преку конкретни средства.Највидлив пример се **спомениците**. Замислете градски плоштад: дали таму има споменик на партизан од Втората светска војна или на жртвите од конфликтите во 1990-тите? Овој избор не е случаен. Тој испраќа порака за тоа што општеството смета за важно.

На Балканот има бројни меморијални комплекси. **Меморијалниот парк** во **Крагуевац** е посветен на цивилите стрелани во 1941 година, додека **комплексот на Сутјеска** ја одбележува партизанската борба. Споменикот во Јасеновац, пак, за некои е симбол на страдањето, а за други и предмет на политички спорови. Така, спомениците не се само објекти – тие влијаат врз начинот на кој го разбираме минатото.



▲ Меморијалниот парк Шумарице, Крагуевац

Важна улога имаат и **учебниците по историја**. Преку нив државата го пренесува своето толкување на минатото на младите. Истите настани можат да бидат претставени различно. На пример, Балканските војни (1912–1913) во некои учебници се прикажуваат како ослободителни, а во други се сметаат за окупаторски и се истакнува страдањето на цивилите. Затоа, ученикот треба да поставува прашања: Кои настани се нагласени? Чии жртви се спомнати? Што недостасува?Трета важна алатка се **медиумите** и **комеморациите**. Комеморацијата претставува организирано одбележување на значаен настан. На Балканот, секоја држава организира комеморации по повод настани од минатото. Организирањето на овие комеморации не секогаш е прифатено од соседните држави. Еден ист настан од минатото може да има различно толкување и значење во различни држави. **Покрај тоа, често и во рамките на една држава, истиот настан може да биде различно толкуван од**

различни групи во општеството. Но, различни медиуми можат да ја прикажат истата комеморација на различен начин. Еден ќе ја истакне болката на семејствата, друг политичките пораки на лидерите. Така се создава наратив — приказна за тоа што се случило и како треба да се разбере.



▲ Одбележување по повод 80 години од крајот на Втората светска војна


Историски ревизионизам и политиките на сеќавање: пристапи и критичко читање

Поимот **ревизионизам** често се појавува во јавниот простор, но не секогаш се разбира правилно. Затоа е важно да се направи јасна разлика помеѓу научниот и политичкиот ревизионизам.**Научниот ревизионизам** е нормален дел од историската наука. Тој се јавува кога историчарите откриваат нови извори што ги надополнуваат или коригираат постојните сознанија. На пример, пронаоѓањето на дневник на војсководец може да покаже дека некоја одлука била донесена порано отколку што се мислело. Ова е природен процес во развојот на знаењето. **Покрај тоа, научниот ревизионизам има и друга важна улога: тој може да помогне во надминување на политичкото влијание врз науката во минатото.**

Политичкиот ревизионизам, напротив, може да претставува манипулација со минатото. Се јавува кога се негираат утврдени злосторства, се намалува бројот на жртви без докази или кога агресорот се прикажува како жртва. Исто така, преку политичкиот ревизионизам често се настојува да се преиспитаат, а понекогаш и да се негираат одредени настани од минатото и националните идентитети. Понекогаш политичкиот ревизионизам настојува да влијае врз интерпретацијата на историјата, па со тоа и врз начинот на кој се врши историскиот ревизионизам. Овој ревизионизам е присутен насекаде на Балканот, но и во Европа.Затоа, критичкото читање е неопходна вештина, па кога читате текст за минатото, поставете си неколку прашања: кој е авторот, која е неговата цел и дали се користат емоционални зборови без соодветни докази. **Притоа, важно е критичкото мислење да не се злоупотребува за политички цели.**Историските наративи на Балканот често се менуваат во зависност од политичкиот контекст. По поразот на

Прашања за дискусија

Објасни како спомениците влијаат врз начинот на кој луѓето го разбираат минатото.



▲ Учебник по историја во Србија



▲ Потпишување на Дејтонскиот мировен договор

комунистите **во Граѓанската војна (1946–1949)**, официјалната историја во Грција долго време го потиснувала нивното учество во отпорот против Силите на оската во Втората светска војна. Дури во **1982 година** државата го призна „народното движење на отпорот". Ова покажува како политичките промени влијаат врз сеќавањето.

По 1990 година, во Хрватска се појавил процес на дистанцирање од југословенското минато. Југословенскиот период често бил претставуван како неповолен за хрватските интереси. Ова е пример за преобликување на минатото во согласност со новите политички цели.Во Србија, војните од **1991–1995 година** повторно ги активирале сеќавањата на **усташкиот режим** од Втората светска војна. Овие историски трауми биле користени во нов политички контекст, а новите конфликти создале дополнителни слоеви на сеќавање кои и денес влијаат врз односите во регионот.

Помирување и транзициска правда

МЕХАНИЗМИ НА ПОМИРУВАЊЕ: ОД МИРОВЕН ДОГОВОР ДО СУДНИЦА

Кога завршува една војна, потпишувањето на мировен договор е само почеток. **Дејтонски мировен договор од 1995 година** го запре конфликтот во **Босна и Херцеговина** и воспостави нов политички систем со два ентитета: **Федерацијата на Босна и Херцеговина** и **Република Српска**.Но мирот на хартија не значи дека конфликтот навистина е надминат. Помирувањето бара подолг и посложен процес познат како транзициска правда. Тоа е обид општеството да се соочи со минатото и да изгради пофер и постабилна иднина.Еден од најважните механизми во овој процес се судовите. Меѓународен кривичен суд за поранешна Југославија, познат како Трибуналот во Хаг, беше формиран од Обединетите нации со задача да ги гони одговорните за воени злосторства.

Прашања за дискусија

Замисли дека читаш два учебника за ист настан: во едниот твојата група е претставена како жртва, а во другиот како виновник. Што би направил? На кој би му верувал и како би проверил што е поблиску до вистината?

Неговата улога не беше само да казнува, туку и да утврдува факти. Кога судот донесува пресуда за геноцид или злосторство против човештвото, тоа станува факт заснован на докази, а не само тврдење на една страна. Ова е важно, бидејќи без прифаќање на фактите тешко може да се изгради доверба меѓу заедниците.Покрај судовите, важна улога имаат и комисиите за вистина и помирување. Тие не се фокусираат на казна, туку на откривање на вистината. Работат со сведоци и жртви, обидувајќи се да ги расветлат настаните и судбината на исчезнатите лица. Работата на овие комисии треба да биде внимателна и без политичко влијание.Отворањето на архивите и јавните дебати се исто така дел од овој процес. Кога општеството отворено зборува за минатото, се создава простор различни гласови да бидат слушнати. Постојат различни начини на справување со минатото: заборав (амнестија), судење (правда), дијалог (разбирање) и комеморација (сеќавање).Најуспешен е пристапот кој ги комбинира овие елементи. Заборавот може да донесе краткорочен



▲ Трибуналот во Хаг

мир, но често води до нови конфликти. Судењето носи правда, но не секогаш и прошка. Дијалогот е најтежок, но е потребен. Во регионот беше формирана иницијативата **РЕКОМ**, чија цел е да ги документира жртвите и настаните од војните во 1990-тите години.Работењето на **Трибуналот во Хаг** често се толкува различно, што покажува колку е важно да се разликуваат фактите од ставовите. Фактите се проверливи: Трибуналот е основан во **1993 година** од **Обединетите нации**, изрекол пресуди за над 90 лица. Ставовите, пак, се различни толкувања на тие факти. Дел од јавноста го смета Трибуналот за праведен, додека други го гледаат како политички инструмент. Затоа е важно фактите да се разликуваат од мислењата, особено кога станува збор за чувствителни историски теми.



▲ Повлекување на војската на СР Југославија од Косово од 1999 година

Мировни договори и постконфликтна реконструкција

По судењето и утврдувањето на одговорноста, следува фазата на постконфликтна реконструкција. Таа не значи само обнова на разурнатата инфраструктура, туку и повторно градење на довербата меѓу луѓето и институциите.Овој процес вклучува реформи во полицијата и судството со цел тие да функционираат правично и еднакво за сите граѓани. По Дејтонскиот договор во Босна и Херцеговина (1995), покрај физичката обнова, се работеше и на интеграција на поранешните спротивставени страни во заеднички институции.Сличен процес се одвивал и во **Косово** по 1999 година, каде што приоритети на меѓународната управа биле враќањето на раселените лица и воспоставувањето на владеење на правото. Косово денес е независна држава.

Целта на постконфликтната реконструкција е да се спречат нови конфликти и да се создадат услови за стабилен мир заснован на економска сигурност и социјална правда за сите заедници. Политиките на сеќавање не се однесуваат само на минатото, туку пред сѐ на иднината. Начинот на кој ги одбележуваме жртвите, ги отвораме архивите и го пренесуваме минатото преку образованието влијае врз тоа дали ќе изградиме општество на доверба или ќе останеме во круг на недоверба и страв.Транзициската правда не е задача само за судиите и политичарите. Таа претставува процес во кој учествува целото општество, вклучително и младите. Соочувањето со минатото подразбира обид да се разберат настаните, нивните причини и последици, како и искуствата на различни групи во општеството. Овој процес често не е лесен, бидејќи минатото може да биде поврзано со конфликти, неправди и различни сеќавања.Во вакви ситуации, важно е да се пристапи со внимание и почит кон различните гледишта. Историските настани ретко имаат само едно толкување, па затоа е потребно да се разгледуваат повеќе извори и перспективи. Целта не е да се наметне единствена „вистина", туку да се поттикне разбирање и дијалог меѓу луѓето.Затоа, сеќавањето треба да служи како лекција, а не како средство за нови поделби.



▲ Ибрахим Ругова (1944-2006) - политички лидер на косовските Албанци, познат по залагањето за ненасилно решавање на косовското прашање

Провери го наученото

1. Зошто политиките на сеќавање се важни не само за минатото, туку и за иднината?
2. Дали е можно да се изгради доверба без прифаќање на фактите од минатото? Објасни.
3. Како комеморациите, учебниците и медиумите влијаат врз начинот на кој општествата го паметат минатото?
4. Зошто различни држави и заедници понекогаш различно ги толкуваат истите историски настани?

8. Авангардата, модернизмот и меѓувоената културна продукција на Балканот (1918–1941)

Периодот меѓу двете светски војни (1918–1941) претставува време на длабоки промени и силен културен развој на Балканот. По Првата светска војна, политичката карта на регионот значително се изменила. Старите империи, како **Австроунгарија** и **Османлиското Царство**, исчезнале, а на нивно место се појавиле нови држави или се проширile веќе постојните. Меѓу нив било **Кралството на Србите, Хрватите и Словенците**, како и **Грција, Бугарија и Албанија**. Овие држави се соочувале со сериозни предизвици – политичка нестабилност, економски тешкотии и потреба од градење национален идентитет.



▼ Црквата Александар Невски во Софија помеѓу двете светски војни

Во исто време, градовите почнале брзо да се менуваат. Белград, Загреб, Љубљана, Сараево, Атина, Софија и Тирана станувале сè помодерни. Се појавиле трамваи, кина, нови згради и кафулиња – места каде што се собирале интелектуалци, уметници и студенти и разговарале за политика, уметност и за иднината.

Овие промени силно влијаеле врз културата на изразување. Така се појавиле модернизмот и авангардата. Овие движења не биле само преземени од Европа, туку биле приспособени на балканските услови. Преку нив, уметниците се обидувале да одговорат на прашања за современиот идентитет, социјалните разлики и улогата на уметноста во време на цензура и политички притисоци.

Модернизам и авангарда – разлика во пристапот

За да ја разбереме културната сцена на меѓувоениот Балкан, потребно е да направиме јасна разлика помеѓу два поима кои често се мешаат: модернизам и авангарда. **Модернизмот** претставува широка културна струја што се појавува како одговор на големите општествени промени. Индустријализацијата, урбанизацијата и новите технологии го менувале начинот на живот, а со тоа и уметноста. Старите правила повеќе не биле доволни, па уметниците барале нови форми на изразување во **книжевноста, сликарството, архитектурата и музиката**. Овие промени се одразиле и во архитектурата каде што се развил **архитектонскиот модернизам** со нови форми и функционален стил

Сепак, модернизмот не значи целосно отфрлање на традицијата. Тој се стреми кон нови форми, но истовремено задржува чувство за стил, структура и естетика. **Авангардата**, напротив, претставува порадикален пристап. Самиот збор *avant-garde* значи „предна стража". Авангардните уметници не сакале само да создаваат нова уметност, туку и да го променат општеството. Тие свесно ги кршеле правилата, провоцирале и се спротивставувале на традиционалните вредности. Нивните дела често биле необични и тешки за разбирање, но со јасна цел – да ја натераат публиката да размислува поинаку.

Оваа разлика може јасно да се види и преку конкретни примери од Балканот. Во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, подоцна Југославија, **списанието *Zenit*** (1921–1926), поврзано со **Љубомир Мициќ**, ја критикувало европската традиција и ја промовирало идејата за „балканскиот варварин" како симбол на нова енергија – типичен авангарден пристап.

Во **Бугарија**, поетот **Гео Милев** во **„Септември"** (1924) ги комбинирал новите уметнички форми со силна општествена критика.

Во **Грција**, „Генерацијата на 1930-тите", со автори како **Јоргос Сеферис и Одисеас Елитис**, развивала померен модернизам. Тие вовеле слободен стих и симболика, но задржале рамнотежа и јасна уметничка структура.

Во Албанија, писателот **Милош Ѓерѓ Никола Миѓени** ги прикажувал тешките услови на живот на сиромашните, користејќи модернистички техники за да ја изрази социјалната реалност.

Експресионизам и надреализам – емоција и сон

Во рамките на модернизмот и авангардата се развиле повеќе уметнички правци, од кои особено значајни се експресионизмот и надреализмот.

Експресионизмот бил особено влијателен во 1920-тите години. Наместо да ја прикажува реалноста таква каква што е, тој се

Дали знаеш дека...

Името на познатиот писател Миѓени го носи и едно основно училиште – „Братство - Миѓени" во Тетово.

Ова покажува дека неговото дело и денес се смета за важно и дека општеството настојува да го зачува неговото културно наследство. Миѓени пишувал за сиромаштијата, неправдата и тешкиот живот на луѓето – теми кои и денес се актуелни.



▲ Милош Ѓерѓ Никола Миѓени



▲ Коча Поповиќ

насочувал кон внатрешниот свет на уметникот. Во центарот биле чувствата — страв, тага, немир и гнев.За да ги изразат овие емоции, уметниците користеле искривени форми, силни бои и драматични сцени. Јазикот често бил директен и интензивен. Добар пример е поезијата на **Антун Бранко Шимиќ**, чиј стил е краток, напнат и силно емотивен. Во Бугарија, уметницата **Бистра Винарова** во своето творештво користела експресионистички елементи, комбинирајќи силна емоција со современи општествени теми.

Во **Грција**, поетот **Костас Кавафис**, иако најчесто се поврзува со симболизмот и модернизмот, во дел од своето творештво ја истакнува внатрешната несигурност на модерниот човек.

Во Албанија се истакнал и сликарот **Спиро Сега**, познат по своите композиции со национални и историски мотиви, особено преку претстави на Скендербег. Во неговото творештво се забележуваат влијанија од романтизмот и европскиот експресионизам од почетокот на XX век, како и лирски и симболични мотиви.

Надреализмот се појавил подоцна, **во 1930-тите години**. Тој се насочил кон несвесното, соништата и ирационалното. Под влијание на идеите на Зигмунд Фројд, надреалистите верувале дека вистинската реалност не се наоѓа само во надворешниот свет, туку и во потсвеста. Нивните дела често изгледаат необично и нелогично. Користеле техники како автоматско пишување, слободни асоцијации и неочекувани комбинации на слики.На Балканот, надреализмот особено се развил во Белград, каде што се твореле уметници како **Марко Ристиќ**, **Душан Матиќ** и **Коча Поповиќ**. Во Грција, **Андреас Ембирикос** го вовел овој правец под влијание на европските уметнички кругови.За многу уметници, надреализмот претставувал простор на слобода. Преку фантазијата и потсвеста, тие се обидувале да избегаат од политичкиот притисок и ограничувањата на секојдневниот живот.

Манифести и книжевни списанија – гласот на промените

Во меѓувоениот период, книжевните списанија имале клучна улога во културниот живот. Тие биле главниот начин преку кој уметниците ги споделувале своите идеи и комуницирале со јавноста, во време кога не постоеле современи медиуми.Овие списанија не биле само збирки на текстови. Тие имале препознатлив изглед и стил — користеле различни фонтови, необична типографија, илустрации, фотографии и колажи. На тој начин, списанието станувало уметничко дело само по себе.

Во Бугарија, „Пламк" било важна платформа за модернистичка и авангардна книжевност, тесно поврзана со Гео Милев и со новите уметнички идеи.

Во Грција, списанието „Неа естија" (основано во 1927 година) одиграло значајна улога во развојот на модернизмот и во афирмацијата на „Генерацијата на 1930-тите".

Прашања за дискусија

Замисли дека уредуваш книжевно списание во 1930-тите:

Какви текстови би објавувал?

Дали би поддржал нови или традиционални идеи?

Каква порака би сакал да испратиш?

Во Албанија, печатот имал особено значајна улога во културниот развој. Во 1930-тите години се појавиле повеќе весници и списанија, меѓу кои „Hylli i Dritës", „Zani i Naltë" и „Përpjekja Shqiptare", кои станале важен простор за ширење идеи и за развој на јавната и културната дебата. Преку нив, интелектуалците ги обработувале општествените и културните прашања, придонесувајќи за развојот на книжевноста и јавниот живот. Со списанијата тесно бил поврзан и поимот манифест. Тоа се кратки текстови во кои уметниците ги изнесувале своите ставови и цели. Манифестите биле јасни, директни и често провокативни со цел да предизвикаат реакција.На пример, зенитистите преку своите манифести ја критикувале традиционалната култура. Во Бугарија, Гео Милев ги поврзувал уметничките идеи со социјалните прашања, додека во Грција модернистите се залагале за промени во поетскиот јазик и напуштање на строгите форми.



▲ Ласгуш Порадецн

Уметнички кругови – заедница и размена на идеи

Уметниците во меѓувоениот период ретко работеле сами. Тие често се собирале во кафеани, ателјеа и приватни станови, каде што разменувале идеи и дискутирале за уметноста и општеството. Така се формирале неформални групи познати како уметнички кругови.

Во Белград дејствувал круг на надреалисти. Слични средини постоеле и во други делови на Балканот. Во Бугарија, книжевни кругови се формирале околу автори како Гео Милев, каде што се воделе разговори за книжевноста и општествените проблеми.

Во Грција, „Генерацијата на 1930-тите" функционирала како заедница на поети и интелектуалци кои се среќавале во Атина.

Во Албанија, интелектуалците се собирале во градови како Скадар и Тирана, каде што се развивала модерната книжевност. Поети како Миѓени и **Ласгуш Порадеци** биле во центарот на овие кругови, додека преведувачката дејност на Фан Ноли придонела за приближување на европската книжевност. Во исто време, прозата постепено се развивала преку автори како **Ернест Колиќи** и **Митруш Кутели**.Овие кругови имале значајна улога. Тие обезбедувале простор за слободно изразување во време кога новите идеи често биле дочекувани со сомнеж. Во нив се создавале пријателства, но и се организирале активности како објавување текстови кои понекогаш биле и цензурирани.

Кинематографија – сликата во движење

Филмот бил една од најновите уметнички и технолошки форми во меѓувоениот период. Тој овозможувал комбинирање на слика, движење и приказна, што го правело особено привлечен за новите уметнички идеи. На Балканот, пак, кинематографијата постепено се развивала, иако со ограничени технички и финансиски можности. Сепак, и покрај тие ограничувања, се појавиле значајни први обиди



▲ Реклама за филмот Среќата на рударот

за создавање филмска уметност.Во **Југославија**, раниот развој на филмот бил ограничен и во голема мера зависел од увоз на странски филмови и кинопроекција. Иако Караѓорѓе (1911) се смета за еден од првите играни филмови во регионот, посериозни обиди за домашна продукција се појавиле подоцна. Филмот „**Среќата на рударот**“ (1929) претставува еден од првите долгометражни неми филмови во Кралството СХС/Југославија. Во овој период, најголем дел од домашната продукција се состоела од документарни филмови и филмски хроники.

Во Грција, режисерот **Димитрис Газијадис** во 1920-тите години снимал рани играни филмови, меѓу кои и Голфова. Во Бугарија, **Васил Гендов** бил еден од пионерите на филмот, а неговите дела од 1920-тите години претставуваат важен чекор во развојот на националната кинематографија.

Во Албанија, филмската продукција била во почетна фаза и најчесто се сведувала на документарни снимки и хроники поврзани со јавниот живот, што покажува дека кинематографијата сè уште не била целосно развиена како уметничка форма.Со развојот на филмот се појавиле и филмски клубови во градови како Белград, Атина и Софија. Тие станале места каде што се прикажувале филмови и се воделе дискусии за оваа нова уметност.

Наследството на меѓувоениот период

Периодот од 1918 до 1941 година има особено значење во развојот на модерната култура на Балканот. Тоа било време на интензивни промени, кога уметниците барале нови начини на изразување и се обидувале да одговорат на предизвиците на современиот свет. Иако Втората светска војна го прекинала овој развој, идеите и делата создадени во меѓувоениот период продолжиле да влијаат и во наредните децении. Тие поставиле основа за понатамошниот развој на уметноста и културата во регионот.Денес, тие влијанија се препознаваат во архитектурата, книжевноста, филмот и поширокиот културен живот. Преку нив можеме подобро да го разбереме не само развојот на модерното општество на Балканот, туку и неговите врски со европските и светските културни текови. Затоа, поимите како модернизам, авангарда, експресионизам, надреализам, манифест, книжевни списанија, уметнички кругови и рана кинематографија не треба да се гледаат само како материјал за учење. Тие претставуваат дел од поширок културен процес кој и денес го обликува начинот на кој размислуваме и ја разбираме уметноста и општеството.

Провери го научената

1. Зошто периодот од 1918 до 1941 година е важен за развојот на културата на Балканот?
2. Кои уметнички правци се развиле во овој период?
3. Каква улога имале книжевните списанија и уметничките кругови?
4. Зошто модернизмот и авангардата се важни за разбирање на современата култура?

9. Визуелните уметности, книжевноста и филмот во социјалистичкиот период

По завршувањето на Втората светска војна, Југославија, Бугарија и Албанија влегле во период на социјалистичко уредување, што донело длабоки промени не само во политиката и економијата, туку и во културниот живот. Новите власти не се ограничиле само на изградба на државни институции, туку настојувале да обликуваат и нови општествени вредности и модели на однесувањеЗатоа, културата добила посебна улога. Таа не била сфатена само како простор за уметничко творештво, туку и како средство преку кое се пренесувале идеите на новиот поредок. Преку литературата, филмот и визуелните уметности се истакнувале теми како колективниот труд, револуционерното минато и визијата за иднината.

Сепак, културниот живот не бил целосно еднонасочен. И покрај постоењето на идеолошка контрола, во уметноста се појавувале и автори кои, директно или индиректно, отворале прашања за општеството, моќта и положбата на поединецот.




▲ Димитар Димов

Социјалистички реализам: уметноста како огледало на иднината (1945–1952)

Кога се разгледува уметноста во раниот период на социјализмот, неизбежно се наидува на поимот социјалистички реализам. Тој не бил само уметнички стил, туку дел од официјалната културна политика преку која државата настојувала да го насочи начинот на прикажување на стварноста.

Од уметниците се очекувало да создаваат дела во кои реалноста е претставена во согласност со социјалистичките идеали. Во центарот на вниманието се наоѓале работниците, селаните и партизаните, прикажани како носители на новото општество. Делата најчесто завршувале со оптимистички тон, со јасна порака за напредок и вера во иднината. Во **Бугарија**, социјалистичкиот реализам бил строго применуван под силно влијание на Советскиот Сојуз. **Романот „Тутун"** (1951) од **Димитар Димов** претставува карактеристичен пример. Иако тематски ја следи линијата на класната борба, делото се издвојува по тоа што прикажува сложени ликови и внатрешни конфликти, што не секогаш било во согласност со строгите идеолошки очекувања. По **1956 година** и процесот на **десталинизација**, контролата врз културата постепено се намалувала, но цензурата останала присутна.



▲ Исмаил Кадаре

Во **Албанија**, ваквиот модел се задржал во најстрога форма и во подолг временски период. Уметноста требало да биде јасна, директна и разбирлива за поширокаата публика, што значело ограничување на експерименталните форми. **Забраната на религиозните институции** во **1967** година дополнително ја зацврстила идеолошката рамка во која се развивала културата. Сепак, и во такви услови се појавиле автори кои успеале да создадат сложени дела. **Исмаил Кадаре**, на пример, преку романот **„Генералот**



▲ Мирослав Крлежа

на мртвата војска" (1963), отвора прашања за војната, вината и човечката судбина.

Југославија претставувала поинаков пример. По разидувањето меѓу Тито и Сталин во 1948 година, земјата постепено се оддалечувала од советскиот модел. Веќе во раните 1950-ти години се појавиле поголеми слободи во уметничкото изразување. Особено значаен бил говорот на **Мирослав Крлежа** во 1952 година на Третиот конгрес на југословенските писатели во Љубљана, со кој се критикувал културниот догматизам и се отворил простор за нови уметнички правци.

Без оглед на разликите меѓу овие држави, уметничкиот живот најчесто бил организиран преку државни здруженија, како сојузите на писатели и ликовни уметници. Членството во нив им обезбедувало на уметниците сигурност и можност за професионална работа. Истовремено, оние што останувале надвор од овие структури често биле маргинализирани. На овој начин државата не само што ја насочувала културната продукција, туку и поставувала јасни граници на дозволеното. Сепак, тоа не значело дека литературата создадена во балканските комунистички држави не била ценета и надвор од нивните граници. Еден од најзначајните југословенски писатели, **Иво Андриќ**, во **1961 година** ја добил **Нобеловата награда за литература**.

Истражувај

Спореди го односот кон уметноста во Југославија и Албанија. Кои се главните разлики?

Домови на културата и масовни медиуми: културата доаѓа кај народот

Ако социјалистичкиот реализам ја определувал содржината на уметноста, подеднакво важно било и прашањето како таа да стигне до поширокаата публика. Во социјалистичките држави, оваа улога ја имале домовите на културата и масовните медиуми. **Домовите на културата** биле централни места на јавниот и културниот живот. Во нив се прикажувале филмови, се одржувале театарски претстави, поетски вечери и разни културни настани. Особено во Југославија, до крајот на 1950-тите години бил изграден разгранет систем од вакви институции, присутни и во градовите и во селата.



▲ Иво Андриќ

Во југословенски услови, овие простори често биле отворени и за нови, понекогаш и поексперименталнии форми на изразување. Во поголемите градови, како Белград, Загреб и Љубљана, тие прераснале во центри на современ театар, музика и изложби. Ситуацијата во Бугарија била поразлична. Културните активности биле поцентрализирани и под посилен надзор на државата, а програмите имале изразена воспитна и идеолошка функција. Во исто време, медиумите – како весникот **„Работническо дело"** и државната телевизија – играле клучна улога во ширењето на официјалните ставови.

Во Албанија, контролата врз културниот живот била најизразена. Сите активности морале строго да се усогласат со државната идеологија. Весникот **„Zëri i Popullit"** бил главен извор на информации, а филмската продукција била ограничена на теми поврзани со револуцијата и општествените промени. Пристапот до странски медиуми бил силно ограничен, што дополнително го изолирало

културниот простор. Посебно внимание било насочено кон младите. Во Југославија, списанијата како „**Полет**“, „**Старт**“ и „**Младина**“ станале важен простор за изразување на новите генерации. Освен култура и мода, тие обработувале и општествени прашања, понекогаш и со критички тон. По настаните во Чехословачка во 1968 година, ваквата отвореност дополнително се зголемила.

Во Бугарија и Албанија, младинските медиуми биле значително повеќе контролирани. Иако постоеле списанија наменети за младата публика, нивната содржина внимателно се усогласувала со официјалната политика. Југославија се издвојувала и по поголемата отвореност кон странски културни влијанија. Граѓаните имале пристап до странски телевизиски програми, списанија и музика, што придонело за појава на нови идеи, стилови и културни трендови.

Книжевност и филм: критички гласови во услови на контрола

Цензурата и идеолошката контрола не значеле целосно замолчување на уметноста. Напротив, многу писатели и режисери успевале да најдат начини да обработуваат теми кои не секогаш биле прифатливи за властите. Во нивните дела се отворале прашања за стравот, личната слобода, моралот и односот кон вистината.



▲ Филмскиот фестивал во Пула

Во Југославија, 1960-тите и 1970-тите години донеле силен подем на книжевноста и филмот. **Меша Селимовиќ**, со романот „Дервиш и смрт“ (1966), ја истражува врската меѓу моќта и поединецот, како и моралните дилеми во општество обележано со страв. Данило Киш, во „Гробница за Борис Давидовиќ“ (1976), користи документарен пристап за да ги прикаже политичките репресии и сталинистичките чистки. Делото предизвикало силни реакции и полемики во јавноста. Филмот исто така станал простор за критика. Во доцните 1960-ти години се појавило движењето познато како „Црн бран“, во кое млади режисери се насочиле кон прикажување на реалните

Прашања за дискусија

Замисли дека си уметник во 1960-тите години:

Сакаш да создаваш апстрактна уметност, а државата претпочита реалистички стил.

Дали би се приспособил/а?

Дали би ризикувал/а со нов стил? Какви последици би имало тоа?

општествени проблеми — сиромаштија, бирократија и нееднаквост. Филмот „В.Р.: Мистериите на организмот" (1971) на Душан Макавејев бил забранет, а авторот заминал во странство. Слична судбина имале и делата на Желимир Жилник, како „Рана работа" (1969), што покажува дека критичката уметност имала јасни граници. Значајно место имале и филмските фестивали. **Пула филм фестивал**, основан во **1954 година**, бил водечки филмски настан, додека **ФЕСТ** во **Белград**, започнат во **1971 година**, овозможувал контакт со европската и светската кинематографија.

Разликите меѓу државите се гледаат и во развојот на филмската индустрија. Југославија располагала со повеќе студија, како „Авала филм" во Белград, „Загреб филм" и „Босна филм" во Сараево, кои често соработувале со западноевропски продукции.

Во Бугарија, централно место имало студиото „Бојана" во Софија, насочено главно кон домашната публика и социјалистичкиот културен простор. Фестивалот **Златна роза во Варна**, основан во **1961 година**, бил насочен кон филмови со социјалистичка тематика Во Албанија, продукцијата била концентрирана во „Киностудио Шкиперија" во Тирана, основано во 1952 година. Во бугарската книжевност, критиката често се изразувала индиректно, преку т.н. „езоповски јазик", каде што значењата се прикриваат зад симболи и алузии. **Георги Марков**, еден од најпознатите критичари на режимот, емигрирал во 1969 година, а неговите „Задочни писма од Бугарија" биле објавувани во странство. Неговото убиство во Лондон, во 1978 година, привлекло големо меѓународно внимание. Паралелно, автори како **Блага Димитрова** се насочиле кон личните и емоционалните теми, со што внесувале поинаков тон во книжевноста.

Во Албанија, условите биле значително поригидни. Контролата била строга, а контактите со странство ограничени. Сепак, Исмаил Кадаре успеал да создаде дела со меѓународно значење. Неговиот роман „**Палатата на соништата**" (**1981**), преку алегориски пристап, нуди критика на системот и бил забранет во земјата. Паралелно, автори како **Дритеро Аголи** во своите дела обработувале теми од секојдневниот живот и односот меѓу поединецот и општеството, внесувајќи посуптилни општествени согледувања. Ова покажува дека и во услови на силна контрола, уметноста можела да биде средство за изразување на сложени и критички идеи.



▲ Поштенска марка во Албанија по повод 85 години од раѓањето на Дритеро Аголи

Модерна уметност и цензура: граници и можности

Иако социјалистичкиот реализам бил доминантен уметнички правец, во рамките на социјалистичките општества се појавувале и обиди за развој на модерната уметност. Многу уметници биле привлечени од нови изразни форми, како апстракцијата, експресионизмот и различни експериментални техники. Односот кон овие правци, сепак, значително се разликувал од земја до земја. Најголема отвореност кон модернизмот се забележува во Југославија. По 1952 година,

постепено се прифаќале нови уметнички тенденции, а модерната уметност станала видлив дел од културниот живот. Сликари како **Петар Лубарда** работеле со апстрактни форми, додека скулптори како Војин Баќиќ создавале современи и концептуални дела. **Групата ЕХАТ 51**, формирана во **Загреб во 1951 година**, била меѓу првите што јавно го поддржале апстрактното сликарство, иако првично се соочила со критики.



▲ Театар 199 во Софија

Разликите меѓу државите особено јасно се гледаат во јавниот простор. Во Југославија, од 1960-тите до 1980-тите години биле подигнати голем број споменици посветени на Втората светска војна, често со апстрактна и симболична форма. Наспроти тоа, во Бугарија и Албанија доминирале традиционални, реалистични претстави на војници, политички лидери и историски сцени. Сепак, во Бугарија, одредени експериментални пристапи биле дозволени, но содржината морала да остане во рамките на официјалната идеологија. Уметници како **Светлин Русев** работеле со симболика и изразни портрети, додека театарски сцени како **„Театар 199“ во Софија** воведувале нови сценски решенија. Политичкото раководство внимателно правело разлика меѓу прифатливи и неприфатливи теми, што директно влијаело врз уметничкото творештво. Во Албанија, модерната уметност била речиси целосно отфрлена. Официјалната политика го поддржувала исклучиво социјалистичкиот реализам, додека модернистичките правци биле сметани за несоодветни. Сепак, и во такви услови, поединечни автори користеле алегорија и историски паралели за да обработуваат посложени теми. Цензурата била постојан дел од културниот живот во сите три држави. Таа не се сведувала само на директни забрани, туку опфаќала и посуптилни форми на притисок. Во многу случаи, уметниците самите ги приспособувале своите дела за да избегнат конфликт со властите. Овој процес, познат како самоцензура, оставил длабоки последици врз начинот на создавање уметност.

Провери го научената

1. Кои уметнички правци се појавуваат покрај социјалистичкиот реализам?
2. Зошто Југославија била поотворена кон модерната уметност во споредба со Бугарија и Албанија?
3. Дали уметноста може да биде целосно слободна во политички контролиран систем? Објасни.
4. Како културната политика влијаела врз слободата на уметниците во социјалистичките држави?

10. Културниот пејзаж на Балканот по 1990 година

Наследство, идентитет и глобализација

БАЛКАНОТ ВО ЕПОХАТА НА ТРАНЗИЦИЈА

Периодот помеѓу **1990 и 2010 година** претставува еден од најдинамичните во современата историја на Балканот. По падот на комунистичките режими во Југоисточна Европа, регионот влезе во длабоки политички, економски и општествени промени, познати како транзиција.

Во некои делови од Балканот, овие промени беа проследени со вооружени конфликти што оставија долгорочни последици врз општеството и културата. Во други делови, транзицијата се одвиваше помирно, но беше обележана со економска несигурност, пад на животниот стандард и слабеење на институциите. Во такви услови, културата престана да биде исклучиво државно контролирана област и постепено се отвори како простор за слободно изразување, но и како поле на нови предизвици и конкуренција.



▲ Бомбардирањето на Дубровник во 1991 година

КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО: МЕЃУ УНИШТУВАЊЕ И ОБНОВА

Во првата половина на 90-тите години, делови од Балканот беа зафатени од војни кои не ги поштедија ниту културните споменици. Покрај човечките загуби беа уништени бројни библиотеки, архиви и историски објекти, што претставуваше тежок удар врз културното наследство на регионот. Во **Хрватска**, помеѓу 1990 и 2000 година, беа оштетени или отстранети стотици споменици, меѓу кои и многу посветени на антифашистичката борба. Особено впечатлив пример е **Националната и универзитетска библиотека во Сараево**, уништена во **август 1992 година**. Таа содржела огромен број на книги, вклучувајќи и ретки ракописи од османлискиот и австроунгарскиот период. Нејзиното уништување не било само материјална загуба, туку и обид за бришење на културната меморија и историскиот континуитет на градот.



▲ Слика од Народната библиотека во Сараево

По завршувањето на најинтензивните конфликти започнал процес на обнова. Еден од најсимболичните примери е реконструкцијата

на **Стариот мост** во **Мостар**, уништен во 1993 година, а повторно отворен во 2004 година. Овој проект не бил само архитектонска обнова, туку и обид за обновување на довербата меѓу заедниците.

Во **Бугарија**, по **1989 година**, културата беше силно погодена од економската криза. Културната политика се насочи кон децентрализација, поголема слобода и европска интеграција. Комунистичките споменици станаа предмет на јавни дебати – дел беа отстранети, а дел останаа како пример за т.н. „непосакувано наследство". Во **Софија** беше отворен **Музејот на социјалистичката уметност**, што укажува на обид за критичко соочување со минатото. Воедно, Бугарија има повеќе локалитети на списокот на светско наследство на УНЕСКО, што ја зголемува нејзината културна видливост. Во **Грција** културната политика во периодот 1990-2010 беше насочена кон заштита и промоција на археолошкото наследство. Локалитети како **Акропол, Кносос, Олимпија** и **Делфи** привлекуваат милиони посетители и претставуваат важен дел од културниот туризам. Отворањето на новиот **Музеј на Акропол** е пример за современ пристап во зачувувањето и презентацијата на културното наследство со цел тоа да се приближи до поширокатa јавност.

Прашања за дискусија

Зошто уништувањето на културното наследство може да се смета за напад врз идентитетот на еден народ?


▼ Слика новиот Музеј на Акрополис во Атина



ИДЕНТИТЕТ: НАЦИОНАЛЕН, РЕГИОНАЛЕН И ЕВРОПСКИ

Промените по 1990 година не донесоа само политички и економски трансформации, туку и редефинирање на идентитетот. Старите социјалистички наративи постепено беа заменети со нови, во кои припадноста сѐ почесто се поврзуваше со етничкото потекло, јазикот и религијата.

Во Бугарија транзицијата отвори простор за поголема слобода во културата и нови, пазарно ориентирани пристапи кај институциите



▲ Постер за филмот Грбавица

и уметниците. Во исто време се зајакна улогата на **невладиниот сектор**, иако неговото влијание врз културните политики остана ограничено. Со тоа се нагласува дека културниот идентитет сè повеќе се оформува и надвор од државните институции.

Во **Грција** културниот идентитет продолжи да се темели на античкото наследство и византиската традиција. Државната политика беше насочена кон нивна заштита и промоција преку археолошките локалитети и музеите. Сепак, кај младите генерации се појавија пофлексибилни форми на идентитет, во кои локалните традиции се комбинираат со глобалната поп култура.

Паралелно со националните идентитети, постепено се развиваше и свест за поширока поврзаност. Филмските копродукции, фестивалите и културните проекти придонесоа за регионална соработка и меѓусебно разбирање. Филмови како **„Грбавица“ (2006)** укажуваат дека културата може да биде средство за дијалог, а не само израз на разлики.

Во исто време, процесите на европска интеграција поттикнаа развој на европски идентитет, особено кај помладите генерации. Така, во почетокот на XXI век, на Балканот паралелно постојат и се преплетуваат национални, регионални и европски облици на припадност.

ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

Развојот на интернетот значително ја забрза глобализацијата и ја промени културната комуникација. Луѓето добија полесен пристап до информации, музика и филмови од целиот свет, што особено влијаеше врз младите. Во **Албанија**, на пример, користењето на интернет нагло порасна во текот на една деценија, што доведе до побрза културна размена и отворање кон глобалните трендови. Паралелно со тоа, европската интеграција отвори нови можности за културен развој. Програмите на **Европската Унија**, како **„Култура 2000“**, поттикнаа соработка меѓу институциите и реализација на заеднички проекти. На тој начин, балканската култура стана повидлива на европско ниво.

Во Бугарија, значителни средства беа вложени во заштита и уредување на културните локалитети, што придонесе и за развој на културниот туризам. Во Грција, и покрај намалувањето на јавните средства за култура за време на економската криза, важна улога презедоа приватните фондации кои помогнаа да се одржи културниот живот. По 2000 година, културата сè повеќе се поврзуваше и со економијата. Фестивалите и културните настани почнаа да привлекуваат посетители од различни делови на светот, при што културниот туризам доби значајна улога. Еден од најпознатите примери е **Егзит**, фестивалот во **Нови Сад**, Србија. Тој започна како форма на младински отпор, но со текот на времето прерасна во голем меѓународен музички настан кој привлекува илјадници посетители.

Дали знаеш дека...

Филмот „Полковник Бункер“ (1996) е инспириран од политиката на масовна изградба на бункери во Албанија за време на владеењето на Енвер Хоџа. Преку приказната на еден воен инженер филмот ја прикажува изолацијата, стравот и последиците од оваа политика во секојдневниот живот. Овој филм беше албански кандидат за наградата Оскар.



▲ Фестивалот Егзит во Нови Сад

Слична улога има и Сараевскиот филмски фестивал. Основан во услови на војна, тој подоцна се разви во значајна платформа за балканската кинематографија и придонесе за меѓународна видливост на регионалната филмска продукција. Во овој контекст се развија и т.н. креативни индустрии – области како филмот, музиката, дизајнот и медиумите, каде што се создаваат содржини со културна и економска вредност. На Балканот, тие често ги комбинираат традиционалните елементи со современите стилови. Музичари како **Горан Бреговиќ** придонесоа за меѓународна препознатливост на балканската музика, покажувајќи дека локалната традиција може успешно да се претстави на глобалната сцена. Така, културниот туризам и креативните индустрии стануваат важен дел од современиот културен пејзаж, поврзувајќи ја традицијата со можностите на глобалниот свет.

Дигитални медиуми и невладини организации

По 2000 година, развојот на интернетот и новите технологии значително го промени начинот на создавање и споделување на културата на Балканот. Пристапот до музика, филмови, книги и информации стана многу полесен, што овозможи побрза културна размена и поголема поврзаност со светот.

Овој развој особено влијаеше врз младите, кои станаа дел од поширокатa глобална културна сцена. Воедно, дигиталните технологии отворија нови можности за зачувување на културното наследство. Во Бугарија и Грција беа развиени иницијативи за дигитализација на архиви, музеи и културни содржини, со што тие станаа подостапни и подобро заштитени. Истовремено се зајакна и улогата на невладините организации. Тие прерасnаа во важни актери во културниот живот, организирајќи фестивали, изложби

Истражувај

Истражи еден културен фестивал на Балканот и објасни какво влијание има врз туризмот и културата.

и образовни програми. Во **Хрватска**, фондацијата **„Култура Нова"** обезбедува поддршка за современата уметност и независните културни организации. Слични иницијативи се развија и во други балкански земји, создавајќи мрежа на независни културни актери и поттикнувајќи регионална соработка. На тој начин, дигиталните медиуми и невладините организации придонесоа за поголема достапност на културата, но и за развој на нови форми на креативност и комуникација.

Мултикултурализам: помеѓу идеал и реалност

Балканот отсекогаш бил простор во кој се среќаваат различни народи, јазици и религии. Иако не сите балкански држави официјално се определуваат како мултикултурни општества, во најголем дел од регионот живеат различни етнички, верски и јазични заедници. Оваа разновидност е резултат на долг историски развој, миграции и политички промени што го обликувале Балканот низ вековите. По 1990 година, оваа разновидност беше ставена на сериозен испит. Во Бугарија, мултикултурализмот се поврзуваше со признавање на правата и културното наследство на турското малцинство. Иако беа направени одредени чекори напред, останаа и тензии околу начинот на кој ова наследство се прифаќа и претставува во јавниот простор.

Србија се одликува со етничка и културна разновидност, особено во северниот регион **Војводина**, каде што покрај мнозинското српско население живеат и Унгарци, Словаци, Романци, Хрвати и Русини. Оваа разновидност се огледа во јазичната, верската и културната шареноликост на населението, како и во зачувувањето на различни локални традиции, обичаи и културни установи. И покрај напорите за соработка, културата понекогаш продолжи да се користи и за политички цели. Тоа укажува дека мултикултурализмот на Балканот не е завршен процес, туку постојано се развива помеѓу идеалот на соживот и реалноста на општествените тензии.



▲ Марина Абрамовиќ

Уметноста како отпор и рефлексија

Уметноста стана важен начин за изразување и разбирање на општествените промени. Таа не служеше само за естетика, туку и како средство за критичко размислување и соочување со минатото. Еден од најпознатите примери е уметницата **Марина Абрамовиќ**, родена во Белград. Во делото **„Балкан Барок"** (1997), прикажано на **Венециското биенале**, таа симболично ги обработува последиците од војните, преку сцена во која чисти коски. Со ова дело се отвораат прашања за насилството, меморијата и одговорноста, што укажува дека уметноста може да биде силен начин на сведочење.

Слична улога има и хрватската писателка **Дубравка Угрешиќ**, која по 1993 година живее во емиграција. Во своите дела таа ги анализира национализмот, пропагандата и заборавањето на минатото. Пишувајќи за уништувањето на Националната библиотека

во Сараево, таа укажува дека ваквите настани не се само физичко уништување, туку и губење на културната меморија и идентитетот. Овие примери укажуваат дека уметноста може да биде форма на отпор, но и простор за длабоко размислување и разбирање на сложените историски процеси.

Културата како процес

Културниот пејзаж на Балканот по 1990 година не е статичен, туку постојано се менува под влијание на минатото и современите процеси. Културата не е само наследство зачувано во институциите, туку нешто што се создава секојдневно – преку изборите, комуникацијата и искуствата на луѓето. Овој период јасно укажува дека културата може да биде и причина за поделби, но истовремено и важен инструмент за разбирање, поврзување и помирување меѓу луѓето.



▲ Дубравка Угрешиќ

Провери го научената

1. Зошто културното наследство било цел на уништување за време на војните?
2. Какво влијание има глобализацијата врз културата на Балканот?
3. Како уметноста може да помогне во разбирање на минатото и општествените конфликти?
4. Зошто културата може да биде и извор на поделби и средство за помирување?

ЛИТЕРАТУРА

- Angold, Michael (ed.). Cambridge History of Christianity, Vol. 5: Eastern Christianity. Cambridge: Cambridge University Press, 2006. Online edition, Cambridge Histories Online, 2008.
- Barleti, Marin. Historia e Skënderbeut. Përkth. Stefan L. Prifti. Tiranë: InfBotues, 2005.
- Boatwright, Mary T., Daniel J. Gargola, Richard J. A. Talbert, and Noel Lenski. The Romans: From Village to Empire: A History of Rome from Earliest Times to the End of the Western Empire. 2nd ed. New York: Oxford University Press, 2012.
- Bideleux, Robert, and Ian Jeffries. The Balkans: A Post-Communist History. London and New York, Routledge, 2007.
- Budak, Neven. Hrvatska povijest od 550. do 1100. Zagreb: Leykam International, 2018.
- Calic, Marie Janine. The Great Cauldron: A History of Southeastern Europe. Harvard University Press, 2019.
- Cameron, Averil. The Mediterranean World in Late Antiquity AD 395–700. 2nd ed. London and New York: Routledge, 2012.
- Clogg, Richard. A Concise History of Greece. 2nd ed. Cambridge: Cambridge University Press, 2002.
- Crampton, R. J. A Concise History of Bulgaria. 2nd ed. Cambridge: Cambridge University Press, 2005.
- Crampton, Richard. The Balkans since the Second World War. Routledge, 2013.
- Crawford, Michael H. The Roman Republic. 2nd ed. Cambridge, MA: Harvard University Press, 1993.
- Doumanis, Nicholas. A History of Greece. Basingstoke: Palgrave Macmillan, 2010
- Drapac, Vesna, Constructing Yugoslavia: A Transnational History, Palgrave MacMillan, 2010
- Errington, R. Malcolm. A History of the Hellenistic World: 323–30 BC. Malden, MA: Wiley-Blackwell, 2008.
- Fine, John V. A. Jr. The Late Medieval Balkans: A Critical Survey from the Late Twelfth Century to the Ottoman Conquest. University of Michigan Press, 1986.
- Freeman, Charles. Egypt, Greece, and Rome: Civilizations of the Ancient Mediterranean. 3rd ed. Oxford: Oxford University Press, 2014.
- Gallagher, Tom. The Balkans After the Cold War: From Tyranny to Tragedy. Routledge, 2007.
- Glenny, Misha. The Balkans, 1804–2012: Nationalism, War and the Great Powers. Granta Books, 2017.
- Historia e Popullit Shqiptar. Vëllimi I parë. K. Prifti (ed.). Tiranë, 2002.
- Hornblower, Simon, Antony Spawforth, and Esther Eidinow, eds. The Oxford Classical Dictionary. 4th ed. Oxford: Oxford University Press, 2012.
- Hupchick, Dennis, The Balkans: From Constantinople to Communism, New York, Palgrave, 2002
- Jović, Dejan. Yugoslavia: A State that Withered Away. West Lafayette, IN: Purdue University Press, 2009
- Kuhrt, Amélie. The Ancient Near East, c. 3000–330 BC. 2 vols. London and New York: Routledge, 1995.
- Lampe, John R., and Marvin R. Jackson. Balkan Economic History, 1550–1950: From Imperial Borderlands to Developing Nations. Bloomington: Indiana University Press, 1982.
- Lampe, John R. The Balkans into Southeastern Europe, 1914–2014: A Century of War and Transition. London, Palgrave Macmillan, 2014.
- Palairet, Michael. The Balkan Economies c. 1800–1914: Evolution without Development. Cambridge: Cambridge University Press, 1997

- Pavlowitch, Stevan. A History of the Balkans, 1804–1945. New York: Longman, 1999.
- Pavlowitch, Stevan K. Serbia: The History behind the Name. London: Hurst & Company, 2002
- Pomeroy, Sarah B., Stanley M. Burstein, Walter Donlan, Jennifer Tolbert Roberts, David W. Tandy, and Georgia Tsouvala. Ancient Greece: A Political, Social, and Cultural History. 4th ed. New York: Oxford University Press, 2018.
- Rhodes, P. J. A History of the Classical Greek World, 478–323 BC. 2nd ed. Chichester, UK: Wiley-Blackwell, 2010.
- Shaw, Ian, ed. The Oxford History of Ancient Egypt. Oxford: Oxford University Press, 2000.
- Schmitt, Oliver Jens, and Bernd J. Fischer. A Concise History of Albania. Cambridge: Cambridge University Press, 2022
- Shepard, Jonathan (ed.). The Cambridge History of the Byzantine Empire c.500–1492. Cambridge: Cambridge University Press, 2008.
- Skendi, Stavro. The Albanian National Awakening, 1878–1912. Princeton, NJ: Princeton University Press, 1967
- Stavrianos, L. S. The Balkans since 1453. New York: New York University Press, 2000.
- Stoianovich, Traian. Balkan Worlds: The First and Last Europe. Armonk, New York: M. E. Sharpe, 1994.
- Woolf, Greg. Rome: An Empire's Story. 2nd ed. Oxford: Oxford University Press, 2021.
- Δερτιλής, Γιωργος. Ιστορια της νεοτερης και συγχρονης Ελλαδας 1750–2025. ΠΕΚ, 2018.
- Антић, Чедомир. Српска историја. Београд: Вукотић медија, 2019.
- Божилов, Иван, и Васил Гюзелев. История на средновековна България VII–XIV век. София: Анубис, 1999.
- Имбер, Колин. Отоманската империја 1300–1481. Скопје: Слово, 2002.
- Историја српског народа. Том I: Од најстаријих времена до сеобе Срба; Том II: Од сеобе Срба до почетка XIX века. Београд: Српска књижевна задруга, 1981–1982.
- Јелавич, Барбара. Историја на Балканот, том 1: Осумнаесетти и деветнаесетти век. Скопје: Лист, 1999.
- Јелавич, Барбара. Историја на Балканот, том 2: Дваесетти век. Скопје: Лист, 1999.
- Кватерт, Доналд, Османлиската империја 1700-1922, Скопје, Арс студио, 2015
- Кулурџ, Кристина, и Божо Репе. Ратови, поделе, интеграција (1990–2008). Настава савремене историје Југоисточне Европе. Београд: ЦДРСЕЕ, 2018.
- Кулурџ, Кристина, и Божо Репе. Хладни рат 1944–1990. Настава савремене историје Југоисточне Европе. Београд: ЦДРСЕЕ, 2018.
- Мазовер, Марк. Балканот – кратка историја. Скопје: Евро Балкан Пресс, 2003.
- Оболенски, Димитри. Византискиот комонвелт: Источна Европа, 500–1453. Скопје: Слово, 2002.
- Острогорски, Георгије. Историја на Византије. Скопје: Култура, 1992.
- Петровски, Бобан. Историја на балканските земји во XIV–XV век. Скопје: Филозофски факултет, Институт за историја, 2010.
- Рамет, Сабрина, Балкански Вавилон. Распаѓањето на Југославија од смртта на Тито до падот на Милошевиќ, Скопје, Арс Студио, 2015
- Саракински, Војислав, Историја на стариот век, Скопје , Филозофски факултет, 2017
- Фајн, Џон В. А. Раниот средновековен Балкан: критички преглед од VI до XII век. Скопје: Арс Студио, Нампрес, 2015.
- Користени илустрации и фотографии: Shutterstock, Wikimedia, од архивата на авторот